**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**

**Филозофски факултет – Скопје**

**Институт за историја**

# МИГРАЦИСКИТЕ ДВИЖЕЊА ОД ОСМАНЛИСКА МАКЕДОНИЈА КОН СЕВЕРНА АМЕРИКА (1878-1913)

# MIGRATION MOVEMENTS FROM OTTOMAN MACEDONIA TO NORTH AMERICA (1878-1913)

– магистерски труд –

**Ментор**:

проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев

**Кандидат:**

Димитар Димески

*Скопје, 2023*

# Содржина


Увод...- 4 -

I. Корените на емиграцијата ...- 12 -

*1. Причини за емиграција од Македонија* ...- 12 -

1.1. Економските услови во Македонија во втората половина на XIX век ...- 12 -

1.2. Политички причини ...- 19 -

1.3. Демографски причини...- 22 -

1.4. Глобални и индивидуални стимулирачки фактори...- 26 -

*2. Емигрантските традиции во Македонија* ...- 29 -

2.1. Почетоците на печалбарството ...- 29 -

2.2. Печалбарски занимања и дестинации пред Америка ...- 32 -

II. Новиот свет и имиграцијата...- 37 -

*1. Подемот на индустриска Америка*...- 37 -

*2. Имиграцијата во САД и политиката кон неа* ...- 42 -

*3. Земјата на „Чудесниот Запад“* ...- 51 -

III. „Откривање на Америка“ како популарна емигрантска дестинација...- 59 -

*1. Јадицата на Америка на Балканот*...- 59 -

*2. Емиграцијата прави емиграција*...- 62 -

*3. Деца на протестантизмот* ...- 64 -

IV. Македонската емиграција во Америка од Илинденското востание до Балканските војни (1903-1912)...- 75 -

*1. Илинденскиот емигрантски бран (1903-1904)*...- 75 -

а) Леринска каза...- 80 -

б) Битолска каза...- 89 -

в) Костурска каза ...- 94 -

г) Останати места...- 96 -

*2. Немирни години (1904-1907)* ...- 105 -

*3. Македонската революционерна организација (МРО) и емигрантското движење кон Америка* ...- 116 -

*4. Америка во криза (1907-1908)* ...- 121 -

*5. Мирисот на барут (1908-1913)* ...- 125 -

*6. За јазикот на бројките*...- 132 -

а) Проблеми предизвикани од специфичниот балкански контекст ............................- 134 -
б) Проблеми предизвикани од категоризирањето на емигрантите во САД...............- 136 -
V. Патот преку Атлантикот ..................................................................................- 145 -
*1. Политиката на Османлиската Империја кон емиграцијата*..................................- 145 -
*2. Бизнисот на векот*.............................................................................................- 153 -
*3. Вратата на Америка*...........................................................................................- 169 -
VI. Животот во Северна Америка (социо-економски аспекти).......................................- 174 -
*1. Населување во Северна Америка* ......................................................................- 174 -
*2. Печалбарската работа* ......................................................................................- 188 -
*3. Живеалишта и услови за живот* ........................................................................- 199 -
*4. Социјализација и интеграција во американското општество*...............................- 205 -
*5. Црковен живот* ..................................................................................................- 211 -
VII. Животот во Северна Америка (организации, друштва, периодичен печат)............- 223 -
*1. Создавање на добротворни друштва* ....................................................................- 223 -
*2. Политичкото организирање на македонската емиграција во Северна Америка*..- 230 -
*3. Емигрантскиот печат до 1913 година*....................................................................- 237 -
VIII. Социо-економски аспекти на миграциските движења од Македонија кон Северна Америка ..................................................................................................................- 246 -
*1. Полињата празни, народот на печалба*...................................................................- 246 -
*2. Емигрантскиот капитал во Македонија*...................................................................- 251 -
*3. Америка и светогледот на емигрантите*.................................................................- 260 -
Заклучок............................................................................................................- 267 -
Селективен преглед на користени извори и литература..........**Error! Bookmark not defined.**

# Увод

Емигрирањето како историска, социјална и демографска појава од крајот на XVIII век било присутно и во Македонија. Понекогаш во потрага по подобри услови за живот, а во други случаи прогонети од властите или други незгоди, луѓето емигрирале поблиску или подалеку од Македонија, сами или во група, трајно или привремно, на пократок или на подолг период. Притоа, овој феномен на миграција предизвикувал огромни последици, во и надвор од Македонија, што покажува дека историјата не ја сочинуваат само лидерите и политиката, туку ја создава обичниот човек и неговиот секојдневен живот, исполнет со лични борби и проблеми, стравови и надежи. Еден век подоцна, кон крајот на XIX век и почетокот на XX век, македонските емигранти поради низа причини и околности ја замениле дотогашната печалба во традиционалните балкански дестинации со емиграција кон Новиот свет, односно кон Соединетите Американски Држави (САД) и Канада. Токму овој процес на емигрирање кон државите од Северна Америка, особено актуелен во почетокот на XX век, ќе биде во фокусот на овој труд.

Емигрирањето од Македонија во Америка, како прашање пред европската јавност за прв пат било поставено кратко по неговата појава од страна на францускиот историчар Рене Пињон. Тој во 1908 година го објавил своето големо дело за односот на Европа кон Османлиската Империја, под наслов "*L'Europe et l'Empire Ottoman: Les aspects actuels de la question d'Orient*". Во тоа важно дело за прв пат во европската историографија бил разработен научен трактат за македонското прашање. Како дел од македонското прашање, Пињон го разгледал од повеќе аспекти и феноменот на емигрирање од Македонија кон Новиот свет. Веќе во текот на истата година, прашањето за македонската емиграција во Северна Америка било анализирано и во Македонија, и тоа од страна на еден од предводниците на македонското ослободително движење кон крајот на XIX и почетокот на XX век – Ѓорче Петров. Имено, во солунското списание „Културно единство", кое ги обединувало сите македонски интелектуалци, кои не се вклучиле во политичкиот живот во Империјата по Младотурската револуција и ги третирало најважните социјални и економски проблеми на македонското население, Ѓ. Петров во 1908 година ја објавил својата расправа под наслов „*За емигрантското движење за Америка во Македонија*", каде за прв пат пошироко го елаборирал проблемот и низ бројки ги открил огромните размери на истиот.

Во текот на целиот XX век, меѓусебно спротивставените балкански историографии, дејствувајќи од позиција на гласноговорник на одредена државна политика кон Македонија, како дел од својата емиграција во Северна Америка го опфаќале и македонскиот емигрантски бран преку Атлантикот од првата деценија на XX век. Имено, по Балканските војни и разврската во Букурешт во 1913 година, територијата на османлиска Македонија била разделена меѓу околните балкански држави, а секоја од тие држави започнала процес на адаптирање на постојното население во рамките на своите држави. Во таа смисла, македонската емиграција се нашла во бројни студии од меѓувоениот период за историјата на емиграцијата од Кралството на Србите, Хрватите и Словенците (СХС) / Југославија во Северна Америка. Истите биле објавени од страна на српски и хрватски автори, при што дел од нив биле објавени во Југославија, а друг дел во САД. Меѓу нив, поважни се трудовите на Љубомир Ст. Косиер и Иван Младинео. Бугарија, пак, уште во октомври 1907 година при Министерството за надворешни работи имала формирано специјална комисија, која требало да ја истражува емиграцијата од Македонија во Америка. Како последица на тоа, во периодот по Втората светска војна, бугарската историографија предничела со објавувањето на дела од ваков тип. Така, прашањето за македонската емиграција во Северна Америка имало централно место во делата на В. Трајков и И. Гаџев, кои всушност само во мал дел се однесувааат на историјата на миграции од Бугарија во Америка, додека најголемиот дел се однесува на емиграцијата од Македонија. Меѓу попознатите грчки трудови во однос на македонската емиграција во Северна Америка, би го издвоиле трудот на Б. Гунарис. Сепак, во периодот по Втората светска војна, мултинационалната Југославија и Грција значително заостанувале во оваа историографска борба зад Бугарија.

За разлика од интересот на бугарската историографија за прашањето, во речиси осум децении постоење на македонската историографија, постојат мал број на трудови, кои само парцијално го обработиле ова прашање. Единствен историографски научен трактат каде делумно се допира ова прашање врз сериозни научни основи, претставува студијата на Христо Андонов-Полјански, насловена како *„Односот на Соединетите Американски Држави кон Македонија и кон македонското прашање во XIX век и во периодот на Илинденското востание“*. Иако самата студија не се однесува исклучиво на ова прашање, сепак Полјански потенцирајќи ја потребата за сериозен труд на оваа тема, успеал да ги покаже правците, кон кои треба да се движи истражувачот кој ќе се занимава со прашањата поврза-

ни со македонската емиграција во Северна Америка. „Американците“ од Македонија се нашле и на страниците на делото на „*Печалбарството во Македонија*“, објавено во 1960 година од етнологот Душан Константинов, каде емиграцијата во прекуокеанските држави се обработува како дел од општата тема за печалбарството. Сепак, заклучоците изнесени во овој труд се базираат врз дотогашните историографски достигнувања во Македонија, па заслужуваат повторно да се разгледаат. Треба да нагласиме дека со истражувања меѓу македонската емиграција и со објавување на дела за таа проблематика се занимавал етнологот Танас Вражиновски, како и неколку научни работници од Институтот за фолкор „Марко Цепенков“ и Институтот за социологија при Филозофскиот факултет во Скопје, кои вршеле истражувања во Канада и успеале да соберат сведоштва од повеќе македонски емигранти. Во таа смисла, тука ќе ја споменеме Татјана Каличанин, чии истражувања имаа сериозен придонес во изработката на овој труд. Сепак, треба да се нагласи дека поради недостатокот на специјализирана научна институција, која ќе се занимава со емиграцијата во прекуокеанските земји и слабата меѓународна соработка што всушност произлегува од институционалниот вакуум, споменатите поединци не успеале целосно да го истражат овој феномен.

Секако дека и на другата страна на Атлантикот постоел и постои интерес за македонската емиграција, но со исклучок на некои дела напишани од македонски доселеници во Америка, македонската емиграција сосема разбирливо игра епизодна улога во големите дела, кои ја засегаат имиграцијата во Северна Америка. Меѓу споменатите дела на македонски доселеници во Америка, би ги издвоиле трудовите на Виктор Синадиновски и Лилиан Петроф, кои сосема очекувано се фокусирани на животот на македонската емиграција по преселувањето во Северна Америка. Всушност, во сите горespоменати дела генерален недостаток е тоа што емиграцијата се истражува или само од аспект на животот во државата во која заминале македонските емигранти или без да се објаснат клучни аспекти од процесот на миграција, при што најчесто недостасува „домашната“ половина од приказната. Дополнително, меѓу аспектите кои биле редовно маргинализирани се наоѓаат и политиките на засегнатите држави по прашањата поврзани со миграцијата на населението. Токму пополнувањето на овие празнини во истражувањето на овој процес, беше главниот мотив за да започнеме да го истражуваме овој процес.

*Извори и документација*

Водени од идејата за сестрано и објективно истражување на темата, при изработката на трудот беа користени објавени и необјавени документи од различна провиниенција. Се користеше необјавена документација од фондовите на Државниот архив на Република Северна Македонија (ДАРСМ), Директоратот на државни архиви на Република Турција (*Devlet Arşivleri Başkanlığı*), како и Архивот на Министерството за надворешни работи на Грција (Αρχείον Υπουργείου Εξωτερικών), а покрај тоа преку користење на придобивките од дигитализацијата на архивскиот материјал во Светот успеавме да дојдеме до бројни документи од архивите во САД. Исто така, користевме голем број објавени документи, меѓу кои доминираат извештаи на дипломатските претставници, присутни во Македонија во времето кога третираниот процес бил дел од македонското секојдневие. Меѓу последните најспоменувано во нашиот труд ќе биде името на бугарскиот трговски агент во Битола, Андреј Тошев, чии извештаи за емиграцијата значително отскокнуваат од класичната дипломатска кореспонденција и беа еден од најважните извори за пишување на овој труд. Причините за ваквите детални анализи и извештаи ги истакнал самиот Тошев, кога со огромно чувство за одговорност кон историјата и иднината на 23.02.1904 година на тогашниот бугарски премиер и министер за надворешни работи Рачо Петров уште во почетокот на писмото му напишал „*...иако во некои случаи деталите може да бидат непотребен баласт, нема да ги занемарам. За некого тие можат да послужат како податоци за пишување на историјата на македонската емиграција. И тоа ќе го направам со уште поголема подготвеност, така што тие сведоштва ќе бидат црпени од најверодостојни извори*“.[1]

Другите извори, кои дефинитивно заслужуваат поединечно да се спомнат доаѓаат од американска провиниенција. Имено, Конгресот на САД во 1907 година формирал една комисија под раководство на сенаторот од Републиканската партија, Вилијам Дилингем, која по четиригодишни теренски истражувања во Европа и Америка во 1911 година објавила дури четириесет и еден том, со илјадници страници за имиграцијата во САД. Во функција на оваа комисија теренски истражувања биле извршени и во Македонија, од страна на американскиот амбасадор Хорас Наулс, кој во периодот од 1907 до 1909 година

[1] Државен Архив на Република Северна Македонија (ДАРСМ), фонд Бугарски конзулат – Битола, микрофилм (мф). 4302, ф.331, о.1, а.е. 110, Дело VII/п.7, сн. 1, Битола, 23.02.1904.

ги покривал Романија, Србија и Бугарија. Информациите во ова капитално дело на комисијата се исклучително вредни при истражувањето на оваа тема. Исто така, почнувајќи од 1878 година, официјален Вашингтон издава една годишна публикација за статистички прегледи под наслов *Statistical Abstract of the United States*, каде меѓу категориите за кои биле објавени податоци, се нашла и имиграцијата. Информациите од ова дело се исто така многу важни за историјата на македонската емиграција во САД. Трет голем извор од американска провиниенција се т.н. влезни карти, кои биле пополнувани при влезот во САД и кои во многу случаи се покажаа како многу повредни од еден обичен бирократски документ.

Покрај споменатите извори, во изработката на трудот беа користени и информации од тогашниот периодичен печат низ Балканот и во Северна Америка, од спомени на бројни протагонисти во овој процес, како и од обемна литература на македонски, српски, бугарски, грчки, турски, романски англиски, француски и германски јазик, достапна како во библиотечните фондови во Македонија, така во странство. Истата беше внимателно и критички обработена, што беше важно со оглед на фактот што студиите за миграција на Балканот редовно страдаат од нешто што У. Брунбауер го дефинирал како „*методолошки национализам*“. Конечниот суд за нашата успешност во оваа насока оставаме да го даде читателот.

*Теориски основи*

При уврдувањето на причините за емигрирањето кон Северна Америка одлучивме да ја прифатиме теоријата на човечки миграции поставена уште во далечната 1966 година од страна на познатиот теоретичар Еверет С. Ли, според која од една страна постојат негативни околности поврзани со областа на потекло кои ги одвлекуваат луѓето т.н. *push* фактори, а од друга страна постојат позитивни фактори поврзани со земјата каде се луѓето иселуваат, кои ги привлекуваат луѓето на одредено место, односно т.н. *pull* фактори.[2] Многу автори во своите дела оваа теорија ја именуваат како теорија на одвлекување и привлекување (*push and pull theory*), иако самиот Ли никогаш не ја искористил таа терминологија. Во согласност со оваа теорија, првите две глави од нашиот труд претставуваат всушност спротивност една на друга, при што првата ги опишува факторите што влијаеле еден човек

[2] Everett S. Lee, A Theory of Migration, Demography, 3/1, 1966, 47-57.

да ја напушти Македонија, а втората глава ги прикажува факторите, кои влијаеле токму Америка да биде дестинацијата, кон која биле привлечени македонските емигранти.

Во однос на динамиката и начинот на ширење на процесот на емиграција кон Северна Америка во третата глава ќе го дефинираме терминот *емигрантски мрежи*, според теоријата, што се однесува на врските на емигрантите со татковината, истражувана од многу социолози, антрополози и економисти, меѓу кои Т. Хегерстранд, Ч. Тили и Ф. Нелсон. Според оваа теорија постојат сложени системи на меѓучовечки релации, кои ги поврзуваат поранешните емигранти, идните емигранти, оние кои останувале во стариот крај и оние кои останувале на новата емигрантска дестинација. Овие сложени системи во теоријата на миграции се нарекуваат емигрантски мрежи и истите играле огромна улога во структуирањето на емигрантското движење. Всушност, истражувањата јасно покажале дека присуството на роднини, пријатели и други членови од општественото живеење во стариот крај во новата емигрантска дестинација драстично ги зголемува шансите за мигрирање кон таа нова дестинација.

*Хронолошки и терминолошки уточнувања*

Утврдувањето на временско ограничување, при истражувањето на еден континуиран процес, каков што е емигрирањето, претставува една од најтешките задачи, која се поставува пред секој истражувач, кој се занимава со споменатото прашање. Во овој труд, корените на систематското преселување на населението од Македонија во Северна Америка од објективни причини ги бараме од 1878 година. Имено, со Берлинскиот конгрес од 1878 година, кој санкционирал важни политички промени на Балканот, османлиската власт останала реалност само во Македонија, Косово и Албанија, а со оглед на строгата забрана за муслиманите да ја напуштат Османлиската Империја, немуслиманското население од Македонија останало единственото население во Европска Турција, кое можело помасовно да емигрира. Истата година, американската администрација започнала да ја издава споменатата годишна публикација за статистички прегледи *Statistical Abstract of the United States*, па така започнува да се пополнува празнината со официјални американски податоци, со која се соочивме за периодот пред 1878 година. Се разбира дека поединечни преселби од Македонија во Северна Америка имало и пред временската граница, која ја поставуваме, но сметаме дека нивниот број и достапната документација за нив не е доволна за да се извлечат сери-

озни научни заклучоци за третираниот процес. Уште потешка задача е утврдувањето на крајот на временскиот период покриен со истражувањата, со оглед на тоа што емиграцијата кон Северна Америка е процес што трае до денешни дни. Поради тоа, хронолошки трудот завршува со крајот на османлиското владеење во Македонија и поделбата на Македонија меѓу соседните балкански држави во 1913 година. По овие настани, населението во Македонија се соочило со нова состојба на геополитички план, нови државни власти и нови предизвици. Од друга страна, во периодот до Првата светска војна, администрациите на САД и Канада успеале со низа рестриктивни закони да ја спречат масовната имиграција од Јужна и Источна Европа. Всушност, нашиот труд го опфаќа првиот голем бран на миграција од Македонија кон Северна Америка.

Од просторен аспект, во овој труд ќе се истражуваат миграциите кон Македонија кои за своја почетна точка ја имале османлиска Македонија, а крајни точки им биле САД или Канада. Причините за просторното интегрирање на САД со тогашниот британски доминион Канада, лежат во исклучително тесната поврзаност на македонската емиграција во двете држави, како и огромната сличност во третманот, кој го добивале од страна на наведените држави во форма на законски регулативи за влез во земјата. Имено, законските решенија кои биле поднесувани во двете држави имаат огромни сличности во времето на донесување и конкретните мерки кои ги предвидувале, што покажува дека „Новиот свет“ имал воедначен став по прашањето на имиграцијата. По преминувањето на Атлантикот, македонските емигранти, кои едвај правејќи некаква разлика меѓу двете држави ги нарекувале „Горна“ и „Долна“ Америка, постојано ја преминувале американско-канадската граница од југ кон север и обратно, одржувале постојани врски помеѓу себе, кои ги носеле од своите родни места, а во текот на XX век ќе имаат и заеднички организации, цркви, печатени органи и животни проблеми. Имајќи ги во предвид наведените околности, сметаме дека со одделното проучување на појавата на македонската емиграција во САД и Канада би оставиле голема празнина во истражувањето на многу прашања поврзани со темата, која се обработува во трудот.

Во целиот период, кој го третираме во трудот, емигрирањето се јавувало во различни форми, од познатото одење „на гурбет“ (на печалба), до долгорочните и перманентните миграции. Со оглед на тоа што различни чинители во тогашните услови под термините

„емиграција", „имиграција", „преселување" и „гурбетчиство" подразбираат различни процеси, нужно е да дефинираме што е она што ние ќе го подразбираме под терминот „македонска емиграција". Поради недостатокот на податоци во тој дел, не е возможно да се утврди колку од емигрантите се вратиле во Македонија, а колку останале во Северна Америка, интегрирајќи се во следните поколенија со домицилното население во САД и Канада, па поради тоа нашиот интерес ќе биде насочен кон сите видови на миграција кон Северна Америка во наведениот период, затоа што секој од наведените видови оставал речиси исти последици во Македонија, а и поради тоа што истражувањето ни покажа дека емигрантите од Македонија прилично често преминувале од една во друга категорија, па се забележуваат повеќе преселби преку Атлантикот во различен правец.

***

Со оглед на фактот, што трудот ги обработува корените на една прилично актуелна тема во македонското секојдневие, сметаме дека покрај од научен аспект, темата има особено значење и од општествен аспект. Со изработката на овој труд, за прв пат во македонската историографија ќе посветиме сериозно внимание на формирањето на македонската дијаспора во Северна Америка, а со тоа и на самата историска генеза на низата значајни македонски организации во Северна Америка, кои ќе се јават во текот на XX век и ќе имаат огромно значење за Македонија.

На крајот, чувствувам должност посебно да се заблагодарам на проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, за стручното водење, постојаната достапност, помошта, како и корисните насоки и забелешки при пишувањето на трудот. Упатувам благодарност и до сите други *„знајни и незнајни јунаци"*, кои дадоа придонес при изработката на овој труд.

# I. Корените на емиграцијата

*1. Причини за емиграција од Македонија*

Одлуката да се напушти местото на живеење во XIX век била една од најсериозните одлуки во животот на еден човек. Таа вклучувала сериозен ризик и веројатно не би било погрешно ако се претпостави дека била потребна сериозна мотивација за да се тргне „по белиот свет“. Иако самата миграција на населението секогаш се забележува и обработува преку нејзината масовност, би било погрешно да се намали значењето на фактот дека миграцијата е збир на индивидуални одлуки, секоја од нив поврзана со различни надежи и стравови. Таа претставува исклучително комплексен и мултидимензионален феномен.

Поради тоа, без да претендираме да ги пронајдеме сите поединечни причини за напуштање на родниот крај и без да ја бараме почетната точка на вителот кој предизвикувал емиграција, низ бројните проблеми, кои ги имало населението во Македонија во XIX век ќе се обидеме да ги детектираме главните фактори, што го одвлекувале македонското население од својот роден крај. Тие прашања и настани треба да се сфатат како меѓусебно интерактивни и недоволни самите по себе да предизвикаат емиграција од масовен карактер. Така, одлуката да се напушти местото на живеење не била условена само со економски или политички причини, туку од цел конгломерат на околности, информации, можности, навики и традиции, кои во третираниот период се појавиле како додадена вредност на веќе постоечките причини.

### 1.1. Економските услови во Македонија во втората половина на XIX век

**1.1.1.** Рамазанскиот закон од 1858 година обезбедил правна верификација на веќе постоечките чифлигарски односи, во Македонија присутни уште од XVI век. Тој ја озаконил трансформацијата на феудалните поседи во чифлици, односно преминувањето на државната земја во приватни раце. Ова претставувало прашање од најголема важност во Македонија, каде над ¾ од населението се занимавало со земјоделство или пак било поврзано со аграрните односи.[3] За создавање на чифличките стопанства, покрај простата трансформа-

[3] Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893–1903), второ издание, Скопје, 1982, 53. Само мал дел од селското население во Македонија не се занимавало со земјоделство. Тоа биле пред сè свештениците и учителите. (Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт. Македон-

ција на феудалните земјопоседи, често се користеле и други методи, како купопродажба, насилство и узурпација.[4] Според чифлигарскиот систем, сопствениците на чифлиците биле наречени чифликсајбии, а луѓето кои ја обработувале земјата се нарекувале чифлигари. Последните биле поделени на кесимџии (арентадори), јараџии (наполничари) и момоци (ајлакчии), врз основа на видот на односите кои ги имале со чифликсајбијата.[5] Заедничко за трите категории на чифлигари е тоа што уште при стапувањето во служба на чифликсајбијата, тие влегувале во должничко-доверителски односи со него преку т.н. демир-баш, односно долг со договор, кој чифлигарот го враќал кога би сакал да го напушти чифликсајбијата. Преку таа сума, чифлигарот останувал врзан за земјата на чифликсајбијата, затоа што тој никогаш не успевал да ја собере потребната сума на пари за да го врати својот долг кој сопственикот на земјата. Своја улога во овој процес имале и самите чифликсајбии, кои активно го попречувале чифлигарот во намерата да собере доволно пари за враќање на долгот.[6] Онаму каде што застанувал чифликсајбијата, најчесто продолжувале управителите на самите чифлици наречени субаши, кои не бирале средства за да ја исполнат желбата и самите да станат чифликсајбии.[7] Покрај долговите кон чифликсајбиите, сите три категории на чифлигари ги обединувало прашањето за сопственоста на најважната работа за секој земјоделец – земјата. Според Клисуров, кон крајот на XIX век во Македонија постоеле око-

ското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает (1893-1903), Скопје, 2003, 66).

[4] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 66. Користејќи ја можноста за купопродажба на земјиштето, сопственици на чифлици станале и многу припадници на немуслиманското население во Османлиската Империја.

[5] Најмногубројна група биле наполичарите. Ним чифликсајбијата им доделувал земја во зависност од бројот на жителите во селото и бројот на жителите во семејството. Вообичаената површина се движела од 60 до 100 дулуми. Тој на чифлигарите им обезбедувал и куќа и семе, а добиениот приход од кој прво се одделувало семето и десетокот, се делел на два дела што значи дека наполичарите добивале околу една третина од вкупното производство. Освен тоа наполичарот имал и редица други обврски кон чифликсајбијата. Тој требало на чифликсајбијата да му доставува 4 коли дрва годишно, да работи десет дена бесплатно на имоти на чифликсајбијата надвор од чифлигот доколку имало такви, а доколку на чифлигот имало воденица да се грижат за истата и некои други помали обврски. Во уште понезавидна положба од исполичарите биле момоците. Ним чифликсајбијата не им обезбедувал живеалиште, па тие лутале без постојано место за живеење и сопствен имот, така што не им престанувало ништо друто освен да го нудат свој труд за да се прехранат. Честопати се случувало тие да бидат протерани од чифлигот без да им биде платен трудот. Во најповолна ситуација биле кесимџиите кои биле и најмала од сите групи бидејќи во случај на елементарна непогода чифликсајбијата сносел дел од загубите. Меѓутоа, во оваа група сопетвеникот си го земал наемот за отстапената земја без разлика на родноста на годината. Поради тоа и двете страни не биле мотивирани за унапредување и зголемување на производството. (Ibid..., 67-68).

[6] Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II дел, Второ дополнето и проширено издание (составил Љубен Лапе), Скопје 1965, 373.

[7] Овие субаши, наречени и кехаи најчесто биле албански муслимани. Манол Пандевски, Македонското ослободително дело во XIX и XX век, т.5, Мисла, Скопје, 1987, 13.

лу 15 000 крупни и средни и 10 000 ситни чифлизи, а со оглед на фактот што во Македонија имало околу 180 000 земјоделски семејства, над 70% од нив не поседувале сопствена земја.[8] Всушност, македонскиот чифлигар без куќа, стока и земја бил принуден да ја обработува земјата на другите и секогаш му останувал должник на својот чифликсајбија. Ваквата ситуација имала обесхрабрувачко влијание за оваа категорија на население да се реши на напуштање на местото на живеење.

Од друга страна, додека чифличкото стопанство доминирало во рамничарските предели во јужна и југоисточна Македонија, во планинските предели на северот и северозападот од Македонија малата површина на обработлива земја била обработувана од т.н. слободни или рајатски селани. Покрај со земјоделството, овие селани се занимавале и со сточарство. Според една статистика што се однесува на 1894 година, чифлизите опфаќале дури 50% од вкупната обработлива земја во Македонија, а 30% од земјата била карактеризирана како вакафска, што значи дека на слободните селани им останувале уште 20% слободна земја.[9] Според друга статистика од 1900 година, слободните селани, од кои поголем дел повторно биле муслимани, поседувале 25% од обработливата земја, но сосема мал број од нивните поседи се наоѓале во рамничарските делови од Македонија.[10] Најголемиот дел од нивните имоти биле ситни. Имено, во 1910 година имотите под 1 хектар сочинувале 33% од вкупниот број на економски единици во Македонија, додека 1,3% од чифликсајбиите поседувале 35% од вкупната земја.[11] Поради тоа, иако слободните селани располагале со своја земја, поради големината на нивните имоти, нивната местоположба и ниската продуктивност, тие исто така не можеле да се пофалат со многу подобра состојба во економска смисла во однос на чифлигарите.

Меѓутоа, клучната разлика меѓу овие две категории селани е во нивната поврзаност со земјата. Додека чифлигарите под едни или други услови биле врзани за чифлиците на чифликсајбиите, слободните селани можеле слободно да располагаат со својот труд, па според тоа имале одредени предуслови за зголемена мобилност. Покрај тоа, начинот на живот

---

[8] Клисуров, Очерки вярху историята на македонското освободително движение. Социал-економически подготовки за създаването на революционната организация, Македонско Дело, VI/134, 1931, 7-8.

[9] Gábor Demeter, Agrarian Transformations in Southeastern Europe (from the Late 18th Century to World War II), Institute for Historical Studies, BAS/Institute of History, Sofia, 2017.

[10] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., т.5., 13.

[11] G. Demeter, Agrarian Transformations in Southeastern Europe..., 194.

во планинските предели кај нив изградил далеку послободарски менталитет, што исто така било предуслов за напуштање на селото.[12] Затоа, кога зборуваме за миграциски движења од економски причини од територијата на Македонија, најчесто зборуваме за емиграција на население од селата, кои во тогашните услови го имале префиксот „слободни“.

**1.1.2.** Победата во Кримската војна (1853-1856) скапо ја чинела Османлиската Империја на финансиски план.[13] Финансирањето на војната се покажало како последен удар кон османлиските финансии, каде веќе со децении растела исклучиво расходната страна.[14] Со исцрпени домашни алтернативи, Високата Порта влегла во еден лавиринт на надворешни задолжувања, што резултирало со банкрот на Империјата во април 1876 година и Муаремскиот декрет во декември 1881 година, со кој османлиските финансии се нашле под целосна контрола на странските доверители, а државата добила полуколонијален статус.[15] Сервисирањето на растечкиот надворешен долг ја принудило Високата Порта континуирано да ги зголемува постојните даноци и да воведува нови. Според некои анализи, вкупните даночни обврски во периодот од 1890 до 1903 година биле зголемени за 40%.[16] Поради доминантно аграрниот карактер на Македонија, најтежок данок за македонското население бил десетокот. Овој данок на земјоделските производи бил највисока ставка меѓу

---

[12] М. Пандевски, Македонското ослободително дело...т.5., 30.

[13] Според еден воен извештај, вкупните трошоци само за издржување на војската на Османлиската Империја за периодот од мај 1853 до септември 1855 година (28 месеци) биле повеќе од 1,5 милијарди пијастри, односно 11,16 милиони фунти. Candan Badem, The Ottoman Crimean War (1853-1856), Brill, Boston, 2010, 295-296.

[14] Причините за ваквиот хроничен буџетски дефицит треба да ги бараме во неповолната трговска размена со западноевропските земји, огромните непродуктивни трошоци на султанот и везирите, валутната инфлација, константните војни со Русија во периодот од 1768 до 1840 година, големата оштета што според договорот од Едрене од 1829 година требало да ѝ се плати на Русија, бунтот на Мухамед Али во Египет, како и самите реформи, за кои биле потребни големи финансиски средства. Види: Frederick S. Rodkey, Ottoman Concern about Western Economic Penetration in the Levant, 1849–1856, The Journal of Modern History 30/4, 1958, 348.; C. Badem, The Ottoman Crimean War..., 291.

[15] Високата Порта во 1854 и 1856 година ги зела првите заеми од странски кредитори, во вредност од 3 и 5 милиони фунти респективно. Со тоа, Империјата влегла во европските финансиски лавиринти, отворајќи ја вратата за странскиот капитал. Праксата на надворешно задолжување продолжила и во следните две децении, каматните стапки за новите заеми биле во постојан раст, а најголемиот дел од овие заеми бил користен за враќање на стари задолжувања или за покривање на континуираниот буџетски дефицит. За финансиската политика на Османлиската Империја во овој период види: Murat Birdal, The Political Economy of Ottoman Public Debt: Insolvency and European Financial Control in the late Nineteenth Century, London/New York, 2010, 28-35.; Maliye Bakanlığı, Osmanlı Devleti Dış Borçları, Ankara, 2010, 48-76.; Donald C. Blaisdell, European Financial Control in the Ottoman Empire, Columbia University Press, New York, 1929, 9-81.

[16] G. Demeter, Agrarian Transformations in Southeastern Europe..., 196.

даночните приходи на Портата, односно околу ¼ од вкупните приходи.[17] Според тоа, лошата жетва подразбирала и лоша фискална година. Неговата официјална висина изнесувала 12,5%, но поради фактот што често се собирал по пат на закупници, тој достигнувал дури до 25% од вкупното земјоделско производство.[18] Собирањето на десетокот било проследено со низа злоупотреби и насилство врз населението од страна на закупниците на данокот.[19] За добитокот и стоката се плаќал данокот беглик, а за недвижниот имот се плаќала вергија. Во буџетските приходи од 1892 до 1895 година овие даноци учествувале со 9,32% и 13,47% респективно.[20] Понатаму, машкото немуслиманско население било оптоварено и со низа лични даноци, како беделот, тиџаретот, патниот данок и шехси-вергие.[21] Кога на сите овие даноци ќе ги додадеме и разните такси и други давачки, кои постојано се зголемувале, јасно е дека даночниот систем во Империјата сериозно го исцрпувал населението од финансиски аспект. Незадоволството на населението поради ваквиот даночен систем не поминало незабележано од странските дипломатски претставници во Македонија.[22]

Ваквиот даночен систем, како и злоупотребите, кои биле негов заштитен знак, претставувале особено голем проблем за македонските градови и села во време на сушни години и глобални економски кризи.[23] Во такви кризни години, со оглед на недостапноста

[17] C. Badem, The Ottoman Crimean War..., 290.; Christopher Clay, Gold for the Sultan: Western Bankers and Ottoman Finance 1856–1881, I. B. Tauris, London/New York, 2000, 15. Во Косовскиот Вилает десетокот достигнувал до 50% од вкупните даночни приходи. (G. Demeter, Agrarian Transformations in Southeastern Europe...196).

[18] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 73-74.

[19] Иако низ целиот XIX век биле воведувани повеќе реформи во системот на собирање на даноци, тие мерки најчесто само останувале запишани во цариградските канцеларии. (Барбара Јелавич, Историја на Балканот, т.I – осумнаесетти и деветнаесетти век, Скопје, 1999, 337).

[20] М. Пандевски, Македонското ослободително дело...т.5., 22-23.

[21] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 74-76.

[22] Француски документи за историјата на македонскиот народ, серија VI, том I (1878-1879), Архив на Македонија, Скопје, 1969, 107.

[23] Една таква глобална криза, која се случила во втората половина на 70-тите години на XIX век била катализатор на незадоволството на немуслиманското население во државата и се нашла меѓу причините за Големата источна криза (1875-1878). Состојбата не се подобрила ниту во текот на наредните две децении, а негативните економски податоци биле особено видливи во западните делови на Македонија. Извозот на житни култури во Битолскиот вилает значително опаднал во доцните 1880-ти години поради ниските цени на житарките, а во текот на две последователни години (1893-1894) речиси целосно запрел. Цените на житарките во Вилаетот останале екстремно ниски до Грчко-турската војна од 1897 година, но во периодот по нејзиното завршување не се зголемиле значително. Всушност, во целиот период до Балканските војни тие речиси никогаш не ги достигнале нивоата од пред 1890-тите години. (Види: Ulf Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe. Emigrants, America, and the State since the Late Nineteenth Century, Lexington Books, New York/London, 2016, 66-67.; Basil C. Gounaris, Emigration from Macedonia in the Early Twentieth Century, Journal of Modern Greek Studies, Volume 7, 1989, 136).

и неразвиеноста на банкарските институции во Македонија, за да ги плати своите даноци македонскиот селанец бил принуден да влезе во должничко-доверителски односи со одредени поимотни луѓе, односно во лихварските мрежи.[24] Висината на каматите во Македонија просечно се движела околу 20%, но понекогаш достигнувала и повеќе од 50% од позајмените пари.[25] Во ситуација кога селаните не можеле уредно да ги исплаќаат своите долгови, тие биле принудени да го продаваат својот имот и добиток, да ги даваат своите земјоделски и сточарски производи по исклучително ниски цени, но и да го напуштат местото на живеење, во потрага по подобра заработувачка.

**1.1.3.** Во османлиска Македонија, како и во најголемиот дел на Османлиската Империја индустријализацијата имала сосема маргинална улога поради тоа што државата не ги поседувала клучните претпоставки за оваа важна економска трансформација: домашен инвестициски капитал, соодветна законска рамка, како и безбедни и лесни транспортни можности.[26] Покрај тоа, истата била оптоварена со низа трговски договори со западноевропските држави, познати како трговски капитулации, според кои Османлиската Империја била обврзана да држи ниски царински стапки од 3%, 5%, 5,3% и 8% за внесените европски производи.[27] Од друга страна, во 1888 година извозната царинска стапка изнесувала во просек 8%, а за опиумот дури 12%.[28] Во такви услови, скромните индустриски капацитети во Македонија биле лесен плен за висококонкурентната европска стока. Османлиската Империја се соочувала со крајно негативен биланс на надворешната трговија, при што главно се извезувале индустриски суровини (тутун, афион, кожи), а се увезувале индустриски стоки, кои биле причина за пропаѓање на голем број занаети и емиграција на занаетчиите.[29] Најголемиот дел од индустриските претпријатија вработувале само по неколку десетици работници, а вистинска реткост биле претпријатијата со сто и повеќе работници.[30] Со ваков степен на индустријализација, Османлиската Империја не можела да понуди доволно работ-

[24] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 66.

[25] Данчо Зографски, Развојот на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење, Култура, Скопје, 1967, 189-190.

[26] Б. Јелавич, Историја на Балканот, т.I..., 338.

[27] Д. Димески, Македонското националноослободително..., 41.

[28] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт...,77-78. За споредба, во развиените европски земји царинските стапки за увоз се движеле меѓу 20 и 50% од вредноста на увезената стока. (М. Пандевски, Македонското ослободително дело...т.5., 20).

[29] Nikolay Altankov, The Bulgarian-Americans, Ragusan Press, Palo Alto, 1979, 7.; М. Пандевски, Македонското ослободително дело...т.5., 21.

[30] Д. Зографски, Развојот на капиталистичките елементи..., 539.

ни места за населението во градовите, односно за оние кои не биле на никаков начин поврзани со земјоделството. Дури и во ситуација кога таквите индустриски капацитети имале потреба од работна сила, се работело најчесто за сезонски или привремени работници.[31] На тој начин, европскиот капитал и лошата царинска политика на Османлиската Империја биле значаен чинител во осиромашувањето на населението, но и во појавата економската емиграција.

Како што веќе истакнавме, над 80% од населението се занимавало со земјоделство, кое исто така било прилично непродуктивно. Со ретки исклучоци, се работело за екстензивен начин на обработка на земјата, со застарени земјоделски методи и орудија.[32] Покрај тоа, поради нерешеното прашање за земјата, како и односите, кои биле воспоставени според чифлигарскиот систем, чифлигарите генерално немале никаков интерес за зголемување и осовременување на производството. Со тоа, било стимулирано недоволното обработување на земјиштето. Според една статистика од 1907-1908 година, процентот на обработената површина во европскиот дел на Империјата изнесувал 8,26%, а во Македонија бил различен од вилает до вилает. Најмал процент од земјата (6,21%) била обработувана во Солунскиот вилает, додека во Битолскиот и Скопскиот вилает, кои располагале со помал фонд на обработливи површини, тој процент изнесувал 7,30%, односно 10,61%.[33] Дури и во ситуација кога некои чифликсајбии-христијани се обиделе да го модернизираат земјоделското производство, нивните напори запирале пред последната пречка – даночниот систем.[34] Во овие околности, македонскиот селанец бил осуден на пропаст, во услови кога поради подобрените методи на производство, зголемените транспортни можности и царинската политика на Империјата, нејзиниот пазар бил преплавен со земјоделски производи, што имало влијание и врз нивните цени.[35]

Планинските села во западните делови на Македонија не располагале со потребните услови за земјоделство. Нискиот квалитет на почвата, нерамниот терен, кратките лета, суровите зими и проблемите со наводнувањето ги принудувале селаните од тие села да се зани-

[31] Душан Хр. Константинов, Печалбарството во Македонија, второ издание, Народен музеј-Битола, Битола, 1966, 8

[32] Д. Димески, Македонското националноослободително..., 56-57.

[33] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт...,70.; Д. Зографски, Развојот на капиталистичките елементи..., 191.

[34] Д. Димески, Македонското националноослободително..., 57.

[35] Барбара Јелавич, Историја на Балканот, т.II – дваесетти век, Скопје, 1999, 16.

маваат првенствено со сточарство и дрводелство.[36] Сепак, според Ѓорче Петров токму проблемите во шумите биле една од причините за напуштање на родниот крај.[37] Имено, во текот на XVIII век се случило масовно сечење на шумите во западните делови на Македонија, што предизвикало проблеми на селаните поврзани со овие две стопански гранки.[38] Сечата на шумите продолжила и во XIX век, а поради фактот што шумите биле дом за разни бунтовни и разбојнички елементи, па како такви се нашле на листата на османлиските „државни непријатели“, таа била речиси поддржувана од османлиските власти. Своја улога во овој процес имале и бројните шумски пожари. Недостасуваат податоци за големината на шумскиот фонд кој бил исечен или изгорен, како и за целокупниот шумски фонд во Битолскиот вилает. Сепак, факт е дека големите шумски пространства на територијата на Дебарскиот и Елбасанскиот санџак биле целосно надвор од контролата на Вилаетската шумска управа во Битола.[39]

### 1.2. Политички причини

**1.2.1.** Во текот на XVIII век, Османлиската Империја за прв пат се нашла во дефанзивна положба на Балканот и за прв пат започнала трајно да губи територии. Од држава која ги диктирала односите дури и во Европа, Империјата се соочила со првите интервенции на другите големи сили на нејзино тло. Како најзаинтересирани за споментата територија се јавиле Австрија (по 1867 година Австро-Унгарија) и Русија. Со овие држави Османлиската Империја често војувала во текот на XVIII век, а најголемиот дел од овие војни се покажале како фатални за државата. Во текот на XIX век, со помош на големите сили, започнале да се формираат и независни христијански држави на Балканот. Грчкото востание го отворило патот кон создавањето на грчката држава (1832 г.), а двете српски востанија придонеле Србија да биде автономна (1830 г.). Најпосле, со Големата источна криза и Берлинскиот конгрес (1878 г.) политичката карта на Балканот била дополнета со независните држави Србија, Црна Гора и Романија, а османлиската власт останала реалност само во Македонија, Албанија и Косово.[40] Навелегувањето на христијански војски длабоко на османска терито-

---

[36] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 18.

[37] Гьорче Петров, Емигрантското движение за Америка в Македония, Културно Единство, Солун, 15.01.1908, 3.

[38] Б. Јелавич, Историја на Балканот, т.II..., 105. G. Demeter, Agrarian Transformations in Southeastern Europe..., 35.

[39] Д. Димески, Македонското националноослободително..., 103.

[40] Ванчо Ѓорѓиев, Анастас Лозанчев, УКИМ/ФЗФ, Скопје, 2014, 41.

рија и создавањето на христијански држави во довчерашните османлиски граници имале стимулативно влијание за емиграција. Според некои податоци, по неуспехот на Карпошовото востание (1689 г.) многу христијани од Македонија исплашени од одмазда ги преминале реките Сава и Дунав, а еден дел од нив стигнал и до Русија.[41] Ова е еден од првите документирани случаи на помасовна емиграција. Исто така, многу христијани од Македонија ги искористиле споменатите настани за да најдат прибежиште во новите држави на Балканот.[42]

**1.2.2.** Иако во текот на XVIII и XIX век Македонија не претставувала арена на позначајни воени дејствија, војните на Балканот и економските тешкотии на Османлиската Империја, во Македонија создале плодна почва за раст на разбојништвото. Во втората половина на XIX век истото било сериозен дестабилизирачки фактор, особено во Западна Македонија. Цели села во тој регион се специјализирале за разбојништво, што претставувало голем социјален проблем во државата.[43] Разбојничките банди грабале добиток и покуќнина, земале заложници за откуп, ограбувале патници и трговци, вршеле убиства, силувања и опожарувања.[44] Околу 1895 година низ Македонија крстосувале од 150 до 200 разбојнички банди, кои во текот на истата година извршиле околу 4 000 убиства на територијата на Македонија.[45] Овие банди биле составени претежно од турски и албански елементи и делувале во планинските села во Дебарско, Струшко, Охридско, Ресенско, Кичевско и Порече, а нивните активности понекогаш ги зафаќале и Прилепско, Крушевско, Мариово, Битолско, Леринско и Костурско. Тие најчесто имале територијална оперативна зона.[46] Во таква ситуација, македонското население било принудено или на колаборација и прифаќање на покровителство на некоја од разбојничките банди, на која ѝ плаќале откуп на годишно ниво, или пак

---

[41] Татјана Каличанин, Доселување и интеграција на македонското семејство во Канада и САД, Институт за фолклор Марко Цепенков, Скопје, 1997, 12.

[42] David E. Cassens, The Bulgarian Colony of Southwestern Illinois, 1900-1920, Illinois Historical Journal, Vol. 84, 1991, 15.; B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 135.

[43] Најпознато такво село е селото Велешта, на патот Струга-Дебар. (Историја на македонскиот народ, книга втора, ИНИ, Скопје, 1969, 111.).

[44] Државен архив на Република Северна Македонија (понатаму: ДАРСМ), фонд Бугарски конзулат – Битола, микрофилм (понатаму мф.) 4298, ф. 331, о.1, а.е. 32, дело, 9, сн. 1, 10-50, 52-66.

[45] Клисуров, Очерки вярху историята..., 8.

[46] На пример, во Кичевско и Порече дејствувале Осман од с. Папрадишта (Кичевско), Зулко од с. Зајас (Горно Кичевско), Сефер и неговиот брат Велија од истото село и Бајрам од с. Бериково (Горно Кичевско). Во Охридско и Ресенско оперирал Карабаџакот, а во Струшко Тахир Толја. Во Дебарско и Охридско дејствувал и Билјал Баланца, а во Реканско – Рамдук. Во Прилепско со своите злодела се прочул Расим, а во 1895 година во Кичевско се „прославил“ Ислам онбаши. (Д. Димески, Македонското националноослободително..., 151-152).

на формирање на контрабанди на полуајдучка основа.[47] Последната алтернатива била напуштање на селата. Така, во 1894 година, откако поречкото село Ѕвечан било запалено од една разбојничка банда забележано е дека „сите повидни, поимотни и пособудени Поречани се иселија во Прилеп, Кичево, Скопје и во туѓина“.[48] Ваквата дестабилизација во селата го попречувала сточарството, затоа што селаните од овие планински села одбивале да држат добиток, кој можел во секој момент да биде во опасност поради разбојничките банди.[49] Наместо тоа, тие одлучувале да работат како сезонски работници во градовите или надвор од државата. Сепак, ниту градовите не биле многу побезбедни од селата. Таму исто така „царувале“ локални разбојници, кои ја користеле заштитата на османската власт.

**1.2.3.** Поради финансиските проблеми на Империјата локалните чиновници често пати со месеци не ги добивале своите релативно ниски плати, па често прибегнувале кон земање на мито (рушвет). Свој прилог во овој феномен имаат недостатокот на контрола и ниските морални квалитети на чиновниците во државата. Праксата на рушвет била присутна во сите пори на општественото живеење во османлиска Македонија, па оттаму османлиските државни чиновници широко ја отворале вратата за соработка со разбојничките банди.[50] Главни соработници на разбојничките банди биле муслиманските полјаци.[51] Покрај тоа, тие биле главни посредници меѓу разбојничките банди и локалните административни функционери. Сепак, ако османлиската локална власт најчесто била заинтересирана за соработка со локалните насилници и разбојнички банди, христијанското население ја немало истата судбина. Според еден руски извештај, забраната на населението да носи оружје во однос на христијаните била наполно ефектуирана, додека муслиманите чувствувајќи ја евидентната

[47] М. Пандевски, Македонското ослободително дело...т.5., 26.; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 94-95.

[48] Д. Димески, Македонското националноослободително..., 156.

[49] Д. Константинов, Печалбарството во Македонија..., 8.

[50] ДАРСМ, фонд Бугарски конзулат – Битола, мф. 4298, ф. 331, о.1, а.е. 19, дело, 9, сн. 39-40, 44-48, Битола, 17.12.1898.

[51] Во секое христијанско село во Македонија имало чувари на полињата, добитокот и селото наречени полјаци или падари. До завршувањето на Руско-турската војна (1877-1878) селаните од секое село самите го поставувале полјакот во селото и оваа институција била исклучително важна за христијанското население. Сепак, по завршувањето на споменатата војна, правото за поставување на полјаците им припаднало на локалните административни службеници (мутесарифи, кајмаками, мудури), кои по пат на мито им ги доделувале овие функции на проминентни муслимански насилници. Тие се богателе на сметка на локалното христијанско население, вршеле разни злодела во селата, па дури и се мешале во семејните односи и личниот живот на селаните. (Види: М. Пандевски, Македонското ослободително дело...т.5., 26.; Д. Димески, Македонското националноослободително..., 156.).

предност во очите на властите биле секогаш вооружени.[52] Во таква ситуација, многу од христијаните, кои ги имале почувствувано османлиските зандани соочени со очигледната закана од страна на валијата или кајмакамот, дека ќе се најдат во вечни окови или обесени со јаже, решавале да го напуштат родниот крај.[53] Меѓу нив имало и такви, кои зад себе оставиле сосема солидна материјална состојба, што значи дека немало посериозна економска позадина на нивното емигрирање.

## 1.3. Демографски причини

**1.3.1.** Според податоците на Барбара Јелавиќ, во периодот од 1860-тите години до првата деценија на XX век, Балканот доживеал силен демографски раст, при што населението во регионот се зголемило за повеќе од два пати.[54] Населението во Османлиската Империја во 1800 година изнесувало 25-32 милиони жители, од кои 10-11 милиони во европските провинции, а во 1914 година изнесувало околу 26 милиони жители. Меѓутоа, додека бројот на население останал речиси ист, султановите владенија се намалиле од околу 3 милиони на околу 1,3 милиони км$^2$.[55] Оттука, густината на населението двојно се зголемила, затоа што истиот број на луѓе сега живееле на повеќе од два пати помала територија.[56] Иако статистичките прегледи за населението во Македонија во тој период се во најмала рака проблематични, очигледно е дека и во Македонија имало слична тенденција. Така, според еден извештај од рускиот конзул во Битола, само во првата деценија на XX век населението во Македонија се зголемило за 10%.[57] Меѓутоа, какво влијание имал растот на населението за емигрантското движење од Македонија?

---

[52] Македонија меѓу автономијата и дележот, Зборник руска дипломатска документација, 1894-1913, Том IV (Избор, превод, редакција и коментар д-р Симон Дракул), Просвета, Куманово, 1998, 13.

[53] Константин Кондов, Борбата на Македонеца. Исторически очеркъ върху причинитѣ и развитието на революционното движение въ Македония, Заря, Габрово, 1902, 26-27.

[54] Населението во Србија се зголемило од 1,7 милиони во 1878 година на 2,9 милиони во 1910 година. Бугарија заедно со Источна Румелија во 1881 година имала 2,8 милиони жители, додека во 1910 година нивниот број бил 4,3 милиони жители. Слични податоци има и за романските територии, каде во периодот 1815-1910 година населението пораснало од 1,5 милиони на 6,9 милиони жители. (Б. Јелавич, Историја на Балканот, т.II...., 16.).

[55] Donald Quataert, Ottoman Empire 1700-1922, Cambridge University Press, 2000, 112.

[56] Европскиот дел на Империјата бил и нејзин демографски центар, со двојно поголема густина на населението од таа во Анадолија, тројно поголема од таа во Ирак и Сирија и пет пати поголема од густината на населението на Арапскиот Полуостров. Во 1906 година, релативно малите остатоци од Империјата во Европа биле дом за четвртина од населението во државата. (Ibid).

[57] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т.7., 97.

Некои автори овој раст на населението го поставуваат во директна корелација со масовноста на емиграцијата.[58] Притоа, како главни аргументи во прилог на ова тврдење ги користат фрагментацијата на земјата и преголемиот број на жители во споредба со обработливото земјиште. Фрагментацијата на земјата се случувала поради воспоставениот принцип на поделба на татковиот имот подеднакво на сите машки наследници, при што земјата се намалувала до тој степен, што поделбата или не била можна, па земјата ја наследувал најстариот машки наследник, или пак станувала недоволна за издржување на целото семејство. Сепак, ако ваквата теза може да се примени во анализата на миграциските движења речиси низ цела Европа, во османлиска Македонија, како што споменавме повеќе од 70% од населението немало проблем со фрагментацијата на татковата земја од многу едноставна причина – не поседувало земја. Исто така, според анализите на Улф Брунбауер, трендот на намалување и фрагментирање на имотите бил карактеристика која важи речиси за сите земји од Југоисточна Европа, вклучувајќи ги и регионите кои воопшто не биле зафатени од бранови на емиграција.[59] Што се однесува на бројот на жители во однос на обработливото земјиште, треба да потсетиме на еден веќе истакнат факт. Поради односите, кои биле воспоставени врз основа на чифлигарскиот систем и кои не делувале мотивирачки за зголемување на производството, процентот на обработка на земјата во Македонија во 1907/8 година бил само 8,26 %. Според тоа, причините за необработката на земјата би требало да имаат далеку повисоко место во хиерархијата на причини од самиот раст на населението. Понатаму, компаративната анализа на емиграцијата на населението од Србија и Хрватска покажува дека ниту бројот на луѓе поделен со површината на обработливото земјиште не нè води право до одговорот за причините за емиграцијата. Имено, Србија, која патем заостанувала во поглед на индустријализацијата зад Хрватска се соочила со многу поголем раст на населението кон крајот на XIX век.[60] Во 1910 година Србија имала густина на население-

58 Економистот Ричард Истерлин во 1961 година заклучил дека меѓу т.н. демографска транзиција, односно падот на морталитетот со задржување на истиот наталитет и растот на емиграцијата има временски период од 15 до 20 години. Според споменатиот автор, тоа е периодот, кој е потребен за зголемениот наталитет да предизвика проблем на пазарот на трудот. Види: Richard A. Easterlin, Influences in European Overseas Emigration before World War I, Economic Development and Cultural Change, 9/3, 1961, 332.; Konigliches Ungarisches Statistisches Zentralamt, Auswanderung und Riickwanderung, 13; Julianna Puskas, From Hungary to the United States (1880-1914), 47.

59 U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 61.

60 Стапката на просечен раст на населението во Србија била 19,7 на 1000 жители во периодот 1881-1890, 14,8 на 1000 жители во периодот 1891-1900 и 15,6 на 1000 жители во периодот 1901-1910. Види: Holm

то од 60,29 жители на км$^2$, што е повеќе од Грција (41,64/км$^2$) и Црна Гора (31/км$^2$) и слична како во Хрватска и Славонија (61,6/км$^2$), при што процентот на обработка на земјата бил 31% во Србија, а 45% во Хрватска.[61] Според тоа, бројот на луѓе на еден хектар земја во Србија бил поголем (1,9 жители на еден хектар), отколку во Хрватска (1,3).[62] Кога на тоа ќе го додадеме фактот, што во двете земји околу 80% од населението се занимавало со земјоделство, со приближно исти методи на обработка на земјата, доаѓаме до заклучокот дека притисокот врз обработливата земја во Србија бил поголем во однос на притисокот во Хрватска. И покрај тоа, Србија успеала да одржи најдобар биланс на Балканот во поглед на емиграцијата од сите држави на Балканот, што значи дека т.н. аграрна пренаселеност не можела да биде главен „виновник“ за емигрирањето, туку само можела да служи само како уште една во низата причини за емиграцијата.

**1.3.2.** Природниот прираст бил само една од причините за тоа што во Македонија се зголемил бројот на населението. Кон крајот на XVIII век муслимански бегалци од довчерашните османски територии започнале да се населуваат во Османлиската Империја.[63] Најголемиот дел од нив доаѓале од областите каде што со руска помош се воспоставиле христијански власти, северно и западно од Црното Море и Каспиското Езеро.[64] Започнувањето на Кримската војна и заострувањето на руската политика кон Татарите и Черкезите на Крим придонеле за значително интензивирање на овој процес. Само од Крим, во периодот од 1854 до 1876 година, околу 1,4 милиони Татари се населиле на османска територија.[65] Според Законот за бегалците (*Muhacirin Kanunnamesi*) од 1857 година државата на овие бегалци за-

---

Sundhaussen, Historische Statistik Serbiens 1834-1914: Mit europaischen Vergleichsdaten, Oldenbourg, München 1989, 142.

[61] Milan Kresser, Gustoča žitelstva Kraljevine Hrvatske i Slavonije, Zagreb, 1917, 12.; H. Sundhaussen, Historische Statistik Serbiens....88.; U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 59.

[62] Дури и регионите од Хрватска што биле најпогодени од емигрантскиот бран овој број бил помал во споредба со Србија. (Hrvatski iseljenik, 19/2, 1940, 1).

[63] D. Quataert, Ottoman Empire…, 117.

[64] Во времето пред Кримската војна, Руската Империја немала политика на присилно иселување на муслиманското население од државата, но воспоставувањето на христијанска власт во Крим (1783), во областите на Баку и Кубан (1796), во Нахчиван и источниот Кавказ (1828) и во североисточните делови на Црното Море (според договорот од Едрене во 1829 г.) предизвикало многу муслимани да тргнат кон османлиските територии. Уште претходно, многу бегалци од реформите на Петар Велики и Екатерина Велика се населиле во Добруџа, а таму во 1848 година ќе се населат и бегалците од револуциите во Европа. (Stanford J. Shaw, History of the Ottoman Empire and modern Turkey, Vol. II, Reform, Revolution and Republic: The rise of modern Turkey 1808-1975, Cambridge University Press, 1977, 115.).

[65] Joseph von Hammer, Historija turskog (osmanskog) carstva, III, Zagreb, 1979, 394.

почнала да им доделува земја.[66] Вестите за донесувањето на овој акт предизвикале бројот на доселеници во државата да се зголеми, при што не се работело исклучиво за муслимани. Имено, голем број Козаци исто така се населиле во Македонија, Тракија и западна Анадолија во тој период.[67] Масовното доселување на муслимани продолжило и во првите години од владеењето на султанот Абдул-Хамид II, најчесто како последица на Источната криза, независноста на Србија, Бугарија и Романија, но и губењето на Босна и Херцеговина.[68] Само во 1878 година, 140 000 Бошњаци се населиле на османска територија, а во периодот од 1882 до 1900 година уште 100 000.[69] Вкупно во периодот од 1783 до 1913 година проценките се дека 5-7 милиони бегалци се населиле во Империјата, а 3,8 милиони од нив доаѓале од Русија.[70] Во Македонија, почнувајќи од средината на XIX век се населиле околу 26 000 Татари и 10 000 Черкези.[71] Дополнително, во времето на Источната криза, во Македонија пристигнале 250 000-300 000 муслимани од Босна и Херцеговина, Санџак, Србија и Бугарија.[72] Овие доселеници, наречени мухаџири, биле сместени во населените места по должината на железничките пруги, најчесто на територијата на Скопскиот и Солунскиот вилает. Некои од муслиманските доселеници, прилично тешко го заборавале прогонот, што го доживеале од христијаните на Крим, па често имале намера да им се одмаздат на новите немуслимански соседи, со помош на заштитата од државата.[73] Од друга страна, во ситуација

[66] На бегалските семејства и групи им била доделувана државна земја и биле ослободени од даночните обврски 6 години ако биле населени во Румелија и 12 години ако биле населени во Анадолија. Тие требало да се согласат дека ќе ја обработуваат земјата најмалку 20 години и дека ќе ги прифатат османлиските закони. Понатаму, на бегалците им била ветена слобода на вероисповед и им било дозволено да градат свои религиозни објекти. За разгледување на барањата врз основа на овој закон во 1860 година во Министерството за трговија била формирана Комисија за бегалци, која во 1861 година станала независна државна институција. (S. Shaw, History of the Ottoman Empire...., 115.)

[67] J. von Hammer, Historija turskog...., 394.

[68] Според официјалните османски извори, повеќе од 1 милион бегалци се населиле во државата меѓу 1876 и 1895 година. Како резултат на тоа, бројот на машкото муслиманско население се удвоил во периодот од 1831 до 1882 година, а разликата на муслиманското и немуслиманското население значително се зголемила. Сето тоа влијаело султанот Абдул-Хамид срдечно да ги пречека бегалците. (S. Shaw, History of the Ottoman Empire...., 116.; J. von Hammer, Historija turskog...., 394-395.).

[69] Bosna-Hersek ile İlgili Arşiv Belgeleri 1516-1919, Başbakanlık Devlet Arşivleri Genel Müdürlüğü, Ankara, 1992, 309.; Скендер Ризај, Структура становништва Косовског вилајета у другој половини XIX века, Врањски гласник, Кн. VIII, Народен музеј Врање, Врање, 1972, 195.

[70] D. Quataert, Ottoman Empire..., 117. Последниот поголем бран бегалци од Русија се случил како резултат на прогласувањето на автономија на Крим во 1897 година и репресивната политика на царот Александар III. (Робер Мантран, Историја османског царства, Клио, Белград, 2002).

[71] Љубен Лапе, Внатрешната положба во Македонија за време на Источната криза, Зб. Македонија во Источната криза 1875-1881, МАНУ, Скопје, 1978.

[72] Nedim İpek, Rumeli'den Anadolu'ya Türk Göçleri, 1877-1890, Türk Tarih Kurumu Basımevi, Ankara, 1994, 74.

[73] J. von Hammer, Historija turskog...., 395.

каде односите меѓу чифлигарите и чифликсајбиите биле сериозно заострени, чифликсајбиите понекогаш ги заменувале своите чифлигари со дел од овие доселеници муслимани.[74] Со тоа односите меѓу муслиманските доселеници и христијаните уште повеќе се влошувале, а се влошувала и положбата на христијанското население во Македонија.

Треба да се каже дека ваквиот прилив на муслиманско население играл двојна улога во однос на емиграцијата на христијани од Македонија. Додека за едни тој бил причина за напуштање на родниот крај, кај други оваа ситуација ја будела желбата за заштита на своето огниште. Кога британскиот интелектуалец Хенри Брејлсфорд поминал низ едно село во северните делови на Македонија, внимание му предизвикал тешкиот живот, кој го живееле тамошните жители. Како логична последица на она што го видел, кај него се наметнале неколку прашања. „Зошто останувате?" – прашал тој. „Зошто не си одите, кога железницата е оддалечена едвај 10 милји? Вие речиси ги гледате српските ридови, а Бугарија е оддалечена само три дена." Одговорот што го добил целосно го отсликувал инстиктот за преживување, кој се јавил под притисок на тешката положба. „Кој ќе се грижи за манастирот, ако заминеме? Турците ќе го зграпчат" – одговориле селаните.[75] За некои луѓе во Македонија, очигледно заминувањето не било вистинската опција.

### 1.4. Глобални и индивидуални стимулирачки фактори

**1.4.1.** Во 1873 година, во Македонија била изградена првата железничка пруга на релација Солун-Скопје. Веќе следната (1874) година кон оваа пруга бил изграден крак до Косовска Митровица, а во 1878 година на оваа линија се надоврзала уште една линија, која го поврзувала Скопје со турско-српската граница.[76] Во мај 1888 година во Солун пристигнал првиот воз директно од Париз, а во 1894 година Солун преку Воденско и Еницевардарско се поврзал со Битола.[77] Така, ако до средината на XIX век транспортот по земја бил

[74] Според еден документ од руска провиниенција, таков случај имало во селото Патерос од Дојранската каза, кој датира од ноември 1904 година. Слична судбина имале чифлигарите од подбеласичките села Борисово и Мокриево. Во документот заедно со споменатите две села од Струмичката каза е наведено и селото Соколово, но со оглед на фактот што такво село не постои во тој регион, оставаме можност да се работи за грешка на авторот на споменатиот документ. (Види: С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т.4., 12-13).

[75] Henry N. Brailsford, Macedonia. It's races and their future, Methuen and Co., London, 1906, 59.

[76] Д. Зографски, Развојот на капиталистичките елементи...333.

[77] Д. Димески, Македонското националноослободително..., 42-43; Д. Зографски, Развојот на капиталистичките елементи..., 337-338.

бавен и непостојан, се одвивал со животни и поради тоа патувањата биле мерени временски, наместо според растојание, воведувањето на железниците значело прва можност за масовен превоз на подолги дестинации. Паралелно со тоа, под притисок на зголемената трговија, напредок доживеале поштенските и комуникациските системи низ Светот.[78] Со тоа, иако во економска смисла османлиските железници ја играле истата улога како железниците во азиските и африканските колонии, сепак опасните патувања кои траеле со месеци, ги претвориле во релативно сигурно патување од неколку дена.[79] Со тоа, била надмината пречката, која потенцијално би ја имал македонскиот иселеник на патот кон балканските и европските метрополи. Од друга страна, воведувањето на парните машини во бродскиот транспорт претставувало вистинска револуција во овој вид на сообраќај. Парабродите се појавиле за прв пат во османлиските териториjални води во 1820-тите години, а до 1870-тите години достигнале 10-20 пати поголема тонажа од просечната тонажа во времето на едрилиците.[80] Со тоа, наместо едрилиците и нивната борба со струите и ветровите, сега постоел предвидлив и релативно достапен начин да се заплови по морските ширини.

Сепак, ако за најголемиот дел од населението развојот на транспортот само ја отворил вратата кон одредени подалечни дестинации, за многу кираџии, анџии, самарџии и налбати кои се простиле од своите занаети, таквиот развој значел директна причина за напуштање на родниот крај. Исто така, поврзувањето на европската железничка мрежа значело лесен продор на европскиот капитал во Империјата и прекин на развојот на одредени населени места. На тој начин, појавата на железниците како симбол на деветнаесеттовековниот капитализам може да се третира и како засебна причина за емиграција од местото на живеење.

**1.4.2.** Индивидуалните стимулирачки фактори биле поврзани со многу различни проблеми, но биле тесно поврзани со некои од горенаведените економски, политички и

[78] Douglas S. Massey, Economic Development and International Migration in Comparative Perspective, Population and Development Review, 14/3, 1988, 394.

[79] Во 1911 година османлиските железници биле искористени од 16 милиони патници и 2,6 милиони тони стока. Тие се протегале на 6485 километри должина. Од нив речиси 1700 километри биле балканските линии, кои превезувале 8 милиони патници. Железниците во Анадолија се протегале на речиси 2400 километри и превезувале 7 милиони патници, додека железниците во арапските вилаети, со речиси 2400 километри превезувале само 0,9 милиони патници, поради слабата густина на населението. (D. Quataert, Ottoman Empire…, 123.)

[80] Ibid…, 119-120.

демографски причини. Главно се работело за причини од психолошка природа. Како што споменавме, разни елементи во Македонија, кои биле компромитирани пред османлиските власти, решавале да го напуштат родниот крај. Од друга страна, во регионите каде доминирало турско или албанско население, некои христијани се вплеткале во мрежата на крвната одмазда.[81] И покрај тоа што ваквите ситуации биле ретки во Македонија, за некои луѓе оваа појава била прва и единствена причина за заминување преку границата.

Понатаму, интелектуалната елита од Македонија, која учела во бугарските, српските или грчките училишта во Македонија била преку разни стипендии привлекувана да го продолжи своето образование во соодветната балканска држава. Во очите на владите на балканските држави, тоа биле мозоци, кои потоа требало да се стават во функција на одредена идеја. Бугарските градови биле едни од најатрактивните дестинации за македонските ученици, кои барале повисоко образование, но покрај во Бугарија, ученици од Македонија оделе и во Грција, Србија, Русија, Германија и САД. Заминувале учениците, но понекогаш и учителите. Бугарскиот трговски агент во Битола, Андреј Тошев во еден негов извештај побарал зголемување на платите на егзархиските учители со назнака дека доколку тоа не се случи многу учители ќе земат оружје во рака или ќе заминат во туѓина.[82]

Имало и такви, кои по емигрантските патишта заминувале поради семејни или брачни проблеми, но и такви кои одбивале да стапат во договорен брак.[83] Покрај тоа, индивидуален мотив за некои луѓе било и патријархалното сфаќање на материјалниот дел од чинот на стапување во брак. Така, на пример кај Мијаците, младиот човек кој сакал да се жени, а не бил во задоволителна материјална положба морал да замине на сезонска работа со цел да ги обезбеди потребните средства за во согласност со традицијата да ја плати, односно да ја купи својата невеста.[84] Од друга страна, старите обичаи во некои планински села во Западна Македонија, според кои времето поминато преку границата значело оспособување на машките деца со потребните карактеристики за формирање на семејство, често ги принудувале и оние млади луѓе кои биле во добра материјална состојба да заминат на печалба. Се разбира, имало и такви кои оделе затоа што оделе и другите. Иако во родниот

[81] Д. Константинов, Печалбарството во Македонија..., 10.

[82] „МАКЕДОНСКИЯ ВЪПРОС — НАЙ-КРУПНИЯТ В НАШАТА ВЪТРЕШНА И ВЪНШНА ПОЛИТИКА“ (sitebulgarizaedno.com) (пристапено на 29.8.2022)

[83] Д. Константинов, Печалбарството во Македонија..., 10.

[84] Ibid.

крај биле во доволно добра материјална состојба за да можат нормално да живеат, под влијание на масовноста на ова движење и на слушнатите приказни од некој друг емигрант, тие се решавале да си ја пробаат среќата во некој од балканските главни градови или пак низ Европа и во Новиот свет.

*2. Емигрантските традиции во Македонија*

**2.1. Почетоците на печалбарството**

Сезонската миграција на населението како феномен во текот на XIX век била позната под два поими од различно потекло – печалбарство и гурбетчиство. Именките печалбар, печалба и печалбарство своите корени ги влечат од старословенскиот збор *печал* или *пекал*, што според низа примери од црковнословенските книги во своето основно значење означувал тага, мака, страдание, а не заработувачка.[85] Тоа име веројатно печалбарите го добиле од нивните семејства, а со масовноста на оваа појава во Македонија и нејзиното економско значење, зборот печалба го добил и денешното значење. Зборовите гурбетчиство, гурбет и гурбетчии, пак водат потекло од турските зборови *gurbet* и *gurbetçi*, кои претставуваат османлиска модификација на арапскиот збор *ġurba* (غربة), кој се преведува како: (да се биде) надвор од својата земја.[86] Очигледно, ваквиот назив македонските гурбетчии го добиле од своите турски соседи и од османлиската власт. Покрај овие два термини, постоеле и низа локални називи за споменатата појава.[87]

Гурбетчиството претставува времено и лично заминување од родното место. Речиси сите печалбари ја споделувале идејата дека по одреден период на работа надвор од родниот крај ќе се вратат за да го подобрат нивниот живот и животот на нивните семејства.[88] Сепак, самото печалбарство можеме да го поделиме според времетраењето на сезонско и повеќегодишно. Сезонското печалбарство најмногу зависело од карактеристичното календарско ограничување на работата, која требало да се заврши. Најчесто овој тип на печалбар-

[85] Д. Константинов, Печалбарството во Македонија..., 14-15.

[86] Самиот збор *gurbet* за прв пат во пишана форма се сретнува во XIII век, но во секојдневниот живот очигледно бил присутен и многу порано од тоа.

[87] Во Галичник за да се каже дека некој бил печалбар се користел и зборот солунец (затоа што често оделе во Солун), а кај Мијаците се појавува и зборот летувач. Поради размерите на печалбарството кај Мијаците понекогаш и самиот збор Мијак се третирал како синоним со зборот печалбар. Со почетокот на емиграцијата кон Америка, многу печалбари од Преспа и од селата во Ресенско го добиле прекарот „Американци“. (Д. Константинов, Печалбарството во Македонија..., 14-15.)

[88] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 16.

ство бил поврзан со земјоделските работи. Печалбарите заминувале во раната пролет, а се враќале во октомври, но печалбарскиот циклус понекогаш бил продолжуван во зависност од условите и дестинацијата каде печалбарите оделе.[89] На други места, печалбарите тргнувале по заработувачка во октомври, а се враќале во мај, за да помогнат во домашните работи во текот на летото. Во одредени случаи престојот надвор од Македонија траел и по неколку години.[90] За некои села во Македонија, ова времено емигрирање било многу повеќе од обично семејно прашање и станало „стратегија“ за надминување на разните предизвици, што ги создавал секојдневниот живот во Османлиската Империја. Така, за жителите на селото Покровник во Преспа, кое броело само 28 куќи во едно јубилејно издание на МПО е забележано дека се занимавале со земјоделство и печалбарење.[91]

**2.1.1.** Почетоците на печалбарското движење од Македонија се различно датирани, па утврдувањето на историските длабочини на оваа појава претставува сериозен предизвик. Иако постојат сведоштва за одредени емигрантски движења поврзани со војните уште во XVII век, најголемиот дел од авторите кои се занимавале со оваа проблематика се согласуваат дека како почеток на овој процес треба да се смета крајот на XVIII век.[92] Ова движење се засилило кон средината на XIX век, а особено во последните три децении од векот.[93] Треба да се истакне дека појавата на печалбарството зависела по региони. Според Ѓ. Петров, во Демирхисарско и Кичевско тоа станало масовна појава од 60-тите и 70-тите години на XIX век. Во областите кои биле на запад од таа линија печалбарството се појавило порано од таа временска рамка, а во областите кои биле кон југ и кон исток се појавило подоцна.[94]

---

[89] B. Gounaris, Emigration from Macedonia...134.

[90] Таков пример се ресенските градинари и овоштари, чиј престој надвор од Македонија најчесто бил по 2-3 години. Исто така, карактеристичен е т.н. „крушевски гурбет“, познат најмногу меѓу влашкото население во Крушево, кој траел 30 години, при што печалбарите заминувале како деца, а се враќале како старци. Постоел и „половина гурбет“ од 15 години. (Види: Душан Ј. Поповић, О Цинцарима, Издавачко графичко предузеће Прометеј, Београд, 1998).

[91] Македонски Алманах, МПО, Индијанаполис, 1940, 42.

[92] B. Gounaris, Emigration from Macedonia...133-134.; М. Пандевски, Македонското ослободително дело...т.5., 29.; Vakalopoulos, Apostolos, Οι δυτικομακεδόνες απόδημοι επί τουρκοκρατίας. Salonika Institute for Balkan Studies, 1958, 32.; Т. Каличанин, Доселување и интеграција на македонското..., 12.

[93] М. Пандевски, Македонското ослободително дело...т.5., 29.

[94] Г. Петров, Емигрантското движение...., 3. Според Ѓ.Петров печалбарството било „најново“ во Каљарско и Прилепско, а „најстаро“ во Дебарско и Охридско.

Информациите за печалбарството во Македонија во втората половина на XIX век се прилично скромни, најчесто на ниво на легенди и анегдоти. Во таква ситуација, невозможно е да се проследат веродостојни статистички информации за интензитетот на печалбарството. Сепак, скромните информации со кои располагаме се доволни да заклучиме дека во некои региони сезонската миграција била масовна појава. Според една статистика што се однесува на крајот на XIX век, во Македонија околу 95 000 луѓе на годишно ниво биле инволвирани во печалбарските мрежи, а според М. Пандевски во истиот период годишниот број на печалбари надминувал 100 000 луѓе.[95] Само од Битолскиот вилает, во 1860-тите години околу 10 000 христијани годишно заминувале на печалба, а кон крајот на 1880-тите години таа бројка изнесувала 30 000 христијани на годишно ниво.[96] Според други руски извори, пак битолските вилаетски власти издавале годишно по околу 60 000-65 000 пасоши за напуштање на Вилаетот.[97] Сметаме дека овие бројки се сосема доволна илустрација за размерот на печалбарското движење во Македонија.

Регионалните размери на гурбетчиството зависеле од условите за живот во тој регион. Во таа смисла доминирале планинските села во Дебарско и Битолско, каде дури и децата оделе „на гурбет“.[98] Понатаму, силно засегнати биле и Кичевско, Демирхисарско и Тетовско, каде во селата често се случувало да останат само по двајца-тројца мажи.[99] При неговата обиколка во овој дел на Македонија, Васил К’нчов забележал дека и многу села во Охридско биле буквално опустошени од печалбарството.[100] Само во 1885 година од Охридско на печалба заминале околу 2 500 луѓе. Во 1889 година Велешко го напуштиле околу 2 500 мажи, а веќе во наредната 1890 година – 3 800 мажи.[101] Според една непотполна

[95] G. Demeter, Agrarian Transformations in Southeastern Europe...194.; М. Пандевски, Македонското ослободително дело...т.5., 29.

[96] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 134-135.

[97] М. Пандевски, Македонското ослободително дело...т.5., 29-30.

[98] Г. Петров, Емигрантското движение...., 3. Класичен пример за вклучувањето на децата во печалбарските мрежи е животниот пат на познатиот интелектуалец, просветен работник, поет, публицист, преведувач и критичар од крајот на XIX век, Трајко Китанчев, кој уште на единасетгодишна возраст заминал да го придружува својот татко на печалба во османлиската престолнина. Таму тој веднаш добил задача на сергијата да продава зеленчук. Со текот на времето, откако ги запознал главните улици, младиот Трајко Китанчев со кош на грбот почнал да разнесува и да продава зеленчук низ главните улици на Истанбул. За ова види: Ванчо Ѓорѓиев, Трајко Китанчев, УКИМ/ФЗФ, Скопје, 2015, 24-33

[99] Историја на македонскиот народ, книга втора..., 113.

[100] Васил Кънчов, Битолско, Преспа и Охридско (пътни бележки), Сборникъ за Народни Умотворения, Наука и Книжнина, Книга IV, София, 1891, 69.

[101] Историја на македонскиот народ, книга втора..., 113-114.

статистика, пак, секоја есен 2-3000 жители на Прилеп и Прилепско оделе во Србија како резбари, тутунџии и дрводелци.[102]

## 2.2. Печалбарски занимања и дестинации пред Америка

**2.2.1.** Печалбарските занимања и дестинации биле најчесто поврзани со местото од каде доаѓале печалбарите. Најчесто, печалбарите од исти региони ги користеле истите печалбарски дестинации и се специјализирале за истите занимања. Така, емигрантите од Дебар и Охрид биле мајстори, емигрантите од Тетово, Демир Хисар и Кичево најчесто оделе како фурнаџии во Бугарија, Србија и Романија, Костурци најчесто се занимавале со производство на млеко и млечни производи во Цариград и во Бугарија, а емигрантите од Преспанско се занимавале со градинарство и овоштарство во Цариград и Смирна.[103] Печалбарите од селата Буф и Ѓавато биле познати дрводелци низ османлиските, бугарските и романските шуми.[104] Смилевчани, пак, заедно со дел од печалбарите од Костурско и Леринско, биле ѕидари насекаде низ Балканот.[105] Најчеста дестинација за жителите на Охридско била Софија, а ги имало и во Битола, Солун, Цариград и Атина.[106] Селаните од селата околу Скопска Црна Гора оделе во Белград и се занимавале со правење плетени столови од трска или по улиците продавале боза и други безалкохолни пијалоци, а селаните од Малешевско оделе во Бугарија како мајстори.[107] Една позната случај-студија на Н. Тодоров за емиграцијата во Бугарија и Јужна Добруџа во периодот 1868-1872 година покажува дека 63% од македонските печалбари биле специјализирани за одреден занает.[108]

---

[102] Прилеп и прилепско низ историјата. Книга прва: Од праисторијата до крајот на Првата светска војна, ИНИ - Скопје, Прилеп, 1971, 220. Градот Алексинац бил најпознатата дестинација за жителите на овој регион. (Историја на македонскиот народ, книга втора..., 114.)

[103] Според В. К'нчов, печалбарите од нахијата Горна Преспа најчесто оделе во Цариград, а емигрантите од Долна Преспа во Смирна. (В. Кънчов, Сборникъ за Народни Умотворения..., 26). За емиграцијата од Преспанско види и: В. Ѓорѓиев, Трајко Китанчев..., 20-24.

[104] Г. Петров, Емигрантското движение...., 3.

[105] Душан Константинов, Даме Груев – Детство и училишни денови, Зб. Даме Груев 1871-1906, Битола, 1981, 124.

[106] В. Кънчов, Битолско, Преспа и Охридско...., 69.

[107] Историја на македонскиот народ, книга втора..., 113.

[108] Ваквата бројка е добиена врз основа на анализа меѓу вкупно 781 лица (околу 40% од емигрантите од Тракија и Македонија во тој период. Од македонските печалбари 54 биле ѕидари, 49 биле пекари, а 42 биле бозаџии. Другите видови на занаети биле застапени со по еден или два претставници, со исклучок на оружарите (4), кафеџиите (6) и кројачите (4). (Nikolai Todorov, The Balkan City, 1400-1900, University of Washington Press, Seattle, 1983, 372.)

**2.2.2.** Од хронолошки аспект, први печалбарски дестинации, кои биле „откриени“ уште во XVIII век биле поголемите градови во рамките во Османлиската Империја, како Цариград, Солун, Скадар, Смирна, како и полуавтономната област Египет.[109] Ваквото емигрантско движење делумно се одвивало и во рамките на традиционалната миграција село-град, но и како резултат на поголемата безбедност во големите пристаништа, особено во османлиската престолнина.[110] Меѓу печалбарите во Цариград доминирале занаетчиите, кои во услови на прилив на европски капитал се обидувале на тој начин да ги спасат своите занаети.[111] Според еден попис на занетчиите од 1902/3 најбројни биле занаетчиите од Битола и Битолско со 1 116 лица, а потоа следуваат градовите Костур (364 лица), Ресен (363), Лерин (326), Тетово (175), Дебар (44) и Охрид (21).[112] Цариград бил исто така често прибежиште на разни компромитирани елементи во државата, кои во услови на неразвиеност на средствата за идентификација се обидувале да се сокријат во најголемиот град во државата. Автономниот статус на Србија и Романија бил претпоставка за слободна трговија и слободно користење на големите подунавски полиња, што ги вброило овие дестинации меѓу поатрактивните во средината на XIX век. Во периодот меѓу 1840-1842 година само од Битолската нахија 59 печалбари работеле во Белград, а бројот на печалбари од Македонија многукратно се зголемил во годините околу Источната криза.[113] Истовремено, во средината на XIX век повеќе од 50 000 печалбари од европскиот дел на Османлиската Империја заминале на сезонска работа во Романија и Бесарабија.[114] Како последица на овој прилив на население, романските градови забележале огромен раст.[115]

---

[109] Како иницијален момент за вклучување на Египет во „печалбарската карта“ на населението во Македонија послужила изградбата на Суецкиот канал (1859-1869), кога македонските работници се нашле рамо до рамо со емигранти од многу други балкански народи. (Adam McKeown, Global Migration, 1846-1940, Journal of World History, 15/2, 2004, 162.; B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 135; U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 1, 24.)

[110] Р. Мантран, Историја османског царства..., 588. Приливот на население бил делумна причина за зголемувањето на населението во престолнината од помалку од 400 000 жители во 1840 година, до повеќе од 900 000 во 1890 година.

[111] Б. Јелавич, Историја на Балканот, т.I..., 135-136. Поради тоа, тие често биле во конфликт со цариградските еснафски организации, што резултирало со зголемен број на подметнати пожари во градот.

[112] Целиот список на занаетчии од Балканот види: Попис на занаетчиите од Балканот во Истанбул (1902-1903), (превод, вовед и коментар Драги Ѓорѓиев), Скопје, 2020.

[113] Урош С. Шешум, Србија и Стара Србија (1804-1839), Прво издание, Филозофски факултет, Белград, 2017, 284.

[114] G. Demeter, Agrarian Transformations in Southeastern Europe..., 164.

[115] Населението во Кнежевството Романија пораснало од околу 3 милиони во 1830 година на повеќе од 4 милиони кон крајот на 50тите години на XIX век. Букурешт бил најголема балканска престолнина, а неговото население од 70 000 жители во триесеттите години на XIX век пораснало на 120 000 во 1859 година.

Како што се ближел крајот на XIX век, престолнините на новите балкански христијански држави исто така станале значајна емигрантска дестинација за населението во Македонија. Во таа смисла особено се истакнувала Софија.[116] Популарноста на Бугарија, како емигрантска дестинација, се должела на неколку фактори. Прво, Бугарија по Берлинскиот конгрес (1878) во формална смисла останала во вазални односи со Османлиската Империја, а Источна Румелија до 1885 година била интегрален дел од неа, што од психолошки и легислативен аспект било олеснувачка околност за населението во Македонија. Понатаму, населението во Македонија и бугарскиот народ ги обединувала духовната власт на Бугарската Егзархија, а во таа смисла стимулирачко влијание имала одредбата од Трновскиот Устав (1879) на Бугарија, според кој секој припадник на Егзархијата државата го сметала за Бугарин, како и пропагандата, што во таа насока ја водело Кнежевството во Македонија.[117] Покрај што ги делеле истите цркви, тие луѓе биле обединети со јазичната блискост, словенството, но и традициите. Поради сите овие причини, Бугарија апсорбирала повеќе од 1/3 од емигрантите од Македонија. Бугарскиот трговски агент во Солун, Шопов, во 1900 година пресметал дека во претходните 20 години околу 200 000 емигранти од Македонија се нашле на територијата на Бугарија.[118] Само во Софија во 1901 година имало 20 000 Македонци, а во Пловдив 8 000.[119] По присоединувањето на Тесалија (1881 г.) и иселувањето на 2/3 од муслиманското население од таа територија, грчката влада се обидувала преку поврзувањето на османлиските и грчките железници го преземе приматот на Бугарија, како главна печалбарска дестинација за населението во Македонија. Сепак, и покрај бројните обиди на речиси сите грчки влади од 70тите години на XIX век до Балканските војни, ваквите планови на Грција никогаш не се оствариле.[120] Мал дел од печалбарите до крајот на XIX

(Стеван К. Павловић, Историја Балкана 1804-1945, второ издание, превод од англиски јазик Чедомир Антиќ, Клио, 2004, 74.).

116 Првиот поголем бран на емигранти од Македонија кон територијата на Бугарија датира од крајот на Руско-турската војна (1877-1878), кога значителен дел од населението во Североисточна Македонија, кое се нашло во вителот на бунтовничките дејства, почнало да се населува во областите под руска окупација. Емигрантскиот бран особено се засилил по потпишувањето на Берлинскиот договор и задушувањето на Македонското востание (1878). (В. Ѓорѓиев, Трајко Китанчев..., 159.; Марија Пандевска, Присилни миграции во Македонија 1875–1881, Скопје 1993, 27–84.).

117 Keith Brown, Loyal unto Death. Trust and Terror in Revolutionary Macedonia, Indiana University Press, Bloomington and Indianapolis, 2013, 60.

118 B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 135.

119 ДАРСМ, ф. Foreign Ofiice, 78/5146, м. 332, бр. 66.

120 Грчките планови за железничко поврзување со Османлиската Империја датираат уште од стекнувањето на независноста на Грција. Официјална Атина го сметала овој потег како важна претпоставка не само за економски развој на Грција, туку и за потенцијално политичко унифицирање со територии на Ос-

век создале свои печалбарски центри на одредени подалечни дестинации, како Австро-Унгарија, Анадолија и Јужна Русија.[121]

***

Економските прилики во XIX век не оделе во прилог на најголемиот дел од населението во Македонија. Нерешеното прашање за земјата, заедно со даночниот систем и полуколонијалниот карактер на државата биле сериозени фактори во масовното осиромашување на населението. Од друга страна, разбојничките банди, кои крстосувале низ Македонија и во колаборација со османлиската локална администрација спроведувале терор врз македонското население влиаеле врз намалување на општата безбедност, особено во планинските делови на Западна Македонија. Понатаму, природниот прираст и населувањето на разни несловенски елементи во Македонија придонеле за зголемување на притисокот врз земјата во одредени планински региони, но и за засилување на тензиите меѓу христијанското и муслиманското население. Истовремено, развојот на транспортните можности значел шанса за подобро утре за македонското население, кое добило можност помасовно да си ја побара егзистенцијата надвор од Македонија. Сето тоа било „зачинето“ со низа субјективни стравови и надежи за спас од секојдневието во Османлиската Империја. Комбинацијата од горенаведените причини и стимулирачки фактори придонеле македонското население да си ја побара среќата преку границата, не за да бара нова татковина, туку средства за живот во родниот крај. Сезонската емиграција во границите на Балканот ја имала улогата на темел, врз кој ќе се роди идејата за емиграција во прекуокеанските држави. Во таа смисла, процесот кој го обработуваме во овој труд претставува континуитет на ваквите печалбарски традиции, кои биле познати во Македонија. Според Ѓорче Петров емиграцијата во Америка претставувала „продолжување на постојниот гурбетчилак и негово ширење“.[122] Така, насе-

---

манлиската Империја. Од друга страна, Високата Порта била прилично резервирана по ова прашање сметајќи дека остварувањето на ваквата идеја би го поткопало султановиот суверенитет во европските провинции. И покрај очигледната политичка волја, особено искажана од страна на владите на Трикупис, Делијанис и Теотокис, финансиските проблеми, слабата заинтересираност од османска страна и влошувањето на грчко-османлиските односи во 90тите години на XIX век ги оневозможиле ваквите грчки планови. Види: Basil C. Gounaris, Greco-Turkish railway connection illusions and bargains in the late nineteenth century Balkans, Journal of Balkan studies, 30, Thessaloniki, 1989.

[121] М. Пандевски, Македонското ослободително дело...т.5., 30.

[122] Г. Петров, Емигрантското движение...., 4.

лението во Македонија ги имало причините за напуштање на родниот крај, но и имало традиција на периодични миграции надвор од Македонија. Останувало уште да се открие новата дестинација.

# II. Новиот свет и имиграцијата

## *1. Подемот на индустриска Америка*

Крајот на XIX век во Соединетите Американски Држави (САД) се карактеризира со дотогаш невидена стабилност на политички план.[123] Имено, по завршувањето на Граѓанската војна (1861-1865), како судир на два различни концепти за функционирањето на државата, во американската политика веќе немало прашања од суштински карактер, преку кои политичките партии би се конфронтирале за привлекување на јавното мислење.[124] Таквата ситуација придонела за значително приближување на ставовите на двете најзначајни партии во американската политика – Демократската и Републиканската. Во меѓувреме, низ Белата куќа во периодот од 1868 до 1913 година продефилирале девет различни претседатели, но нивното влијание во реалната политика било исклучително слабо.[125] Всушност, во американската политика се создала ситуација каде од една страна немало значајни поместувања во Конгресот поради сличните позиции на главните политички субјекти, а од друга страна немало претседател, кој би можел да диктира некакви позначајни промени во државната политика. Во такви услови, просечниот американски граѓанин го заменил интересот за политичките прашања со стремежот за економски развој и повисок животен стандард. Внатрешната политичка стабилност во земја со огромна површина под политичко и економско единство, без посериозни надворешни закани, со огромни минерални богатства и со доволен капитал за нивна експлоатација значела прераснување на САД од сосема безначајна сила на економски план, во вистински ривалски континент на Европа. Така, најголемиот дел од американската историја во тој период се покрива со зборовите индустријализација и економска експанзија.

[123] Американската политика во овој период види: Glenn C. Altschuler, Rude Republic: Americans and Their Politics in the Nineteenth Century, Princeton University Press, 2001, passim.; Charles A. Beard and Mary R. Beard, History of the United States, The Macmillan Company, New York, 1921, 379-504; David R. Meyer, The roots of American industrialization, (Creating the North American Landscape), Johns Hopkins University Press, 2003, passim.; Robert V. Remini, A Short History of the United States, HarperCollins Publishers Inc., New York, 2008, 155-186; Хенри Бемфорд Паркс, Историја Сједињених Америчких Држава (превод од англиски јазик Александар Петровиќ и Крсто Радовиќ), Рад, Белград, 1985, 392-572.

[124] Х. Б. Паркс, Историја Сједињених Америчких..., 458.

[125] Кај дел од нив ваквата состојба била резултат на недостатокот на потребните квалификации за носење на „најтешката“ политичка функција во американската извршна власт, но и генерално периодот по Граѓанската војна се карактеризирал со изразена супрематија на Конгресот над извршната власт. (Ibid. 463.)

**1.1.** Обединувањето на огромната земја во транспортна, а со тоа и во трговска и економска смисла, било главен предуслов за индустријализација и економска експанзија на САД. Во таа насока, убедливо најголемо американско техничко достигнување во XIX век била изградбата на трансконтиненталната железничка пруга, со што низ целата територија на САД, од Атлантикот до Пацификот се слушал татнежот на истите возови. Крајот на Граѓанската војна значел и дефинитивно утврдување на трасата на железницата и нејзиното финансирање, прашања кои биле предмет на преговори меѓу претставниците на северните и јужните држави со децении. Со тоа, започнала изградбата на трансконтиненталната железница, која траела од 1863 до 1869 година, а била константно попречувана од нападите на индијанските племиња, низ чија територија поминувала пругата.[126] Пробивањето на недопрените планински венци и пустината, во исклучително напнати и тешки околности, била задача за илјадници странски доселеници во САД.[127] Покрај самата главна пруга, пред големиот број доселеници бил исправен уште еден предизвик – градбата на пруги, кои би се поврзале со трансконтиненталната железница.[128] По изградбата на првата пруга, во следните 25 години биле завршени уште четири трансконтинентални пруги, со што растечките американски индустрии го добиле потребниот пристап до изворите на суровини, но и до пазарите на Западот.[129] Со помош на капиталот на низа северни инвеститори, железничките пруги на Југот, пак, кои биле претворени во пепел во времето на Граѓанската војна не само што биле обновени, туку биле и проширени. Само во периодот меѓу 1880 и 1890 година вкупната должина на железничките пруги на Југот се зголемила повеќе од два пати.[130] Истовремено, техничко-технолошкиот развој во оваа сфера во САД го направил патувањето

---

[126] Повеќе за изградбата на Трансконтиненталната железница види: Xavier Duran, The First U.S. Transcontinental Railroad: Expected Profits and Government Intervention, The Journal of Economic History, бр. 73/1, 2013, 177-200.; F. G. Young, The History of Railway Transportation in the Pacific Northwest, The Quarterly of the Oregon Historical Society, бр. 12/2, 1911, 171-189.; John S. Cochran, Economic Importance of Early Transcontinental Railroads: Pacific Northwest, Oregon Historical Quarterly, бр. 71/1, 1970, 26-98.

[127] Меѓу работниците на источната страна доминирале Ирците, а на западната страна огромно мнозинство од работниците биле Кинези. (Ален Бринкли, Историја на САД: недовршената нација (превод од англиски јазик Свето Серафимов), Штрк, Скопје, 1999, 386.).

[128] Ваквите проекти биле во рацете на владите на државите низ кои поминувала железницата, додека изградбата на главната пруга била финансирана директно од федералниот буџет. (Х. Б. Паркс, Историја Сједињених Америчких..., 418.)

[129] Во 1883 година биле завршени Јужната и Северната пацифичка пруга, во 1884 година пругата Санта Фе, а во 1893 година и Големата северна пруга.

[130] Значаен чекор во економското обединување на САД била одлуката на Југот во 1886 година да ја прилагоди ширината на железничките пруги, во согласност со стандардите на Северот. Со тоа, времето кога товарите биле претоварани од еден во друг воз на границата на регионите веќе било минато. (А. Бринкли, Историја на САД...., 367.)

со воз побрзо, побезбедно, поевтино и поудобно.[131] Така, ако во 1860 година вкупната должина на железничките пруги во САД била околу 48 000 километри, во 1900 година таа изнесувала 308 800 километри, со што железниците претставувале околу 1/10 од вкупното материјално богатство на Соединетите Американски Држави.[132]

**1.2.** Во глобалната економија во втората половина на XIX век, двата главни артикли преку кои се мерел индустрискиот развој на одредена држава, биле јагленот и челикот. Главен рударски регион за јаглен во САД била областа на североисточна Пенсилванија, каде се наоѓале големи наоѓалишта на тврд јаглен (т.н. антрацит). Ваквиот вид јаглен го немало во ниту еден друг дел од САД, но биле откриени големи залихи на мек јаглен околу Апалачките Планини, како и во повеќе земји на Западот. Во однос на челикот, кон крајот на XIX век биле откриени повеќе наоѓалишта на железо во државите околу Горното Езеро, особено во Минесота. Железото преку т.н. воден пат на Големите Езера се пренесувало до Пенсилванија.[133] На тој начин, природните богатства и погодната местоположба за транспорт ја промовирале Пенсилванија како лидер во производството на јаглен, железо и челик. Работната сила како во рудниците за јаглен, така и во челичарниците во Пенсилванија главно била составена од доселеници од јужните и источните делови на Европа. Исклучително значајно за развојот на овие индустрии во периодот по Граѓанската војна било вклучувањето на Југот во производството на овие минерални богатства. Почнувајќи речиси од нула, во 1890 година индустријата со железо и челик на Југот претставувала 1/5 од вкупните капацитети на САД, иако поради општиот развој на другите индустрии на целата територија на САД вкупниот дел на Југот останал ист како и во 1860 година – околу 10%.[134]

---

[131] Во 1864 година Џорџ М. Пулман го конструирал првиот патнички вагон за спиење, со што го направил поудобно ноќното патување, а во 1868 година Џорџ Вестингхаус ја дизајнирал воздушната кочница, која им овозможувала на возовите безбедно да се движат со голема брзина. Во следните три децении биле воведени челичните шини и мостови, блок-системот на сигнализација, како и локомотивите со погон на јаглен. (Х. Б. Паркс, Историја Сједињених Америчких..., 417-418).

[132] А. Бринкли, Историја на САД...., 394.; Филип Џенкинс, Историја на Соединетите Американски Држави, Арс Ламина, Скопје, 2015, 159.

[133] Х. Б. Паркс, Историја Сједињених Америчких..., 422.

[134] Во текот на обновата на Југот од последиците од Граѓанската војна, северните инвеститори покрај во железниците главно го вложувале својот капитал во рудниците за јаглен во Мериленд, Вирџинија и Кентаки, како и во фабриките за челик во Алабама. Истовремено, многу Јужњаци после војната ја застапувале тезата дека економската обнова на Југот е можна само ако истиот се ослободи од зависноста на Северот, развивајќи сопствена индустрија. Така, за прв пат во историјата на Југот се формирале фабрики, кои се занимавале со преработка на локалните суровини, како тутунот, дрвната граѓа и памукот. Текстилното производство на Југот се зголемило девет пати во последните две децении на XIX век. Бројот на работници во фабриките на Југот во истиот период се зголемил од 17 000 на 98 000, а вложениот капитал од 102 000 на 1 479 000 долари.

Процесот на производство на челик бил континуирано модернизиран со помош на европските техники, што исто така претставува значаен фактор за развој на челичната индустрија. Во последните четири децении на XIX век, годишното производство на антрацит во САД пораснало од 10 на 60 милиони тони, а производството на мек јаглен од 6 000 000 на неверојатни 200 000 000 тони. Ако во 1860 година производството на железо било околу 800 000 тони, а производството на челик било сосема незначително, во 1900 година на територијата на САД се произведувале 14 милиони тони железо, од кои 11 милиони тони биле преработени во челик.[135] Со тоа, производството на челик во САД било речиси еднакво со вкупното производство на двете најмоќни европски економии во тогашниот свет – Велика Британија и Германија. Само во главниот град на Пенсилванија, Питсбург, до 1904 година биле отворени 34 железарници и челичарници.[136] Ако во 1870 година американската индустрија вработувала 6 милиони луѓе, во 1910 година над 18 милиони луѓе работеле во американските фабрики.[137] За исполнување на овие капацитети била потребна армија на странски доселеници.

Покрај јагленот и челикот, значаен бил растот на петрохемиската индустрија, иако истата немала првостепено значење во економијата на XIX век.[138] Истовремено, производството на бакар, кој бил клучен за производство на електрични кабли се зголемило од 30 000 тони во 1880 година, на 500 000 тони во 1910 година. Уделот на САД во меѓународната трговија во 1913 година достигнал 11%, што ја сместувало државата на третото место во оваа категорија, зад Велика Британија и Германија.[139] Ваквиот индустриски бум на САД бил поддржан со втората индустриска револуција, која во втората половина на XIX век се случила во САД. Бројот на патенти одобрени од федералната влада во само три децении

Сепак, дури и по оваа силна индустријализација, Југот останал доминантно земјоделски регион. (А. Бринкли, Историја на САД...., 366-367.; Х. Б. Паркс, Историја Сједињених Америчких..., 405-406.)

[135] Х. Б. Паркс, Историја Сједињених Америчких..., 422.

[136] Ф. Џенкинс, Историја на Соединетите..., 159.

[137] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 71.

[138] Во тоа време, петрохемиската индустрија произведувала масла за чистење на машините во огромните челичарници низ САД, а најзначаен нејзин производ било минералното масло, кое се користело најчесто за осветлување, во времето кога употребата на електричната енергија за таа цел била на прилично ниско ниво. И оваа индустрија, како и другите, главно била стационирана во Пенсилванија, но значајни нафтени полиња постоеле и во Охајо и западна Вирџинија. Во 1870-тите години нафтата се нашла на четвртото место меѓу извозните артикли на САД. (Повеќе за развојот на оваа индустрија види: Emory L. Kemp and Michael W. Caplinger, 19th Century Petroleum Technology in North America, Michigan Technological University, 2007, passim.; Brian C. Black, Crude Reality: Petroleum in World History, Rowman & Littlefield Publishers, 2020.).

[139] Ф. Џенкинс, Историја на Соединетите..., 159-161.

(1860-1890) пораснал од 36 000 на неверојатни 440 000 патенти.[140] Всушност, ако до средината на векот најголемиот престиж за еден научник било живеењето во Велика Британија, во времето по Граѓанската војна тоа биле Соединетите Американски Држави.

**1.3.** Пространата пустинска територија на американскиот Запад, позната како Големите Рамнини, кои опфаќаат речиси 1/5 од територијата на САД, заедно со планинските масиви, кои ги делеле Големите Рамнини од Пацификот со векови биле сметани за територии кои не е можно да бидат населени. Сепак, како резултат на развојот на САД и започнувањето на големата потрага по благородни метали, позната како „златната треска", на тие територии во втората половина на XIX век започнале да се појавуваат најпрво индивидуални трагачи и ископувачи, а потоа и цели корпорации, кои управувале со бројните рудници. Работната сила во самите рудници била обезбедувана со разни доселеници од Европа и Азија. Голем број рударски кампови, како Денвер, за кратко време прераснале во вистински градови.[141] Во периодот меѓу 1860 и 1890 година од рудниците на Западот добиени биле 1,2 милијарди долари во злато и 910 милиони долари во сребро.[142] Само во Невада, во периодот од 1860 до 1880 година било ископано необработено злато и сребро во вредност од 306 милиони долари.[143] „Златната треска" завршила кон крајот на XIX век, но копањето на другите минерали продолжило. Така, низ целиот западен дел на САД биле ископувани бакар, оло-

[140] Томас Едисон во 1879 и 1882 година го открил прототипот на денешните сијалици со јаглено влакно, со што електричната енергија за прв пат можела да се користи за осветлување. Истовремено, Никола Тесла успеал да ги постави основите на електротехниката. Неговото пронаоѓање на повеќефазна струја и трансформатори кои создаваат струја со висок напон, овозможило финансиски прифатливо пренесување на електричната енергија на големи оддалечености и нејзина масовна примена. Така, на преминот меѓу XIX и XX век, електричната енергија во САД станала вообичаена за уличните железнички системи, урбаните облакодери и фабриките. Во сообраќајот, Френк Ј. Спраг раководел со изградбата на првиот електричен трамвај во државата Вирџинија, а браќата Рајт во 1903 година за прв пат успешно полетале со авион во полињата на Северна Каролина. Во истата година било конструирано првото возило во Америка, кое се движело со помош на бензински мотор, а веќе до 1910 година автомобилската индустрија станала една од најсилните во американското стопанство. Имено, во 1909 година биле произведени 12 000 автомобили, а во текот на следната 1910 година, бројот на произведени автомобили достигнал 19 000. Употребата на електричната енергија во комуникациите била потврдена уште кон средината на векот со појавата на телеграфот, а уште повеќе добила на значење кога шкотскиот доселеник во САД, Александар Грахам Бел во 1876 година го конструирал првиот телефон. Други откритија од втората половина на XIX век биле машината за пишување, калкулаторот и регистар-касата за пресметување и евиденција на трансакциите во малопродажба. Во текстилната индустрија, машината за шиење била конструирана уште во 1846 година, но по Граѓанската војна влегла во широка употреба. Бил направен сериозен напредок во однос на вештачкото ладење и конзервирањето на храната. (Х. Б. Паркс, Историја Сједињених Америчких..., 424-425.).

[141] Повеќе за развојот на рударските градови види: Richard Hogan, Class and Community in Frontier Colorado, University Press of Kansas, 2021, passim; Х. Б. Паркс, Историја Сједињених Америчких..., 440-441.

[142] Х. Б. Паркс, Историја Сједињених Америчких..., 441.

[143] А. Бринкли, Историја на САД...., 376.

во, калај, кварц и цинк. Интензивното откривање и ископу-вање на овие минерални богатства било значаен чинител во успешните економски податоци на САД кон крајот на XIX и почетокот на XX век.

*2. Имиграцијата во САД и политиката кон неа*

**2.1.** Како што проникливиот читател веќе забележа, странските доселеници од Европа, Латинска Америка и Азија претставуваат заеднички именител во сите процеси, кои довеле до трансформација на САД во светска индустриска и економска сила. Притоа, доминирале мигрантите од Европа. Почнувајќи од 30-тите години на XIX век започнале силни миграциски движења на населението од Европа кон Северна и Јужна Америка, а околу 65% од овие мигранти завршиле на територијата на САД.[145] Во осумте децении од 30-тите години на XIX век до Првата светска војна, околу 48 милиони луѓе го напуштиле „Стариот континент“, што претставува околу 12% од вкупната популација на Европа во 1900 година.[146] Иако до средината на векот бројот на емигранти од Европа не надминувал 1,5 милиони, во годините по Граѓанската војна приливот на население бил огромен. Во текот на 80тите години на XIX век секоја година во просек емигрирале 700 000 - 800 000 Европјани, а од 1900 година тој број пораснал на 1-1,4 милиони луѓе.[147] Според одредени анализи, во периодот од 1860 до 1915 година во САД се населиле 25 милиони луѓе, бројка која била 4 пати поголема од бројот на имигрантите, кои се населиле во САД во првите пет децении од XIX век.[148] Како резултат на тој прилив на население, многу американски градови, особено во областите со поголем број индустриски капацитети прераснале во големи метрополитенски области, со огромна концентрација на населе-

| Деценија | Вкупно имигранти во САД |
|---|---|
| 1871-1880 | 2 812 191 |
| 1881-1890 | 5 246 613 |
| 1891-1900 | 3 687 564 |
| 1901-1910 | 8 795 386 [144] |

[144] Податоци дадени според: Statistical Abstract of the United States, 1880, 1890, 1900, 1910.

[145] A. McKeown, Global Migration, 1846-1940…, 157. Покрај САД, најатрактивни мигрантски дестинации биле Канада, Аргентина, Бразил и Куба.

[146] D. Massey, Economic Development and International Migration…, 386. Само во периодот од 1846 до 1875 година Европа ја напуштиле повеќе од 9 милиони луѓе, што претставува четири пати поголем број од населението на Лондон во 1851 година. (Erik Hobsbawm, Doba Kapitala, Zagreb, 1989, 155.).

[147] E. Hobsbawm, Doba Kapitala..., 156.

[148] А. Бринкли, Историја на САД...., 403.

ние.[149] Доселениците во 1890 година претставувале 87% од населението на Чикаго, 80% од населението во Њујорк и 84% од Милвоки и Детроит.[150] Процентуалната застапеност на доселениците била уште поголема во рударските населби и градови во Пенсилванија.

| Деценија | Имигранти од Северна и Западна Европа | Имигранти од Јужна и Источна Европа |
|---|---|---|
| 1871-1880 | ~2 127 000 | ~145 000 |
| 1881-1890 | ~3 783 000 | ~954 000 |
| 1891-1900 | ~1 644 000 | ~1 914 000 |
| 1901-1910 | ~1 912 000 | ~6 224 000[151] |

Во периодот до 1890 година, околу 85% од доселениците биле од Северна и Западна Европа, при што најголемиот дел доаѓал од Велика Британија, Германија, Ирска, како и од државите од Скандинавија.[152] Сепак, со развојот на транспортните средства, кон крајот на XIX век главно емигрантско подрачје во Европа станале државите од јужните и источните делови на Европа. Така, ако до 1890-тите години емигрантите од овие региони претставувале само 2% од вкупниот број на емигранти од Европа, во овој период повеќе од половина од емигрантите биле дел од оваа т.н. „нова" имиграција.[153] Профилот на доселени-

[149] Вкупното население на Њујорк се зголемило од 1 174 778 жители во 1860 година, на 4 766 883 во 1910 година. Чикаго, кој во 1850 година бил класично американско село, во 1910 година бил втор град по големина во земјата со 2 185 283 жители, пред Филаделфија, која била трета со 1 549 008 жители. Голем раст забележале и градовите на Југот. Градот Бирмингем во Алабама станал голем центар на тешката индустрија, па пораснал од само 3 000 жители во 1880 година, на 130 000 жители во 1910 година. Со тоа, стапката на раст на овој град во наведените три децении била еднаква на стапката на развој на Чикаго. Бројот на жители во градот Мемфис од 23 000 жители пред Граѓанската војна, пораснал на околу 100 000 жители, а на исто ниво со него биле и многу други јужни градови, како Нешвил и Атланта. Уште подраматичен бил растот на некои познати западни центри на копачите на злато. Така, Денвер, кој во 1860 година практично бил месност без жители, во 1900 година имал 134 000 жители. Понатаму, главниот економски центар на Орегон, градот Портланд, од само 800 жители во 1860 година пораснал на 90 000 жители до 1900 година, а во 1910 година веќе имал над 200 000 жители. Сличен е подемот на градот Сиетл, кој од само 1 000 жители во 1870 година стигнал до 237 000 жители во 1910 година. Лос Анџелес во 1870 година бил мал крајбрежен град, каде живееле околу 5 000 жители. Сепак, кон крајот на XIX век „градот на ангелите" се поврзал со две конкурентски линии од трансконтиненталната железница, па станал главно американско пристаниште на брегот на Пацификот. (Х. Б. Паркс, Историја Сједињених Америчких..., 448.; Ф. Џенкинс, Историја на Соединетите..., 142, 150.) Бројот на населението во Њујорк во 1860 година е пресметан врз основа на збирна пресметка на населението во петте њујоршки градски квартови (Менхетен, Квинс, Бронкс, Бруклин и Статен Ајленд), кои биле ставени под иста управа во 1898 година.

[150] Наспроти тоа, во најголемиот индустриски центар во Европа, градот Лондон околу 94% од населението било домородно. (А. Бринкли, Историја на САД...., 414.).

[151] Податоци дадени според: Statistical Abstract of the United States, 1880, 1890, 1900, 1910.

[152] Види: Oscar Handlin, Immigration as a Factor in American History, Englewood Cliffs, Prentice-Hall, 1959, 11-12.; E. Hobsbawm, Doba Kapitala..., 156-157.; A. McKeown, Global Migration, 1846-1940…, 157-162.; Paul R. Spickard, Almost all aliens: immigration, race, and colonialism in American history and Identity, Taylor and Francis Group, 2009, 174.

[153] А. Бринкли, Историја на САД...., 414.

ците од оваа категорија бил комплетно различен од профилот на „старите“ имигранти. Имено, додека „старата“ имиграција доаѓала од истите региони како и во колонијалниот период, па во културна, религиозна и јазична смисла била слична на доминантниот етнички елемент во САД, „новата“ имиграција доаѓала од краишта со начин на живот кој имал многу сличности со Средновековието. Понатаму, најголемиот дел од старите доселеници доаѓале од индустриски развиени земји и се населувале во западните делови на САД, со намера да бидат фармери или да работат како деловни луѓе во градовите на средниот Запад, како Сент Луис, Синсинати и Милвоки. Наспроти тоа, новите доселеници доаѓале во САД најчесто како неквалификувани работници, навикнати на низок животен стандард, без потребниот капитал за да купат фарми, па најчесто се населувале во градовите, каде егзистенцијата ја барале во брзорастечката индустрија. Така, додека „старата“ имиграција се разлеала низ цела Америка и се распределила рамномерно во индустријата и земјоделството, „новата“ имиграција се насочила само кон големите градови во САД.[154]

Новите имигранти доаѓале во САД делумно за да избегаат од проблемите, кои ги имале во нивните региони, но своја улога во тој процес имале и сигналите, кои ги добивале од другата страна на Атлантикот. Имено, големите индустријалци во прекуокеанските земји дистрибуирале памфлети со низа лажни ветувања за „земјата на изобилството“.[155] Законот за труд од 1885 година им дозволувал на овие работодавци однапред да им го платат патот до САД на своите работници, за потоа да ги наплатат вложените средства преку платите на работниците. Во таа смисла најмногу се истакнувале американските железници, кои својата пропаганда ја ширеле преку европски трудови посредници.[156] Од друга страна, американската влада, немала ништо против памфлетите, кои го промовирале населувањето на огромните пустински простори во Големите Рамнини, помагајќи во колонизирањето на овие тери-

[154] Веселин Трайков, История на българската емиграция в Северна Америка - От началото ѝ през средата на XIXв. до 80-те години на XX век, УИ Св. Климент Охридски, София, 1993, 9-10.; А. Бринкли, Историја на САД...., 414.; Х. Б. Паркс, Историја Сједињених Америчких..., 482-483.

[155] А. Бринкли, Историја на САД...., 404..; Х. Б. Паркс, Историја Сједињених Америчких..., 445.

[156] Во Италија и Грција овој озлогласен систем бил наречен „падрон систем“. Самиот збор „падрон“ е од италијанско потекло и се преведува како шеф, менаџер или сопственик. Овој систем функционирал како машина за регрутирање на грчки и италијански момчиња за американските железници и фабрики. Користејќи го недостатокот на информации и сиромаштијата кај родителите, овие „падрони“, најчесто и самите поранешни имигранти ги ставале сиромашните семејства во должничко-доверителски односи ветувајќи добро платена работа за нивните деца преку Атлантикот, при што бил потпишуван договор според кој идниот печалбар требало да работи за својот падрон, кој го платил патувањето до САД. Најчесто овие приказни завршувале во форма на ропство. (Види: U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 102-103.).

тории.[157] Поради потребата од повеќе патници, во оваа пропаганда биле активно вклучени и големите бродски компании во Европа и САД. Низ пропагандната литература редовно се избегнувало споменувањето на долгите и ладни зими, врелите и суви лета, како и речиси непрекинатиот прериски ветер, постојаната опасност од суша, наездата на скакулци и редовните пожари на тие територии. Како резултат на оваа кампања, бројот на бели жители на Канзас, Небраска, Дакота, Ајова и Минесота пораснал од 992 000 во 1860 година, на 7 241 000 во 1900 година.[158]

**2.2.** Приливот на „нови" имигранти од Јужна и Источна Европа, нивниот начин на живот и конкуренцијата, која се создала меѓу нив и американските работници, делувале како катализатор за појава на нативизам во САД. Имено, многу Американци, кои ѝ припаѓале на англосаксонската култура реагирале со предрасуди, страв и одбивност кон доселениците, гледајќи го во нив изворот на безредието и корупцијата во САД. Поаѓајќи од расистичките премиси за „супериорноста на Англосаксонците, Ариевците и Тевтонците над Словените и Медитеранците", тие ги портретирале „новите" имигранти како културно инфериорни и непогодни за асимилација во американското општество, па дури и како закана за американскиот начин на живот.[159] Меѓу носителите на оваа кампања се јавиле низа влијателни американски интелектуалци. Во 1887 година адвокатот Хенри Бауерс, обземен од омраза кон католиците и странците ја основал Американската заштитна асоцијација (*American Protective Association – APA*), која била насочена кон целосно запирање на имиграцијата во САД.[160] Организацијата како таква постоела до смртта на нејзиниот основач во 1911 година, но во својот зенит во 1894 година имала околу 500 000 членови, со претставништва во многу градови низ САД. Истата (1894) година, тројца поддржувачи на научниот расизам и евгениката ја формирале Лигата за ограничување на имиграцијата (*Immigration Restriction League*), која лобирала за донесување на рестриктивни имиграциони закони, поврзувајќи ги

[157] Ова не било прв случај каде американската влада ги користи имигрантите за остварување на своите повисоки цели. Имено, уште во времето на Граѓанската војна, администрацијата на Абрахам Линколн ги пречекувала имигрантите со раширени раце, особено тие што сакале да се борат против војските на Југот. (Hidetaka Hirota, Expelling the Poor: Atlantic Seaboard States and the Nineteenth Century Origins of American Immigration Policy, Oxford University Press, New York, 2017, 129-130.).

[158] Х. Б. Паркс, Историја Сједињених Америчких..., 445.

[159] Walter Nugent, Crossings: The great transatlantic migrations, 1870-1914, Indiana University Press, Bloomington, 1995, 158.

[160] Повеќе за оваа организација види: Donald L. Kinzer, An Episode in Anti-Catholicism: The American Protective Association, University of Washington Press, Seattle, 1964, 36-37.

имигрантите од Јужна и Источна Европа со криминал, проституција, сиромаштија и болести.[161] Честото враќање на овие имигранти во нивните првобитни татковини и немањето желба за асимилација во американското општество било сметано како дополнителен аргумент за нивната „неамериканска“ природа. Поради тоа, Лигата се залагала за тестови, преку кои ќе се одделат „посакуваните“ од „непосакуваните“ доселеници. Други Американци имале сличен став кон „новите“ имигранти, но повеќе од економски причини. Имено, лидерите на американските работници биле згрозени од условите за работа и платите, кои имигрантите од Јужна и Источна Европа ги прифаќале во САД. Како резултат на тоа, кон крајот на XIX век во САД се појавиле и низа поголеми синдикални организации. Холандскиот доселеник Самуел Гомперс во 1881 година ја создал Американската трудова федерација (*American Federation of Labor*), а во 1905 година била формирана и организацијата Слободни работници на Светот (*Independent workers of the World*).[162] Се организирале и американските земјоделци, кои во 1891 година се собрале во Синсинати за да разговараат за програма на економски мерки во нивна корист.



*1. Членовите на комисијата на Дилингем*

Соочен со ваквата атмосфера, Конгресот во февруари 1907 година формирал двопартиска комисија на чело со републиканскиот сенатор од Вермонт, Вилијам П. Дилингем, која требало да ги испита наводите за штетното влијание на имиграцијата за американската нација. Според името на нејзиниот прв човек, комисијата го добила името *Dillingham Commission*. Резултатите од четиригодишната работа на комисијата биле објавени во 1911 година, во конечен извештај на дури 41 тома, со современи извештаи за животот на доселениците во САД, теренски истражувања во Европа и Северна Америка, како и сеќава-

[161] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 128.; А. Бринкли, Историја на САД...., 416.
[162] А. Бринкли, Историја на САД...., 416.

ња на имигранти.[163] Комисијата, водејќи се од нативистички убедувања заклучила дека „новите“ имигранти се закана за американската економија поради нивната желба да заработат пари кои ќе ги вратат дома, како и за закана за доминацијата на белите протестантски англосаксонци.[164] Всушност, Комисијата врз основа на „научни факти“ заклучила дека Јужните Словени „не биле доволно бели“ и повикала за построги ограничувања на имиграцијата од овој дел на Европа.

**2.3.** Првиот федерален закон, кој се однесувал на регулирање на имиграцијата, ги поминал филтрите во Конгресот на САД во 1882 година. Овој факт бил доволен за поголем број историчари да ја стават почетната точна на американската имиграциона политика токму во таа година.[165] Меѓутоа, американските крајбрежни држави на источниот и западниот брег на САД, кои многу порано од другите се соочиле со проблемот на имиграцијата, преку низа државни закони ги поставиле основите на американската имиграциона политика долго време пред воведувањето на федерална политика по ова прашање.[166] Сепак, под притисок на силните имигрантски бранови и на заедничкото

---

[163] Извештајот на комисијата види: William Dillingham, т. 1-41, Reports of the immigrants Commission, Dictionary of Races or Peoples, Government printing Office, Washington, 1911.

[164] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 114-115.

[165] John Cummings, Poor-laws of Massachusetts and New York: With Appendices Containing the United States Immigration and Contract Labor Laws, Publications of the American Economic Association, 10/4, 1895, 15-135.; Roy L. Garis, Immigration Restriction: A Study of the Opposition to and Regulation of Immigration into the United States, New York, 1927.; Richard J. Purcell, The New York Commissioners of Emigration and Irish Immigrants: 1847-1860, Studies: An Irish Quarterly Review, 37/145, 1948, 29-42.

[166] За политиката на посебните држави кон имиграцијата во текот на XIX век види: Gerald L. Neuman, The Lost Century of American Immigration Law (1776-1875), Columbia Law Review, 93/8, 1993, 1833-1901.; Hidetaka Hirota, The Great Entrepot for Mendicants, Зб. Foreign Poverty and Immigration Control in New York State to 1882 (ред. John J. Bukowczyk), University of Illinois Press, 2016, 11-89. Овие политики влечеле корени од британските закони за сиромашните во XVII век, па речиси сите такви закони имале антиирски и антикатолички карактер. На источниот брег на САД, државата Њујорк, низ која поминале 64% од имигрантите заклучно со 1882 година се обидувала преку разни закони да ја заштити државната благајна, исклучувајќи одредени категории на имигранти, за кои постоеле сомнежи околу нивната способност самостојно да се издржуваат по пристигнувањето во САД и барајќи одредени финансиски гаранции од бродските компании за патниците. Со слични, но порадикални мерки, соседната држава Масачусец се обидувала да се справи со ирските доселеници. На тој начин, тие се обидувале да им се спротивстават на политиките на европските власти и земјосопственици, кои преку спонзорирање на емиграцијата во САД се обидувале да ги решат своите домашни проблеми. До 1880 година ваквите политики на исклучување на сиромашните мигранти биле официјално прифатени од поголемиот од државите на Истокот, како Пенсилванија, Луизијана, но и државите од Нова Англија. Сепак, голем број од тие држави воведувале закони без намера да ги имплементираат. На пример, државата Луизијана имала закон, кој ја ограничувал имиграцијата на сиромашни луѓе од Европа, но не се ни обидувала да го спроведува на дело поради желбата за задржување на доминацијата на белото над црното население. Слични интереси имале и поголемиот дел од јужните држави. На другата страна на САД, Калифорнија, која била главна имигрантска дестинација за азиските имигранти од времето на „златната треска“ се обидувала да ја ограничи имиграцијата на Кинези со низа расистички закони.

незадоволство од новите соседи, кои ги имале во нивните држави, во текот на 1870тите години тие започнале да бараат ставање на имиграцијата под федерална контрола.[167] Како резултат тоа, во август 1882 година стапил на сила Законот за имиграција (*The Immigration Act*). Самиот закон бил поделен на четири дела, кои во својата суштина ги имале исклучувањето и депортацијата на одредени категории луѓе. Во првиот дел, Законот предвидел федерална такса од 50 центи за секој имигрант, која требало да се плати во новформираниот „Фонд за имигранти“. Понатаму, вториот дел од законот забранил влез во САД на „секој лудак, идиот или било кое лице кое не може да се грижи за себе без да биде издржувано“.[168] Последната прилично широка клаузула била механизам за пронаоѓање на луѓето со деформитети во поширока смисла, според проценка што ја вршел службеникот на границата.[169] Во третиот дел била доделена ингеренцијата за овие прашања на американското Министерство за финансии, додека во четвртиот дел се предвидувала депортација за сите „странски криминалци“, кои не влегувале во категориите од вториот дел од Законот.[170] Со тоа, во Северна Америка завршила ерата на „отворените врати“.

Три години подоцна, во 1885 година бил донесен т.н. Форан Акт (*Foran Act*), односно Законот за странска работна сила, со кој било забрането пропуштањето на неквалификувани работници со претходни договори за прием на работа со американските компании или со трети личности (посредници). Со воведувањето на оваа одредба, користена од многу имигранти од Балканот, американските власти имале намера да стават крај на злоупотре-

---

[167] Политичките позиции на источните и западните држави околу имиграцијата биле изедначени преку неколку навидум неповрзани настани од 1870тите години. Во 1876 година Врховниот суд на САД, под влијание на моќните лоби групи на големите бродски компании, ги прогласил за неуставни законите, кои биле донесени претходно од страна на источните држави, што делувало како катализатор за една широка кампања за ставање на имиграцијата под федералната влада. На чело на оваа кампања биле политичките лидери на државите Њујорк и Масачусец. Од друга страна, антиазиското расположение во Калифорнија кулминирало со донесувањето на т.н. Page Act од 1875 година, со кој се забранувал влез на кинески проститутки на територијата на државата Калифорнија и донесувањето на Законот за ограничување на имиграцијата на Кинези за период од 10 години. Со „законот за Кинезите“ од 1882 година бил воведен преседан, со кој целосно се забранувал влез на државата за одредена категорија на луѓе. Овој преседан, во комбинација со кампањата на државите Њујорк и Масачусец го отвориле патот кон ограничувањето на имиграцијата во 1882 година. (За овие настани види: P. R. Spickard, Almost all aliens…, 257-258.; H. Hirota, Expelling the Poor…, 181-189.; H. Hirota, The Great Entrepot for Mendicants…, passim; E. Hobsbawm, Doba Kapitala..., 55-56.; А. Бринкли, Историја на САД...., 416.; Х. Б. Паркс, Историја Сједињених Америчких..., 485.).

[168] H. Hirota, Expelling the Poor…, 192.

[169] Douglas S. Baynton, Defectives in the land: Disability and American Immigration Policy 1882-1924, Зб. Foreign Poverty and Immigration Control in New York State to 1882 (ред. John J. Bukowczyk), University of Illinois Press, 2016, 62.

[170] H. Hirota, Expelling the Poor…, 192.

бите, кои се случувале со овие договори. Исклучок бил направен за квалификуваните работници, како учителите и занаетчиите.[171] Понатаму, како што во САД растела силата на разните нативистички организации, но и како што растел стравот за пад на националната економија, така се проширувале „забранетите“ категории. Со донесувањето на новиот закон за имиграцијата во март 1891 година, се забранувал влез во САД за полигамистите и болните од заразни болести. Меѓутоа, многу позначајно е тоа што била воведена единствена и постојана институција за контрола на имиграцијата, најпрво наречена Надзорник на имиграцијата (*Superintendent of Immigration*), а од 1906 година Биро за имиграција (*Bureau of Immigration*).[172] Исто така, малото островче Елис во близина на Статуата на слободата во Њујорк станало главен прифатен центер за имигранти од Европа, менаџиран од федералните служби на САД.[173] Тоа е вратата, низ која минале најголемиот дел од македонските мигранти, на патот до заработувачката. Воведена била и одредба за депортација на трошок на бродските компании, која можела да важи дури и една година по пристигнувањето во САД, доколку дополнително се утврдело дека имигрантот сепак спаѓа во некоја од „исклучените“ категории.[174]

Во 1896 година сенаторот Хенри Кабот Лоџ, истакнат член на Лигата за ограничување на имиграцијата, се обидел да го канализира непријателското расположение кон доселениците од Југоисточна Европа преку предлог да се воведе услов за грамотност, со барање секој доселеник да може да чита најмалку 40 зборови на било кое писмо. Ваквото барање било запрено со вето на Претседателот на САД.[175] Од друга страна, атентатот над претседателот Вилијам МекКинли, извршено од страна на еден словенски имигрант, заедно со атентатите над австроунгарската императорка Елизабета (1897) и италијанскиот крал Умберто I (1900), послужиле како причина за додавање на анархистите на „црната листа“.[176]

[171] В. Трайков, История на българската емиграция..., 6.

[172] Оваа институција најпрво била во рамките на Министерството за финансии, за потоа да биде префрлена во 1903 година во рамките на Министерството за трговија и труд, пред да стане самостојна институција. (U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 128-129).

[173] Единствена сојузна држава, која имала ваков вид на центар пред 1891 година била државата Њујорк, која ги примала имигрантите во т.н. Касл Гарден (Castle Garden), но одбила да им го отстапи истиот центар на федералните служби. Сепак, најголемиот дел од службениците кои работеле во Касл Гарден продолжиле да работат и на Елис Островот, но со федерални ингеренции. (H. Hirota, Expelling the Poor…, 201-202)

[174] Ваквата одредба била резултат на силна кампања, која во Конгресот ја воделе претставниците на Пенсилванија и Масачусец уште од 1885 година. (Ibid.).

[175] В. Трайков, История на българската емиграция..., 7.

[176] Barry Moreno, Encyclopedia of Ellis Island, Greenwood Publishing Group, Inc., 2004, 5.

Во 1903 година ним им се приклучиле и лицата болни од епилепсија. Бродските компании, пак, станале одговорни за враќање на депортираните патници две години по пристигнувањето, а од 1907 година и три години по пристигнувањето. Со оваа одредба, како и со воведувањето казни за пренесување на лица со попреченост, бродските компании станале прва инстанца во американската контрола на имиграцијата.[177]

Конечно, со Законот за имиграција, кој стапил на сила на 1 јули 1907 година, покрај сите горенаведени категории влезот во САД бил забранет за бедните лица, односно лицата, кои во САД доаѓале без да имаат пари во себе за да платат такса од 4 долари и за одредено време да живеат во САД или кои немале роднина или пријател кој ќе гарантира за нив. Според известувањата на бугарскиот конзул во Битола во 1910 година, минималната сума, која имигрантот во САД требало да ја поседува изнесувала 140 лева.[178] Дополнително, во категоријата бедни лица влегувале и лицата над 45 годишна возраст, дури и кога во џебот имале повеќе од сто долари.[179] Понатаму, забранет бил влезот за осуденици, со исклучок на политичките осуденици, лицата помлади од 16 години, кои не биле придружувани од најмалку еден родител, како и вдовиците, сами или во придружба на деца, кои не можеле да докажат дека имаат сопружници или роднини во САД.[180] Бремените немажени жени се пропуштале само ако докажат дека одат кај своите партнери, со цел да стапат во брак. Била воведена и одредба дека доколку веќе примениот доселеник со странско потекло ја напушти територијата на САД и не се врати во рок од две години, се смета дека се откажал од можноста за натурализација, односно за добивање на американско државјанство. Последни на листата исклучени категории пред Првата светска војна влегле проститутките, односно „жените кои доаѓаат со друга неморална цел“ во 1910 година.[181]

---

[177] D.S. Baynton, Defectives in the land..., 69-72.

[178] Величко Георгиев, Стайко Трифонов, История на Българите 1878-1944 в документи, т.I: 1878-1912, Част втора: Възстановяване и развитие на българската държава, София, 1996, 30.

[179] В. Трайков, История на българската емиграция..., 8.

[180] Бугарскиот конзул во Битола бил погрешно информиран дека забраната важела за лица помлади од 18 години. В. Георгиев, С. Трифонов, История на Българите 1878-1944...., 30.

[181] P. R. Spickard, Almost all aliens…, 240.

| Преглед на категории на лица со забранет влез во САД | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1882 | 1885 | 1891 | 1901 | 1903 | 1907 | 1910 |
| Криминалци | ☒ | ☒ | ☒ | ☒ | ☒ | ☒ | ☒ |
| Лица со ментална попреченост | ☒ | ☒ | ☒ | ☒ | ☒ | ☒ | ☒ |
| Идиоти | ☒ | ☒ | ☒ | ☒ | ☒ | ☒ | ☒ |
| Неквалификувани работници со договор | ☑ | ☒ | ☒ | ☒ | ☒ | ☒ | ☒ |
| Полигамисти | ☑ | ☑ | ☒ | ☒ | ☒ | ☒ | ☒ |
| Лица болни од заразна болест | ☑ | ☑ | ☒ | ☒ | ☒ | ☒ | ☒ |
| Анархисти | ☑ | ☑ | ☑ | ☒ | ☒ | ☒ | ☒ |
| Лица болни од епилепсија | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☒ | ☒ | ☒ |
| „Бедни лица“ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☒ | ☒ |
| Деца без придружба на родител | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☒ | ☒ |
| Лица болни од туберкулоза | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☒ | ☒ |
| Проститутки | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☒ |

## *3. Земјата на „Чудесниот Запад“*

**3.1.** Како резултат на усвојувањето на Актот за Британската Северна Америка (*British North America Act*) од страна на британскиот парламент, во март 1867 година од четирите колонии Онтарио, Квебек, Нова Шкотска и Њу Бренсвик била формирана новата политичка творба, позната како Канадска Конфедерација или Доминион Канада.[182] Со внатрешно уредување, кое било мешавина од британскиот и американскиот модел на владеење, Канада била уникатен политички ентитет во тогашниот свет, со автономија од

[182] Терминот доминион „испливал“ на површината во текот на дискусиите околу политичката унификација на колониите, водени од страна на нивните делегати во Лондон во текот на 60тите години на XIX век. Спротивно на идеите канадските водачи за формирање на „Кралство Канада“, Британците инсистирале да се избегне антагонизам со Соединетите Американски Држави, преку создавање на „кралство“ на нивните северни граници. Низ понатамошните дискусии се дошло до еден неутрален термин, позајмен од Псалмот 72 од Библијата: доминион. Амбициите на новата политичка творба, пак, биле изразени преку нејзиното мото, *A Mari Usque Ad Mare*, кое било позајмено од истиот псалм и се преведува како „*од море до море*“. Станува збор за англискиот превод на Библијата, познат како верзијата на кралот Џејмс, изработен во почетокот на XVII век за потребите на англиканската црква, каде делот од Псалмот 72:8 гласи: „*He shall have dominion also from sea to sea, and from the river unto the ends of the earth*.“ Види: Scott W. See, The History of Canada, 2. Edition, Grey House Publishing, 2011, 97.; Roger Riendeau, A Brief History of Canada, Second Edition, Facts On File, 2007, 179.

Британија, која ниту ја сместувала меѓу суверените држави, ниту пак меѓу колониите.[183] На политички план, во годините до Првата светска војна главниот збор го имале две политички партии. На една страна била Конзервативната партија, на чело со првиот канадски премиер Џон А. Макдоналд. Конзервативците биле приврзаници на создавањето на силна федерална влада, активна експанзија кон запад до Пацификот, придружена со брза изградба на трансконтинентална железничка пруга до Британска Колумбија, како и државна заштита на растечката индустрија.[184] Своите идеи за развојот на Канада, Конзервативците ги објавиле во документ наречен Национална политика (*National Policy*), која за прв пат била користена во кампањата за изборите во 1878 година.[185] На другата страна била Либералната партија, чија програма почивала врз децентрализацијата и проблематизирањето на брзото ширење кон запад.[186] Всушност, може да се каже дека Либералите биле повеќе обединети околу заедничката омраза кон Конзервативната партија и нејзината Национална политика, отколку околу некоја конкретна политичка платформа.

Периодот од 1867 до 1896 година бил време на апсолутна доминација на Конзервативците, со само една влада на Либералите во периодот 1874-1878 година. Најголем одраз на оваа доминација на Конзервативната партија е успехот на нивната Национална политика и изградбата на трансконтиненталната железничка пруга, која во ноември 1885 година ги поврзала Ванкувер и Монтреал.[187] На Западот, по пат на освојување, купопродажба или

[183] Формално на чело на Канада стоел генерален гувернер, кој како шеф на државата требало да ги застапува интересите на британскиот монарх, а неговите ингеренции главно се однесувале на одбраната и надворешната политика. Сепак, главен носител на извршната власт бил т.н. Кабинет на чело со премиерот. Во однос на законодавната власт, парламентот бил поделен на Горен и Долен дом. Горниот дом на парламентот по примерот на САД бил наречен Сенат и бил замислен како тело кое треба еднакво да ги застапува сите покраини и територии, но во суштина функционирал слично на британскиот Дом на лордовите, со доживотни мандати на сенаторите, поставени од страна на британската круна. Долниот дом на парламентот, по британски пример бил наречен Дом на општините и преку демократски избраните народни претставници го избирал премиерот и Кабинетот. На тој начин, канадските сојузни институции биле мешавина од британските и американските институции, при што генералниот гувернер и Сенатот биле реликти на британската монархија, додека Домот на општините и Кабинетот биле симболи на „волјата на народот". Понатаму, секоја покраина имала идентична структура на парламентарната власт, како и самиот Доминион, со гувернер, влада и парламент. Повеќе за начините на организирање на Доминионот Канада види: Donald G. Creighton, The Road to Confederation: The Emergence of Canada, Macmillan, Toronto, 1964.; William L. Morton, The Critical Years: The Union of British North America, 1857–1873. McClelland and Stewart Limited, Toronto, 1964.

[184] S. See, The History of Canada...100.

[185] За Националната политика види: Craig R. Brown, Canada's National Policy, 1883–1900: A Study in Canadian-American Relations, Princeton University Press, Princeton, 1964.; R. Riendeau, A Brief History of Canada...194-200.

[186] S. See, The History of Canada...100.

[187] Изградбата на трансконтиненталната железница била предизборно ветување на Конзервативците уште на првите избори од 1867 година. Меѓутоа, нејзината изградба била придружена со скандал и паѓање на

договор кон Доминионот една по една се придодавале Рупертовата Земја, Северозападните територии, островот Принц Едвард, како и покраините Манитоба и Британска Колумбија.[188] Така, кога британската круна во 1880 година ѝ го доделила на официјална Отава целиот Арктички Архипелаг, на кој полагала право уште од времето на колонизацијата, сите британски колонии во Северна Америка, со исклучок на Њуфаундленд станале дел од Канада, а Доминионот во територијална смисла станал втор најголем политички ентитет на планетата.[189]

**3.2.** Ако Националната политика на Конзервативната партија успеала да го прошири Доминионот на огромни пространства на запад, истата политика потфрлила во намерите за населување на таа територија.[190] Иронијата на судбината одредила улогата за населување на таа територија ја им припадне на најголемите противници на проширувањето кон запад – Либералите. Имено, во 1896 година, пет години по смртта на Макдоналд, во премиерската фотелја во Отава седнал Вилфрид Лорие од Либералната партија, како прв франкофонски премиер на Канада.[191] Крајот на светската економска криза во последните години на XIX век, проширувањето на железничката мрежа, како и развојот на методите за обработка на земјата го направиле возможно населувањето на широките пространства во Канада. Дополнителен стимулирачки фактор за зголемување на населението на Канада било постепеното затворање на границите на САД за нови имигранти, по Законите за имиграција од 80тите и 90тите години на XIX век.[192]

Во таква ситуација, демографскиот развој на Западот станал најголем приоритет на кабинетот на Лорие, а главната задача за остварување на таа цел му припаднала на министерот за внатрешни работи Клифорд Сифтон. Тој започнал една агресивна рекламна

---

Конзервативците од власт во 1874 година, како и со огромни финансиски трошоци за пробивањето на речиси 5000 километри, низ Канадскиот штит и планинските масиви блиску до Пацификот. При една жестока дебата во парламентот во март 1885 година дури и премиерот Макдоналд признал дека неговиот „национален сон" се претворил во финансиски кошмар. Во текот на изградбата загинале голем број на кинески работници. За изградбата на трансконтиненталната железница види: R. Riendeau, A Brief History of Canada...191, 196-197.; S. See, The History of Canada..., 107-109.

[188] За начинот на проширување на Канада со овие територии види: R. Riendeau, A Brief History of Canada...187-190.

[189] Ibid. 190.

[190] Вкупното население на Канада не надминувало 3,5 милиони жители, при што најголемиот дел од населението било сконцентрирано во долината на реката Сен Лорен и околу Големите Езера, каде на бреговите на езерото Онтарио се наоѓал најголемиот канадски град – Торонто.

[191] S. See, The History of Canada...116.

[192] Ibid. 117.

кампања низ Европа и Америка, промовирајќи ги канадските прерии како „Чудесниот Запад“ и портретирајќи ја Канада како земја на можностите.[193] Додека агентите на владата регрутирале имигранти, нудејќи им бесплатно 160 акри (~ 65 хектари) државна земја, моќни компании како Хадсон Бej и Канадските Пацифички Железници помагале во таа кампања, продавајќи ги нивните поволно лоцирани поседи за ниски цени.[194] За нив повеќе луѓе на Западот, значело повеќе бизнис и пари на Западот. Извештаи и сведоштва за присуството на пропагандните агенти на канадската влада има од цела Европа. Во 1907 година таков англофон агент бил забележан и во градот Лерин во Македонија. Тој врбувал неколку луѓе, кои по кратко време започнале со работа на железничките пруги низ Канада и во индустриските капацитети во Торонто.[195] Како резултат на оваа кампања, Канада, која поради можностите што ги нуделе Соединетите Американски Држави, во периодот до 1891 година имала негативен резултат во односот емиграција-имиграција, станала нова мигрантска атракција.[196] Во периодот од 1896 до 1914 година повеќе од 2,5 милиони имигранти пристигнале во Канада, од кои повеќе од 1 милион се населиле во западните прерии.[197] Канадската влада, сакајќи да го следи и контролира ваквиот раст на населението во Доминионот, во 1905 година од поранешните Северозападни територии ги создала покраините Алберта и Саскачеван.[198] Заедно со Манитоба, трите покраини прераснале во силен центар на индустријата во централна Канада.[199] На тој начин, политиката на Лорие го

---

[193] Alan G. Green and David A. Green, The Economic Goals of Canada's Immigration Policy: Past and Present, Canadian Public Policy/Analyse de Politiques, 25/4, University of Toronto Press, 1999, 427.; R. Riendeau, A Brief History of Canada...219.; S. See, The History of Canada...117-118.

[194] Robert J. C. Stead. Canada's Immigration Policy, The Annals of the American Academy of Political and Social Science, бр. 107, Social and Economic Conditions in The Dominion of Canada, 1923, 57.; R. Riendeau, A Brief History of Canada...219.

[195] Gregory Michaelidis, Salvation abroad: Macedonian migration to North America and the making of modern Macedonia, 1870-1970, (докторска дисертација одбранета на Универзитетот во Мериленд во 2005 година), 94.

[196] Во периодот 1871 – 1891 година околу 1,2 милиони имигранти се населиле во Канада, додека 1,5 милиони луѓе ја напуштиле Канада за да се населат во САД. Растот на населението на Канада во овој период од 3,7 милиони на 4,8 милиони луѓе се должи исклучиво на високиот природен прираст во тој период, при што во првата декада од овој период бил околу 635 000 луѓе, додека во втората декада бил околу 508 000. (R. Stead. Canada's Immigration Policy, 56.; Valerie Knowles, Strangers at our Gates, Dundum Press, Toronto, 1992, 55.; R. Riendeau, A Brief History...202).

[197] S. See, The History of Canada...118.; R. Riendeau, A Brief History of Canada...219.

[198] R. Riendeau, A Brief History of Canada...219

[199] Ваквиот индустриски развој се случувал „на крилата“ на огромниот капитал, кој доаѓал од САД и Велика Британија. Американскиот капитал во вредност од над 600 милиони долари во периодот 1900-1913 година бил насочен најмногу во рударството и индустријата за целулоза и хартија, која во Канада била силно развиена поради огромното количество на нејзината најважна суровина – дрвото. Британскиот капитал, пак,

обезбедила потребниот човечки потенцијал за развој на индустријата. Понатаму, во 1903 година владата започнала со изградба на две нови трансконтинентални железници низ северните делови на Канада (низ Канадскиот штит), со цел обезбедување на подобра економска поврзаност на северните делови на клучните покраини Онтарио и Квебек со Западот.[200] Минирајќи го планинскиот терен на северно Онтарио, градежните екипи откриле наоѓалишта на бакар, никел, кобалт, цинк, олово, сребро и најважно злато. Јавноста била вчудоневидена од златната треска, која што се случила во долината на реките Клодајк и Јукон во доцните 1890ти години, кога илјадници трагачи по богатство од сите делови на планетата тргнале кон Јукон да бараат злато. На врвот на оваа златна треска, во 1898 година на северната канадска граница живееле околу 30 000 жители, од кои најголемиот дел во новоформираниот град Досон.[201] Оваа златна треска завршила во почетокот на XX век, но канадските власти ги откриле огромните потенцијали, скриени под мразот во северните територии.

**3.3.** Според канадскиот попис од 1881 година, околу 90% од населението на Канада било составено од луѓе со британско, француско или домородно потекло.[202] Една деценија подоцна, бројките покажале 58% Британци и 30% Французи, додека 12% од населението било внесено во категоријата „други“.[203] Оваа етничка дистрибуција на населението била основа за клучната премиса врз која се темелела канадската имиграциона политика, дека треба да им се даде предност на имигрантите, кои лесно можат да се асимилираат во постојното општество. Според тоа, имиграционата политика на Канада имала две главни компоненти: културна и расна. Имено, во периодот на кампањата на Сифтон (1896-1905), негова главна целна група биле фармерите на од западните делови на САД, како и потенцијалните емигранти од Северозападна Европа.[204] Сифтон при утврдувањето на целната група ја имал во предвид полесната асимилација на тие групи во канадското

---

во истиот период достигнал сума од неверојатни 1,8 милијарди долари, насочени главно во железниците и развојот на урбаната инфраструктура. (Ibid. 222).

[200] A. Green and D. Green, The Economic Goals of Canada's Immigration Policy…, 427.

[201] Ваквите случувања дури и предизвикале територијален спор, меѓу САД и Канада околу границата со Аљаска, кој во почетокот на XX век бил решаван со британска помош. Токму поради проблемите со САД, канадската влада ја формирала територијата Јукон, со која управувал комесар, именуван директно од владата. (S. See, The History of Canada...121.; R. Riendeau, A Brief History of Canada...222.)

[202] Sarah V. Wayland, Immigration, Multiculturalism and National Identity in Canada, International Journal on Minority and Group Rights, 5/1, 1997, 35.

[203] R. Riendeau, A Brief History of Canada...226.

[204] A. Green and D. Green, The Economic Goals of Canada's Immigration Policy…, 427.

општество, но и нативистичкото верување за „супериорноста на северните над јужните раси“, кое слично како и во САД, било силно застапено во општеството во Канада во почетокот на XX век.[205] Повеќе од 1 милион од споменатите 2,5 милиони имигранти доаѓале од општества кои и припаѓале на англосаксонската култура, но приливот на емигранти од ваквото „посакувано“ потекло се покажал како помал од предвиденото.[206]

Меѓу доселениците од Европа се нашле многу Ерменци, Грци, Италијанци, како и голем број припадници на разните словенски народи од Источна и Југоисточна Европа. Повеќе од 100 000 Украинци ги замениле руските и австроунгарските полиња со огромните канадски прерии, со надеж дека ќе добијат поголема земја.[207] Сите овие имигранти во канадското општество ги донеле своите обичаи, цркви, својот јазик и голем број траги на својата европска култура. Сепак, ако Сифтон имал толеранција за ваквите категории на имигранти, тоа не може да се каже за американските црнци. Нивното доаѓање било обесхрабрувано преку владините агенти, кои пред црнците ги истакнувале тешкотиите на животот во Канада, тешката клима и осаменоста во широките прерии. Покрај тоа, нивните барања за населување во Канада, речиси секогаш биле одбивани.[208] Така, во првата деценија од XX век во Канада се населиле помалку од 1500 црнци, со што Сифтон ја остварил својата желба да ги задржи преериите „бели“.[209] Друг голем проблем во канадското општество биле азиските имигранти. Големите канадски компании, барајќи евтина работна рака, успешно лобирале до канадската влада за задржување на постојната политика на отворени врати за овие доселеници. Покрај малите побарувања, тие биле посакувани од страна на големите бизнис корпорации поради нивното неискуство со синдикалните форми на работничко организирање, што не било случај со имигрантите од Британија.[210] Така, овие доселеници заедно со нивните колеги од јужна и југоисточна Европа граделе железнички пруги, работеле во рудниците и ловеле риби во студените канадски езера.[211] Во обид да им излезе

---

[205] R. Riendeau, A Brief History of Canada...227.

[206] Ibid. 226.

[207] Ibid. 227.

[208] Freda Hawkins, Critical Years in Immigration: Canada and Australia Compared, McGill-Queen's University Press, Kingston/ Montreal, 1989, 6.

[209] S. Wayland, Immigration, Multiculturalism and National Identity...36.; R. Riendeau, A Brief History of Canada...226.

[210] S. Wayland, Immigration, Multiculturalism and National Identity...37.

[211] Во 1900 година повеќе од 23 000 луѓе во Британска Колубија имале азиско потекло, што е речиси 11% од населението на оваа покраина. (S. Wayland, Immigration, Multiculturalism and National Identity...36.; R. Riendeau, A Brief History of Canada...228).

во пресрет на големиот број нативистички организации и да ја запре имиграцијата од Азија, владата во 1885 година вовела такса за влез во Доминионот, која до 1903 година достигнала дури 500 американски долари.[212] По заминувањето на Сифтон од функцијата министер за внатрешни работи, владата започнала да размислува за порестриктивна имиграциона политика. Таквите тенденции ги засилувала појавата на т.н. Лига за исклучување на Азијати (*Asiatic Exclusion League*). Членовите на Лигата во 1907 година организирале серија на демонстрации во Ванкувер, при што ги напаѓале имотите на нивните азиски сограѓани.[213]

Како резултат на тие настани, во 1910 година бил донесен Актот за имиграција, според кој Владата добила дискрециони овластувања да ја регулира имиграцијата во Канада. Една од најзначајните одредби во ова законско решение е т.н. „клаузула за континуираното патување", според која имигрантите морале директно да пристигнат во Канада од своите земји на потекло.[214] Со оваа одредба била спречена имиграцијата од државите кои не биле преку парабродски линии директно поврзани со Канада. Понатаму, посебниот гувернер за имиграцијата во рамките на Кабинетот имал дискреционо право да забрани влез во Канада на било кој имигрант, кој „не одговарал на климата или барањата на Канада".[215] Со оваа широка одредба владата добила апсолутна контрола врз интензитетот и структурата на имиграцијата. Исто така, канадската влада имала право преку директни наредби, без одлука на парламентот да врши понатамошни измени на регулирањето на имиграцијата.[216] Законот забранувал преиспитување на одлуките на гувернерот од страна на судските институции во земјата, а како непожелни категории доселеници биле наведени проститутките, скитниците, затворениците, болните лица, како и осиромашените британски имигранти, кои со помош на добротворни организации доаѓале во Канада. За последните, сепак бил дозволен влезот, со претходна писмена дозвола од властите во Отава или Лондон. Законот исто така го вовел концептот на престојувалиште (т.н. *domicile*), односно постојан

---

[212] S. See, The History of Canada...118.; R. Riendeau, A Brief History of Canada...228.

[213] S. Wayland, Immigration, Multiculturalism and National Identity...37.

[214] Одредбата била насочена примарно кон доселениците од Јапонија и Индија. Види: S. Wayland, Immigration, Multiculturalism and National Identity...38.

[215] Полната одредба е опишана во ставот 3 од членот 38 и истата гласи: "Гувернерот во Советот (Кабинетот б.н.) може да забрани на одреден период или трајно влегување во Канада или влегување во било кое пристаниште на Канада на имигранти кои припаѓаат на било која раса, која се смета за неприкладна за климата или барањата на Канада, или имигранти од било која класа, занимање или карактер." Види: Alan G. Green and David Green, The goals of Canada's Immigration Policy: A historical perspectives, Canadian Journal of Urban Research, 13/1, The Economics of Immigration and Canada's Cities: Special Issue, 2004, 106.

[216] Ibid. 106.

престој, кој имигрантите можеле да го добијат по три години престој во Канада. Според новите овластувања, владата во текот на истата година донела наредби, според кои сите имигранти со азиско потекло морало да имаат 200 долари во свој посед при влезот во Канада, додека за сите други имигранти сумата изнесувала 25 долари.[217] Така, овој закон станал клучното оружје на властите во Отава, во нивните обиди да ја задржат Канада „засекогаш бела“.[218]

И покрај ваквите мерки, факт е дека Канада помалку се плашела од доселениците од Јужна и Источна Европа во споредба со САД. За разлика од политиките на официјален Вашингтон, канадските имиграциони власти ги поздравувале и прифаќале неквалификуваните работници кои доаѓале со претходно склучен договор за работа, под претпоставка дека на тој начин немало да зависат од добротворните организации, но и ќе помогнат за обезбедување на човечки потенцијал за стопанството.[219] Ваквата политика значела обезбедување на одредена сигурност кај доселениците и била една од причините зошто некој ја избирал Канада пред САД. Другата клучна разлика со САД е тоа што во Канада, официјалните државни органи воделе кампања за привлекување на доселеници во државата, додека во САД железниците и другите големи компании биле на чело на слична кампања, без да бидат спречени од Стејт Департментот.

---

[217] Повеќе за законот види: V. Knowles, Strangers at Our Gates…85-86.; Ninette Kelley and Michael Trebilcock, The Making of the Mosaic: A History of Canadian Immigration Policy, University of Toronto Press, Toronto, 1998, 137-138.

[218] R. Riendeau, A Brief History of Canada...229.

[219] G. Michaelidis, Salvation abroad: Macedonian migration to North America…, 94.

## III. „Откривање на Америка“ како популарна емигрантска дестинација

Кога еден истражувач ќе започне да ги истражува миграциските движења од Македонија кон Северна Америка и кога преку компаративна анализа ќе ги постави условите за живот од двете страни на Атлантикот, економските причини за тие движења се повеќе од очигледни. Меѓутоа, со оглед на тоа што населението во Македонија во XIX век не било препознатливо по редовното читање на престижните светски економски списанија, се поставува прашањето како еден печалбар од Македонија дознавал за можностите, кои му се нуделе во тие далечни земји? Како кај него се раѓала идејата дека тоа е реална и остварлива шанса за спас од сиромаштијата во Македонија? Патот до одговорите на овие прашања води преку дефинирањето на еден феномен, кој во историографската литература поврзана со историјата на миграциските движења е именуван како емигрантски мрежи.

### *1. Јадицата на Америка на Балканот*

**1.1.** Кон крајот на XIX и почетокот на XX век, европските мигрантски трендови кон Америка се прошириле и интензивирале во јужните и југоисточните делови на Стариот континент. Во периодот меѓу 1896 и 1907 година од Кралството Грција просечно емигрирале 7 795 лица годишно, од кои 2 238 заминувале во САД.[220] Австро-Унгарија во првата деценија на XX век испраќала четвртина од сите доселеници во САД, што било повеќе од било која европска држава.[221] Доминантен дел од овие емигранти доаѓале од редовите на словенското население во Двојната монархија, особено во Хрватска, каде уште во периодот 1891-1900 година емигрирале 4 лица на секои 1000 жители.[222] Со слични неблагопријатни демографски, социјални и економски текови се соочила и Бугарија, која како резултат на силниот иселенички бран кон Северна Америка во 1906 година вовела измени во Законот за издавање на пасоши, според кои за прв пат можело да се случи некој да не добие пасош.[223] Српските власти ги решавале желбите за заминување кон Америка со

---

[220] Во периодот од 1890 до 1914 година од Грција емигрирале вкупно 350 000 лица, што е речиси шестина од вкупното население на државата. (С. К. Павловиќ, Историја Балкана 1804-1945..., 227.).

[221] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 43-45. Во периодот од 1861 до 1913 година 3,7 милиони жители на Австро-Унгарија се нашле на територијата на САД. (Kristina E. Poznan, Return Migration to Austria-Hungary in Homeland Economic and Ethnic Politics and International Diplomacy, The Hungarian Historical Review, 6/3, Migration and Refugees, 2017, 648.).

[222] G. Demeter, Agrarian Transformations in Southeastern Europe... 226.

[223] Ставот на Бугарија кон емигририањето види: В. Трайков, История на българската емиграция..., 60-79.

барање на сума од 250 динари, еднаква на три месечни плати, за секој кој сакал да добие пасош за одење во САД. Поради тоа, само 3 000 емигранти кон Новиот свет ја напуштиле Србија до Првата светска војна.[224] Според официјалните американски податоци од Романија во САД во периодот 1880-1892 година емигрирале 8 294 лица, а само во три години, во периодот 1898-1900 година таа бројка изнесувала 8 965 лица.[225] Состојбата во Црна Гора била слична со онаа во Романија, а во истиот период во Северна Америка се создале и првите албански колонии.[226]

Најголемиот дел од овие земји веќе од претходно биле на листата на печалбарски дестинации на населението од османлиска Македонија, па на тој начин македонските печалбари за прв пат дошле во контакт со „американската треска". Гледајќи ги емигрантските движења, кои веќе постоеле во овие држави, македонските печалбари виделе можност за подоходовна печалба од другата страна на Атлантикот. Во овој поглед посебно се истакнува Романија, која покрај тоа што самата имала бројна емиграција во Америка, била популарна дестинација за емигранти од Македонија и Бугарија. Така, таму покрај со Романците, македонските печалбари се среќавале и со бројни емигранти од аграрно пренаселениот регион во североисточните делови на Бугарија, околу градот Трново. Во потрага по земја, овие емигранти најпрво го преминувале Дунав, за да работат на романска територија, а потоа тргнале кон широките пространства во Америка. Контактите со овие емигранти отвориле нови хоризонти во главите на печалбарите од Македонија, ставајќи ја Северна Америка на листата на нови дестинации за печалба.[227] Меѓутоа, мутацијата на печалбарството низ балканските метрополи во прекуокеанска миграција и други форми на миграција на подолги релации во никој случај не треба да се гледа како еднонасочен процес на замена на дотогашните форми на миграција. Печалбарството низ Балканот, како и редовната сезонска миграција останале доминантни форми на миграција во Македонија.[228]

---

[224] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 171.
[225] Statistical Abstract of the United States, 1900…, 398.
[226] Б. Јелавич, Историја на Балканот, т.I..., 430.
[227] Хрватско-американскиот историчар Џорџ Прпиќ смета дека всушност македонските емигранти во Романија биле тие кои што ги убедувале Бугарите од регионот на Велико Трново да емигрираат кон Америка. Сепак, со оглед на тоа што емигрантското движење од североисточните делови на Бугарија кон Северна Америка е постаро, во споредба со емиграцијата од Македонија, сметаме дека оваа теза не одговара на реалноста. (G. Prpic, South Slavic Immigration in America… 216.; В. Трайков, История на българската емиграция..., 15).
[228] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 23.

Всушност, тие два вида на миграција продолжиле да коегзистираат во целиот период до Првата светска војна. Испразнетите места на овие кои заминувале кон Северна Америка биле веднаш пополнувани со нови „балкански" печалбари.

**1.2.** Во недостаток на пишани извори, почетоците на емиграцијата кон Северна Америка се исполнети со бројни легенди, па тешко е да се утврдат првите македонски емигранти, кои стигнале во Северна Америка.[229] Според едно писмо на бугарскиот трговски агент во Битола, Андреј Тошев од 23 февруари 1904 година, адресирано до премиерот и министер за надворешни работи и вероисповед Рачо Петров, за прв пат кон Америка од Битолскиот вилает во 1886 година заминале двајцата браќа Иванови од леринското село Неред и Ѓорѓи Лазаров од с. Неволјани, Леринско.[230] По краток престој во САД, тие заминале за Аргентина, каде се сместиле во Буенос Аирес. Едниот од браќата Иванови умрел во Америка, а другиот брат Стојчо, заедно со Ѓорѓи Лазаров се вратиле во Македонија во 1894 година со значителна сума на пари. Истиот извор тврди дека од 1895 до 1900 година немало емиграција кон Америка од Битолскиот вилает, затоа што печалбарите сè уште се соочувале со добар прием во Романија и Цариград.[231] Според други истражувања, првите емигранти од Битолско се нашле на американско тло во 1897 година.[232] За можни заминувања на македонски печалбари од Романија кон Северна Америка уште пред 1900 година, говорат и извештаите на советникот за земјоделски прашања во германската легација во Букурешт, Шнајдерман, кој го известил својот рајхсканцелар во Германија дека во 1898 година 11 „Бугари-градинари" од Македонија отишле во Америка.[233] Во следната година (1899 г.) веќе е забележано дека „цела тајфа" тргнала кон Америка.[234]

Убиствата на публицистот Кирил Фитовски и уредникот на весникот *Peninsula Balkanika*, Стефан Михајљану, извршени од страна на Врховниот македонски комитет во

---

[229] Постојат дури и непотврдени тези дека извесен Драган од Охрид завршил на бродовите, кои предводени од шпанскиот истражувач Кристофер Колумбо во 1492 година стигнале до Америка. (George Prpic, South Slavic Immigration in America, Twayne Publishers, 1978, 212.).

[230] ДАРСМ, фонд Бугарски конзулат – Битола, мф. 4302, ф.331, о.1, а.е. 110, Дело VII/n.7, сн. 1-9, Битола, 23.02.1904.

[231] Ibid.

[232] Танас Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите Американски Држави, Матица Македонска, Скопје, 2000, 19.

[233] В. Трайков, История на българската емиграция..., 18.

[234] Ibid.

периодот февруари-јули 1900 година, имале негативен одраз на положбата на Бугарија на меѓународен план, односите меѓу Бугарија и Романија, но и врз ставот на Романија кон печалбарите од Македонија. Имено, во моментите кога Бугарија и Романија биле на раб на војна, започнале силни прогони во Романија насочени кон печалбарите од Македонија, кои официјален Букурешт ги третирал како елемент близок до ВМК. Во таква ситуација, македонските печалбари во Романија станале жртва на теророт, кој го спроведувал Врховниот македонски комитет. Според Ѓорче Петров, како резултат на прогоните во Романија, една група дрвари од Леринско се упатиле од Романија кон Америка да бараат спас.[235] Истата година (1900) ним им се приклучиле низа гурбетчии во Романија од Леринско, Костурско и Преспанско. Откако десетина селани од с. Буф, Леринско се упатиле кон Северна Америка, нивниот пример го следеле мнозина од соседните села Арменско, Раково и Кабасница.[236] Според Ф. Томев од костурското село Желево во 1902 година први емигранти во САД биле Ламбро и Андреја Николовски, а во Канада браќата Димитар и Христо Хаџи-Павлови, Спиро Додев и Крсте Дибранов.[237] Своја улога во ваквото менување на курсот на голем број македонски гурбетчии имале и други околности, како затворањето на османлиско-грчката граница за гурбет по Грчко-турската војна од 1897 година, но и одлуката на Високата Порта да не дозволува прилив на нови печалбари во Цариград и Смирна.[238] Само во 1901 година од Леринско, Битолско, Костурско, заедно со Корчанско кон Америка заминале 280 души, а веќе во следната 1902 година – 460 души.[239]

### *2. Емиграцијата прави емиграција*

Првите емигранти од Македонија, кои во Северна Америка ја виделе новата дестинација за печалба, доаѓале без никакви социјални врски на кои би можеле да се

---

[235] Овој настан Ѓорче Петров го сместува во 1898 година, што е погрешно бидејќи убиството на Кирил Фитовски се случило на 1 февруари 1900 година, а убиството на Михајљану се случило на 22 јули 1900 година. Ваквата грешка во кратката статија на Ѓ. Петров била некритички пренесена во бројни литератури од македонска и странска провиниенција. (Г. Петров, Емигрантското движение...., 4; Т. Каличанин, Доселување и интеграција на македонското..., 14.; Trayan Petrovski, Macedonian Emigration to the U.S.A, Macedonian Review Vol. 11, Kulturen život, Skopje, 1981, 103.; U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 50).

[236] ДАРСМ, фонд Бугарски конзулат – Битола, мф. 4302, ф.331, о.1, а.е. 110, Дело VII/п.7, сн. 1-9, Битола, 23.02.1904.

[237] Фото Томев, Кратка история на село Желево, Македония, Желевско Благотворително братство, Торонто, 1971, 72.

[238] Г. Петров, Емигрантското движение...., 4.

[239] В. Георгиев, С. Трифонов, История на Българите 1878-1944...., 30. Според У. Брунбауер до 1901 година од Костурско кон Америка биле заминати околу 500 печалбари, бројка што сметаме дека е преувеличена. (U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 50.).

потпрат и за нив заминувањето во Северна Америка било тежок процес од психолошки и материјален аспект. Поради тоа, најчесто првите прекуокеански мигранти од одредена земја не доаѓаат од самото дно на општествената пирамида во земјата на потекло, туку од пониските средни слоеви, кои имаат можност да ги издржат почетните тешкотии.[240] По доаѓањето на првите мигранти на новата дестинација, евентуалната нова миграција од истото место на потекло веќе била поддржана од низа социјални врски во Новиот свет, на кои можеле да сметаат во однос на помош за сместување, вработување и информирање. Таквите сложени системи на меѓучовечки релации, кои ги поврзуваат поранешните емигранти, идните емигранти, оние кои останувале во стариот крај и оние кои останувале на новата емигрантска дестинација, во теоријата на миграции се нарекуваат емигрантски мрежи.[241] Од моментот на нивното воспоставување, емиграцијата најчесто станува процес на саморепродукција.[242] Секој нов емигрант ги намалувал трошоците и ги рушел психолошките бариери за цела низа негови пријатели, роднини или соселани. На тој начин, самата емиграција станувала причина за нова емиграција.[243] Стојан Христов почетокот на миграциските движења од неговиот крај кон Северна Америка го опишал со зборовите *„Јас тогаш бев дете и живо се сеќавам кога од Америка се врати првиот човек кој од нашето село отиде таму. Овој човек е сè уште жив. Се вика Михајло Ѓурчин. Но за нашето и другите села во нашата провинција тој е Кристофер Колумбо. Неговиот аџилак во*

---

[240] D. Massey, Economic Development and International Migration…, 397.

[241] За теоретските основи на емигрантските мрежи види: Torsten Hägerstrand, Migration and area, Зб. Migration in Sweden: a symposium (ред. David Hannerberg, Torsten Hägerstrand, Bruno Odeving), Series B, Human Geography, no. 13, C.W.K. Gleerup, Lund, 1957.; Charles Tilly, C. Harold Brown, On Uprooting, Kinship, and the Auspices of Migration, International Journal of Comparative Sociology, 8, 1967, 139-164.; Philip Nelson, Migration, Real Income and Information, Journal of. Regional Science, 1, 1959, 43-74.; J. Clyde Mitchell, The concept and use of social networks, Зб. Social Networks in Urban Situations (ред. J. Clyde Mitchell), Manchester University Press, Manchester, 1969, 1-50.; Michael Greenwood, An analysis of the determinants of geographic labor mobility in the United States, Review of Economics and Statistics, 59, 1969, 189-194.; William Magnin, The role of regional associations in the adaption of rural population in Peru, Sociologus, 9, 1959, 23-35.; Daniel Price, Rural to urban migration of Mexican-Americans, Negroes, and Anglos, International Migration Review, 5, 1971, 281-291.; Harvey M. Choldin, Kinship networks in the migration process, International Migration Review, 7, 1973, 163-176.; John S. MacDonald, Leatrice D. MacDonald, Chain migration, ethnic neighborhood formation, and social networks, Зб. An Urban World, (ред. Charles Tilly), Little, Brown, Boston, 1974, 226-236.; Graeme J. Hugo, Village-community ties, village norms, and ethnic and social networks: A review of evidence from the Third World, Зб. Migration Decision Making: Multidisciplinary Approaches to Microlevel Studies in Developed and Developing Countries, (ред. Gordon F. DeJong и Robert W. Gardner), Pergamon Press, New York, 1981, 186-225.

[242] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 54-55.

[243] Историографските студии за емиграцијата од Европа кон Северна Америка успеваат да ги идентификуваат овие мрежи на целата територија на Европа. (Eva Morawska, The sociology and historiography of immigration, Зб. Myth, Reality, and History: Interdisciplinary Perspectives on Immigration, Oxford University Press, New York, 1988.).

*Америка го измени текот на нашите животи, ги измени лицата на нашите села.* [...] *Сите му зјапаа во устата и фасцинантно го слушаа раскажувањето за зградите што го допираа небото, за зградите што имаа мали подвижни одаи што одат горе-долу и ги оставаа луѓето на оној кат на кој сакаа.*“ [244]

Колку повеќе луѓе заминувале преку Атлантикот, толку повеќе писма стигнувале во македонските села. А колку повеќе писма – толку повеќе желби се јавувале за пат кон „ветената земја“. Писмата со импресиите, кои овие „колумбовци“ ги испраќале до своите блиски во стариот крај најчесто биле проследени со поголема сума на пари.[245] Содржината на овие писма молскавично се ширела од уста на уста низ македонските села. Така, ѕидарите од селото Кономлади разбрале дека „таму некаде“ постои земја каде за истата работа, што ја работат и за која заработуваат помалку од 20 центи дневно, можат да заработуваат меѓу половина и еден долар дневно.[246] Во 1900 година, некој селанец од леринското село Ајтос со долго писмо и поголема сума на пари им ја открил „ветената земја“ на своите соселани.[247] Ваквиот начин на „откривање на Америка“, доминантен кон крајот на XIX век,[248] подоцна бил дополнет со разните пропаганди на бродските компании и нивните агенции, за кои ќе стане збор понатаму во нашиот труд.

### *3. Деца на протестантизмот*

**3.1.** Во втората половина на XIX век американските протестантски мисии, кои биле веќе присутни во Османлиската Империја, започнале да го шират своето влијание и во Македонија.[249] Нивната дејност во Македонија била координирана од страна на

---

[244] Стојан Христов, Раскази и записи, Македонска книга, Скопје, 1993, 52-53.

[245] G. Prpic, South Slavic Immigration in America… 219.

[246] Lilian Petroff, Sojourners and Settlers: The Macedonian Community in Toronto to 1940 (Ethnic and Immigration History), Multicultural History Society of Ontario/University of Toronto Press, Toronto, 1995, 10.

[247] Г. Петров, Емигрантското движение...., 4.

[248] D.E.Cassens, The Bulgarian Colony of Southwestern Illinois…, 19.

[249] Англиските и американските мисионери своето влијание во Источниот Медитеран започнале да го шират уште од почетокот на XIX век. Како најголема држава во регионот, Османлиската Империја уште во втората деценија на векот станала интересна дестинација за мисионерска дејност. Првите протестантски пастири во Империјата се насочиле кон Малта, Палестина, Александрија, Сирија и Кипар, а потоа и во Египет, Мала Азија, Персија, Грција и Бугарија. Сепак, овие потфати сè уште не биле добро организирани и претставувале само сондажа на теренот и воспоставување на контакти на разни нивоа. Овие први мисионери имале задача да подготват плодна почва во економска, политичка и духовна смисла за заштита на политичките интереси на САД во регионот. По завршувањето на Кримската војна, Велика Британија станала главен заштитник на интересите на Високата Порта. Со таквиот развој на политичките настани, Британците, а со нив и Американците станале *persona grata* во Османлиската Империја. Од друга страна, реформите во Османлиската Империја создале одредени услови за продор на разни просветителски идеи и имале

Американскиот совет на полномошници за странски мисии (*The American Board of Commissioners for Foreign Missions*) кој претставувал координативно тело за странските мисии на неколку конгрегационистички, презвитеријански и реформирани протестантски цркви, со седиште во Бостон.[250] Сепак, поради тоа што ваквите организации биле финансиски поддржувани од федералниот буџет на САД, во позадината на оваа пропагандна активност на американските мисионери, се криеле политичките интереси на САД.[251]

И покрај тоа што уште од крајот на Кримската војна, американските мисионери започнале да го сондираат теренот, организираниот пробив на протестантската пропаганда во Македонија започнал кон крајот на 60-тите и почетокот на 70-тите години на XIX век.[252]

---

стимулативно влијание кон националното будење на одредени народи. Користејќи го тој момент, започнало поорганизираното навлегување на американската протестантска пропаганда во Османлиската Империја. Така, во периодот до 1885 година се отвориле 390 протестантски училишта, во кои учеле 13 800 ученици. Најголемиот дел од овие установи биле отворени во источните делови на Анадолија, но протестантските мисионери се пробиле речиси во секое парче од Империјата. (Види: Петър Шопов, Пропагандната и просветна дейност на американските библейски общества в българските земи през XIX век, Известия на института за история при БАН, т. 23, София, 1974, 151.; Христо Андонов-Полјански, Односот на Соединетите Американски Држави кон Македонија и кон македонското прашање во XIX век и во периодот на Илинденското востание, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, бр. 28, 1976, 43.; Constantine Stephanove, The Bulgarians and Anglo Saxondom, Paul Haupt Librarie Academique, Berne, 1919, 269.; Иван Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка. Поглед отвътре, т. 1, Издателство Гутенберг, Враца, 2003, 453-454.; Р. Мантран, Историја османског царства..., 651.).

[250] Мисионерските работи на Балканот биле поделени меѓу три големи протестантски организации. На едната страна бил Американскиот совет на полномошници за странски мисии (The American Board of Commissioners for Foreign Missions), формиран во 1810 година, кој својата дејност ја насочил во деловите на југ од Стара Планина, но и во Македонија, Албанија и Србија. На друга страна било Мисионерското општество на Методистичката епископска црква, формирано во 1819 година, чија дејност главно се протегала во Северна Бугарија, Добруџа и Романија. Покрај конгресистите и методистите, на Балканот дејствувало и т.н. Американско библиско општество, чија формална задача била распространување на Библијата низ Светот. Оваа организација била формирана не подоцна од 1816 година и озаконета од властите на државата Њујорк. Првите мисии на Американското библиско општество биле испратени во 1818 година, а во 1854 година била создадена т.н. Левантска агенција на оваа организација. Тешко е да се разграничи конкретната дејност на овие три организации, затоа што нивните дејности често се преклопувале на терен. Исто така, постоеле и други мали друштва и групи, преку кои се ширела протестантската пропаганда на Балканот. Тоа се друштвата на Баптисти (1813), Методисти (1819), Епископски (1820), Презвитеријанци (1836-1837), Лутеранци (1839), Библиски и други. Покрај американските, се ширеле и британските друштва Црква на Шкотска (Church of Scotland) и Библиско друштво (Bible Society). Со оглед на ваквата поделба, конгрегационализмот бил верзијата на протестантизам, која се ширела во Македонија, но на Балканот ваквите цркви биле наречени евангелски. (Види: П. Шопов, Пропагандната и просветна дейност на американските библейски..., 151.; Х. А. Полјански, Односот на Соединетите Американски..., 43.; Paul Mojzes, Congretional/Methodist Church in Macedonia, Occasional Papers on Religion in Eastern Europe, vol. 38, 2018, 31.).

[251] П. Шопов, Пропагандната и просветна дейност на американските…, 151.

[252] Според еден британски извештај од 18 октомври 1857 година, почетна активност во Македонија започнал да извршува мисионерот Џ. Ф. Кларк, кој ги проучувал можностите за отварање на протестантски центри во Македонија. Слична активност имал и мисионерот Руфус Андерсон, надворешен секретар на Американскиот совет на полномошници за странски мисии. Сепак, се покажало дека во Македонија сè уште

Во 1869 година, првата протестантска мисија во Македонија се сместила во Банско. Местото Банско било избрано, како поради неговата стратешка местоположба како важен трговски крстопат во тогашните услови, така и поради близината со бугарскиот град Самоков, кој бил одреден за центар на балканската протестантска мисија на Советот и активно средиште на протестантското движење во Бугарија.[253] Во август 1871 година, во Банско била создадена првата протестантска општина во Македонија.[254] По спроведените истражувања на теренот, во 1873 година нов главен центар на протестантската пропаганда во Македонија станал трговскиот и вилаетски центар Битола. Во градот биле населени првите две мисионерски семејства, за поефикасно ширење на протестантството, како во Битола, така и во другите поголеми градови во тој дел на Македонија.[255] Од Банско и Битола, протестантската пропаганда започнала да се шири и во другите делови на Македонија. Така, од Банско мисијата постепено се ширела најпрво кон разлошките села Бања и Елешница, а потоа и на југ кон Неврокопско и Разлог и на запад кон Струмичко. Во почетокот на XX век вкупниот број на протестанти во Разлошката каза изнесувал 872 лица.[256] Во регионот на мисионерската станица во Битола работите не се одвивале со динамиката, која била очекувана, па во 1888 година фокусот се префрлил на „евангели-

---

нема услови за ширење на протестантизмот. Според еден прашалник од 1860 година за положбата на населението во Битолскиот вилает, подготвен од заменикот на британскиот конзул во Битола Ричард Абот, во овој вилает тогаш сè уште немало протестанти. (Христо Андонов-Полјански, Еден прашалник за положбата на населението во Битолскиот вилает, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, бр. 26, 1974, 44.; Михајло Миноски, Соединетите Американски Држави и Македонија 1869-1919, Архив на Македонија/ Матица Македонска, Скопје, 1994, 40-41.).

[253] Советот во тоа време се обидувал да воспостави пракса новопристигнатите мисионери да поминуваат одредено време во Самоков за запознавање со јазикот и проблемите на мисионерството во регионот. Исто така, поради погодната клима, мисионерите од разни краишта на Балканот ги поминувале во Самоков летните месеци, кога работата им се намалувала. Покрај неколкуте протестантски училишта, во Самоков имало и печатница за пропагандна литература. (Маньо Стоянов, Начало на протестантската пропаганда в България, Известия на института за история при БАН, т. 14-15, София, 1964, 53.; П. Шопов, Пропагандната и просветна дейност на американските…, 160-161.).

[254] П. Шопов, Пропагандната и просветна дейност на американските…, 160-161.

[255] Во периодот до Првата светска војна во Битола престојувале семејствата на мисионерите Џон Вилијам Берд (John William Beird), Едвард В. Џени (Edward W. Jenney) од 1873 година, Луис Бонд Помладиот (Lewis Bond Jr.) од 1882 година, В. Е. Лок (W.E. Locke) од 1885 година, Едвард Б. Хаскел (Edward B. Haskell) од 1893 година и Вилијам П. Кларк (William P. Clarke) од 1904 година. Покрај нив, во битолската станица биле сместени и мисионерките Софија Крофорд и Лилиан Спунер од 1883 година, како и Мери Хаскел од 1910 и Делфа Дејвис од 1911 година. Во целиот период до Првата светска војна, нови мисионери доаѓале во станицата во Битола, при што никогаш немало повеќе од две мисионерски семејства и два учители во исто време, туку напротив, бројот бил намален на едно мисионерско семејство и еден учител. (P. Mojzes, Congretional/Methodist Church in Macedonia…, 36-37).

[256] D.M. Brancoff, La Macédoine et sa population chrétienne, Paris, 1905, 108. Статистиката е спроведена во периодот пред 1901 година, кога нејзиниот автор Димитар Мишев бил секретар на Бугарската Егзархија.

зирањето“ на Албанците во Јужна Албанија.[257] Во текот на 80-тите години на XIX век Струмичко станало нов значаен центар на протестантството во Македонија.[258] Покрај во Струмичко, протестантската пропаганда имала одредени успеси во Кукушко, Еницевардарско, Тиквешко, Радовишко, како и во градовите Скопје, Велес и Штип.[259] Поради поврзувањето со железничката пруга, кон крајот на XIX и почетокот на XX век, ново седиште на протестантската пропаганда во Македонија станал Солун со неговата мисионерска станица, предводена од д-р Џон Хаус и Едвард Хаскел, кои како најдобри мисионери за таа цел биле префрлени од станицата во Битола.[260] Под влијание на овој центар, значајно се зголемил бројот на протестанти во централните делови на Македонија. Сепак, продорот на протестантската пропаганда во самиот град Солун бил исклучително слаб, па во почетокот на XX век во градот се регистрирани само 80 протестанти.[261] Факт е дека во Македонија протестантизмот играл прилично маргинална улога и не фатил вистински корени, како во Бугарија и Романија.[262] Прифаќањето на протестантизмот во

[257] Оваа мисија била предводена од мисионерот Џон Берд. Како центар на протестантизмот во Јужна Албанија бил избран градот Корча, а протестантските мисионери таму работеле во координација со мисионерите во Битола. (Британски документи за историјата на Македонија, т.5, 1886-1900 (ред. Драги Ѓорѓиев, избор и превод Зорица Божиновска), ДАРМ, Скопје, 2005, 307.).

[258] Според одредени извештаи од англиска провиниенција, во 1881 година во Струмичко имало протестанти и биле прогонувани од страна на Патријаршијата. Ширењето на протестантството во овој регион се вршело под покровителство на мисионерската станица во Битола. Во 1882 година во Струмица била формирана протестантска црковна општина, а ширењето на протестантството во регионот ја наметнало потребата од формирање на Евангелска црква во Струмица во ноември 1890 година. Од градот протестантството се проширило најмногу во селата Моноспитово, Муртино, Вељуса и Колешино. За потребите на протестантите од Моноспитово, Муртино и Колешино во селото Моноспитово била формирана евангелска црква, под надлежност на мисионерската станица во Битола. Според одредени статистики, во почетокот на XX век во Струмичката каза имало вкупно 624 протестанти. (За ова види: ДАРСМ, фонд Foreign office, мф. 31, Public Record Office (натаму PRO), 78/3318, Солун, 1881.; Манол Пандевски, Ѓорѓи Стоев-Трнката, Струмица и Струмичко низ историјата, Струмица, 1969.; D.M. Brancoff, La Macédoine..., 106. ).

[259] Според одредени статистики, регистрирани се 16 протестанти во Кукушко, 80 во селото Долни Тодорак, а исто толку и во казата Енице-Вардар. Во тиквешката каза само во Кавадарци биле регистрирани 16 протестанти. Градовите Скопје и Штип исто така изгледале како отворено поле за работа за мисионерите, но „протестантските пастири“ морале да го напуштат Скопје поради тоа што таму биле жестоко прогонувани. Бројот на протестанти во Скопје изнесувал 48 лица. Протестантски мисионери биле сместени и во Велес. Во Радовиш биле регистрирани 240 протестанти, а само во радовишкото село Ракличе биле регистрирани 80 протестанти. Протестантската пропаганда не успеала да најде погоден терен во Драмскиот и Серскиот санџак. Во Сер во почетокот на XX век биле регистрирани 128 протестанти, а во Драма – 32 протестанти. (D.M. Brancoff, La Macédoine..., 98, 102, 104, 114, 138, 198, 204.).

[260] Vladimir A. Tsanoff, Reports and Letters of American Missionaries Referring to the Distribution of Nationalities in the Former Provinces of European Turkey 1858-1918, 1919, 72.; P. Mojzes, Congretional/Methodist Church in Macedonia…, 45.

[261] D.M. Brancoff, La Macédoine..., 218.

[262] Иван Иванић, Из црквене историје Срба у Турској у XVIII и XIX веку, Друштво Рад, Београд/Нови Сад, 1902, 62.

Македонија најчесто било израз на незадоволство на населението против Цариградската Патријаршија.[263] Притоа, меѓу факторите, кои имале особено мотивирачко влијание за премин друга конфесионална заедница, биле финансиските обврски на населението кон духовната власт.[264] Со оглед на исклучиво верскиот карактер на оваа пропаганда, таа за разлика од другите пропаганди немала ретроградно влијание врз процесот на национално будење на населението во Македонија.[265] Исто така, ширењето на протестантизмот се случувало во услови на зголемени тензии и чести манипулации во врска со конфесионалната припадност, предизвикани од тактички причини. Така, многу христијански села во Македонија една година биле под Патријаршијата, друга под Егзархијата, трета под Унијата, а четврта под „протестантските пастири“.[266]

**3.2.** Ширењето на протестантската пропаганда во Македонија било проследено со отворање на училишта. Првото протестантско училиште на територијата на Македонија било отворено во Банско, во рамките на протестантската црковна општина.[267] Со ширењето на протестантизмот во Македонија слични училишта биле отворени и во Радовиш, Струмица, Моноспитово, Муртино, Ракличе, Битола и други места.[268] Градот Разлог можел да се пофали и со протестантска семинарија.[269] Поради фактот што девојките имале сериозен проблем во однос на образованието, во 1890 година во Битола било отворено мисионерско училиште за девојки, кое во мисионерската литература фигурира и како гимназија.[270] Според некои извори, во градот покрај училиштата кон крајот на XIX век имало и протестантска книжарница.[271] Од друга страна, со оглед на доминантно земјоделскиот карактер на македонското стопанство, уште во 1888 година простестантската мисија имала идеи за отворање на фарма и земјоделско училиште во Солун. Идејата се остварила во 1903 година, кога под раководство на тамошните мисионери било отворено

[263] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 69, фуснота 117.

[264] Според одредени извори, уште во 1864 година околу 200 велешки семејства испратиле молба до протестантскиот епископ во Софија за прием во оваа црква, надевајќи се дека со тоа ќе се ослободат од плаќање на владичнината. Сметаме дека бројката од 200 семејства е значително преувеличена, но причината за споменатото барање одговара на тогашните услови на црковен план. (Х. А. Полјански, Односот на Соединетите Американски...,54.).

[265] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 107.

[266] И. Иванић, Из црквене историје..., 62.

[267] М. Миноски, Соединетите Американски Држави и Македонија..., 45-46.

[268] И. Иванић, Из црквене историје..., 62.

[269] М. Миноски, Соединетите Американски Држави и Македонија..., 45-46.

[270] Х. А. Полјански, Односот на Соединетите Американски...., 58.

[271] И. Иванић, Из црквене историје..., 63-64.

земјоделското училиште во Солун.[272] Со тоа, било отворено и првото протестантско стручно училиште во Македонија. Покрај училиштата во Македонија, особено значење имал цариградскиот Роберт Колеџ, како најголема и највлијателна образовна институција од американски тип во Османлиската Империја. Отворен во 1863 година, Роберт Колеџ бил типичен американски кампус, со огромна библиотека и два музеи.[273] Во него се школувале млади луѓе од сите делови на Империјата, а меѓу нив се наоѓале и „виден број Македончиња“.[274]

Во протестантските училишта развојот на учениците бил постојано под будното око на мисионерите. Особено внимание се посветувало на учењето на англискиот јазик, а покрај основното световно образование, во училиштата се стекнувале одредени културни навики својствени за американскиот начин на живот.[275] Уписот во училиштата бил резервиран првенствено за децата од протестантските семејства, но во училиштата обично имало квоти за сиромашни, а тие што не биле способни да платат имале опција во слободниот дел од денот да помагаат во училиштето.[276] Поради слободарските идеи, кои овие образовни институции ги пласирале во главите на своите воспитаници, османлиските власти често ги обвинувале протестантите дека се една од главните причини за континуираната нестабилност во Македонија.[277]

Користејќи ги можностите за образование, кои ги нуделе овие институции, многу млади луѓе од Македонија во овој период добиле шанса да заминат преку Атлантикот. Имено, протестантските мисионери го следеле развојот на своите воспитаници, после што

---

[272] Х. А. Полјански, Односот на Соединетите Американски...., 58. Во 1906 година со помош на донации била изградена модерна зграда на училиштето, во која наставата започнала од учебната 1907/8 година. Училиштето било организирано по пример на земјоделските гимназии во САД. Училиштето било помагано од американската влада со разни видови на жита, со кои се вршеле експерименти на македонско тло. (М. Миноски, Соединетите Американски Држави и Македонија..., 47.).

[273] Отворањето на Роберт Колеџот било иницирано од Кристофер Р. Роберт, трговец од Њујорк со француско потекло. Неговите материјални вложувања биле дополнети со една кампања за собирање на пари, која се водела низ њујоршките улици. На отворањето на колеџот жестоко се спротивставувале Русија и Франција, па поради тие тешкотии патот до дозволата од османлиските власти за негово отворање траел седум години. Колеџот се состоел од два оддела, за средно и високо образование, а бил раководен од два ректори, при што едниот бил Американец, а другиот Турчин. (П. Шопов, Пропагандната и просветна дейност на американските библейски..., 161.; Х. А. Полјански, Односот на Соединетите Американски...., 53-54).

[274] Х. А. Полјански, Односот на Соединетите Американски...., 53. Во 1908 година, само 5% од младите луѓе кои седеле во клупите на Роберт Колеџот биле Турци. (Р. Мантран, Историја османског.., 652.).

[275] М. Миноски, Соединетите Американски Држави и Македонија..., 46-47.

[276] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 459.

[277] C. Stephanove, The Bulgarians and Anglo Saxondom..., 274.

избирале млади луѓе, кои ги испраќале на школување во САД, со цел да создадат локална мисионерска структура. Дел од нив останале да живеат во САД, други се вратиле како протестантски мисионери и со нивната репутација ја граделе сликата за Америка.[278] Така, мисионерите од Банско успеале да го воведат во протестантизмот локалното семејство Стефанови. Сите четири деца од ова семејство по завршувањето на образованието во локалните протестантски училишта, ќе се најдат на територијата на САД. Имено, во 1892 година Катерина Стефанова заминала во САД, каде учела на семинаријата во Нортфилд и во медицинското училиште при Презвитеријанската болница во Њујорк.[279] За време на студиите во САД, таа се запознала со протестантскиот свештеник од Григор Цилка, кој во тоа време учел на Духовната семинарија во Њујорк.[280] Тие стапиле во брак, а по враќањето во стариот крај, Катерина Цилка продолжила да работи во протестантската мисионерска станица во Корча. Во 1901 година, Катерина Цилка била придружничка на американската мисионерка Мис Елен Стоун, кога истата била киднапирана од четите на Тајната македоно-одринска револуционерна организација (ТМОРО).[281] Во меѓувреме, нејзиниот брат Константин Стефанов го завршил Роберт Колеџот, по што се запишал на студии на Универзитетот Јејл.[282] По завршувањето на студиите во САД во 1901 година, тој се вратил во Европа, каде продолжил на докторски студии на Универзитетот во Берлин.[283] Неуспешното востание во Македонија во 1903 година ќе го мотивира Стефанов активно да се вклучи во обезбедувањето на меѓународна поддршка за ослободителното движење во Македонија. Додека престојувал на студии во САД, патишатата на Стефанов се преклопиле со патиштата на друг протестантски воспитаник од Македонија – Димитар Фурнаџиев. Тој бил роден во Банско во 1866 година, а во 1891 година се запишал на Принстон Универзитетот. Додека студирал, тој често држел предавања низ САД за тешката положба на населението во Македонија под османска власт, а опишан е како „елоквентен и научен говорник“.[284] Во 1895 година завршил на Принстон и се оженил со Зорица Караиванова,

[278] G. Prpic, South Slavic Immigration in America… 213.

[279] Victor Sinadinoski, Macedonians in America – their lives and struggles during the 20th century, 2017, 10-13.

[280] Григор Цилка бил исто така дете на од семејство, кое ја прифатило протестантската пропаганда, широко застапена во околината на градот Корча. По враќањето од САД, тој активно се вклучил во движењето за ослободување на Албанија од османлиската власт.

[281] Аферата Мис Стон види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 370-394.

[282] М. Миноски, Соединетите Американски Држави и Македонија..., 56.

[283] V. Sinadinoski, Macedonians in America..., 15-17.

[284] Ibid. 23-24.

уште една Македонка, која патишатата на протестантството ја воделе до САД. Потоа заедно се вратиле на Балканот, каде вршеле мисионерска работа во Ќустендил сè до Илинденското востание, после што повторно заминале во Њујорк. Во таа прилика ги придружувал Марко Попов, кој слично како нив заминал во Америка во 1883 година и во 1890 година дипломирал на Хамилтон Колеџот во Њујорк.[285] Во периодот по Илинденското востание, Фурнаџиев и Попов заедно држеле предавања за состојбите во Македонија. Друг пример на протестантски воспитаник, кој заминал во САД е Димитар Вишанов од Солун. Вишанов потекнувал од богато патријаршиско семејство, а откако го прифатил протестантизмот, тој бил лишен од целокупното семејно наследство и во таква ситуација во 1885 година одлучил да оди во САД.[286] Во текот на последната деценија од XIX век, тој учел на Духовната семинарија Дрју и држел религиозни проповеди низ Пенсилванија. Според еден повик за негова проповед, објавен во пенсилванискиот весник *The Tribune* од 1908 година, тој на настанот „ќе се обрати во неговата благородничка носија, ќе пее на македонски и бугарски јазик и ќе изложи некои македонски и бугарски куриозитети по неговото обраќање“.[287] Проповеди, на кои се зборувало и за состојбите во Македонија држел и Трајко Константинов Тесличков од Штип.[288] Со оглед на тоа што неговото име е на американскиот попис од 1880 година, веројатно дошол во САД кон крајот на 70-тите години на XIX век. Во 1884 година завршил на Духовната семинарија Дрју во Медисон, после што често патувал преку Атлантикот и работел како мисионер во Македонија.[289] На Духовната семинарија Дрју во 1895 година, слично како Вишанов и Тесличков завршил и Константин Пачеџиев од с. Бања во Разлошко. По завршувањето на Семинаријата, тој се вратил во стариот крај, каде се вклучил како протестантски мисионер во работата во Македонија и Бугарија.[290]

Меѓу протестантските воспитаници, на кои им било овозможено да го продолжат своето образование во САД имало и такви, кои не се определиле да продолжат со работа како мисионери во родниот крај. Тие останале во САД и биле меѓу ретките емигранти од

---

[285] Додека бил во САД, Попов во 1892 година се оженил со Марика Терзиева, која исто така доаѓала од Македонија. (Ibid.)

[286] Животниот пат на Димитар Вишанов види: Victor Sinadinoski, In the Footsteps of Demetrius Vishanoff: Protestant Preacher and Macedonian Nobleman (Macedonians of America), 2018.

[287] The Tribune, 31.10.1908.

[288] В. Трайков, История на българската емиграция..., 16-17.; М. Стоянов, Начало на протестантската пропаганда..., 52.;

[289] V. Sinadinoski, Macedonians in America..., 28-29.

[290] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 394-395.

Македонија, кои во САД се занимавале со интелектуални професии, трговија и бизнис, па можеле да изградат одредени материјални претпоставки за удобен живот во САД. Се разбира, нивниот број бил речиси незабележлив во морето неквалификувани работници и занаетчии, кои од османлиска Македонија доаѓале во САД. Меѓу ваквите случаи доминирале оние кои се определиле својата професионална кариера да ја градат на полето на медицината. Така, Пандо Каменов, родум од Тиквешко, кој завршил медицина во САД и работел како лекар во Њујорк.[291] Бактериологот Иван Лазаров, пак, родум од Лерин, работел во градот Сент Луис. Покрај нив, таков пример е и Никола Цалов од леринското село Петеле, кој завршил медицина на Лојола Универзитетот во Чикаго.[292] Работел во градот Акрон во сојузната држава Охајо. Некои од македонските лекари во Северна Америка важеле за едни од најпочитуваните експерти во својата област. Така, Тома Димитров од с. Арменско, Леринско завршил медицина на Универзитетот во Торонто, по што специјализирал во областа на хирургијата на Универзитетот во Пенсилванија. Бил редовен член на Светската медицинска асоцијација (*World Medical Association*), како и на Американската медицинска асоцијација (*American Medical Association*). Со својата работа, тој оставил траен печат во областа на хирургијата.[293] Покрај во медицината, многу млади луѓе од Македонија станале истакнати интелектуаци, новинари, адвокати, инженери, архитекти, хемичари и слично. Многу од нив успеале да обезбедат за себе високо место на општествената пирамида во Америка.

**3.3.** Паралелно со активноста на мисионерите и отворањето на училиштата, во текот на 60-тите и 70-тите години на XIX век во Македонија започнале да се шират и цариградските весници „Македонија“ и „Зорница“, кои биле поврзани со американските протестантски мисии. Имено, почнувајќи од 1866 година, весникот „Македонија“ редовно известувал за клучните аспекти на развојот на САД. За таа цел, биле печатени специјални статии, кои или биле превод на веќе постоечки весникарски написи во американските весници, или пак биле статии пишувани од американските мисионери.[294] Весникот „Зорница“, пак, како информативно гласило на американската протестантска мисија во Османлиската Империја, религиозните статии редовно ги „зачинувал“ со известувања и

---

[291] Ibid. 36-37.
[292] В. Трайков, История на българската емиграция..., 114-115.
[293] Ibid.
[294] Х. А. Полјански, Односот на Соединетите Американски...., 62-63.

соопштенија за настаните во Америка, за историјата на САД, како и други прашања кои ги промовирале политичките интереси на САД.[295] Весникот излегувал во две изданија. Едното издание излегувало еднаш неделно и било наменето првенствено за возрасни луѓе, а другото издание излегувало еднаш месечно и било наменето за млади.[296] Дека младата македонска интелигенција била запозната со теми од историјата на Америка можеме да потврдиме врз основа на предавањата, кои кон крајот на XIX век ги држеле основоположниците и раководителите на Македонската револуционерна организација, каде „Американското востание“ било користено од нивна страна во рамките на моралната подготовка на населението за борба за ослободување од османлиската власт.[297] Покрај весниците, за промоција на САД во Македонија се користеле и разни списанија, популарни брошури и слични пишани форми на известување. Сепак, обидите за посериозно ширење на протестантска литература во Македонија редовно наидувале на пречки кај османлиските власти. Имено, К. Петканчен, кој бил назначен од страна на Американското библиско општество за ширење на протестантска литература во Македонија, во почетокот на XX век се соочувал со сериозни пречки во распростанувањето на Библијата и горенаведената протестантска литература.[298] Главен виновник за неговите неуспеси во Македонија биле османлиските цензори, кои се спротивставувале на употребата на зборот „Македонија“ во сите пишани документи и книги, па дури и во Светото писмо.[299]

***

[295] „Зорница“ најпрво излегувала како списание од 1864 година, а потоа и како весник од 1876 година. Покрај споменатите прашања, во весникот задолжително се оставало место за поучни народни приказни, укажувања за подобрување на личната хигиена, специјални рубрики за жени и деца, како и научни статии на разни теми. (П. Шопов, Пропагандната и просветна дейност на американските…, 163.).

[296] Двете изданија биле издавани од страна на Американското библиско општество. Во 1882 година весникот имал околу 4 000 претплатници, но до 1896 година нивниот број паднал на 1 000 претплатници. (Ibid. 163-164).

[297] Спомени на Дамянъ Груевъ и др., София, 1927, 19. Голем интерес кон овие теми имал Гоце Делчев, кој ги имал изучувано американската Војна за независност и биографиите на Вашингтон и Лафает. Исто така, во едно писмо од 7.5.1899 година тој му пишува на Никола Зографов дека го приложува романот „Шпион“ од познатиот американски писател Фенимор Џемс Купер да му се предаде на Ѓорѓи Иванов од Виница, кој ја изневерил Организацијата. Тоа покажува дека Делчев добро ги познавал делата на американската литература. (Х. А. Полјански, Односот на Соединетите Американски...., 63-64.; Гоце Делчев I, ред. Христо Андонов-Полјански, Култура, Скопје, 1972, 105-106.).

[298] Покрај на Американското библиско општество, тој ги застапувал во Македонија и интересите на Британското библиско општество. (P. Mojzes, Congretional/Methodist Church in Macedonia…, 39-40).

[299] За ова види: Ванчо Ѓорѓиев, Забранетото име, Зб. 70 години институт за историја – 70 години македонска историографија (ред. Ванчо Ѓорѓиев), Филозофски факултет, Скопје, 2017, 39-56.

Бројот на емигранти, кои по разни основи заминале од Македонија кон Северна Америка во периодот од крајот на Граѓанската војна во САД до крајот на XIX век бил прилично мал и претставувал „капка во морето“ на огромното балканско и европско движење кон Северна Америка. Меѓутоа, поради формирањето на емигрантските мрежи во Северна Америка, овие миграции биле клучен фундамент за новиот бран на движење од Македонија кон Америка, кој добил нови димензии по Илинденското востание.

# IV. Македонската емиграција во Америка од Илинденското востание до Балканските војни (1903-1912)

*1. Илинденскиот емигрантски бран (1903-1904)*

**1.1.** Во текот на пролетта 1903 година, Македонија била преплавена со чети, а во секое парче од земјата се чувствувала предвостаничка атмосфера. Ова раздвижување следело по одлуката на тогашното раководство на Тајната македоно-одринска револуционерна организација (ТМОРО) за кревање на вооружено востание во текот на истата година, донесена на Солунскиот конгрес во јануари 1903 година.[300] Меѓу аргументите, кои пред одржувањето на Конгресот ги истакнал еден од главните иницијатори и поддржувачи на оваа одлука, претседателот на Окружниот комитет на ТМОРО во Битола, Анастас Лозанчев, бил и тој дека населението го загубило трпението и се заканувале дека ќе заминат на печалба за Цариград и Америка, доколку во текот на летото не се крене востание.[301] Тоа покажува дека уште пред востанието, миграциските движења кон Америка не биле непозната појава. За да го анулира ваквото расположение, веднаш по Конгресот, Централниот комитет (ЦК) на ТМОРО презел една иницијатива за задржување на младите луѓе, кои планирале да заминат од Македонија и враќање на печалбарите, кои веќе биле на своите печалбарски дестинации. Така, Окружниот комитет во Битола на 9/22 јануари 1903 година издал едно окружно писмо, со кое ги запознал војводите и раководителите на Организацијата со одлуката за востание и им укажал дека треба да ги задржат младите луѓе, кои сакаат да заминат.[302] Во вакви услови, многу македонски печалбари, поединечно или во групи се вратиле во Македонија. Од Цариград, организирани како чети, но без оружје дошле две групи, од кои едната во Ресенско, а другата во Битолско.[303] Според еден извештај на Бугарското трговско агентство во Солун од 13.03.1903

[300] За прашањето за востание и Солунскиот конгрес види: Ванчо Ѓорѓиев, Илинденското востание 1903. Востанијата во Македонија, Скопје, 2016, 221-231.; Ванчо Ѓорѓиев, Солунскиот јануарски конгрес на ТМОРО од 1903 година и прашањето за востание, Историја, XL/1-2, Скопје 2004, 77-92.; Димитар Димески, Генеза на прашањето за востание кај раководните кадри на Македонската револуционерна организација, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 56, Скопје, 2003, 1-30.; В. Ѓорѓиев, Анастас Лозанчев..., 127-143.

[301] В. Ѓорѓиев, Анастас Лозанчев..., 141.

[302] Ibid. 144.

[303] Манол Пандевски, Македонското ослободително дело во XIX и XX век, т. 2, Мисла, Скопје, 1987, 232.

година, бројот на печалбари само од Цариград изнесувал 2 500 луѓе, а вкупниот број „млади Македонци", кои се вратиле бил околу 10 000.[304] Печалбари се враќале и од Романија, Русија, Бугарија, Австро-Унгарија, Србија и Грција.[305] Голем дел од нив се вратиле како вооружени чети. Околу овие подготовки, во еден извештај на српскиот конзул во Битола од 25.02.1903 година стои: *„На коџобаџиите им е издадена заповед дека не смеат да издаваат уверенија за вадење на пасоши никому без дозвола на комитскиот одбор за овде да има повеќе луѓе.* […] *Печалбарите од селата Ѓавато, Цапари, Рамно и Лера, кои во Цариград се занимавале со градинарство, овие дена во голем број се вратија дома, макар што сега не е погодно за тоа. Кажуваат дека им е наредено да се вратат."*[306] На тој начин, голем број печалбари од традиционалните балкански емигрантски дестинации се концентрирале во Македонија, прекинувајќи го стандардниот печалбарски циклус. За нив тогаш не било време за пари, туку време за борба.

**1.2.** На 20 јули / 2 август 1903 година, на територијата на Битолскиот революционерен округ започнало Илинденското востание. По почетната востаничка иницијатива, која траела десетина денови и била изразена со создавање на неколку слободни територии, османлиската воена команда започнала со концентрирање на позначајни воени сили во Битолскиот вилает од Косово. Новоименуваниот командант на османлиските сили во Битолскиот вилает, Насер-паша скроил план за дефинитивно расчистување со востанието.[307] Неговиот план се базирал врз принципот на систематско опколување на востанатата територија и стегање на обрачот.[308] Османската воена команда се надевала дека

---

[304] ДАРСМ, ф. Бугарски генерален конзулат – Солун, мф. 4278, бр. 193, 13.03.1903. Ѓ. Петров тврди дека во договор со претседателот на ЦК на ТМОРО, И. Гарванов, во Цариград при враќањето на печалбарите помогнал и високиот егзархиски функционер Селџобалиев. (Ѓорче Петров, Спомени. Кореспонденција, Култура, Скопје, 1984, 151.)

[305] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., т.2, 225-226, 231-232.

[306] Извештаи од 1903 година на српските конзули, митрополити и училишни инспектори во Македонија, ред. Љубен Лапе, ИНИ, Скопје, 1954, 139.

[307] Турски документи за Илинденското востание, избор, превод, редакција и коментар Александар Стојановски, Скопје, 1993, 57.; М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., т.2, 445. При подготовката на планот, османските команданти добивале совети од германскиот офицер Фон Габен, кој важел за специјалист за противгерилско војување и своите тактики ги базирал на британските тактики од Втората бурска војна (1899-1902) во Јужна Африка. (М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., т.2, 445-446.).

[308] В. Ѓорѓиев, Илинденското востание 1903…, 239-240. Според тој план востанатата територија била поделена на неколку сектори, врз основа на геостратешките, топографските и тактичките услови на теренот. За секој сектор биле одредени големи воени сили, кои настапувајќи од различни правци требало да ги опколат востаничките пунктови, составувајќи се на крајот во определен реон. Притоа, се настојувало да се формира

со тој план востанието целосно ќе биде поразено за 5 до 6 дена, што се покажало како премногу оптимистички. Со оглед на фактот што востаничките сили многу често успешно се извлекувале од обрачите и се појавувале повторно во нејзиниот тил, војската за да избегне долготрајна герилска војна пристапила кон масовно палење на селата и терор врз населението.[309] Така, главниот центар на востаниците, градот Крушево бил опколен од три страни и освоен од страна на османлиската војска на 12 август 1903 година.[310] По влегувањето на османските сили во Крушево, на градот му се случила вистинска катастрофа. Од убавите и удобни куќи останале само урнатини, а османлиските трупи спровеле жестоки репресивни мерки врз неборечкото население, проследени со пљачкосувања, убивања и силувања. Слична судбина доживеале и другите востанати места, кои до крајот на август едно по едно паѓале во рацете на османлиската војска. Таквата тактика требало да предизвика психолошки ефект, односно да придонесе за да се скрши духот на востаниците. Овој концепт на османлиската офанзива го достигнал својот полн интензитет од почетокот на втората декада на август.[311] Во периодот од почетокот на востанието до почетокот на октомври 1903 година во востанатите области во Битолскиот вилает (Леринско, Костурско, Битолско, Охридско и Кичевско) целосно или делумно биле опожарени 122 села со 8 646 куќи, а без покрив над главата останале 51 606 жители. Истовремено биле убиени 1779 луѓе, 2152 жени и девојки биле силувани, а 37 заробени.[312] На целата територија на Македонија, пак во востаничката 1903 година настрадале повеќе од 16 околии со 201 населено место. Притоа биле изгорени над 12 400 куќи, без покрив над главата останале 70 836 лица, повеќе од 30 000 луѓе ги напуштиле своите места, а биле убиени 8 816 мажи, жени и деца.[313]

---

што поголема основа на кругот, кој по формирањето на кордонот систематски требало да се стеснува, на тој начин темелно „прочешлувајќи“ ја територијата.

[309] Итноста во спроведувањето на сето ова произлегувала и од притисокот на Германија, која во согласност со своите економски и политички интереси во Империјата, се залагала за решавање на востанието со „цврста рака“. Во прилог на оваа констатација одат ставовите на германскиот заменик државен секретар за надворешни работи, фон Рихтховен, кој пред големиот везир и османскиот министер за надворешни работи истакнал дека „брзото воспоставување на мирот во Македонија би го повратил престижот на султанот и централната власт“. (В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 22.).

[310] Нападот на Крушево види: Ivan Katarđiev, Ilinđenski ustanak, Vojna enciklopedija, 3, Beograd, 1960, 670.

[311] В. Ѓорѓиев, Анастас Лозанчев..., 173.

[312] Христо Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, т. 1, София, 1983, 425.

[313] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., т.2, 507.

Всушност, во востанатите делови на Македонија се случила вистинска хуманитарна катастрофа. Во таква ситуација, илјадници емигранти од овие региони тргнале да бараат спас и егзистенција на друго место. Меѓу нив, најголемиот број, односно над 30 000 луѓе само до ноември 1903 година заминале кон Бугарија,[314] но бројките покажуваат дека еден дел од нив се одлучиле за пат преку Атлантикот.[315] Имено, според извештаите на бугарскиот трговски агент во Битола, Андреј Тошев, во период од само десет месеци, од јануари до октомври 1903 година од територијата на Битолскиот вилает кон Америка заминале околу 3 000 лица.[316] Со оглед на тоа што во периодот пред Востанието населението било мобилизирано околу планираното востание и биле преземени сериозни мерки од страна на Организацијата за задржување на младите луѓе во родниот крај, јасно е дека најголемиот број од овие емигранти заминале во периодот од август до октомври 1903 година.

Настапувањето на османлиската војска со посериозен интензитет траело до крајот на септември 1903 година, но тука не бил крајот на проблемите на населението.[317] Ако дипломатските извештаи се преполни со информации за злоделата на османлиската војска, како прв причинител за големиот бегалски бран од настраданите подрачја, далеку помалку сведоштва има за она што следело – преживувањето на зимата. Со доаѓањето на зимските месеци, селаните кои се засолниле во густите шуми биле принудени да се вратат во своите села. А таму ги чекала вистинска борба за покрив над главата. Српскиот конзул во Битола, Станоевиќ оценил дека единствена среќна околност за жителите на погодените подрачја воопшто да имаат шанси да преживеат, бил фактот што зимата 1903/4 била исклучително блага за тогашните климатски услови.[318] Во урнатините на некогашните куќи се граделе колиби и други видови привремени живеалишта, а од селата каде немало изградено доволно живеалишта селаните биле принудени да ја поминат зимата во градовите или во другите

---

[314] Националноосвободителното движение на македонските и тракийските българи, т.2: Организирано националноосвободително движение. Илинденското-преображенско въстание, 1893-1903, Македонски научен институт/Институт за история при БАН, София, 1995, 42. Бројот на бегалците до февруари 1904 година се зголемил за нови 30 000 бегалци. (Глигор Тодоровски, Реформите на големите европски сили во Македонија (1829-1909), т.2, Скопје, 1984, 202.).

[315] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 28.

[316] ДАРСМ, фонд Бугарски конзулат – Битола, мф. 4302, ф.331, о.1, а.е. 110, Дело VII/п.7, сн. 2-3, Битола, 23.02.1904.

[317] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, т.2: По Илинденското востание, Култура, Скопје, 2004, 8.

[318] Г. Тодоровски, Реформите на големите европски..., т.2, 176.

преживеани села.[319] Според Х. Н. Брејлсфорд, дел од селаните како прибежиште ги користеле локалните цркви.[320] Лишени од основните услови за живот и соочени со глад, многу луѓе се одлучиле да го напуштат родниот крај.[321] Гладни, голи и боси, тие тргнувале на пат, кој за некои ќе заврши во Бугарија, за други во европските метрополи, а за трети во Америка. Така, во тримесечниот период од октомври до крајот на 1903 година уште 1 000 лица тргнале кон Америка.[322] Други извори, пак известуваат дека повеќе од 3 000 лица заминале кон Америка во текот на зимата 1903-1904 година.[323] Сето ова го означило почетокот на трансформацијата на поединечните миграциски движења кон Америка, кои веќе постоеле, во еден масовен емигрантски бран кон новата емигрантска дестинација. Според Ѓорче Петров, во востаничката 1903 година кон Америка заминале вкупно меѓу 7 000 и 8 000 жители на Битолскиот вилает.[324] Поради фактот што овие емигранти од југозападните делови на Македонија заминале непосредно по Илинденското востание повеќе со надеж дека ќе избегаат од хаотичната состојба во Вилаетот, отколку за да си го подобрат животот, сметаме дека овие емигранти во Америка треба да ги третираме првенствено како политички, а потоа како економски мигранти.

**1.3.** Со оглед на тоа што ваквите настани се случувале во Југозападна Македонија, каде бугарската пропаганда играла особено доминантна улога, одливот на население од овој регион кон Америка не можел да не предизвика внимание кај бугарската влада. Така, Министерството за надворешни работи и вероисповед на Бугарија на 13 септември 1904 година преку цариградскиот дипломатски агент Григор Начович издало наредба до бугарските трговски агенти во Македонија, со која побарало од нив детално да се информираат за проблемот со емигрантското движење кон Америка од времето на Илинденското востание.[325] Сепак, уште пред да биде дадена оваа наредба, бугарскиот трговски агент во Битола, Андреј Тошев бил на висината на задачата. Па така, емигрантите од Битолскиот вилает Тошев ги поделил по кази и села, што ни овозможува подобар преглед

---

[319] Х. Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, т.2..., 8.
[320] H. N. Brailsford, Macedonia. It's races and their…, 61.
[321] Националноосвободителното движение на македонските..., т.2, 387.
[322] ДАРСМ, фонд Бугарски конзулат – Битола, мф. 4302, ф.331, о.1, а.е. 110, Дело VII/п.7, сн. 2-3, Битола, 23.02.1904.
[323] H. N. Brailsford, Macedonia. It's races and their…, 39.
[324] Г. Петров, Емигрантското движење...., 4.
[325] ДАРСМ, фонд Бугарски конзулат – Битола, мф. 4302, ф.331, о.1, а.е. 110, Дело VII/п.7, сн. 34.

на масовноста на оваа појава и нејзина подобра локализација. Со оглед на тоа што овој извештај е напишан во почетокот на 1904 година, тој овозможува сосема добар пресек на бројот на бегалци од времето на Илинденското востание.

а) Леринска каза

Најголемиот број од бегалците, кои од Македонија се упатиле кон Северна Америка непосредно од востанието, доаѓал од Леринско. Во својот извештај, А. Тошев посочил бегалци од вкупно 39 лерински села, меѓу кои имало и такви, кои уште во тој период давале сосема впечатлив број на емигранти.[326] Дел од причините за масовноста на движењето во некои села во Леринско треба да се бараат во текот на османлиската офанзива во овој регион. Имено, кога на 30 јули/12 август со вкупно 9 баталјони пешадија од Лерин и Битола поделени во две колони, османлиската војска тргнала кон Леринско, таа била дочекана од востаничко раководство, кое било тактички подготвено за избегнување на судирите со далеку помоќниот непријател преку вешто маневрирање низ планините.[327] Во таква ситуација, во споменатата офанзива далеку повеќе настрадале селата и неборечкото население, отколку самите востаници.[328] Според Мемоарот на Внатрешната организација, во Леринската каза имало вкупно 78 села, од кои 40 биле христијански.[329] При османлиското настапување во регионот, вкупно 12 села биле целосно претворени во пепел или делумно опожарени. Меѓу нив биле селата Буф, Неокази, Крушоради, Трсје, Арменско, Прекопана, Љубетино, Сетина и Неред.[330] Од вкупно 6458 христијански куќи во казата, изгореле 902 куќи, а без покрив над главата останале 5096 лица.[331] Притоа, вкупно во регионот биле убиени 229 цивили, а 227 жени и девојки биле силувани.[332]

Најпогоден регион со емигрантското движење кон Америка бил северозападот од Леринската каза, односно селата кои се наоѓале на источните падини на планината Бигла, како и на планината Баба. Селата во оваа област гравитирале кон селото Буф и во осман-

[326] Ibid.
[327] Националноосвободителното движение на македонските..., т.2, 325.
[328] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., т.2, 458.
[329] Македония и Одринско (1893-1903). Мемоаръ на Вѫтрѣшната организация, 1904, 199.
[330] Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници во Македонија, превод, редакција и коментар Данчо Зографски, ИНИ, Скопје, 1955, 103.; М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., т.2, 458.
[331] Христо Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, т. 1..., 423.
[332] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., т.2, 458.

ската терминологија овој дел е познат како Буф-кол, односно Буфски реон.[333] Поради неповолните услови за занимавање со земјоделство, овие села уште во предилинденскиот период биле познати по гурбетчиството во Романија, а дел од печалбарите во Романија од овој крај уште во 1900 година започнале да градат емигрантски мрежи во Америка.[334] За време на Илинденското востание, на овој крај му се случила вистинска катастрофа, која влијаела за интензивирање на овој процес.

Селото Буф се нашло во пламен на 31 јули/13 август 1903 година.[335] Имено, по една битка со османлиската војска во планините над селото, востаниците успеале да се повлечат во правец на с. Раково. По ваквиот развој на настаните, османлиската војска навлегла во селото Буф, кое било изгорено до последната плевна.[336] Кон оние куќи, кои по игра на случајот ја преживеале огнената стихија подоцна била вперена османлиската артилерија. Запалена била и црквата Св. Ѓорѓи во близина на селото.[337] Во периодот до октомври 1903 година, селото било уште во два наврати посетено од османлиската војска, при што се повторувале сцените на убиства, палежи и силувања во режија на војската.[338] Ваквото настапување на османлиската војска, поддржана од башибозук, го принудило населението од селото Буф да бега во состојба на паника. Сите оние, кои во периодот пред Илинденското востание биле печалбари низ Балканот побрзале да ја напуштат Османлиската Империја, а османлиските колежи ја одиграле улогата на дополнителен мотивирачки фактор за оние, кои претходно размислувале за таквиот чекор. Според Мемоарот на Внатрешната организација, селото Буф пред Илинденското востание имало 245 куќи, во кои Васил К'нчов „изброил“ дека живееле 1 900 жители, а секретарот на Бугарската Егзархија Димитар

[333] Регионот опфаќал околу 25 села. (Никола Миновски, Револуционерната дејност на Наум Попов-Бувчето во 1904 и 1905 година, Зборник на трудови, 12/13/14, Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости, музеј и галерија, Битола, 1995, 35.)

[334] Гьорче Петров, Материали по изучаванието на Македония, София, 1896, 678.

[335] Македония и Одринско 1893-1903. Македония и Одринско (1893-1903). Мемоаръ...,186, 199.; Извештаи од 1903-1904 година на австриските..., 112.

[336] Љубен Лапе, Нови документа за Илинденското востание, Илинденски зборник, ИНИ, Скопје, 1953, 148.; Извештаи од 1903-1904 година на австриските..., 120.

[337] Никола Миновски, Турскиот терор и репресалии во село Буф за време на Илинденското востание, Зборник на трудови, 10/11, Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости, музеј и галерија, Битола, 1990, 69.

[338] Димитар Димески, Турските репресалии во леринските села за време на Илинденското востание, Историја, 9/1, Скопје, 1973, 72.

Мишев – 1 440 жители.[339] Од нив, според извештајот на Тошев само до крајот на 1903 година, 350 лица заминале кон Северна Америка, што претставува меѓу 18,4 и 24,3% од вкупното население.[340] Слична катастрофа доживеало и соседното село Арменско, кое според различни извори броело 150-160 егзархиски и патријаршиски куќи.[341] Истото било срамнето со земјата од страна на османлиската војска на 4/17 август 1903 година. Разлутени од сопствените неуспеси во борбите со востаничките сили кај месноста Езерцата и врвот Ѓоргова глава на планината Бигла,[342] османлиски илаве одреди,[343] предводени од Муса Бег-Кол Агаси се нафрлиле врз селото.[344] Нивното навлегување во селото било „најавено“ со артилериска подготовка, која предизвикала паника меѓу населението.[345] Според еден извештај на австрискиот конзул во Битола Аугуст Крал, испратен на 6 септември 1903 година до министерот за надворешни работи на Австро-Унгарија, Агенор фон Голуховски, османлиската војска во Арменско извршила вистински масакр.[346] За да ги скрие трагите од масакрот, војската го запалила селото, при што „изгореле 143 од 150 куќи“.[347] Според Мемоарот на Внатрешната организација, во масакрот загинале 133 лица.[348] Покрај тоа, околу 30 лица биле ранети, а околу 20 девојки биле силувани.[349] На 6/19 август во селото

---

[339] Македония и Одринско (1893-1903). Мемоаръ..., 199.; Василъ Кѫнчовъ, Македония, Етнография и статистика, София 1900, 250.; D.M. Brancoff, La Macédoine..., 176. Според Н. Темчев селото имало 230 куќи. (Наум Темчевъ, ЖЬртвитЬ при потушуване на Илинденското въстание, Илюстрация Илинденъ, 5/135, София, 1942, 11.).

[340] ДАРСМ, фонд Бугарски конзулат – Битола, мф. 4302, ф.331, о.1, а.е. 110, Дело VII/п.7, сн. 11-12, Битола, 23.02.1904.

[341] Според Мемоарот на Внатрешната организаццијa, селото броело 150 куќи, додека според А. Крал селото броело 160 куќи. (Македония и Одринско (1893-1903). Мемоаръ..., 200.; Извештаи од 1903-1904 година на австриските..., 120.).

[342] За споменатите борби види: Димитар Димески, Востаничките акции во Старонередскиот округ, Леринско, 1903 година, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 26, Скопје, 1974, 66-71.

[343] Арапски *ilave* = додаток, дополнување – нерегуларни одреди кои со дозвола на офицерите и се приклучувале на војската.

[344] Д. Димески, Турските репресалии во леринските..., 73.

[345] Н. Темчевъ, ЖЬртвитЬ при потушуване..., 11.

[346] Извештаи од 1903-1904 година на австриските..., 120. Опишувајќи ги деталите за овој масакр, Крал запишал: „…има жени на кои стомакот им бил расечен, на други им биле извадени очите или исечени градите, главите и телата на малите деца биле нечовечно, просто со џебни ножиња продупчени, можеле да се видат доенчиња распарчени и фрлени на кучињата, 19 жени биле обесчестени, 3 моми ужасно искасапени...“.

[347] Македония и Одринско (1893-1903). Мемоаръ..., 200.

[348] Ibid. Други автори даваат поинакви бројки за загинатите во Арменско. Според Ѓорѓи Поп Христов биле пронајдени „120 трупа и 33 ранети“, додека според А. Крал „во огнот загинале 8-9 лица, а вкупниот број на загинати бил 67 лица, заедно со 31 тешко ранети, меѓу кои 13 жени и 6 девојки.“ ((Г. П. Христов, Революционната борба в Битолския окръг, София, 1953, 66.; Извештаи од 1903-1904 година на австриските..., 120.).

[349] Извештаи од 1903-1904 година на австриските..., 120.

дошле нови илаве трупи, кои ги изгореле куќите, кои го преживеале првиот напад.[350] Преживеаните од масакрот после подолг период чекање и интервенција на странските дипломатски претставници во регионот, добиле дозвола од Хилми-паша да заминат во Битола и Лерин,[351] но нивното село било избришано од лицето на земјата. После ваквата катастрофа, од селото, чие вкупно население пред Илинденското востание во статистиките се движи меѓу 1 080 и 1 440 жители, кон Америка заминале 120 лица, што претставува 8,3 - 11,1% од вкупната популација.[352] Демографските импликации на ова османлиско настапување се присутни и во други села. Всушност, од целата област околу селата Буф и Арменско во почетниот поилинденски период забележуваме значаен број емигранти во Северна Америка. Со емиграција биле зафатени сите села, кои се протегале по должината на двата патни правци од с. Буф до градот Лерин, едниот низ с. Арменско, а другиот низ селата Кладораби и Клештино.[353] Така, селото Кладораби, чие население во статистиките се движи меѓу 340 и 384 жители, испратило преку Атлантикот 84 емигранти, што претставува меѓу 21,8 и 24,7% од населението, а 65 емигранти, кои заминале од селото Клештино претставувале меѓу 11,8 и 12,9% од вкупното население, кое се движело меѓу 504 и 550 жители.[354]

Емигрантското движење кон Северна Америка се забележува и во рамничарските села од јужниот дел на Пелагонија, односно во Леринското поле. Така, 22 од 39 села, кои се наоѓаат на листата на А. Тошев се рамничарски. Иако во некои од овие села земјоделството било развиено и селата биле прилично богати, Ѓорче Петров забележал дека со намалувањето на интензитетот на работите на полето во зимските месеци, секоја година многу луѓе оделе на гурбет, како наемни работници.[355] Но, зимата 1903/4 не била иста како другите. Политичката нестабилност во пресрет на зимските месеци имала мотивирачко влијание врз населението од целата каза за зголемување на емигрантскиот бран. Притоа,

---

[350] Н. Темчевъ, ЖЬртвитЬ при потушуване..., 11.

[351] Македонија меѓу автономијата и дележот, Зборник руска дипломатска документација 1894-1913, том. II, 1903, ред. Симон Дракул, Просвета, Куманово, 1997, 348-349.

[352] ДАРСМ, фонд Бугарски конзулат – Битола, мф. 4302, ф.331, о.1, а.е. 110, Дело VII/n.7, сн. 11-12, Битола, 23.02.1904.; Василъ Кѫнчовъ, Македония, Етнография и статистика, София 1900, 250.; D.M. Brancoff, La Macédoine..., 176.

[353] Г. Петров, Материали по изучаванието..., 693-694.

[354] ДАРСМ, фонд Бугарски конзулат – Битола, мф. 4302, ф.331, о.1, а.е. 110, Дело VII/n.7, сн. 11-12, Битола, 23.02.1904.; Василъ Кѫнчовъ, Македония, Етнография и статистика, София 1900, 250.; D.M. Brancoff, La Macédoine..., 176.

[355] Г. Петров, Материали по изучаванието..., 674, 678.

забележливо е тоа што концентрацијата на емигранти во рамничарските села е значајно поголема во селата, кои се наоѓале по должината на железничката пруга. Така, селата Пополжани, Песочница, Врбени, Арменово, Борешница испратиле во Америка значајно поголем број на емигранти, во споредба со селата од југоисточниот дел на Битолско поле (Бач, Живојна, Добровени) и селата од Леринското поле, кои биле подалеку од железничката пруга (Овчарени, Неокази, Асаново село). Овој факт е потврда за влијанието на транспорните и комуникациските можности во масовноста на емиграцијата (Глава I). Само од селото Пополжани кон Америка според Тошев заминале вкупно 120 лица, претставувајќи околу 11% од населението, кое изнесувало според статистиките меѓу 1088 и 1100 жители. Од самиот град Лерин заминале 86 лица.[356] Дистрибуцијата на емигранти во другите села од областа е дадена во табелата во продолжение.

| Село | Број на жители (В. К'нчов, 1900) | Број на жители (Мишев, 1905) | Заминале за Америка до 1904 г. (А. Тошев) | Бројот на емигранти како процент од вкупното население во селото. |
|---|---|---|---|---|
| Арменово | 905 | 776 | 60 | 6,63% - 7,73% |
| Асаново Село | 540 | 600 | 18 | 3% - 3,33% |
| Борешница | 348 | 344 | 28 | 8,05% - 8,14% |
| Бач | 490 | 456 | 4 | 0,82% - 0,88% |
| Врбени | 690 | 624 | 86 | 12,46% - 13,78% |
| Добровени | 225 | 288 | 18 | 6,25% - 8% |
| Живојна | 500 | 448 | 4 | 0,8% - 0,89% |
| Каленик | 394 | 416 | 34 | 8,17% - 8,63% |
| Неволјани | 1560 | 1520 | 84 | 5,38% - 5,53% |
| Неокази | 830 | 608 | 26 | 3,13% - 4,28% |
| Овчарени | 1410 | 1088 | 24 | 1,7% - 2,21% |
| Песочница | 1050 | 800 | 83 | 7,9% - 10,38% |
| Росен | 400 | 480 | 8 | 1,67% - 2% |

[356] ДАРСМ, фонд Бугарски конзулат – Битола, мф. 4302, ф.331, о.1, а.е. 110, Дело VII/n.7, сн. 11-12, Битола, 23.02.1904.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Сакулево | 430 | 336 | 12 [357] | 2,79% - 3,57% |

Јужните делови на Леринската каза, кои ја оградуваат Пелагонија од јужната и југоисточната страна се и највисоките делови во тој регион на Македонија. Покрај со раскошните пејзажи и величенствените височини, овој крај бил исклучително богат со шуми и пасишта. Поради ваквите услови за живот, населението од овој крај се занимавало најчесто со сточарство, градителство, каменоделство и копаничарство.[358] Слично како Буфскиот реон, селата кои се наоѓале на падините на Нередска планина давале многу печалбари во Романија кон крајот на XIX век. По завршувањето на Илинденското востание, овој регион исто така бил погоден со засилен емигрантски бран кон Северна Америка. Меѓу селата од овој дел на Леринската каза, емигрантското движење било најсилно во селата Неред, Долно Котори и Лаген. Од селото Неред, кое според А. Крал било целосно претворено во пепел, според извештајот на Тошев во Америка емигрирале вкупно 130 лица.[359] Со оглед на тоа што според статистиките селото имало меѓу 1950 и 2336 жители, луѓето кои заминале кон Америка претставувале меѓу 5,5 и 6,7% од вкупното население. Покрај кај Македонците, емигрантското движење кон Северна Америка во мал процент (под 2%) започнувало и во селата Бел камен и Негован, каде населението било составено од Власи и православни Албанци.[360] Следната табела ќе ја покаже дистрибуцијата на емигранти по останатите села од овој регион.

| Село | Број на жители (В. К'нчов, 1900) | Број на жители (Мишев, 1905) | Заминале за Америка до 1904 г. (А. Тошев) | Бројот на емигранти како процент од вкупното население во селото. |
|---|---|---|---|---|
| Бел камен | 660 | 660 | 8 | 1,33% |
| Горно Котори | 228 | 216 | 15 | 6,58% - 6,94% |

---

357 ДАРСМ, фонд Бугарски конзулат – Битола, мф. 4302, ф.331, о.1, а.е. 110, Дело VII/n.7, сн. 11-12, Битола, 23.02.1904.; Василъ Кѫнчовъ, Македония, Етнография и статистика, София 1900, 249-251.; D.M. Brancoff, La Macédoine..., 176.

358 Г. Петров, Материали по изучаванието..., 676.

359 Извештаи од 1903-1904 година на австриските..., 119.; ДАРСМ, фонд Бугарски конзулат – Битола, мф. 4302, ф.331, о.1, а.е. 110, Дело VII/n.7, сн. 11-12, Битола, 23.02.1904.

360 Василъ Кѫнчовъ, Македония, Етнография и статистика, София 1900, 249-251.; D.M. Brancoff, La Macédoine..., 176.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Долно Котори | 774 | 784 | 86 | 10,97% - 11,11% |
| Елово | 40 | 48 | 3 | 6,25% - 7,5% |
| Крапешино | 320 | 416 | 8 | 1,92% - 2,5% |
| Лаген | 520 | 504 | 40 | 7,69% - 7,94% |
| Негован | 720 | 1586 | 13 | 0,82% - 1,81% |
| Трсје | 960 | 1280 | 28 | 2,19% - 2,92% |

Емигрантското движење се забележува и во ридските и рамничарските села на југоистокот од Леринската каза, кои гравитирале кон градот Суровичево. Масовноста на процесот во овој регион зависел од два фактори. Прво, најголемиот дел од селата се наоѓале на гола и каменлива површина, која не била погодна за земјоделство.[362] Исклучок во таа смисла биле селата Ајтос, Љубетино и Зеленич, каде емигрантското движење било прилично слабо. Понатаму, како и во рамничарските села во Леринското поле, важна улога за интензитетот на емиграцијата имале транспортните услови, односно близината на железничката пруга и главниот пат кон Битола. Така, селата кои се наоѓаат по должината на овие патни правци, како Екши Су[363], Баница и Церово дале значително повеќе емигранти во Северна Америка.

| Село | Број на жители (В. К'нчов, 1900) | Број на жители (Мишев, 1905) | Заминале за Америка до 1904 г. (А. Тошев) | Бројот на емигранти како процент од вкупното население во селото. |
|---|---|---|---|---|
| Ајтос | 1010 | 1064 | 3 | 0,28% - 0,3% |
| Баница | 1650 | 2000 | 90 | 4,5% - 5,45% |
| Екши Су/Горно Врбени | 1965 | 2336 | 64 | 2,74% - 3,26% |
| Зеленич | 2372 | 1950 | 2 | 0,08% - 0,1% |
| Љубетино | 355 | 300 | 2 | 0,56% - 0,67% |
| Церово | 195 | 400 | 18 [361] | 4,5% - 9,23% |

[361] ДАРСМ, фонд Бугарски конзулат – Битола, мф. 4302, ф.331, о.1, а.е. 110, Дело VII/n.7, сн. 11-12, Битола, 23.02.1904.; Василъ Кѫнчовъ, Македония, Етнография и статистика, София 1900, 249-251.; D.M. Brancoff, La Macédoine..., 176.

[362] Г. Петров, Материали по изучаванието..., 678.

[363] Поради минералните извори, кои се наоѓале во близина на селото Горно Врбени, истото од страна на османските власти било именувано како Екши Су (Ekşi Su), што значи кисела вода. Со оглед на тоа што

Последен регион од Леринската каза, кој бил зафатен од емигрантското движење кон Северна Америка е нејзиниот источен дел, односно селата, кои се протегаат на западните падини на планината Нице, како и целата ридска област кон Воденско и Сариѓолско. Иако условите за земјоделство биле еднакво неповолни како и во западните планински делови на Леринската каза, евидентно е дека овие села биле во послаба комуникација со селата од западниот и северозападниот дел од казата.[364] Од овој регион, забележуваме само помал број емигранти од селата Сетина, Крушоради и Горничево.

| Село | Број на жители (В. К'нчов, 1900) | Број на жители (Мишев, 1905) | Заминале за Америка до 1904 г. (А. Тошев) | Бројот на емигранти како процент од вкупното население во селото. |
|---|---|---|---|---|
| Горничево | 960 | 1344 | 12 | 0,89% - 1,25% |
| Крушоради | 650 | 760 | 12 | 1,58% - 1,85% |
| Сетина | 750 | 816 | 25 [365] | 3,06% - 3,33% |

На тој начин, високата цена на Илинденското востание, која требало да се плати трајно ќе го погоди Леринско во демографска смисла.[366] Според овој извештај, од територијата на Леринско во востаничката 1903 и во периодот до февруари 1904 година заминале вкупно 1851 емигранти. Во сите села, кои се наведени на листата, живеело речиси исклучиво христијанско население. Меѓу христијанските села во Леринско од каде има емигранти, се забележува сериозна доминација на егзархиските села. Имено, дури 27 од 39 села се наоѓале во орбитата на Бугарската Егзархија. Од патријаршиските села, единствено во селата Арменово и Лаген, заедно со мешаното село Неволјани се забележува посериозен емигрантски бран преку Атлантикот.

емигрантите во Америка при претставувањето самите го користеле тоа име за своето родно село, ние ќе ја користиме истата терминологија.

[364] Г. Петров, Материали по изучаването..., 676.

[365] ДАРСМ, фонд Бугарски конзулат – Битола, мф. 4302, ф.331, о.1, а.е. 110, Дело VII/п.7, сн. 11-12, Битола, 23.02.1904.; Василъ Кѫнчовъ, Македония, Етнография и статистика, София 1900, 249-251.; D.M. Brancoff, La Macédoine..., 176.

[366] Националноосвободителното движение на македонските..., т.2, 387.




*2. Емиграција во Леринско*

б) Битолска каза

Битолската каза била исто така сериозно зафатена со бран емигранти кон Северна Америка. Во оваа каза, А. Тошев забележал емигранти од вкупно 28 села.[367] Слично како во Леринско, дел од селата во Битолската каза, кои даваат значително поголем број на емигранти од другите имале исклучително крвав крај на Илинденското востание. Иако османлиската административна распределба ги групирала во различни кази, селата кои се наоѓаат на падините на планините Баба и Бигла или во рамничарските делови од нивното подножје функционирале во комуникација со т.н. Буфски реон и неговото централно село Буф. Ваквата географска положба ја одредила и судбината на дел од овие села во Илинденското востание. Имено, заедно со леринското село Буф, во пламените јазици на османлиската одмазда истиот ден се нашле и соседните села Раково и Битуше.[368] Селото Раково, кое пред Востанието броело 74 куќи било целосно изгорено.[369] Ваквиот крај на Востанието бил уште една причина повеќе за масовна емиграција од Раково. Така, од вкупниот број на жители, кој во статистиките се движи меѓу 640 и 850 жители, според споменатиот извештај кон Америка заминале 190 жители, што е меѓу 22,3 и 29,6% од бројот на жители.[370] Покрај егзодусот од селото Раково, позначаен број на емигранти испратиле селата Велушина, Граешница, Битуше, Клабучишта, Негочани и Света Петка. Од селото Велушина, кое според статистиките броело меѓу 880 и 920 жители, кон Америка во овој период заминале 126 лица (13,7% - 14,3%).[371] Дистрибуцијата на емигранти од селата во овој регион е прикажана во табелата во продолжение.



*3. Урнатините на Раково*

[367] ДАРСМ, фонд Бугарски конзулат – Битола, мф. 4302, ф.331, о.1, а.е. 110, Дело VII/n.7, сн. 13-14.

[368] Извештаи од 1903-1904 година на австриските..., 112-113.

[369] И.Ф. Војноф, Македонското прашање и реформите во Турција, Магор, Скопје, 2019, 112.

[370] ДАРСМ, фонд Бугарски конзулат – Битола, мф. 4302, ф.331, о.1, а.е. 110, Дело VII/n.7, сн. 13-14.

[371] Василъ Кънчовъ, Македония, Етнография и статистика, София 1900, 236.; ДАРСМ, фонд Бугарски конзулат – Битола, мф. 4302, ф.331, о.1, а.е. 110, Дело VII/n.7, сн. 13-14, Битола, 23.02.1904.; D.M. Brancoff, La Macédoine..., 166.

| Село | Број на жители (В. К’нчов, 1900) | Број на жители (Мишев, 1905) | Заминале за Америка до 1904 г. (А. Тошев) | Бројот на емигранти како процент од вкупното население во селото. |
|---|---|---|---|---|
| Битуше | 580 | 320 | 45 | 7,76% - 14,06% |
| Граешница | 540 | 424 | 64 | 11,85% - 15,09% |
| Клабучишта | 850 | 400 | 48 | 5,65% - 12% |
| Негочани | 650 | 480 | 80 | 12,31% - 16,67% |
| Света Петка | 550 | 480 | 40 [372] | 7,27% - 8,33% |

Втор регион, каде како резултат на Илинденското востание миграциските движења кон Америка започнале со позначаен интензитет, била нахијата позната како Ѓават-кол, односно Ѓаватски реон. Централно село на нахијата, која се протегала во мал висорамнински предел во горниот тек на реката Шемница, заграден од југ со планината Баба, а од исток со планината Бигла, било селото Ѓавато. Кога на 12/25 август, со вкупно 10 баталјони војска и други придружни единици, собрани од Битола, Ресен, Охрид и Прибилци (Демирхисарско) тргнала османлиската офанзива насочена кон Смилево, каде бил сместен Главниот штаб на востаниците, селото Ѓавато било прегазено уште истиот ден.[373] Покрај Ѓавато, под налетите на османлиската артилерија попуштило и селото Цапари.[374] Од 240 куќи, колку што броело селото Ѓавато пред Востанието, останале само 2 или 3 куќи, додека целосно изгореле сите 250 куќи во селото Цапари.[375] Исто така, двете села биле ограбени од страна на војниците. Неборечкото население од изгореното село Ѓавато веднаш се упатило кон збегот Голем Гар, каде им се придружило на жителите на Смилево, кои уште од почетокот на борбите во Смилево биле сместени таму. Во текот на борбите за Смилево,

[372] Василъ Кънчовъ, Македония, Етнография и статистика, София 1900, 236-240.; ДАРСМ, фонд Бугарски конзулат – Битола, мф. 4302, ф.331, о.1, а.е. 110, Дело VII/n.7, сн. 13-14, Битола, 23.02.1904.; D.M. Brancoff, La Macédoine..., 166. Со оглед на тенденциозноста на статистиката на Мишев, која во рамките на тогашната пропагандна и статистичка војна, имала за цел да ја покаже доминацијата на „бугарската народност“ во Македонија, многу патријаршиски села се со намален број на жители, во споредба со статистиката на К’нчов. Некои од нив имаат и двојно помал број на жители, во споредба со бројот што го дава К’нчов. Поради овој недостаток, во процентуалниот приказ на емигрантите од Битолско се појавуваат големи разлики во вредностите и значително повисоки, понекогаш и нереални бројки.

[373] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната република. Дамјан Груев и македонското револуционерно движење, Скопје, 2011, 317-318.

[374] Ibid.

[375] И.Ф. Војноф, Македонското прашање и реформите..., 108.

на 14/27 август, една османлиска колона војници се упатила кон збегот, каде извршила масакр врз неборечкото население, составено од жени, деца и старци. Во овој масакр настрадале 56 лица од двата пола на различна возраст, од тринеделни бебиња до 80-годишни старци. Меѓу нив биле и 11 жители на селото Ѓавато.[376] По ваквиот развој на настаните, според А. Тошев, од селото Ѓавато кон Америка заминале 40 лица, а од селото Цапари – 50 лица.[377] Покрај од изгорените села Ѓавато и Цапари, забележуваме дека миграциските движења кон Америка биле започнати и од традиционално печалбарските села Лера и Рамна.

| Село | Број на жители (В. К'нчов, 1900) | Број на жители (Мишев, 1905) | Заминале за Америка до 1904 г. (А. Тошев) | Бројот на емигранти како процент од вкупното население во селото. |
|---|---|---|---|---|
| Лера | 440 | 592 | 4 | 0,67% - 0,91% |
| Рамна | 440 | 216 | 18 | 4,09% - 8,33% |

Локализацијата на емигрантите од Битолската каза подобро ни покажува и нешто сосема друго. Забележливо е дека движењето посериозно ги зафатило и селата, кои се протегаат на источните падини на планината Баба во правецот на Битола. Најголемиот дел од овие села не ги виделе ужасите на Востанието во онаа мера, во која ги виделе некои други села, но забележале повисок број на емигранти. Така, само од селото Буково, каде Васил К'нчов пресметал дека имало 1490, а Димитар Мишев 2400 жители, кон Америка по востанието заминале 105 лица (4,3% - 7%).[378] Покрај од Буково, емигрантското движење било започнато и во селата Дихово, Брусник и Орехово, како и селото Лавци во самото подножје на планината. Покрај селата каде живееле Македонци, почетоците на емигрантското движење кон Америка се забележуваат и во селото Магарево, кое било населено речиси исклучиво од македонските Власи.[379] Тоа покажува дека османската војска

[376] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 318, фуснота 215.
[377] ДАРСМ, фонд Бугарски конзулат – Битола, мф. 4302, ф.331, о.1, а.е. 110, Дело VII/п.7, сн. 13-14, Битола, 23.02.1904.
[378] Василъ Кѫнчовъ, Македония, Етнография и статистика, София 1900, 236.; ДАРСМ, фонд Бугарски конзулат – Битола, мф. 4302, ф.331, о.1, а.е. 110, Дело VII/п.7, сн. 13-14, Битола, 23.02.1904.; D.M. Brancoff, La Macédoine..., 166.
[379] D.M. Brancoff, La Macédoine..., 168.

успеала да оствари една од целите на стратегијата на Насер-паша – постигнување на психолошки ефект. Имено, на територијата на целиот Битолски вилает се создала една општа несигурна ситуација, со голем број бегалци од запалените села, секојдневни вести за колежи во некое околно село, како и постојано присутна војска, која вршела претреси за оружје во многу населени места. Во една телеграма од 18 август 1903 година, австрискиот конзул А. Крал го известил своето Министерство за надворешни работи дека меѓу населението владеел страв од повторување на настаните од ерменските провинции, каде во периодот од 1894 до 1896 година наизменично се повторувале востанијата и репресиите.[380] Така, иако самите не се соочиле со гневот на османлиската војска ваквата општа состојба претставувала катализатор за забрзување на процесот на емигрирање на населението, делумно и кон Северна Америка. На тој начин, Илинденското востание извршило влијание и во оние места, каде немало борби и колежи.

| Село | Број на жители (В. К'нчов, 1900) | Број на жители (Мишев, 1905) | Заминале за Америка до 1904 г. (А. Тошев) | Бројот на емигранти како процент од вкупното население во селото. |
|---|---|---|---|---|
| Барешани | 360 | 360 | 18 | 5% |
| Брусник | 755 | 944 | 12 | 1,27% - 1,59% |
| Дихово | 460 | 560 | 5 | 0,89% - 1,09% |
| Канино | 250 | 192 | 24 | 9,6% - 12,5% |
| Лавци | 610 | 960 | 46 | 4,79% - 7,54% |
| Магарево | 2400 | 2160 | 22 | 0,92% - 1,02% |
| Орехово | 250 | 240 | 20 | 8% - 8,33% |

Во рамничарските делови, слично како и во Леринската каза, најголемиот дел од селата, кои биле зафатени од емигрантското движење се наоѓале по должината на главниот пат и пругата Лерин-Битола. Меѓу таквите села забележуваме емигранти од Кравари, Бистрица, Оптичари и Крстоар. Според податоците на А. Тошев, во рамничарските северни и североисточни делови на Битолската каза сѐ уште немало миграции кон Америка.

[380] Извештаи од 1903-1904 година на австриските..., 75.

| Село | Број на жители (В. К’нчов, 1900) | Број на жители (Мишев, 1905) | Заминале за Америка до 1904 г. (А. Тошев) | Бројот на емигранти како процент од вкупното население во селото. |
|---|---|---|---|---|
| Бистрица | 245 | 256 | 12 | 4,69% - 4,9% |
| Кравари | 160 | 48 | 18 | 11,25% - 37,5% |
| Крстоар | 280 | 256 | 42 | 15% - 16,41% |
| Олевени | 230 | 176 | 30 | 13,04% - 17,05% |
| Оптичари | 380 | 480 | 64 [381] | 13,33% - 16,84% |

Од самиот град Битола, според извештајот кон Америка тргнале 318 лица.[382] Сепак, со оглед на тоа што градовите во османлиска Македонија во почетниот поилинденски период сериозно заостанувале со бројот на емигранти воопшто, но и кон Северна Америка, сметаме дека во оваа бројка треба да се бараат голем број луѓе, кои во Битола доаѓале од уништените села во регионот. Расположливите податоци не дозволуваат прецизно утврдување на бројот на ваквите доселеници во Битола за време на Илинденското востание, но имало села со забележителен број на луѓе, кои избегале во Битола. На пример, селото Смилево, кое воопшто не се споменува во извештајот на Тошев, било целосно уништено, а еден дел од неговите жители заминале во Битола.[383] Според Д. Груев се работело за околу 300 лица, додека одредени извештаи од руска провиниенција даваат бројка од вкупно 500 лица.[384] Со оглед на тоа што немале каде да се вратат, сосема е веројатно дека во пресрет на зимските месеци барем кај одреден дел од овие бегалци се појавила идејата за напуштање

[381] Василъ Кънчовъ, Македония, Етнография и статистика, София 1900, 236-240.; ДАРСМ, фонд Бугарски конзулат – Битола, мф. 4302, ф.331, о.1, а.е. 110, Дело VII/n.7, сн. 13-14, Битола, 23.02.1904.; D.M. Brancoff, La Macédoine..., 166. Со оглед на тенденциозноста на статистиката на Мишев, која во рамките на тогашната пропагандна и статистичка војна, имала за цел да ја покаже доминацијата на „бугарската народност“ во Македонија, многу патријаршиски села се со намален број на жители, во споредба со статистиката на К’нчов. Некои од нив имаат и двојно помал број на жители, во споредба со бројот што го дава К’нчов. Поради овој недостаток, во процентуалниот приказ на емигрантите од Битолско се појавуваат големи разлики во вредностите и значително повисоки, понекогаш и нереални бројки.

[382] ДАРСМ, фонд Бугарски конзулат – Битола, мф. 4302, ф.331, о.1, а.е. 110, Дело VII/n.7, сн. 13-14, Битола, 23.02.1904.

[383] В. Ѓорѓиев, Подземната република...,

[384] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 12,; М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., т.2, 455.

на родниот крај. Сепак, недостасуваат изворни податоци, кои би можеле да ги потврдат овие индиции.

Во периодот од Илинденското востание до февруари 1904 година, вкупно 1538 лица од Битолската каза заминале во Америка.[385] Иако слично како во Леринско, сите наведени села се исклучиво христијански, во Битолската каза емиграцијата сериозно ги погодила и патријаршиските села. Така, од вкупно 28 села, дури 15 припаѓале во категоријата, која Д. Мишев ја нарекол „грцизирани“, 12 биле егзархиски, а едно село било мешано. Очигледно поделбата на христијанското население според конфесионалната припадност меѓу Бугарската Егзархија и Цариградската Патријаршија не била меѓу поважните фактори за појавата и интензитетот на миграциските движења кон Северна Америка.

в) Костурска каза

Костурската каза била значително помалку засегната од емигрантскиот бран непосредно по Илинденското востание, во споредба со Леринската и Битолската каза. Во Костурско, А. Тошев забележал „само“ 225 емигранти од вкупно 7 села и тоа од Желево, Кономлади, Оштима, Рулја, Статица, Трново и Турје.[386] Според тоа, може да се каже дека емигрантското движење во Костурско во овој период било во својот зачеток. Од друга страна, локализацијата на емигрантите во Костурската каза овозможува сосема прецизно да се утврдат почетоците на движењето во овој регион. Традиционално печалбарските села од Костурската каза, како Д’мбени, Мокрени, Бобишта и Загоричани се нашле на црната листа на изгорени села, присутна во извештаите на дипломатските претставници во Македонија.[387] Меѓутоа, останува впечаток фактот, што во ниту едно од наведните села А. Тошев не регистрирал заминување на селаните во Америка. Од друга страна, со помош на други извори се потврдува дека жители од споменатите села заминувале на печалба, но ниту во тие извори не се споменува заминување преку Атлантикот.[388] Оттука, очигледно е дека османлиските злодела во Костурско не можеме да ги поставиме во директна корелација со

---

[385] ДАРСМ, фонд Бугарски конзулат – Битола, мф. 4302, ф.331, о.1, а.е. 110, Дело VII/п.7, сн. 13-14, Битола, 23.02.1904.

[386] Ibid.

[387] Македонија меѓу автономијата и дележот....т.2. 346-347.; Извештаи од 1903-1904 година на австриските..., 103.

[388] Според Л. П. Јаневски по Востанието 170 жители на селото Д’мбени заминале на печалба. (Лазо Поп-Јаневски, Костурското село Д’мбени, Аурора, Скопје, 1996, 58.).

интензитетот на емиграцијата во Северна Америка. Напротив, во сите села, од кои се споменуваат миграции кон Америка, Илинденското востание оставило релативно слаб печат, некаде без воопшто да се почувствуваат претресите, кои редовно ги спроведувала османлиската војска, како што е случајот со селото Рулја.

Но, тогаш кој е „виновникот“, што Америка се нашла во главите на жителите само од некои села во Костурско? Ако османлиското настапување не е директна причина, истото не може да се каже за природните и географските услови. Така, сите села, кои се нашле на листата на Тошев, се наоѓаат во релативно тесен географски прстен, кој ги опфаќа западните падини на планината Бигла, како и на Нередска планина. Но, она што е уште поважно, истите се наоѓаат по должината два патни правци, кои воделе кон Леринско. Имено, поради избегнување на стрмната и висока Бигла, главниот пат од Лерин кон Костур во овој регион водел низ високите ридишта, клонови на планината Бигла северно од селата Арменско (Леринско) и Желево (Костурско).[389] Овој пат бил најчесто користен од жителите во овие крајни североисточни делови на Костурско за одење на пазар во Лерин,[390] а во Леринско минувал низ споменатата Буфска област (с. Арменско), која била силно погодена од емигрантскиот бран кон Северна Америка. Во селата Рулја, Трново, Оштима и Желево, кои се наоѓале по должината на овој пат во Костурско исто така забележале почетоци на емигрантското движење кон Новиот Свет. Покрај овој патен правец, меѓу разграноците на Нередска планина и Бигла, во близина на селото Трсје минувал уште еден планински пат меѓу Костурско и Леринско, кај населението од овој крај познат како „трсјански пат“.[391] Покрај жителите на селото Трсје, овој пат кон Леринско го користеле и жителите на селата Турје, Статица и Кономлади. Сите овие села во почетниот поилинденски период станале почетни точки на миграциски движења кон Америка.[392] Ваквото почетно ширење на миграциските движења во Костурската каза силно упатува кон заклучокот дека истите започнале под влијание на егзодусот од Леринско, за кој веќе истакнавме дека бил директно предизвикан од илинденските колежи во тој крај. На тој начин, иако османлискиот одговор на Илинденското востание директно не предизвикал емиграција од изгорените села во

[389] Г. Петров, Материали по изучаването..., 696.
[390] Ibid.
[391] Ibid. 699, 701.
[392] ДАРСМ, фонд Бугарски конзулат – Битола, мф. 4302, ф.331, о.1, а.е. 110, Дело VII/n.7, сн. 13-14, Битола, 23.02.1904.

Костурско, самите жаришта на емиграцијата кон Америка во Леринско предизвикале домино-ефект и во Костурската каза.

| Село | Број на жители (В. К'нчов, 1900) | Број на жители (Мишев, 1905) | Заминале за Америка до 1904 г. (А. Тошев) | Бројот на емигранти како процент од вкупното население во селото. |
|---|---|---|---|---|
| Желево | 1250 | 1760 | 83 | 4,71% - 6,64% |
| Кономлади | 1100 | 1536 | 40 | 2,6% - 3,63% |
| Оштима | 390 | 536 | 25 | 4,66% - 6,41% |
| Рулја | 500 | 600 | 25 | 4,16% - 5% |
| Статица | 600 | 960 | 8 | 0,83% - 1,33% |
| Трново | 395 | 544 | 12 | 2,20% - 3,03% |
| Турје | 325 | 480 | 92 | 19,16% - 28,3% |

г) Останати места

Иако административно припаѓале во Битолската каза, поради бројот на емигранти од овој крај, А. Тошев посебно ги издвоил нахиите Горна Преспа (Ресенско и северниот брег на Преспанското Езеро) и Долна Преспа (источниот, западниот и јужниот брег на Езерото). Причината за ваквиот „привилегиран“ статус на овие нахии во извештајот е позначајниот број на емигранти, кои во зимата 1903/4 година биле регистрирани од овој крај. Во таа смисла, убедливо најголем центар на миграциските движења кон Америка во овој регион било селото Герман, кое впрочем било и најголемото село во Долна Преспа. Според Васил К'нчов, во селото имало 680 жители, додека Димитар Мишев за истото село ја дава бројката од 1160 жители.[393] До почетокот на 1904 година ова село испратило преку Атлантикот 145 лица.[394] Покрај селото Герман, како почетни точки на миграции на населението кон Америка се нашле уште неколку села од Долна Преспа. Распоредот на емигранти во овие села е прикажан во табелата во продолжение.

[393] Василъ Кѫнчовъ, Македония, Етнография и статистика, София 1900, 242.; D.M. Brancoff, La Macédoine..., 170.
[394] ДАРСМ, фонд Бугарски конзулат – Битола, мф. 4302, ф.331, о.1, а.е. 110, Дело VII/n.7, сн. 4, Битола, 23.02.1904.

| Село | Број на жители (В. К’нчов, 1900) | Број на жители (Мишев, 1905) | Заминале за Америка до 1904 г. (А. Тошев) | Бројот на емигранти како процент од вкупното население во селото. |
|---|---|---|---|---|
| Глобочани | 248 | 240 | 12 | 4,83% - 5% |
| Крани | 510 | 256 | 12 | 2,35% - 4,68% |
| Љубојно | 590 | 744 | 22 | 2.95% - 3,72% |
| Нивици | 400 | 528 | 8 | 1,51% - 2% |

Според извештајот, кој беше анализиран вкупниот број на емигранти од нахијата Долна Преспа изнесувал 239 лица. Сепак, според нашите пресметки добиени врз база на поединечните информации за селата од истиот извештај, нахијата Долна Преспа ја напуштиле вкупно 199 лица. Од нахијата Горна Преспа (Ресенско), Тошев го истакнал само вкупниот број, кој изнесувал 24 емигранти.[395] Покрај тоа, неколку „колумбовци“ Тошев забележал и во Охридската каза, од каде имало вкупно 4 емигранти, како и од Поречката каза, од каде заминале 8 емигранти.[396]

Од изнесеното може да се заклучи дека миграциските движења од османлиска Македонија кон Северна Америка започнале најпрво во селата, кои се наоѓаат на падините или во подножјето на планините Баба и Бигла, како и во некои села на Нередска планина. Најголемиот дел од емигрантите доаѓале од селата, кои административно припаѓале во Леринската и Битолската каза, а под влијание на овој бран миграциските движења започнале да се шират и во селата на западните падини на споменатите планини, во Костурската каза и Преспанската нахија. За ваквата географска поставеност на третираниот феномен придонеле емигрантските традиции во овој дел од Македонија и создавањето на скромни емигрантски мрежи во Америка во предилинденскиот период, но за засилениот интензитет на миграциите во одредени села придонел крвавиот крај на Илинденското востание. Емигрантското движење најпрво се проширило кон рамничарските села во Леринската каза и делумно во Битолската каза, при што најголемиот дел од емигрантите

[395] Ibid.
[396] Ibid.

тука доаѓа од селата, кои се наоѓале по должината на железничката пруга и главниот пат Лерин-Битола. Во Костурската каза движењето започнало најпрво во крајните северо-источни делови, кои граничеле со најпогодениот емигрантски регион во Леринската каза. Сепак, ова бил само почетокот. Додека А. Тошев внимателно ги собирал информациите за овој феномен, тој истакнал дека „нови 1000-1500 души се подготвувале да тргнат по истиот пат во месеците март и април“.[397] Впрочем, после катастрофата што му се случила на Битолскиот вилает, тие и немале што да загубат.

**1.4.** Илинденското востание ја сместило Македонија меѓу најневралгичните точки на Балканот и во Европа. Драматичната состојба, која владеела во Битолскиот вилает се нашла на насловните страници на многу весници во Европа и Америка, привлекувајќи го вниманието на слободољубивите луѓе низ целиот свет. Од друга страна, помпезно прогласените ветувања на Високата Порта за помош во обновата на разурнатите куќи се покажале како уште еден обид на властите во Цариград по проверен рецепт да ја надмудрат европската дипломатија, прикажувајќи дека ситуацијата е под контрола. Помошта, која и онака била премала за да се покрие штетата,[398] била делена селективно, а некаде и била проследена со најразлични уцени, поради што населението одбило да ја прими.[399]

Во таква ситуација, по примерот на некои европски метрополи, уште во септември 1903 година на територијата на САД започнале да се формираат комитети за помош и поддршка на македонското население.[400] Првите такви комитети се формирале во Њујорк и Филаделфија, а во нив членувале проминентни личности од американскиот општествен и културен живот.[401] Активноста на овие комитети резултирала со еден заеднички апел до американската јавност, насловен како „Плач од Македонија“ (*The Cry from Macedonia*).[402]

[397] Ibid.

[398] Високата Порта за покривање на штетите во Востанието издвоила од буџетот вкупно 37 000 турски златни лири, односно 800 000 франци. Дури и ако правилно биле распределени, што не било случај, овие пари претставувале сума од една до две лири за секоја изгорена куќа, што било недоволно за поправање на штетата. Поради овој факт, цивилните агенти, кои како резултат на Мирцштегските реформи ќе дојдат во Македонија безуспешно ја убедувале Портата да склучи заем со европски доверители во висина од 6 милиони франци, колку што според нивната проценка биле потребни за поправање на штетите. (Г. Тодоровски, Реформите на големите европски..., т.2, 195.).

[399] Х. Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, т.2..., 7-9.

[400] Христо Андонов-Полјански, Илинденското востание и меѓународната јавност, Мисла, Скопје, 1985, 131.

[401] М. Миноски, Соединетите Американски Држави и Македонија..., 59-60.

[402] Х.А. Полјански, Илинденското востание и меѓународната…, 276.

Меѓу потписниците на овој документ, со кој се повикува американската јавност да помогне во Македонија се нашол и градоначалникот на Њујорк, Сет Лоу.[403] Сличен комитет во ноември 1903 година бил формиран и во Бостон, а со него раководел самиот градски гувернер. Резолуција за македонското прашање била донесена дури и од страна на Панамериканската конференција на бискупите, одржана во октомври 1903 година, во присуство на делегати од САД, Канада и Индија.[404] На 24 ноември истата година и американските жени испратиле апел до европските кралици за да се застапат за помош на настраданите во Илинденското востание.[405]

Во ова „време на резолуции“, кон крајот на септември 1903 година се активирале и американските мисионери во Македонија. Тие најпрво се обратиле до американскиот дипломатски претставник во Цариград, Џон Лејшмен од кого побарале апел за помош на населението во Македонија да упати претседателот на САД, Теодор Рузвелт. Во својот извештај од 6 октомври 1903 година Лејшмен ја испратил информацијата до државниот секретар за надворешни работи Џон Милтон Хеј.[406] Истовремено, тие и самите испратиле апел до американската јавност, како и барање за помош до американскиот Црвен крст. Во акцијата за активирање на Црвениот крст покрај мисионерите во Македонија се вклучиле и неколку емигранти од Македонија, од редот на учениците на протестантската мисија. Имено, по проблемите, кои ги имал со османлиските власти и по завршувањето на Илинденското востание, во САД се вратил Константин Стефанов.[407] Според лондонскиот весник *Daily Mail*, Стефанов во Вашингтон дошол во октомври 1903 година како „агент на

[403] C. Stephanove, The Bulgarians and Anglo Saxondom..., 109. Пишувајќи го неговото дело во меѓувоениот период, Стефанов рефирирал на Сет Лоу како „поранешен градоначалник” на Њујорк, гледајќи очигледно од тогашна временска дистанца. Придавката „поранешен“ потоа била прифатена како таква од некои македонски автори. Сепак, станува збор за тогашниот актуелен градоначалник на Њујорк, кој во градоначалничката фотелја останал до 31.12.1903 година. (Х.А. Полјански, Илинденското востание и меѓународната…, 276.). Од комитетот во Њујорк се потпишале 15, а од комитетот во Филаделфија 14 интелектуалци.

[404] Х.А. Полјански, Илинденското востание и меѓународната…, 132.

[405] Х. А. Полјански, Односот на Соединетите Американски..., 82.

[406] Ibid. 81.

[407] К. Стефанов дошол во Македонија во февруари 1903 година и се вкучил во ослободителното движење. Поради таквите активности, во април 1903 година се нашол зад решетки, каде останал во следните шест месеци. Против него се водел судски процес во Разлог, каде тој бил обвинет за „поттикнување на селаните од округот Разлог против турската влада, за поседување фотографии на членови на востанички чети и за крстосување низ земјата со лоши намери“. За неговиот случај особено се заинтересирал американскиот вицеконзул во Солун, Лазаро, со чија помош и бил ослободен. (М. Миноски, Соединетите Американски Држави и Македонија..., 56, 151.; V. Sinadinoski, Macedonians in America..., 16-17.).

Македонскиот революционерен комитет“. Ваквата вест била цитирана и во извештајот, кој во Вашингтон го испратил генералниот конзул на САД во Цариград, Чарлс Дикенсон.[408] Сепак, недостасуваат други извори од редовите на Организацијата, за да може да се потврди или отфрли оваа теза. Американскиот печат во тоа време пишува дека тој имал средба со помошникот државен секретар Френсис Лумис, како и со претседателката на американскиот Црвен крст, госпоѓа Клара Бартон. Ако иницијативата на Стефанов не била пречекана со разбирање од страна на американската администрација, тоа не било случај со претседателката на Црвениот крст, која со искуството од сличните акции неколку години претходно во Ерменија прифатила да помогне.[409] Самиот дневен печат во САД исто така придонел за успехот на хуманитарната акција, преку специјални рубрики за донација. Само преку весникот *Christian Herald* биле собрани над 30 000 долари, кои биле испратени во Македонија.[410]

Вака собраната помош на терен во Македонија била распределувана од страна на протестантските мисионери во Македонија, како и од претставниците на Црвениот крст. Според еден извештај од англиска провиниенција, распределбата на помошта во Битола и Битолско започнала кон крајот на октомври 1903 година, под раководство на мисионерот Луис Бонд, додека во Ресенско помошта била распределувана од страна на мисионерот Хаскел.[411] Американските мисионери биле потпомогнати и од британска мисија, предводена од секретарот на Балканскиот комитет во Лондон, Хенри Ноел Брејлсфорд.[412] Понатаму, присутна била и една мисија на француските лазаристи, како и на милосрдните сестри од редот Св. Винсент де Пол.[413] Конечно, во декември 1903 година во Османлиската Империја пристигнала госпоѓа Клара Бартон, претседателката на американскиот Црвен крст, која од тој момент ја раководела акцијата за делење на помош на настраданите.[414]

---

[408] An Apel to America, Daily Mail, London, 14.10.1903.; М. Миноски, Соединетите Американски Држави и Македонија..., 155.

[409] Relief for the Macedonians. Red Cross Society to Extend Succor to the Suffering, Loup City Northwestern, 6.11.1903.; Х. Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, т.2..., 12. Не е познато дали Стефанов остварил средби со други претставници на американската администрација, како и исходот од тие средби.

[410] Х. А. Полјански, Односот на Соединетите Американски..., 83.

[411] Х.А. Полјански, Илинденското востание и меѓународната…, 132-133.

[412] Лондонскиот Балкански комитет бил создаден специјално во духот на иницијативата за помагање на населението во Битолскиот вилает. Истиот собрал вкупно 2400 фунти помош. (И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 460.).

[413] Х.А. Полјански, Илинденското востание и меѓународната…, 264.

[414] Х. Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, т.2..., 12.

Централното депо било во Битола, а територијата на Битолскиот вилает била поделена на девет реони. Од Битола биле испраќани долги карвани, составени од натоварени коли, кои крстосувале низ Битолскиот вилает, кон населбите во неговата внатрешност.[415] Во текот на акцијата биле поделени околу 15 000 покривки, големо количество на облека и храна, а биле отворени и неколку привремени болници.[416] На 21 јануари 1904 година весникот *The Globe-republican* објавил дека според извештаите на Американскиот совет на полномошници за странски мисии, добиени од терен, во пресрет на зимата 1903/4 година американска или англиска помош примиле над 100 000 жители на Битолскиот вилает.[417]

Се разбира дека присуството на мисионерите директно на теренот имало одредени позитивни психолошки ефекти кај населението. За жителите на оние села кои настрадале во Илинденското востание, мисионерите биле единствената надеж дека можат да ја преживеат зимата. Меѓутоа, не може да се каже дека сите инволвирани чинители во Вилаетот ги делеле истите погледи. Иако Високата Порта декларативно дала согласност за ваквите акции за помош и била прилично кооперативна во смисла на транспортот на храна и облека преку солунското пристаниште, во одредени места на теренот мисионерите се соочиле со систематска опструкција од страна на османлиските власти. Во таа смисла, прилично илустративен е примерот со привремената болница во Костур. Имено, според еден британски извештај отворањето на оваа болница било дочекано најпрво со отворено негодување од страна на османлиските власти, а потоа и со опструкции во работата на болницата, преку напади на жителите, кои се обидувале да дојдат до неа.[418] Словенечкиот весник Единост во ноември 1903 година, пак, регистрирал напад на османлиските трупи врз американски поданици, кои биле дел од хуманитарната акција. На страниците на весникот, настанот е опишан со зборовите „пред неколку дена тука во Битола, беа некои Американци, меѓу кои беше, исто така и една жена и тие им делеа помош на бедните селани. Кога дошле до османската касарна, Турците ги нападнале и ги претепале и им украле се што имале со

[415] Љубен Лапе, Нови документи за Илинденското востание, Илиндenski зборник 1903-1953, Скопје, 1953, 140.

[416] Привремени болници биле отворени во Костур и Охрид, со капацитет од 25 до 35 легла. Во нив биле прегледани 326 случаи. Болничките работи во Костур биле извршувани од страна на милосрдните сестри од редот на Св. Винсент де Пол. Во Битола била отворена болница со 21 кревет, која била во надлежност на американската мисија во градот. (Х.А. Полјански, Илинденското востание и меѓународната…, 264.).

[417] 100,000 Destinate, The Globe-republican, 21.01.1904.

[418] Х.А. Полјански, Илинденското востание и меѓународната…, 265.

себе. Таа работа ќе биде пријавена кај властите и споменатите војници ќе дојдат пред суд."[419] Позади ваквите активности на османлиската власт се криел страв од долгорочното задржување на овие болници.[420] Исто така, властите се обидувале постојано да и дадат на акцијата политичка или религиско-пропагандна ознака, тврдејќи дека се работи за класична агитација меѓу населението во корист на конфесионалните заедници и на туѓи државни политики. Но, имала ли османлиската власт реална причина да биде загрижена? Со оглед на тоа што во редовите на персоналот, кој помагал во Македонија имало британски, француски, американски и австриски членови, кои припаѓале на различни англикански, методистички, римокатолички и православни верувања, ставот дека се работело за агитација од религиозен карактер изгледа прилично неоснован. Понатаму, според одредени автори оваа хуманитарна акција во Македонија била искористена од страна на американските мисионери за советување на населението во насока на одење на печалба кон САД.[421] А. Близнаков исто така се согласува дека Црвениот крст на САД придонел во емигрирањето на населението од Македонија кон САД, но со назнака дека оваа нивна сугестија се случувала исклучиво од хумани побуди, со желба да му ги ублажат страдањата на измаченото население во погодените региони.[422] Сепак, иако оваа хуманитарна акција е споменувана во разни молби и поплаки,[423] кои населението ги испраќало до дипломатските претставници на засегнатите, но и на трети држави, не успеавме да пронајдеме изворно сведоштво дека таквата опција му била нудена на настраданото население. Исто така, овој фактор воопшто не се нашол меѓу бројните причини за напуштање на родниот крај, што македонските емигранти ги давале во разни истражувања, спроведени подоцна од страна на американските власти. Оттука, иако ја оставаме можноста за поединечни случаи, кои поминале под радарот на документацијата, дефинитивно може да се исклучи постоењето на одреден посериозен процес со политички карактер.

---

[419] Душан Христов Константинов, Битола и Битолско во Илинденската револуција на македонскиот народ – 1903, Завод за заштита на споменици, културни реткости и музеј Битола, Битола, 1983, 232.

[420] Ibid.

[421] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 10.

[422] Атанас Близнаков, Спомени за националната, политичката и културната дејност на Македонците во САД и Канада, Култура, Скопје, 1987, 16.

[423] Македонија меѓу автономијата и дележот, Зборник руска дипломатска документација 1894-1913, том. III, 1904, ред. Симон Дракул, Просвета, Куманово, 1996, 225-226.

**1.5.** Поради учеството во Илинденското востание и помагањето на истото, многу луѓе во востанатата територија се нашле на спротивната страна од османлиските закони. И покрај тоа што Високата Порта и дел од дипломатскиот кор во Македонија уште додека траела востаничката состојба давале одредени ветувања и гаранции за амнестија, во фунцкија на убедување на востаниците на демобилизација, патот до слободата бил долг и трнлив.[424] На многу активисти на Организацијата, поврзани на било каков начин со Востанието, им се заканувал затвор, тортури и смрт. Откако амнестијата била предвидена во Мирцштегската реформска програма во октомври 1903 година, од формално-правен аспект ова прашање било решено дури во април 1904 година, со договор меѓу Османлиската Империја и Бугарија, како главна бегалска дестинација, како и со султанско ираде од 13/26 април 1904 година, објавено во македонските вилаетски центри.[425] Со споменатата амнестија биле опфатени сите осудени затвореници, притворените, кои во османлиските затвори чекале делата да им бидат разгледани, политичките затвореници, како и сите кои од било која причина избегале во Бугарија или се криеле во планините.[426] За користење на амнестијата, компромитираните лица требало да се пријават пред локалната османска власт во најблиските градови во рок од 40 денови (сметано почнувајќи од 13 април), а потоа и да поминат низ специјална процедура за легализација, по што ќе добијат соодветна документација за враќање во родните места. Сепак, токму во овие услови за користење на амнестијата се забележувала неискреноста во намерите на османлиските власти. Имено, со вака поставената процедура Високата Порта имала намера да ги евидентира водачите на револуционерното движење, како и нивните бази, а потоа да ги протера од Империјата.[427] Поради ваквите понижувачки услови, иако амнестијата изгледала примамлива за дел од засегнатите лица, многу од нив ги препознале задните намери на власта. За зголемување на оваа недоверба придонесувала и самата османлиска држава, која додека траел периодот предвиден за предавање не прекинала да ги прогонува четите, имајќи го во предвид фактот што амнестијата се однесувала на прекршоците направени заклучно со денот кога истата била прогласена (13 април 1904). На тој начин, амнестијата постигнала одредени скромни

---

[424] Христо Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, т. 1..., 436.; Г. Тодоровски, Реформите на големите европски..., т.2, 201.

[425] В. Ѓорѓиев, Анастас Лозанчев..., 192.

[426] Од амнестијата биле изземени само учесниците во Солунските атентати. (Г. Тодоровски, Реформите на големите европски..., т.2, 201.).

[427] В. Ѓорѓиев, Анастас Лозанчев..., 193.

резултати во однос на репатрирање на еден дел од бегалците од Бугарија,[428] но истото не може да се каже во однос на припадниците на македонското револуционерно движење. На локалните пунктови за предавање не се појавила ниту една чета, а уште помалку некој од водачите на Организацијата.[429]

Во ситуација кога требало да бираат меѓу османлиските затвори, каде многу веројатно ги чекало страдање и амнестија под понижувачки услови проследени со можно протерување од Македонија, многу компромитирани елементи ги упатиле погледите кон Новиот свет и слободата, која ги чекала таму. Пристигнувањето на многу ветерани од Востанието во Америка не останало незабележано во тогашниот печат. Имено, два месеци по почетокот на Востанието, кореспондентот на весникот *The Des Moines Register*, со седиште во државата Ајова, во статија раскажува дека додека патувал со возот од Филаделфија кон Северна Дакота слушнал како десет македонски бегалци од редовите на востаниците се потсетуваат на бруталноста на османлиската војска во Востанието. Според статијата, сликите на „убиените деца, мачените другари и изгорените куќи“ ги плашеле бегалците воопшто да размислуваат за она што ги чека во родниот крај.[430] Сенката на Востанието ги прогонувала овие лица и во Америка. Имено, според истата статија, поради присуството на турската емиграција во градот Филаделфија, во страв од одмазда за настаните во Македонија. тие патувале на запад кон далеку посигурната Северна Дакота.[431] Веднаш по Востанието, меѓу емигрантите од преспанското село Герман се нашол и војводата Петар Христов-Германчето, кој веќе бил амнестиран непосредно пред Востанието, а во него учествувал како војвода. Тој останал во САД до 1905 година. Понатаму, пенсилванискиот весник *The Plain Speaker* во изданието, кое пред вратите на претплатниците се нашло на 21 октомври 1903 година пренесува приказна за пет млади емигранти од Македнија, кои во времето на Илинденското востание биле уапсени поради нивната поврзаност со востаничките активности на Организацијата.[432] Откако биле пуштени од притвор, во страв од повторно апсење, тие заминале најпрво во Бугарија, а од Бугарија одлучиле да одат подалеку од дофатот на османлиските власти – во Америка. Тие во октомври 1903 година пристигнале

---

428 Г. Тодоровски, Реформите на големите европски..., т.2, 209-210.
429 Ванчо Ѓорѓиев, Кралот на Блатото. Апостол Петков, ДАРМ, Скопје, 2013, 95-96.
430 To Dakota for a Husband, The Des Moines Register, 4.10.1903, 9.
431 Ibid.
432 Macedonian Refugees Arrive to This City, The Plain Speaker, 21.10.1903, 1.

во Њујорк, „без ниту еден цент во нив“.[433] Сличен пример бил регистриран и во Канада, каде во градот Торонто било забележано доаѓањето на еден „жестоко горд“ припадник на ТМОРО, кој пред да дојде во Америка поминал неколку дена во затворот во Лерин.[434]

*2. Немирни години (1904-1907)*

**2.1.** На меѓународен план Илинденското востание ги предизвикало Мирцштегските реформи. Имено, преку Илинденското востание, христијанското население во Македонија и ТМОРО, како негов предводник го истакнале незадоволството од својата положба и со тоа потполно ги депласирало Февруарските реформи, донесени во февруари 1903 година. На тој начин, македонското прашање било повторно актуелизирано на меѓународен план и започнала една долга дипломатска игра меѓу големите сили, кои раководени од своите политички интереси се групирале околу две концепции за реформи во Македонија.[435] Првата била предводена од Австро-Унгарија, во чија позадина стоела Германија и имала рестриктивен пристап по прашањето за реформи, а втората била автономистичка, за која најмногу се залагала Велика Британија.[436] При овие дипломатски игри, како држави чии интереси најмногу биле насочени кон Балканот, Австро-Унгарија и Русија го добиле во свои раце прашањето за реформи во Македонија. Во рамките на прелиминарните консултации меѓу големите сили, британскиот автономистички пристап не добил поддршка од другите големи сили, па на Македонија и се подготвувале реформи по рестриктивен терк. Од 30 септември до 3 октомври 1903 година, на највисоко државно ниво се сретнале претставници на Русија и Австро-Унгарија. Руската делегација била предводена лично од царот Николај II, кој бил придружуван од министерот за надворешни работи Ламздорф, а нивни домаќини биле австроунгарскиот император Франц-Јозеф и министерот за надворешни работи Голуховски. Средбите започнале во Виена, а потоа продолжиле во австриското гратче Мирцштег во покраината Штаерска.[437] На 2 октомври 1903 година во Мирцштег бил постигнат договор околу документот, наречен Мирцштегска реформска програма. Поради дополнително усогласување меѓу големите сили, документот за реформите и бил

[433] Ibid.
[434] L. Petroff, Sojourners and Settlers: The Macedonian Community…, 10.
[435] За дипломатските игри во однос на донесувањето на Мирцштегската реформска програма види: Г. Тодоровски, Реформите на големите европски..., т.2, 5-30.
[436] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 23-24.
[437] Г. Тодоровски, Реформите на големите европски..., т.2, 30-34.

претставен на Високата Порта на 22 октомври 1903 година, а истата начелно го прифатила еден месец подоцна.[438]

Главна новина во овие реформи е воведувањето на меѓународна контрола како гарант за спроведувањето на реформите. Тие предвидуваат именување на двајца цивилни агенти, по еден од Австро-Унгарија и Русија, со задача да го придружуваат Генералниот инспектор Хилми-паша, но и да му го насочуваат вниманието кон потребите на христијанското население и злоупотребите на власта. За смирување на земјата се предвидувала реорганизација на жандармеријата и полицијата со помош на странски офицери и под контрола на странски генерал, кој би бил во османска служба. За успешно спроведување на оваа мерка се предвидувало територијата на Македонија да биде поделена на сектори меѓу големите сили. Исто така, било предвидено дека откако ќе се констатира смирување на земјата да се изврши административна реорганизација за соодветно групирање на националностите. Со реформите била предвидена реорганизација на административните и правните институции со вклучување на христијани, формирање на мешовити комисии во вилаетските центри за испитување на поплаките и престапите за време на востанието, финансиска помош од Портата за ублажување на состојбата во најзагрозените делови на востанатата територија, како и ослободување од сите даноци за населението во опожарените села. Последната точка ја задолжувала Империјата да ги спроведе Февруарските реформи, да го распушти илавето и башибозукот и да забрани формирање на нови башибозучки одреди.[439]

Во текот на прелиминарните разговори, кои претходеле на донесувањето на Мирцштегските реформи, официјален Лондон не успеал да обезбеди поддршка од другите големи сили за својата автономистичка концепција за реформите. Од друга страна, поради обидите за минирање на реформите од страна на Високата Порта и неединството на големите сили по повеќе прашања, спроведувањето на Мирцштегските реформи било проследено со голем број проблеми. Во таква ситуација, во август 1904 година дотогашната македонска емиграција во САД се обидела повторно да го актуелизира прашањето за автономија на Македонија. Емигрантите најпрво се обратиле со петиција, потпишана од

[438] Ibid.
[439] Ванчо Ѓорѓиев, Реформи за мир или одлагање на конфликтот, 100 години од Балканските војни, Прилози од научниот собир одржан на 3-4 декември 2012 година, Скопје 2013, 115-116.

неколку илјади емигранти до Стејт Департментот, каде побарале присилување на Цариград да изврши реформи во Македонија.[440] Истовремено, Македонците во Филаделфија испратиле и еден апел до американското јавно мислење, каде се бара воведување на „вистински реформи, со давање на Македонците саканата автономија.“[441] Од Стејт Департментот се барало да се застапи за оваа идеја кај владите на големите европски сили. По повод овие барања, американскиот претседател Теодор Рузвелт и државниот секретар Хеј упатиле писмо до британската влада, со кое ги поддржале идеите за автономија на Македонија.[442]

**2.2.** Меѓународното актуелизирање на македонското прашање во врска со Мирцштегските реформи предизвикало вознемиреност во повеќе балкански главни градови. Имено, со зачестените идеи за автономија на Македонија, официјална Софија се плашела од евентуално решавање на македонското прашање, кое нема да биде во согласност со нејзиното димензионирање на споменатото прашање како бугарско.[443] Од друга страна, владите во Атина и Белград ја толкувале автономијата како победа на бугарската идеја во Македонија и нарушување на нивните државни интереси. Тие биле особено вознемирени поради силната инфраструктура на бугарската пропаганда на теренот во Македонија. Поради принудната активност на ТМОРО против преминувањето на села во рацете на Патријаршијата, во функција на спречување на нивната соработка со османлиските власти, Србија и Грција го третирале и македонското револуционерно движење како инструмент на бугарската пропаганда, отфрлајќи го неговиот македонски

---

[440] М. Миноски, Соединетите Американски Држави и Македонија..., 61-62.

[441] Х.А. Полјански, Илинденското востание и меѓународната…, 287.

[442] М. Миноски, Соединетите Американски Држави и Македонија..., 62.

[443] Прилично добра илустрација за сценариото, од кое се плашела Софија дал бугарскиот министер за образование Иван Шишманов. Во разговор со францускиот новинар Гастон Рутие и при една анализа на македонското прашање, есента 1903, министерот Шишманов рекол: „По десет години, ако Македонија стане автономна, таму нема да постојат ниту Бугари, ниту Срби, ниту Грци, ќе постојат само Македонци. Тие ќе имаат многу заеднички политички интереси, особено економски, што треба да ги создадат со својата неуморна работа, ако сакаат да бидат независни од државите што се понапредни од нив и чие производство би го уништило нивното. Како земјоделци, не ќе им биде воопшто од интерес да се спојат со земјоделските земји какви што се Србија и Бугарија; како индустријалци ќе сакаат да ја штитат својата индустрија која ќе биде против нашата; најпосле, тие ќе сакаат да ги задржат за себе местата на функционери во нивната администрација и на офицери во нивната војска. Значи, Македонија ќе биде независна и Македонците ќе останат Македонци. Ако Европа го мисли спротивното, таа греши, ако Бугарија смета на бугаризација на Македонците, тоа се илузии.“ (Македонија во делата на странските патописци, 1903, ред. Александар Матковски, Скопје 2007, 169-170).

карактер. Со ваквото толкување, тие уште повеќе ја зголемувале самодовербата на Софија и аспирациите на бугарскиот државен врв за освојување на поголем дел од Македонија.[444]

Повикот за активирање во Македонија, балканските претенденти на османлиска Македонија го виделе во третата точка од Мирцштегските реформи, според која „веднаш штом ќе се констатира извесно смирување во земјата, да се побара од османската влада промена во територијалното разграничување на административните единици *заради посоодветно групирање на одделните националности*."[445] Оваа одредба во пракса никогаш не била спроведена, а нејзините креатори се оградиле од неа,[446] но истата предизвикала вистинска катастрофа на територијата на Македонија. Имено, пропагандите на балканските држави во Македонија, за побрзо да постигнат предност на теренот во предвечерието на ова ново групирање на националностите, дотогашната црковно-просветна пропаганда ја замениле со нов, вооружен курс. Во периодот по Илинденското востание, тие започнале да организираат и испраќаат чети во Македонија, кои по насилен пат го принудувале населението да се изјасни во прилог на соодветните конфесионални заедници. Со ваквото погрешно толкување на милет системот, овие конфесионални заедници биле третирани како национални заедници.[447] Предноста, која овие чети би ја стекнале на теренот би се користела како дополнителен аргумент при создавањето на предвидените нови административни единици. На тој начин реформите, кои требало да донесат мир, се претвориле во креатор на еден сериозен вооружен конфликт во Македонија. Промената на курсот на грчката пропаганда во почетокот на 1904 година веќе добила организиран институционален облик,[448] а успесите на грчките андартски чети оделе на сметка на

[444] В. Ѓорѓиев, Кралот на Блатото..., 108.

[445] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том I, Скопје, 1981, 420.

[446] Во една официјална Нота, испратена во 1907 година до балканските држави, владите во Виена и Санкт Петербург истакнале дека третата точка од реформите била погрешно толкувана, бидејќи двете влади воопшто немале намера земјата да ја поделат на национални сфери. Германскиот државен советник Фон Киндерлен, пак, отишол чекор понатаму, истакнувајќи дека тој член „само по грешка е ставен во Програмата". (Види: В. Ѓорѓиев, Реформи за мир или одлагање на конфликтот..., 121-122).

[447] В. Ѓорѓиев, Кралот на Блатото..., 108.

[448] Идејата за грчката вооружена акција во Македонија била поставена на маса уште во 1902 година, во кругот на поранешниот грчки министер Стефанос Драгумис. Покрај него се нашле неговиот син Јон, потпоручниците Павлос Мелас и Георгис Цонтос, новинарот Димитриос Калопотакис, банкарот Петрос Серогулос и други. За претседател на преуредениот Елино-македонски комитет бил избран Калопотакис. Кон крајот на истата година, Јон Драгумис бил именуван за секретар на грчкиот конзулат во Битола. Веднаш по доаѓањето во Битола, Драгумис ги поставил основите на комитетот Амина (Одбрана), кој имал задача да ги „штити грчките општини од вековните непријатели". Ваквите идеи биле поддржани и од еден извештај од

бугарската пропаганда во Македонија. Покрај од грчката пропаганда, егзархиските села биле нападнати и од четите, што ги испраќала српската пропаганда и кои на еден или друг начин успевале да откинат по некое село од рацете на Егзархијата.[449] Во таква ситуација, Македонската револуционерна организација со принудната борба за спречување на ваквото насилно „екуменизирање" на селата застанала на иста линија со Бугарската Егзархија. Од друга страна, политичката проценка на османските власти била дека ваквото ослабнување на бугарската пропаганда било во согласност со нивните интереси и со принципот на Хилми-паша за црковно *status quo* во Македонија, па османските институции се однесувале исклучително толерантно кон грчките чети.[450]

Со промената на курсот на пропагандите, насилството во Македонија било повеќекратно зголемено, а за таа појава постоеле и дополнителни фактори. Имено, околу албанските кехаи, кои во текот на зимските месеци поради поволната медитеранска клима се спуштале во јужните делови на Македонија и постојните арнаутски субаши и падари се движеле и многу албански разбојнички чети, кои го тероризирале населението во овој дел на Македонија. Понатаму, за да избегнат повторување на Илинденското востание, врз основа на деценискoто искуство во борбите со ТМОРО, османлиските власти разработиле темелна и систематска стратегија за справување со четите на Организацијата, базирана на систем од постојан мониторинг на селата и активно преследување на четите преку специјални подвижни одреди.[451] Ваквото зголемено присуство на османлиската војска на

---

април 1904 година на група грчки офицери, кои по обиколката во Македонија заклучиле дека постојат објективни услови за вооружено дејствување во Македонија. Иако овој извештај го потпишале само тројца од четворицата офицери, кои биле на обиколката, тој бил доволен за грчката влада да ја започне оваа акција. При Елино-македонскиот комитет бил формиран Врховен совет од 12 редовни и 10 почесни членови, а на чело на неколку одделенија на овој комитет стоеле офицери на грчката армија. Покрај овој комитет, институционална поддршка на оваа „грчка македонска борба" давале и дипломатските претставништва на Грција во османлиска Македонија. (Види: В. Ѓорѓиев, Кралот на Блатото..., 113-116).

[449] Владимир Илић, Српска четничка акција 1903-1912, Библиотека оделења за историју, Филозофски факултет, Универзитет у Београду, Београд, 2006, 21.

[450] В. Ѓорѓиев, Кралот на Блатото..., 116.

[451] Во декември 1904 година биле испратени специјални Инструкции за должностите и активностите, како на подвижните, така и за неподвижните воени одделенија, кои требало да бидат распоредени во разни пунктови според потребите. Според тие инструкции, наведени во 24 точки, биле предвидени специјални подвижни одреди (не помали од 50 луѓе), кои требало да ги има секое воено одделение. Тие требало да ги преследуваат четите, заедно со потерите испраќани од градските гарнизони. Низ селата, пак бил поставен систем на караули за мониторинг. За користењето на овие системи, османлиската војска започнала да се обучува во рамките на реорганизирањето на жандармеријата под раководство на странски генерал, предвидена со Мирцштегските реформи. Таквите тактики, познати под името Blokhavz биле наследени од британските тактики, користени при Бурските војни. За извршување на оваа задача во Македонија биле испратени четири генерали, распоредени по еден во секој вилает и еден наменет специјално за Серскиот

теренот, како и секогаш било проследено со зголемување на притисокот и насилството врз локалното население. На тој начин во Македонија се создала ситуација на една општа несигурност. Според извештаите на австриските конзули, како резултат на борбите меѓу четите, само во 1904 година загинале околу 350 лица, а во 1905 година околу 690 лица.[452] Според австриските извори, најголем број убиства извршиле припадниците на грчките чети. Речиси и да не останало село во Леринско и Костурско, каде не се случиле убиства и борби. За справување со бројните меѓусебни политички убиства, во вилаетските центри биле формирани вонредни судови. Сепак, со оглед на тоа што пресудите во тие судови биле креирани во политичката кујна на османлиските власти, така што четниците на ТМОРО биле редовно осудувани на максимални затворски казни, а андартските четници биле ослободувани или добивале минимални затворски казни, тие пресуди само генерирале нови судири.

**2.3.** Ваквата тешка политичка ситуација во Македонија не можела да не влијае врз интензитетот на миграциските движења. Всушност, многу извештаи на дипломатските претставници во тоа време во Македонија, како и бројни светски весници ги посочуваат токму четничките борби во Македонија како главна причина за емиграцијата во периодот 1904-1907 година. Така, австрискиот генерален конзул во Солун, Бохумил Пара, во 1906 година оценил дека „*вистинската причина за појавата* [на миграции б.н.] *лежи во безнадежните политички прилики, во стравот од прогонување од власта и од репресалиите од четите*“.[453] Слична констатација како Пара имал и рускиот конзул во Битола, кој во една негова исписка до своите претпоставени забележал дека „*како главен повод за емиграцијата се јавуваат не причини од економски карактер, туку неподносливиот живот на селанецот-Македонец при постоечките услови: Земјата е покриена со мрежа од револуционерни банди, што сестрано ги угнетувааат селаните; војските испратени заради прогонување на бандите, од своја страна ја ограбуваат и ја разнебитуваат земјоделската класа и најпосле албанските разбојници вршат налети и го*

---

санџак. (За ова види: Ванчо Ѓорѓиев, ВМРО 1904-1908 – поглед низ документи, Тримакс/ФЗФ, Скопје, 2020, 183-186.; Mesut Uyar, Edward J. Erickson, A military history of the Ottomans from Osman to Atatürk, ABC-CLIO, Santa Barbara, California, 2009, 216.; В. Ѓорѓиев, Кралот на Блатото..., 143-146).

[452] Австриски документи за историјата на македонскиот народ (1905-1906), т. I, Архив на Македонија, Скопје, 1977, XVIII-XIX.

[453] Австриски документи за историјата..., т.1, 196.

*отеруваат добитокот*“.[454] Во август 1906 година, пак, цариградскиот кореспондент на њујоршкиот весник *The Sun* забележал дека „*поради несигурната ситуација селаните или веќе емигрирале или драстично ги намалиле земјоделските активности, со намера да емирираат.*“[455] Една година подоцна, во август 1907 година во весникот *New York Tribune* исто така читаме дека поради колежите, што ги вршеле грчките андартски чети „*сите преживеани лица решиле да емигрираат, главно во Америка.*“[456]

Што се однесува до бројките, различни автори даваат различен број на емигранти во овие години, при што ниту еден од авторите не понудил методологија, врз основа на која дошол до бројките, па поради тоа не постои можност за друг тип на анализа на овие бројки, освен нивната споредба. Еден од најцитираните автори во таа смисла е Ѓорче Петров, кој во неговата статија за емигрирањето кон Америка истакнал дека во 1904 година заминале 9-10 000 лица, во 1905 година 10-12 000 лица, а во 1906 година 15-16 000 лица.[457] Според рускиот конзул во Битола, пак, бројот на емигранти кон Америка во овој период бил значително помал. Така, тој истакнал дека бројот на емигранти во 1904 година изнесувал околу 3 000 лица, во 1905 година изнесувал околу 7 000 лица, а во 1906 година изнесувал околу 15 000.[458] Што се однесува до 1907 година, тој истакнал дека „во овој миг земјата секојдневно ја напуштаат по 200 до 300 души.“[459] Австриските извештаи за емигрирањето во споменатиот период се движат некаде помеѓу двете бројки, со тоа што се поблиски до бројките од извештајот на рускиот конзулат во Битола. Така, според еден австриски извештај, во 1904 година бројот на емигранти кон Америка изнесувал околу 5000 лица, а заклучно со 1906 година кон Америка заминале најмалку 25 000 лица.[460] Емигрирањето

---

[454] Македонија меѓу автономијата и дележот, Зборник руска дипломатска документација 1894-1913. т. V (1906-1907), ред. Симон Дракул, Просвета, Куманово, 1998, 322.

[455] Laying Macedonia Waste, The Sun, 12.08.1906, 5.

[456] More Macedonian atrocities, New York Tribune, 13.08.1907, 6.

[457] Г. Петров, Емигрантското движение...., 4. Глигор Тодоровски веројатно направил грешка при цитирањето на статијата на Ѓорче Петров, кога истакнал дека според Ѓорче Петров „во 1904 година тој број [на емигранти б.н.] се зголемил на 12 000, а бројот на иселени бил уште поголем во 1906 година.“ Во својата статија за 1904 година Ѓорче Петров дава број од 9-10 000 лица, а бројката од 10-12 000 ја дава за 1905 година. Сепак, со оглед на тоа што во цитираната реченица кај Г. Тодоровски после 1904 стои 1906 година, а не 1905 година, а бројот на емигранти одговара на бројот од 1905 година, може со голема веројатност да се претпостави дека се работи за грешка од технички карактер, кога авторот наместо 1905 напишал 1904 година. (Глигор Тодоровски, Македонското прашање и реформите во Македонија, Култура, Скопје, 1989, 207).

[458] Македонија меѓу автономијата и дележот...,т. V, 322.

[459] Ibid.

[460] Австриски документи за историјата..., т.1, 158. Според овој извештај Битолскиот вилает имал население од 1 милион жители, па овие 25 000 емигранти биле само 2,5% од вкупното население. Овој податок

било во епизодна форма забележано и во многу други дипломатски извештаи. Според еден британски извештај само во текот на април 1904 година од Битолскиот вилает кон Америка заминале 151 лица.[461] Понатаму, емигрантите од Македонија биле забележани и во Италија. Имено, управникот на бугарското трговско агентство во Рим на 23 септември 1904 година го известил своето Министерство за надворешни работи дека во периодот август-септември 1904 година преку Неапол кон Америка заминале 180 емигранти, при што најголемиот дел од нив доаѓале од Костурско, Леринско и Ресенско.[462] Имајќи ги во предвид сите овие бројки, сметаме дека податоците на францускиот конзул во Битола, кој зборува за 30 000 емигранти од Битолскиот вилает само во 1906 година, како и други податоци, кои зборуваат за 50 000, па дури и 100 000 емигранти само во периодот меѓу 1905 и 1907 година значително отстапуваат од динамиката на емигрирање и не одговараат на реалноста.[463]

Единствениот дипломатски извештај, кој овозможува подетално следење на миграциските движења на теренот во Македонија до 1905 година, повторно го содржи потписот на бугарскиот трговски агент Андреј Тошев. Тој со писмо на 14 март 1905 година го известил својот министер за надворешни работи дека во последните неколку месеци пред 1 март 1905 година вкупно 1140 емигранти го напуштиле Битолскиот вилает. Центарот на емигрантското движење останал во Леринско, каде од 38 села кон Америка се упатиле 657 емигранти. Притоа, повторно главната концентрација на емигранти била во селата Буф и Арменско, со тоа што се зголемил бројот и во други села, како селото Неволјани, кое било сериозно зафатено од андартски напади во 1905 година.[464] Поради високиот број на емигранти, во Леринската каза многу често се забележува групно мигрирање. Така на пример, на 1 март 1905 година било забележано заминувањето кон Америка на 19 лица од селото Арменово (Леринско), а приближно во исто време организирано заминале и 9 лица од селото Борешница (Леринско).[465] Од нахијата Долна Преспа, 14 села испратиле преку Атлантикот вкупно 242 емигранти, а од Горна Преспа (Ресенско) од 5 села кон Америка

е прилично застапен во литературата од странска провиниенција. (G. Demeter, Agrarian Transformations in Southeastern Europe...194.; Fikret Adanır, Die makedonische Frage…, 41).

[461] Британски документи за историјата на Македонија, т.6, 1901-1904 (вовед и редакција Александар Трајановски, избор и превод Зорица Божиновска), ДАРМ, Скопје, 2012, 526.

[462] В. Трайков, История на българската емиграция..., 20.

[463] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 25, фуснота 10.; Алберт Сониксен, Исповед на еден македонски четник, Култура, 1997.

[464] Ibid.

[465] Миграционни движения на Българите 1878-1912, т. 1, София 1993, 314, 397.

заминале вкупно 25 емигранти. Костурската нахија ја напуштиле вкупно 63 емигранти од 7 села, при што речиси половината биле од селото Желево, од каде само во 1905 година 30 лица заминале во Торонто. Од Битолската нахија, во овие неколку месеци од вкупно 21 села на гурбет во Америка заминале вкупно 153 емигранти.[466]

Во текот на 1905 и 1906 година, евидентно е дека миграциските движења се интензивирале и во други региони од Битолскиот вилает, каде дотогаш немало позначаен број емигранти. Така, во Охридско миграциските движења се засилиле во 1905 година, а веќе следната година силно зафатена била и Прилепската каза.[467] Состојбата во Прилепската каза била анализирана во еден извештај од руска провиниенција од 8.10.1906 година, каде се наведува дека населението од нахијата Мариово било предводник на овој миграциски бран, бегајќи „*под теророт на грчките банди*". Според истиот извор, во целата Прилепска каза во последната [1906] година емигрирале кон Америка 2 000 лица, со тенденција бројот да се зголеми во пресрет на зимата 1906/7 година.[468] Понатаму, бугарскиот трговски агент во Солун, Пеев на 10.11.1906 година известува дека емигрантскиот бран се засилил и во Воденско, каде од почетокот на јули до 1 октомври 1906 година кон Америка емигрирале 105 лица, од градот Воден и селата Месимер, Владово, Луковец, Чеган, Острово, Вулканово и Жерви.[469] Истовремено, во текот на овие две години бројот на емигранти бил зголемен и во традиционално емигрантските кази на Вилаетот. Така, на 29 април 1906 година заменикот цивилен претставник на Австро-Унгарија, Опенхајмер го известил австроунгарскиот министер за надворешни работи Голуховски дека во годината 1321 (март 1905-февруари 1906) само од Битолската каза заминале 2 500 лица, што претставувало зголемување во споредба со претходната 1320 (март 1904-февруари 1905) година, кога од казата заминале околу 1 000 лица.[470]

[466] В. Трайков, История на българската емиграция..., 20.

[467] Г. Петров, Емигрантското движение...., 4.

[468] Македонија меѓу автономијата и дележот..., т. V, 176. Според Дино Ќосев, од Прилепско годишно заминувале во туѓина 5000 души, од кои 65% оделе во Америка. Ваквата бројка, која во апсолутна вредност за Америка би изнесувала 3250 лица не може да се потврди со друг извор и изгледа преувеличена. (Дино Г. Кьосев, История на македонското национално революционно движение, Национален съвет на Отечествения фронт, София, 1954, 100).

[469] В. Трайков, История на българската емиграция..., 20.

[470] Австриски документи за реформската акција на европските големи сили во Македонија 1903-1909 (предговор и редакција Михајло Миноски, избор на документи и превод Ѓорѓи Стојчевски, ДАРМ, Скопје, 2002, 292.

Во меѓувреме, состојбата во Македонија, а особено во Битолскиот вилает на безбедносен план воопшто не покажувала знаци на подобрување. Напротив, емигрантите кои заработиле пари и сакале да се вратат во родниот крај често повторно се соочувале со причината, поради која заминале во Америка. Во таа смисла прилично е илустративен еден пример од Костурско, кој датира од 1904 година. По неколкумесечниот престој во САД, Петко Јанев се вратил во родното село Буф. Селото на 22 мај било нападнато од четата на Коте од с. Рулја, кој како платеник на костурскиот митрополит Германос Каравангелис долги години го тероризирал населението во околните села.[471] Притоа, Коте го фатил Петко Јанев и откако ги измачувал сите членови на неговото семејство, успеал да му ги одземе сите 79 лири, кои Јанев ги заработил во Америка.[472] Иако овој настан подоцна бил еден од ретките примери, каде османлиските истражни и судски органи биле на висината на задачата,[473] тој само ја покажува катастрофалната безбедносна состојба во овие делови на Македонија.

**2.4.** Скопскиот вилает бил втор македонски вилает, каде во поилинденскиот период биле забележани миграции кон Америка. Според бугарскиот трговски агент во Скопје, Тодор Недков, овие миграции биле главно мотивирани од економските прилики во Вилаетот и не биле поврзани со политичката и безбедносна состојба во Македонија, како во случајот со миграциите од Битолскиот вилает. Во еден извештај, испратен на 20 април 1907 година до министерот за надворешни работи и верисповед на Бугарија, Димитар Станчов, Т. Недков истакнува дека според неговите истражувања, емигрантите оделе на две-три години со намера откако ќе заработат пари да се вратат и едни да си купат земја, а други да ги засилат своите занаети.[474] За зголемување на економските проблеми на населението од овој дел на Македонија, значајна улога имала и една природна катастрофа. Имено, во април 1904 година, североисточниот дел од Скопскиот санџак бил погоден од еден од

[471] М. Пандевски, Македонското ослободително дело...т.5., 27.

[472] Според Х. Силјанов сумата која била одземена од Јанев изнесувала 75 лири. Меѓутоа, самиот Петко Јанев во својата жалба до цивилните агенти на Русија и Австро-Унгарија истакнал дека сумата изнесувала 79 лири. (Х. Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, т.2..., 230.; Македонија меѓу автономијата и дележот..., т. III, 254).

[473] Ограбениот Петко Јанев подоцна поднел жалба до валијата, по што на 9 јуни 1904 година војската го опколила селото Рулја. Според старото андартско правило, Коте се предал без отпор заедно со уште пет четници, но за негово изненадување по престојот во битолскиот затвор бил осуден како разбојник и обесен на плоштадот Ат-пазар во Битола во 1905 година. (Х. Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, т.2..., 230).

[474] В. Георгиев, С. Трифонов, История на Българите 1878-1944 в документи, т.1, 200.

најсилните регистрирани земјотреси во историјата. Земјотресот уништил над 2 000 куќи, од кои најголемиот дел се наоѓале во Скопскиот санџак.[475] Според Т. Недков во Вилаетот постојано пристигнувале писма, во кои Америка се претставувала како ветена земја.[476] Сите предупредувања за лошите климатски услови во тие делови на планетата не го загрижувале никого. Впрочем, проблемите со кои секојдневно се соочувало населението во Македонија не оставале простор за грижи во поглед на различната клима.

Податоците за вкупниот број на емигранти од Скопскиот вилает повторно се проследени со големи разлики. Според Недков, вкупниот број на емигранти од Скопскиот вилает во 1906 година не надминувал 400 лица, главно Срби од Призренско, Митровица и Приштина, неколку Власи од Митровица и Вучитрн и католички Албанци од Липљан. Од македонските делови на Скопскиот вилает, од Гостиварско, Тетовско, Скопско, Радовишко и Велешко емирирале околу 80 лица, што било значително зголемување од претходните години, кога од овие делови на Скопскиот вилает годишно емигрирале 10 лица.[477] Понатаму, според Р. Пињон, во периодот од 1 јануари до 1 ноември 1907 година од територијата на Скопскиот вилает кон Америка заминале вкупно 2 500 емигранти.[478] Со оглед на тоа што зад сите овие бројки се крие нејасна методологија, вистината е веројатно некаде помеѓу. Имено, ако ги прифатиме податоците на Недков и Пињон, тоа би значело дека во само една година бројот на емигранти се зголемил за шест пати, што не одговара на општата динамика на емиграцијата во Македонија. Од друга, според пресметките на Бугарската Егзархија, кои истата ги испратила во едно писмо до бугарската влада од 10.09.1907 година, од 1902 до 1907 година само од Скопската епархија емигрирале вкупно 8 900 лица.[479] Сепак, сметаме дека овие податоци треба да се третираат во контекст на барањата, кои Егзархијата често ги повторувала до бугарската влада, за поголема финансиска поддршка на црковните работи во Америка (Глава VII) и како такви се тенденциозно зголемени.

---

[475] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 138. За земјотресот види: Nicholas S. Ambraseys, The Kresna earthquake of 1904, Annali Di Geofisica, 44/1, 2001, 95-117.

[476] В. Георгиев, С. Трифонов, История на Българите 1878-1944 в документи, т.1, 200.

[477] В. Трайков, История на българската емиграция..., 17-20.

[478] René Pinon, L'Europe et l'Empire Ottoman : Les aspects actuels de la question d'Orient, Perrin et Cie, Paris, 1908, 227.

[479] Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 19.

## *3. Македонската револуционерна организација (МРО) и емигрантското движење кон Америка*

**3.1.** По завршувањето на Илинденското востание, во редовите на Македонската революционерна организација дошло времето да се извлечат поуките. Притоа, на површина избиле сите недостатоци на централистичката поставеност на Организацијата и се поставиле прашањата за нејзина демократизација. Така, периодот од крајот на 1903 до Рилскиот конгрес во октомври 1905 година бил исполнет со низа средби, советувања, околиски и окружни конгреси, при што главна тема било идното уредување на Организацијата.[480] Во текот на овие дискусии дошле до израз различните ставови на главните дејци во Организацијата по многу клучни прашања. Лишени од дотогашниот авторитет, многу големи имиња во Организацијата се нашле во меѓусебна борба и се одлучиле за непринципиелни коалиции. Ваквите постапки редовно оделе на сметка на кохезијата, а во прилог на продлабочување на кризата, која се појавила во македонското ослободително движење.[481] Од друга страна, поради напливот на чети на странските пропаганди, како и османската офанзива за лов на чети, предводена од дури четири генерали, периодот по Илинденското востание за Организацијата бил исполнет со голем број удари и кадровски загуби.

Во овие тешки години, емиграцијата кон Америка се појавила како уште еден удар врз моќта на Организацијата. Илјадниците емигранти, кои го преминале Атлантикот биле млади луѓе, односно доаѓале од редовите на најпогодниот елемент за револуционерна борба. Во ситуација на меѓусебни поделби, бројни кадри изгубени во Востанието или сместени во османлиските затвори, оваа загуба на човечкиот потенцијал била силен удар за мрежата на Организацијата.[482] Овој проблем на Организацијата не останал под радарот на странските дипломатски претставници во Македонија. Рускиот конзул во Битола уште во февруари 1904 година ја вброил емиграцијата кон Америка како една од причините за очекуваниот неуспех на Организацијата да организира ново востание во текот на таа

[480] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 347-408.
[481] Ibid. 363.
[482] Манол Пандевски, Македонското ослободително дело во XIX и XX век, т.3, Мисла, Скопје, 1987, 77.

година.[483] Понатаму, како што во 1905 и 1906 година се засилувала четничката борба и сè повеќе млади луѓе ја завршувале „кариерата на четник" одејќи во Америка, проблемот бил уште позабележителен. Според еден податок, во пролетта 1905 година, вкупно 80 „*бугарски четници*" емигрирале во САД, оставајќи го отворен патот за грчки чети во Македонија.[484] Една година подоцна, во еден извештај од 8.5.1906 година, рускиот конзул во Битола забележал дека меѓу причините за намалување на активноста на четите на Организацијата било и „*отсуството на млади луѓе, што емиграцијата во Америка ги одвлекува*."[485]

**3.2.** Во емигрантскиот бран кон Америка по Илинденското востание се нашле многу припадници на Организацијата и активисти поврзани со организационата мрежа. Во услови на жесток притисок од страна на османлискиот репресивен систем во периодот 1904-1907 година, многу луѓе ги насочиле погледите кон Новиот свет. Така, откако при една провала во Воденско во 1907 година, османските власти успеале да пронајдат 526 шифрирани писма и откако успеале да ги дешифрираат, тргнал жесток прогон кон лицата, кои се споменувале во писмата. Како резултат на ваквиот притисок, во разни села биле пронајдени уште 200 други писма. Притоа, зад решетки се нашле околу 60 лица, но постапка била започната против уште 100 други лица, кои додека траело дешифрирањето на писмата заминале во Америка, па османлиските власти ги чекале да се вратат. Меѓу емигрантите често се наоѓале дури и блиски роднини и пријатели на револуционерите. Имено, кога по една валкана игра во Организацијата, на 23 март 1906 година во судир со османските потери кај с. Паралово загинал Ѓорѓи Сугарев, кај него било најдено писмо со адресата на извесен Михаил Наумов. Кога Наумов бил приведен и изведен пред суд, тој докажал дека всушност преку неговата адреса Сугарев ги добивал писмата од неговиот брат, кој емигрирал во Америка.[486] Според една кратка судска хроника на судовите во Битола, Наумов пред судот изјавил дека фатеното писмо било испратено до мајката на браќата Сугареви, но дека не знае како истото завршило во облеката на војводата. Притоа, како докази тој понудил и други такви писма, а за својата соработка со Сугарев бил осуден на четири години затвор.[487] Од друга страна,

[483] Македонија меѓу автономијата и дележот, т. III..., 46.
[484] Κωνσταντίνος Βακαλόπουλος, Μακεδονικός αγώνας (1904 - 1908) η ένοπλη φάση, Μπαρμπουνάκης, Θεσσαλονίκη, 1987,
[485] Македонија меѓу автономијата и дележот, т.V..., 54.
[486] Ibid. 280-281.
[487] Ibid.

видно разочаран од предавството, кое му се случило на Сугарев, кон Америка решил да емигрира и учителот Сандо од Битола, близок пријател на Ѓорѓи Сугарев.[488] Понатаму, меѓусебните судири во Организацијата го чинеле живот и Диме Кондов, раководител на Организацијата во прилепското село Мажучиште. Тој бил убиен заедно со неговите двајца браќа, кои штотуку биле вратени од Америка.[489] А. Сониксен известува дека во неговиот роден град Сан Франциско во Америка бил и братот на „месниот претседател во Битола“.[490] Откако во септември 1910 година бил уапсен во една акција на османската власт во Прилеп, Петар Ацев бил осуден на доживотен затвор и префрлен на островот Родос.[491] Во 1911 година, Ацев добил амнестија и бил ослободен од заточеништво. Според исказите од неговите наследници, кои ги собрал К. Пунтески, зад ослободувањето на Петар Ацев се криел рушвет од сто златни наполеони, кој го платил братот на Петар Ацев, Дончо.[492] Спомените на Петар Ацев откриваат дека неговиот брат бил заминат во Америка пред Хуриетот, па иако од таму „многу ретко испраќал малку пари“ во овој случај му помогнал на неговиот брат, заедно со Димко Брдарот и Видан Форцата да се ослободат од заточеништво.[493]

Свесна за потенцијалот на американската емиграција Организацијата уште во предвечерието на Илинденското востание, кога емиграцијата кон Америка се сведувала на економските мигранти и протестантските ученици се обидела да стапи во контакт со емигрантите. Тогашниот американски печат пишува дека македонските емигранти во Чикаго формирале еден полк од доброволци, кои требало да заминат во Македонија за да им помогнат на востаниците. Според Лазар Плавев, токму тој во текот на Илинденското востание добил задача од Петар Поп Арсов да оди во Америка и таму да ги организира емигрантите и да собира помош.[494] Иако за овој конкретен податок немаме потврда од други извори, Плавев е втор човек, кој тврди дека заминал во Америка како претставник на

---

[488] Albert Sonnichsen, Confessions of a Macedonian bandit, Duffield and Company, New York, 1909, 94-95.

[489] Георги Трайчев, Принос към историята на революционното дело в Македония (Прилепско), София, 1925, 48-49.

[490] A. Sonnichsen, Confessions of a Macedonian bandit…, 96-97.

[491] Михајло Миноски, Петар Ацев, УКИМ/ФЗФ, Скопје, 2016, 187-191.

[492] Киро Пунтески, Револуционерната дејност во Прекурид (крај на XIX - почеток на XX век), Зб. Прилеп и Прилепско 1893-1908, ред. Крсте Битоски, Прилеп, 1991, 94, фуснота 24.

[493] Петар Ацев, Спомени, Пловдив, 1937, 219.; К. Пунтески, Револуционерната дејност во Прекурид..., 94 фуснота 24.

[494] Х. А. Полјански, Односот на Соединетите Американски..., 86.

Организацијата, по Константин Стефанов. Ако за споменатите двајца немаме потврда од изворни документи, може да се потврди дека по Илинденското востание, задграничните претставници на ТМОРО, Христо Матов и Христо Татарчев го испратиле во Америка разлошкиот војвода Иван Радулов.[495] Неговата посета била забележана во една статија, објавена на 23 март 1904 година во весникот *New York Times*, каде се известува дека *„приврзаниците на македонската кауза"*, меѓу кои имало неколку претставници од протестантскиот и католичкиот клер, се сретнале во градот Оринџ во Њу Џерси за да разговараат за идејата на емигрантите за собирање пари и формирање на милиција, која ќе се бори против османлиските потери во Македонија.[496] Според споменатата статија, на состанокот се обратил претставник од Македонската револуционерна организација, кој тврдел дека им се придружил на емигрантите за да побара финансиска помош од црковниот и политички естаблишмент во САД. Всушност, се работи за Иван Радулов. Тој исто така тврдел дека таква поддршка веќе била обезбедена од шкотскиот писател Артур Конан Дојл, од Надбискупот од Кентербери, како и од тогашниот член на францускиот сенат, Жорж Клеменсо. Во статијата на „Тајмс" било забележано дека „*Македонците имале план да подготват 50 000 мажи*", но дека поради малата емиграција во Америка таквата намера се покажала како претерано амбициозна.[497] Меѓу оние емигранти, кои одржувале врски со Организацијата во Македонија биле и Димко Ачковски од Прилеп и Божин Бранов од с. Буф, кои разнесувале пропаганден материјал во корист на Организацијата.[498] Понатаму, И. Јосманоглу споменува една преписка на локален лидер на Органиазијата со „македонски селани" во 1905 година, кога тој им се заканува дека доколку ги предадат идеалите на Организацијата да не мислат дека можат да се скријат во Америка затоа што, како што тој запишал *„ние имаме луѓе и таму"*.[499] Во 1907 година овие активности на членови на Организацијата во САД се нашле и на судски процес. Имено, според весникот *The Richmond Palladium*, кој излегувал во градот Ричмонд во сојузната држава Индијана, случајот на две лица, кои вршеле изнуди во име на Организацијата бавно напредувал низ судските органи

---

[495] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 183.

[496] "Macedonian Junta to be formed here", New York Times, 23.03.1904, 16.

[497] Ibid.

[498] K. Brown, Loyal unto Death. Trust and Terror…, 69.

[499] İpek K. Yosmaoğlu, Counting Bodies, Shaping Souls: The 1903 Census and National Identity in Ottoman Macedonia, International Journal of Middle East Studies, 38/ 1, 2006, 62.

во Индијанаполис.[500] Потврда за помошта, која Организацијата ја добивала од Америка се и парите, кои ги добивал околискиот комитет во Прилеп за помош на затворениците од редовите на Организацијата и за обезбедување на пушки, собрана од прилепските емигранти во Америка.[501] Понатаму, во една изјава од 1908 година поврзана со злоупотребите на Законот за работни односи, еден американски инспектор за имиграција поголемиот број имигранти од Македонија ја поддржуваат нивната *„револуционерна партија"*.[502]

**3.3.** Иако некои од нејзините членови покажале лојалност кон Организацијата и од другата страна на Атлантикот, емигрирањето несомнено и нанесувало повеќе штета на Организацијата, отколку корист. Но како таа реагирала во однос на ова прашање? Во неговата книга, издадена во 1908 година, Р. Пињон истакнал дека емиграцијата не ја правела несреќна ниту една страна во Македонија. Притоа, бенефитите на Организацијата Пињон ги видел во тоа што „комитаџиите единствено дозволувале емиграција откако ќе се плати такса од 20 франци по човек во селата и 10 франци во градовите.[503] Кон неговиот став дека Организацијата наплаќала за емигрирањето се приклучил и Џ. Прпиќ,[504] а Б. Гунарис, исто така врз база на Пињон заклучил дека Организацијата морала да преземе мерки против емигрирањето. Притоа, тој истакнал дека сумата што требало да им се плати на локалните раководители на Организацијата била најпрво нешто помалку од половина фунта, потоа била зголемена на една фунта, па потоа на две фунти.[505]

Меѓутоа, овие тврдења се во спротивност со податоците, кои ги наоѓаме во некои извештаи на дипломатските претставници во Македонија, како и во самите документи на Организацијата. Имено, во своето писмо од 22.04.1904 година, австроунгарскиот конзул во Битола, Аугуст Крал го известил своето Министерство за надворешни работи дека во Битолскиот вилает постоело *„силно движење за иселување на работоспособни млади Бугари за Америка, бројот на кои сега е покачен до 5 000 луѓе, а од Комитетот воопшто не се прават пречки"*.[506] Понатаму, Битолскиот окружен комитет на 13.05.1906 година испратил

[500] "The Bulgarian Blackmail Case at Tierre Haute, Not Progressing Very Rapidly", The Richmond Palladium, 9.3.1907, 8.
[501] Г. Трайчев, Принос към историята на революционното дело..., 48.
[502] K. Brown, Loyal unto Death. Trust and Terror…, 69.
[503] R. Pinon, L'Europe et l'Empire Ottoman..., 227.
[504] G. Prpic, South Slavic Immigration in America… 215.
[505] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 142-143.
[506] Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници..., 172.

едно писмо до околиските комитети во Округот, со кое ги проследил до нив инструкциите, кои ги добил од Централниот комитет на Организацијата. Во деветтата точка од ова Окружно читаме: *„да им се дозволи на работниците да емигрираат во Америка, притоа да ги исполнуваат тамошните изискувања на Организацијата, да се спроведува агитација и да се убедат, дека не треба да се емигрира кон Бугарија, Србија, Влашко и сл“.*[507] Исто така, како што веќе истакнавме, на пат преку Атлантикот се нашле и многу членови и активисти на Организацијата, како и голем број блиски роднини и пријатели на нејзините истакнати членови, што не би било реално да се очекува ако Организацијата била против емигрирањето во Америка. Според тоа, за нас се неприфатливи тезите дека Организацијата наплаќала такса за емигрирање во Америка и на тој начин го компензирала губењето на човечкиот потенцијал. Очигледно, Организацијата се задоволувала со задржувањето на лојалноста на нејзините активисти и нивната работа во Америка во корист на делото. Од друга страна, јасно е дека Организацијата била против емигрирањето низ балканските емигрантски дестинации, од каде многу емигранти се враќале како експоненти на странска пропаганда, но и тоа прашање се обидувала да го реши преку убедување, а не преку такси и даноци од кои материјално би профитирала.

### *4. Америка во криза (1907-1908)*

**4.1.** Како резултат на пирамидалното поврзување на американските банки и недостатокот на регулатива во однос на монетарната политика во периодот пред воведувањето на системот на федерални резерви (1913 г.), пропаѓањето на само една локална банка или поголема компанија можело да ја фрли на колена целата американска економија.[508] Стравовите на некои познати инвестициски банкари од ваквиот развој на

---

[507] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1904-1908 – поглед низ документи..., 391.

[508] За разлика од Европа, каде уште во почетокот на XVII век бил познат концептот на централна банка, воведен во Нидерландија во 1609 година и во Англија во 1694 година, во САД дури и во почетокот на XX век не постоела централна банка. Американскиот генерално негативен став кон централизацијата на моќта, во комбинација со фактот што омразеното Британското Царство ја имало моќната Банка на Англија ги одвратиле сите обиди да се формира ваква институција. Ваквиот недостаток, кој ја правел американската економија внатрешно ранлива, бил меѓу причините за голем број паники и кризи во втората половина на XIX век (1857, 1873, 1884, 1893, 1896 година). Помалите банки ги чувале резервите во поголемите банки, а сите тие биле обврзани да чуваат само мала сума (10-25%) пари како банкарски резерви. Трустовите, пак биле обврзани на банкарски гаранции од само 6%. Пирамидата на малите и големите банки создала проблем со ликвидноста на средствата, затоа што пропаѓањето на една банка создавало домино ефект низ целата држава. Анализирајќи ја состојбата во американскиот банкарски сектор, познатиот банкар Пол Варбург во почетокот на 1907 година во една сензационалистичка изјава, типична за тогашните банкари и политичари во САД го споредил степенот на развој на американскиот банкарски систем со „Европа во времето на Медичи и Азија во

настаните станале реалност во октомври 1907 година, кога неуспешниот обид да се изманипулира цената на акциите на компанијата *United Copper* го предизвикале најголемиот финансиски шок во дотогашната американска историја. Пропаднале многу локални банки, а во средината на октомври вредноста на акциите на Њујоршката берза паднала за 50%, во споредба со пикот од претходната година. Паниката на Вол Стрит била стабилизирана за неколку недели, но ваквите



*4. Wall Street (октомври 1907)*

настани предизвикале рецесија, која ги опфатила трговијата и индустријата и траела во текот на целата 1908 година. Во тој период биле затворени голем број фабрики во САД и Канада, трговијата била значително намалена, а без работа останале стотици илјади работници.[509]

Меѓу масата на работници останати без работа започнала борба за гола егзистенција. Голем број луѓе секојдневно чекале работа, сконцентрирани околу автобуските и железничките станици, надевајќи се дека можат да најдат некој богат патник и да му помогнат со багажот, па на тој начин да го поминат денот. Од друга страна, меѓу нив постојано растела нетрпеливоста и ривалитетот, а стапката на криминалитет се зголемувала на дневна основа. Многу од оние кои останале на работа, пак, ги изгубиле целокупните заштеди во банките, што оневозможувало отворање на мали бизниси и заживување на економијата. Во обид да се справат со големиот број на празни стомаци во градовите, локалните власти наоѓале и прилично креативни решенија. Така, локалните власти во Торонто пуштиле глас дека на север се бара работна рака.[510] Одлуката да се прифати овој

---

времето на Хамураби." Како резултат на оваа криза, во 1913 година во САД бил воведен системот на федерални резерви. (Види: Robert F. Bruner, Sean D. Carr, The Panic of 1907: Lessons Learned from the Market's Perfect Storm, Hoboken, John Wiley & Sons, Inc., 2007.; Edward G. Griffin, The Creature from Jekyll Island. American Media Inc., 1994.; Paul Warburg, "Defects and Needs of Our Banking System", New York Times, 6.1.1907, 1).

[509] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 52.

[510] Ibid.

предизвик ги чинела живот многу работници, кои не биле подготвени на суровата канадска клима. Земјата на изобилството за само неколку месеци се претворила во земја на глад и немири.

**4.2.** Кризата во Америка не можела да не предизвика промени и во миграциските движења кон и од Америка. Имено, со оглед на тоа што македонските емигранти најчесто својата егзистенција ја наоѓале во фабриките и на железничките пруги, тие први се соочиле со тешките последици од кризата.[511] Според една студија, која американските власти во 1908 година ја спровеле врз 100 испитаници во Чикаго од Македонија и Бугарија, во шестмесечниот период од октомври 1907 до март 1908 година дури 16% од испитаниците останале без работа, а други 16% имале само неколку денови нестандардна работа.[512] Од оние кои биле на работа, дури 28% заработувале помалку од 1,25 долари дневно. Според други извори, дури 8 000 луѓе во гратчињата Гранит Сити, Медисон и Венис во сојузната држава Илиноис, доминантно населени со емигранти од Македонија, биле останати без работа.[513] Локалните весници во истата држава, пак, регистрирале „марш на 500 Бугари" останати без работа, одржан на 7 април 1908 година на улиците на Чикаго, проследен со барања за средба со градоначалникот на Чикаго. Иако овие барања не биле исполнети, овој марш го предизвикал вниманието на многу хуманитарни организации во градот.[514] Од друга страна, од вкупно 295 емигранти од Македонија и Бугарија, сместени во градот Хоумстед во Пенсилванија во 1907-1908 година, само 115 бил вработени.[515] Ваквите информации се потврдени и од сведоштвата, кои во Македонија преку разговори со роднините на емигрантите и врз основа на писмата добиени од Америка ги собирал рускиот конзул во Битола. Според еден негов извештај „некои за сосем кусо време останале без работа, други морале да се задоволат со намалени плати, трети, очигледно, без да успеат да дојдат до посакуваните износи на печалбите, неопходни за купување земја овде, се враќаат во татковината порано од замислениот рок."[516]

[511] Македонски Алманах, МПО, Индијанаполис, 1940, 221.
[512] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 33.
[513] Ibid.
[514] Grace Abbott, The Bulgarians of Chicago, Charity and the Commons, XXI/15, 9.1.1909, 653-660.
[515] Margaret Byington, Homestead: The Households of a Mill Town, University Center for International Studies, Pittsburg, 1974, 135.
[516] Македонија меѓу автономијата и дележот, Зборник руска дипломатска документација 1894-1913. т. VI (1907-1908), ред. Симон Дракул, Селектор, Скопје, 2006, 237.

Сепак, за некои емигранти дури и враќањето дома било луксуз. Состојбата во Америка не само што била економски тешка, туку и била опасна по живот. Имено, поради недовербата во банкарските институции, македонските емигранти претпочитале парите да ги чуваат кај себе. Оваа нивна навика не останала долго тајна за криминалните банди во САД, чиј број секојдневно растел, па емигрантите биле честа мета на напади. На 24 мај 1908 година, во нивното живеалиште во Медисон биле најдени безживотните тела на браќата Никола, Атанас, Андреј и Ангел Какови, заедно со нивните пријатели Крсто Јовков и Кирил Димитров, сите од Преспа.[517] Во градот Гери во сојузната држава Индијана, пак бил убиен и ограбен Васил Христов од Охридско, кој дошол да бара работа. Во таква ситуација, среќни биле оние кои воопшто имале пари за да се вратат назад. Според еден извештај на бугарскиот конзул во Битола, Т. Недков од 1910 година, во 1908 година за прв пат од Америка во Битолскиот вилает се вратиле повеќе луѓе, отколку што заминале. Имено, во споменатата година според Недков заминале 815 лица, а се вратиле 1920 лица.[518] Некои од емигрантите за да се вратат добиле помош од разни хуманитарни мисии и поимотни сотатковинци од Македонија.[519] Според извештајот на Недков, околу 5 000 лица поради немање доволно средства за враќање назад останале својата егзистенција да ја бараат во Америка.[520]

**4.3.** Американската криза завршила во 1908 година и делумно ги нарушила миграциските движења кон Америка, но веќе во следната 1909 година овој веќе познат феномен во Македонија се вратил со старата динамика. Вкупниот број на емигранти во Америка од Македонија во 1909 година според Недков изнесувал 3690 лица, главно во месеците септември, октомври, ноември и декември, кога веќе било јасно дека кризата е минато.[521] Меѓутоа, еден од главните резултати на кризата се наоѓал во главите на оние, кои останале во Америка. Имено, со оглед на тоа што економската криза ги засегнала индустриските работници, таа во прв план ги поставила тежненијата за социјална правда, па првенствено меѓу доселениците од Европа се јавиле социјалистичките идеи. Генерално, во ниту еден друг период од американската историја, социјализмот не бил толку популарен, како во периодот од кризата до Првата светска војна. Со оглед на тоа што американскиот

---

[517] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 53.
[518] В. Георгиев, С. Трифонов, История на Българите 1878-1944 в документи, т.I...., 29.
[519] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 24.
[520] В. Георгиев, С. Трифонов, История на Българите 1878-1944 в документи, т.I...., 29.
[521] Ibid.

континент бил конгломерат од нации, каде својот спас го нашле многу личности прогонети од политиката во Европа, во Америка започнале да проникнуваат идеи дека економскиот систем е во основа проблематичен и дека федералната влада мора да преземе акции за општата благосостојба, наместо да остава економските процеси да течат сами од себе.[522] Иако никогаш не станала доволно силна за да ги предизвика двете најголеми партии во американската политика, Социјалистичката партија на Америка на претседателските избори во 1912 година добила околу 1 милион гласови, најмногу во урбаните доселенички заедници.[523] Социјалистите во САД биле на околу 1 000 државни и локални функции, а не постоел човек во Америка, кој не слушнал за зборот социјализам. Ваквиот раст на социјализамот во САД имал силно влијание врз македонските емигранти, па како резултат на тоа, во периодот пред Првата светска војна тие ќе се најдат во многу организации со социјалистички предзнак (Глава VII).

*5. Мирисот на барут (1908-1913)*

**5.1.** Во првата половина на 1908 година, кога веќе биле исцртани контурите на воените блокови, кои по неколку години ќе ја водат Големата војна, македонското прашање повторно било ставено на зелената маса пред главните европски велесили, во рамките на нивните меѓусебни геополитички игри. Имено, како последица на концесиите, кои Високата Порта ѝ ги дала на Австро-Унгарија за поврзување со Солунската железница, како и османската понуда за воена соработка со Виена, Велика Британија и Русија почувствувале дека се загрозени нивните интереси на Медитеранот. Оттука, рускиот цар Николај II и англискиот крал Едвард VII, во јуни 1908 година се сретнале во Ревал (Талин) за да ги усогласат своите ставови и глобални политики, наспроти засилениот економски и политички продор на Австро-Унгарија и Германија кон југоисток.[524] Меѓу прашањата, кои биле отворени и разгледани, било и прашањето за нови, порадикални реформи во Македонија, со чие повторно актуелизирање двете сили се обидувале да ѝ наштетат на австроунгарската балканска политика. Притоа, било разговарано за назначување на генерален губернатор за Македонија, кој би бил под меѓународна контрола и меѓународен воен контингент. Со евен-

[522] Х. Б. Паркс, Историја Сједињених Америчких..., 475.
[523] А. Бринкли, Историја на САД...., 490.
[524] В. Ѓорѓиев, Кралот на Блатото...., 239.

туалното спроведување на овие мерки, откинувањето на Македонија од Османлиската Империја би било само прашање на време и техника.[525]

Оваа средба и очигледната опасност по територијалниот интегритет на Империјата делувале како повик за активирање на младотурскиот комитет „Единство и напредок“ (*Itihad ve terakii*), кој ги забрзал подготовките за враќање на уставноста во Империјата,[526] со што по проверен рецепт требало да и се одземат аргументите на европската дипломатија за нови реформи во Македонија. Движењето за враќање на Уставот од 1876 година започнало на 3 јули 1908 година, со одметнувањето на командантот на ресенскиот гарнизон Нијази-бег, по што бунтот се ширел во рамките на Третиот армиски корпус, стациониран во Македонија. Брзиот подем на револуционерните сили и масовниот одзив на христијанското население го принудиле султанот Абдул-Хамид II по само дваесетина дена, во ноќта спроти 24 јули 1908 година да даде указ, со кој Империјата од апсолутистичка станала уставна монархија. Ваквиот лесен пад на апсолутизмот, како и слабата реакција на Портата, всушност укажуваат дека се работи за една вешта махинација за избегнување на евентуалните реформи, што било препознато и од тогашните дипломатски претставници на Русија и Австро-Унгарија.[527]

Со оглед на неискуството на младотурците, кои дотогаш немале ниту еден човек во високата политика, голем дел од високите претставници на султановиот режим останале на високи државни позиции, а во август 1908 година на чело на османската влада застанал стариот државник Ќамил-паша.[528] Владата на Ќамил-паша донела цела серија на закони, кои се однесувале на состојбите во Македонија. Политичките затвореници биле амнестирани, а сите други ослободени доколку отслужиле 2/3 од казната, или пак биле затворени повеќе од 15 години.[529] Специјалните воени судови, кои биле воспоставени во Македонија за да ги решаваат случаите поврзани со четничките борби, биле веднаш укинати. Ваквите

---

525 В. Ѓорѓиев, Кралот на Блатото...., 239.

526 Покрај македонското прашање, како катализатор за интензивирање на работата на Комитетот послужило и албанското прашање.

527 В. Ѓорѓиев, Кралот на Блатото...., 242.

528 Генерално, младотурците потекнувале од редовите на ситната буржоазија или пак од класата на адвокати, службеници и помлади офицери. Како резултат на тој хендикеп, биле задржани политичарите од стариот султанов режим, кои не биле премногу компромитирани. Во такви услови, тешко дека воопшто може да се зборува за некаква револуција. Всушност, Младотурската револуција може да се окарактеризира и како превbooт изведен од офицерите на комитетот „Единство и напредок“.

529 S. Shaw, History of the Ottoman Empire...., 275.

услови создале претпоставки за легализирање на сите претставници на македонското револуционерно движење и нивно вклучување во јавниот и политичкиот живот во земјата. Во Солун секојдневно се слевале разни чети, со намера да се помират со власта, а по завршувањето на „четничката кариера“ некои борци во четите тргнале по печалбарските патишта. Така, Атанас Димитриев Цуцуков од с. Сетина во Леринско, кој се борел во редовите на МРО, по помирувањето со властите заминал на печалба во Америка.[530] Слична одлука донеле и многу други бивши четници, а од друга страна во Македонија се вратиле и разните компромитирани елементи, кои по Илинденското востание престојувале надвор од Македонија. Иако доминантниот дел од овие елементи живеел во Бугарија, такви појави се забележливи и од Америка.[531]

**5.2.** Откако младотурците ја освоиле власта на изборите за дводомниот парламент, тие решавањето на натрупаните политички, социјални и економски прашања го замениле со пресметка со идејните противници. Притоа, во име на прокламираниот османизам, тие започнале да ги задушуваат сите национални тенденции во мултиетничката Империја.[532] Како резултат од незадоволството од ваквиот развој на настаните, консолидираната опозиција предизвикала една политичка криза, која кулминирала со еден неуспешен обид за преврат во април 1909 година. Како последица на превратот, султанот Абдул Хамид II бил детронизиран, а за нов султан бил устоличен Мехмед V. Во меѓувреме, во почетокот на 1909 година офицерите и цивилните претставници на европските сили задолжени за надгледување на Мирцштегската реформска програма заминале од Македонија. Занесени од целосната контрола над општествено-политичкиот живот, која ја стекнале за релативно кратко време, младотурците тргнале уште посилно во реализацијата на идејата за османизација на државата.[533] Во таа смисла, биле донесени повеќе закони против разни политички здруженија и организации со национален предзнак, против социјалните здруженија, безделниците, разбојниците, четите и многу други.

Во рамките на реформите по германски терк, кои младотурците ги започнале во османлиската армија, на 7 август 1909 година по децениски дискусии и многу пропаднати

[530] K. Brown, Loyal unto Death. Trust and Terror…, 216.
[531] T. Petrovski, Macedonian Emigration to the U.S.A…, 103.
[532] В. Ѓорѓиев, Кралот на Блатото...., 253.
[533] Ibid.

обиди, била укината можноста на немуслиманското население преку таксата наречена бедел (*bedel-i askeri*) да се ослободи од служење на воен рок.[534] Ваквата одлука била мотивирана од желбите за зголемување на воената резерва и користење на армијата како инструмент за интеграција во функција на предвидената османизација. Од истите причини биле укинати и други професионални и географски исклучоци во армијата. Ваквата одлука била поддржана од мнозинството од немуслиманските пратеници во османлискиот парламент, но не и од самото население, кое не можело ни да замисли да го изгуби правото на ослободување од воената обрврска.[535] Со оваа одлука не се согласувало дури и она немуслиманско население, за кое служењето во војската на Портата не се косело со личните националистички определби, како што е случајот со Евреите во Солун.[536] Еден од начините за опонирање на оваа мерка на властите била заминувањето кон Новиот свет.[537] Само од прилепските села, во периодот од 1908 до 1912 година во Америка поради бегање од воен рок заминале меѓу 2 000 и 3 000 лица.[538] Со оглед на тоа што побарувачката за пасоши достигнала сериозни размери, османлиските власти забраниле издавање на пасоши за сите лица помлади од 30 години.[539] Ваквата одлука на османлиските власти, заедно со забраните поради прилично рестриктивниот Закон за имиграција во САД, кој стапил на сила од јули 1907 година (Глава II), спречиле ескалација и многукратно зголемување на емиграцијата кон САД.

Поради овие ограничувања во однос на влезот на територијата на САД, македонските емигранти започнуваат да се ориентираат кон Канада. Според К. Димитрова, која македонската заедница во Канада ја вброила меѓу „сонародниците Бугари“, во Канада до Првата светска војна се населиле 10 000 луѓе, од кои 4 000 во Торонто.[540] Какви и да изгледаат овие бројки во смисла на нивната прецизност, јасно е дека мнозинството од емигрантите, кои заминале во Канада, а некои автори ги сместиле во категоријата „Бугари“

[534] S. Shaw, History of the Ottoman Empire...., 100-101.; M. Uyar, E. J. Erickson, A military history of the Ottomans…, 219-221.

[535] M. Uyar, E. J. Erickson, A military history of the Ottomans…, 221.

[536] Devin E. Naar, From the “Jerusalem of the Balkans” to the Goldene Medina: Jewish Immigration from Salonika to the United States, American Jewish History, 93/4, 2007, 442-444.

[537] D. Quataert, Ottoman Empire…, 67.

[538] Д. Константинов, Печалбарството во Македонија..., 10.

[539] B. Gounaris, Emigration from Macedonia...139. Со помош на оваа мерка, наспроти сите очекувања, каде најголемите оптимисти предвидувале мобилизација на најмногу 25% од немуслиманското население, во 1910 година регрутацијата на војската се одвивала со забележителни резултати, па 2/3 од предвидените војници од овие средини биле регрутирани.

[540] Коянка Димитрова, Българските общности в Северна Америка-традиции и съвременост, История, 24/3, София, 2016, 297.

доаѓале од османлиска Македонија. Најдобар показател за доминацијата на емигрантите од Македонија е еден црковен попис, спроведен во 1910 година во Торонто, во кој биле попишани вкупно 1 090 егзархиски верници.[541] Според неговите резултати, дури 514 попишани лица доаѓале од Костурско, а други 332 лица доаѓале од Леринско. Понатаму, од Преспанско и Охридско биле 121 лица, од Битолско 42 лица, од Калјарско 32 лица, од Демирхисарско 15 лица, а од Бугарија доаѓале само 38 лица.[542]

Според она што го регистрирале американските власти, во 1909 година во Америка од Македонија пристигнале 6 100 лица.[543] Што се однесува до целиот период до 1912 година, одредени податоци даваат број од над 18 000 лица, кои заминале кон Америка.[544] Од географски аспект, неуморниот А. Тошев, сега веќе како генерален конзул во Солун во едно писмо до Бугарската легација во Цариград од септември 1912 година, потенцирал дека емиграцијата се појавила и во Солунскиот вилает. Имено, кон Америка заминале поголем број емигранти од нахијата Гуменџе, а особено од селата Крива, Петгас и Тушилово, како и голем број емигранти од Гевгелиската каза, особено од селата Лубница, Ума, Лесково и Ошин.[545] Започнатото емигрантското движење во Воденско се проширило и во селата Гугово, Долно Родиво, Костурени и Саракиново. Во некои веќе познати емигрантски региони, во периодот од 1909 до 1911 година неколку катастрофи придонеле емигрантското движење да се прошири. Така, засиленото собирање на заостанатите даноци, комбинирано со големата суша, што дошла по долга и снежна зима довеле до појава на глад во зимата и пролетта 1909 година во повеќе македонски региони, меѓу кои и во Костурската и Охридската околија.[546] Како резултат на тоа, емиграцијата се проширила во Костурско во селата Бапчор, Вишени, Апоскеп, Бобишта, Д'мбени, Загоричани, Дреновени, Мокрени, Смрдеш и Шестево. Во Охридско, пак, емигрантското движење ги зафатило селата Ботун, Велгошти, Драслајца, Горенци, Љубаништа, Лактиње и Слатино.[547] Понатаму, во периодот

[541] 50th Anniversary Ss. Cyril and Methody Macedono-Bulgarian Orthodox Cathedral: (1910-1960), 50th Anniversary Jubilee Almanac, Toronto, 1960, 29.

[542] L. Petroff, Sojourners and Settlers: The Macedonian Community in Toronto…, 52.

[543] B. Gounaris, Emigration from Macedonia...139.

[544] К. Димитрова, Българските общности в Северна Америка..., 297.

[545] В. Трайков, История на българската емиграция..., 20.

[546] Манол Пандевски, Македонското ослободително дело во XIX и XX век, т.4, Мисла, Скопје, 1987, 22-23. Гладот бил присутен и во повеќе петрички и струмички села околу Огражден, како и во дел од Скопскиот санџак.

[547] В. Трайков, История на българската емиграция..., 31-32.

од јули до октомври 1911 година во Македонија била присутна епидемија од колера, со која најтешко биле засегнати големите македонски градови Солун, Битола и Скопје, а поради слабата реакција на османските власти истата се проширила и во градовите Прилеп, Крива Паланка, Куманово, Кочани, Кичево, Охрид, Струга, Гуменџе и други.[548] Сите овие градови се нашле меѓу местата, кои започнале да испраќаат емигранти преку Атлантикот.[549]

**5.3.** Додека младотурската власт се занесувала со идејата за формирање на „отоманска нација“ за спас на Империјата, соседните балкански држави, кои јасно ги имале истакнато своите претензии врз османлиските балкански владенија, скроиле план за исфрлање на Империјата од Европа. Врз основа на еднострано декларираните „историски права“, Грција, Бугарија и Србија го создале Балканскиот сојуз, кој бил насочен кон поделба на османлиското наследство на Балканот, во чиј центар била Македонија.[550] Кон овој сојуз последна се придружила и Црна Гора. На 18 октомври 1912 година, откако претходно бил одбиен предадениот формален ултиматум за реформи во европските делови на Империјата, кои биле неприфатливи за Портата, Балканскиот сојуз ја започнал војната, која ќе стави крај на османлиското владеење на Балканот.[551]

Во рамките на подготовките за Првата балканска војна, јасно се покажале резултатите од долгогодишното градење на националните митови на Балканот. При мобилизацијата во Бугарија имало огромен одзив. Резервистите со задоволство одговарале на повикот да бидат дел од историското повторно обединување на „цела Бугарија“. Слично расположение владеело и во Србија, каде голобрадите момчиња биле решени да ги ослободат историските српски региони Косово и Македонија. Воениот набој се наоѓал и на насловните страници на грчките весници. Покрај тоа што го мобилизирале целиот активен и резервен воен потенцијал, Бугарија, Србија и Грција повеле и кампања за мобилизирање на доброволци, како од своите земји, така и меѓу своите приврзаници и симпатизери во Осман-

---

[548] М.Пандевски, Македонското ослободително дело..., т.4, 23-24.

[549] В. Трайков, История на българската емиграция..., 31-32.

[550] Види: Ванчо Ѓорѓиев, Андон Јанев Ќосето, ФЗФ, Скопје, 2016, 217; Петар Стојанов, Македонија во време на Балканските и Првата светска војна 1912-1918, Скопје 1969, 24-36; Исмет Кочан Битка за Македонија. Турската историографија за Балканските војни 1912-1913 со посебен осврт за Македонија, Скопје, 2010, 65-69.

[551] Висока порта во ултиматумот е повикана да именува генерален губернатор Швајцарец или Белгиец во Македонија, да формира локални законодавни органи, како и жандармериски сили под европска команда, да ги спроведе реформите на кои се обврзала со Берлинскиот договор под контрола и на амбасадорите на големите сили и на балканските држави. (И. Кочан, Битка за Македонија..., 80-81.)

лиската Империја. Поради бројната македонска емиграција, но и поради врските со дел од раководството на ВМОРО, Бугарија имала најсилна позиција од овој аспект. Вестите за подготовките на Балканскиот сојуз за борба против историскиот непријател брзо стигнале и до македонските емигранти во Америка. Во такви услови, за многу од нив единствена опција била враќањето назад за да помогнат во ослободувањето на Македонија. За овие драматични мигови, Ѓорѓи Поп Христов во своите спомени ќе истакне: *„Ние тогаш сите знаевме и верувавме дека војната ќе биде ослободителна. Ете зошто целата емиграција се дигна на нога и се претекна со голем ентузијазам да помогне колку што може. Дојдоа доброволци да ѝ служат на својата татковина дури од Америка.* “[552] Во одредени места во Америка биле организирани собири, на кои се држеле мотивациони говори, а на собирот во Гранит Сити, одржан на 6 октомври 1912 година, биле присутни повеќе од 600 лица од Македонија и Бугарија.[553] Покрај во мобилизацијата, македонската емиграција во Америка се вклучила и во финансирањето на војната. Во една кампања за собирање на средства, водена од весникот „Народен глас“ биле собрани 20 000 долари, кои биле предадени на Црвениот крст на Бугарија, а една банка во Гранит Сити, зад која стоеле емигранти од Македонија известила дека до Црвениот крст испратила 50 000 долари.[554] Исто така, со оглед на тоа што Бугарија не го помагала враќањето во финансиска смисла, парите за пат кон бојното поле во Македонија емигрантите ги плаќале самостојно или пак со помош на финансирањето на одредени побогати емигранти.

Од Америка се враќале и привзаниците на грчката голема идеја, често организирани заедно со бугарските привзаници. Така, утрото на 30 октомври 1912 година, првата група на грчки и бугарски привзаници била подготвена да замине од Гранит Сити кон Њујорк. Од Гранит Сити, тие биле испратени со забава, патриотски песни и развиорени знамиња на САД и на балканските сојузници. Според истите извори, 500 емигранти се подготвивале да заминат уште во текот на истата недела.[555] Не е познато колку емигранти од САД и Канада се приклучиле кон бугарската армија, но тој број е несомнено далеку поголем од 500 лица.[556]

552 Революционата борба в Битолския окръг, Спомени на Георги Попхристов, София, 2014, 200.
553 D.E.Cassens, The Bulgarian Colony of Southwestern Illinois…, 22.
554 Ibid.
555 Ibid.
556 Hristo Kostov, Contested Ethnic Identity: The Case of Macedonian Canadians in Toronto, 1940-1996, докторска дисертација одбранета на Универзитетот во Отава во 2009 година, 141.

Официјална Атина своите апели до приврзаниците во САД најчесто ги упатувала преку грчкиот весник Атлантис, кој излегувал во Америка. Покрај бројните донации, кои ги собрала Грција, многу борци организирани преку Панхеленската унија (формирана во 1907 г.) тргнале кон татковината со намера да влезат во редовите на грчката војска.[557] За околу 1000 резервисти превозот го платила и самата грчка влада. Некои од повратниците од САД поради војната се откажале и од своите апликации за американско државјанство.[558] На чело на грчките приврзаници, кои од Торонто во Канада тргнале кон родната земја за да помогнат бил свештеникот Амбросиос Парашакис.[559] Покрај грчките приврзаници, според К. Гурдев од Торонто се вратиле и „најмалку 500 бугарски емигранти од Бугарија и Македонија со намера да се вклучат во бугарската армија".[560]

Оние емигранти, кои биле повеќе плашливи или посиромашни останале во Америка, од каде редовно ги следеле вестите за војната и го одржувале постојано дотокот на пари на Балканот. Меѓутоа, ниту оние кои останале, ниту оние кои заминале да се борат не биле запознати со тајниот анекс кон договорот меѓу Бугарија и Србија, каде е предвидена поделбата на Македонија. Со силна желба да се искористи историската шанса за ослободување на Македонија, тие тргнале во пресметка со петвековниот господар. Во летото 1913 година, поради незадоволството од распределбата на пленот Бугарија влегла во војна со довчерашните сојузници. По поразот во таа војна, во која на страната на Србија и Грција подоцна се приклучиле и Романија и Османлиската Империја, бил потпишан Букурешкиот мировен договор од 10 август 1913 година, со кој Македонија била поделена меѓу балканските сојузници. Разочарани од ваквиот исход на Балканските војни, најголем дел од доброволците, кои го преминале Атлантикот за да помогнат повторно се вратиле во Америка.[561]

## *6. За јазикот на бројките*

**6.1.** Во текот на изработката на овој труд, во однос на вкупниот број на емигранти, кои во третираниот период заминале кон Америка сретнавме многу различни бројки и пресметки, при што истите речиси без исклучок се дадени без користената методологија врз

[557] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 107.
[558] Sinadinoski, Macedonians in America..., 80.
[559] George D. Vlasis, The Greeks in Canada, Ottawa, 1953, 18.
[560] Константин Гурдев, Българската емиграция в Канада, Академично издателство „Марин Дринов", София, 1994, 44.
[561] G. Prpic, South Slavic Immigration in America… 222-223.

основа на која што се дошло до нив, па можеме само да ги прифатиме или отфрлиме, а единствен метод, кој може да се примени во случајот е нивната едноставна споредба. Така, според Ѓорче Петров, вкупниот број на емигранти, кои ја напуштиле територијата на Македонија и се упатиле кон Северна Америка до 1908 година, кога тој ја напишал својата студија изнесувал околу 50 000 емигранти.[562] Повеќе македонски, балкански и светски историчари, како Т. Петровски, Б. Гунарис и Ф. Адан'р ја прифатиле оваа бројка, најчесто по пат на меѓусебно прифаќање.[563] Притоа, Гунарис утврдил дека бројот на емигранти до 1912 година изнесувал 75 000 лица.[564] И. Катарџиев, пак, истакнал дека бројката дадена од страна на Ѓорче Петров е преувеличена, без притоа да даде свое мислење по прашањето за вистинскиот број на македонски емигранти.[565] Ваквата негова претпоставка се потврдува со извештаите на бугарскиот конзул во Битола, Т. Недков, кој „изброил" 28 745 лица заминати од 1900 до 1910 година.[566] Од друга страна, според еден податок од официјално лице на Бирото за имиграција, во САД до 1907 година имало 59 000 „Македонци и Бугари", при што „најголемиот број Бугари дошле од Македонија."[567] Понатаму, според едно од капиталните дела во сферата на имиграцијата, познатата *Harvard Encyclopedia of American Ethnic Groups*, бројот на Македонци во Америка бил 50 000 само од 1903 до 1906 година.[568] Според К. Карпат, бројот на емигранти само од Македонија изнесувал 75 000 само во периодот од 1902 до 1907 година.[569] Американскиот дневен печат, пак, во 1912 година зборувал за 60 000 лица од Македонија во Соединетите Американски Држави.[570] Очигледно е дека сите овие бројки се меѓусебно контрадикторни и дека од нив е тешко да се извлече мислење околу вистинскиот број на емигранти.

---

[562] Г. Петров, Емигрантското движение...., 3.

[563] T. Petrovski, Macedonian Emigration to the U.S.A…, 103; Fikret Adanır, Die makedonische Frage: Ihre Entstehung und Entwicklung bis 1908, Steiner, Wiesbaden, 1979, 41.; B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 140.

[564] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 140.

[565] Иван Катарџиев, Македонија и Македонците во Светот, Матица Македонска, Скопје, 1996, 26, фуснота 5).

[566] В. Георгиев, С. Трифонов, История на Българите 1878-1944 в документи, т.I...., 29.

[567] G. Michaelidis, Salvation abroad: Macedonian migration to North America…, 96.

[568] Harvard Encyclopedia of American Ethnic Groups, Stephan Thernstrom, Ann Orlov, Oscar Handlin (Eds.), Belknap Press, New York, 1980.; Sinadinoski, Macedonians in America..., 52.

[569] Kemal Karpat, The Ottoman Emigration to America, 1860-1914, International Journal of Middle East Studies, 17, Cambridge University Press, 1985, 191.

[570] The Presbyterian of the South, 6.11.1912, 1.

Но, зошто ние да не ги собереме сите изворни податоци од секакво потекло и да пресметаме колку вкупно емигранти заминале од Македонија кон Северна Америка до 1913 година? Ваквата задача е сепак многу полесна да се постави, отколку да се исполни. Всушност, има неколку групи на податоци, кои во горните редови беа таксативно наведени и кои суштински се разликуваат едни од други. На прво место се официјалните статистики, водени од страна на американските имиграциони власти. Од друга страна се официјалните османски, бугарски, српски и грчки податоци, а покрај нив имаме извори од публикации на разни автори, кои се занимавале со прашањето на емиграцијата од Македонија. Понатаму, тука ги имаме и статистиките на бродските компании, кои имале и своја рекламна улога, па во обид да ја истакнат својата популарност, бродските компании систематски ги зголемувале бројките на емигранти од Европа, кои ги префрлиле преку Атлантикот.[571] При анализата на сите овие податоци се доаѓа до цела низа на проблеми. Во таква ситуација, поради нивен поедноставен преглед проблемите со кои се соочивме ги поделивме во две групи. Па така, постојат проблеми кои потекнуваат од специфичниот балкански контекст во крајот на XIX и почетокот на XX век и проблеми, кои се предизвикани од начинот на регистрација на емигрантите од страна на официјалните американски власти.

а) Проблеми предизвикани од специфичниот балкански контекст

По Берлинскиот конгрес од 1878 година, османлиската власт останала реалност само во Македонија, Косово и Албанија. На другите делови од Балканот се создале новите христијански држави, кои биле во постојана борба за проширување на своето место под Сонцето со преостанатите османски владенија на Балканот. Во таква ситуација, пред луѓето кои сакале да ја напуштат Македонија се нуделе бројни алтернативи во однос на личните документи, кои можеле да ги користат за пат до Америка. Така, населението од Македонија покрај со османски пасоши си заминувало и со бугарски, српски, грчки, па дури и руски и австроунгарски пасоши.[572] Од друга страна, со оглед на тоа што во периодот пред Првата светска војна пасошите во САД претставувале задолжителна обврска само за кинеските и јапонските работници, постои голема веројатност дека еден дел од македонските емигранти

[571] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 139-140.

[572] В. Трайков, История на българската емиграция..., 22. D.E.Cassens, The Bulgarian Colony of Southwestern Illinois…, 16, фуснота 7.

се појавил пред американските имиграциони власти без соодветен патен документ.[573] Во таков случај, еден емигрант од Македонија слободно можел да бара и османски пасош само за одење во некоја од балканските и источноевропски земји, па без пасош да тргне кон Америка. Според тоа, јасно е дека статистиките, кои ги воделе османските, бугарските, српските, грчките и другите власти во државите на Балканот се непотполни, а дополнително во ниту една од тие статистики емигрантите од Македонија не фигурираат како посебна категорија, туку се вклучени во вкупниот број емигранти од односната држава.

Истовремено, како што веќе истакнавме, миграциските движења на населението од Македонија кон Северна Америка не биле еднонасочен процес, каде емигрантите заминуваат и со тоа ја прекинуваат својата врска со татковината. Напротив, во продолжение ќе истакнеме неколку примери за тоа како изгледал животниот пат на еден емигрант од Македонија во Северна Америка. Така, Трпо Христов од с. Кономлади (Костурско) за прв пат заминал во Америка во 1905 година. Таму живеел во Сент Луис во сојузната држава Мисури. По две години, во 1907 година се вратил дома и се оженил во 1908 година. Во 1909 година повторно заминал во Америка и се населил во градот Медисон во државата Илиноис. Во 1912 година повторно се вратил за да се бори во Балканските војни, а по нивното завршување и разочарувањето, кое го доживеал, повторно заминал во Америка. Понатаму, Андреја Костов од с. Арменско (Леринско) заминал во Америка непосредно по Илинденското востание, но бил вратен од имиграционите власти. Во 1905 година повторно заминал во САД, при што успеал да влезе во државата и се населил најпрво во Сент Луис во државата Мисури, а потоа во Чикаго. Во 1908 година се вратил и работел како учител во родното село, а по Балканските војни повторно заминал во Америка.[574] Наум Врчковски, од селото Цапари во периодот 1903-1913 година во Америка бил три пати по три години, со пауза од по неколку месеци во родното село.[575] Атанас Чачов од с. Арменско, пак, прв пат заминал во Америка во 1906 година, но поради кризата се вратил во родниот крај и ѝ се приклучил на Организацијата. Во 1909 година по втор пат заминал во Америка и се населил во градот Портланд. Во 1910 година повторно се вратил дома и повторно се вклучил во редовите на четите. По Балканските војни по трет пат заминал во Америка, и се населил во градот

---

[573] Ирена Авировиќ, Регистрирањето на македонските иселеници во Соединетите Американски Држави во меѓувоениот период: идентитетска расправа, Историја, XLIX/ 1, ЗИРМ, Скопје, 2014, 226-227.

[574] В. Трайков, История на българската емиграция..., 23-24.

[575] K. Brown, Loyal unto Death. Trust and Terror…, 194-195.

Џексон во државата Мичиген.[576] Атанас Цуцуков од с. Сетина (Леринско) се борел во четите на МРО до 1908 година, кога со Хуриетот бил амнестиран и се вратил дома како слободен човек. Сепак, по расколот со младотурците, тој заминал во Америка, каде останал до 1912 година, кога се вкучил во четите, кои се бореле на страната на Балканскиот сојуз против османските војски во Леринско.[577] Очигледно е дека поради причини од различен карактер, македонските емигранти често оделе кон Америка и се враќале во родниот крај. Притоа, невозможно е да се утврди дали официјалните статистики на двете страни на Атлантикот ги броеле емигрантите при секое напуштање на една и влегување во друга држава или само при првото влегување. Од друга страна, иако знаеме дека емигрантите од Македонија често се враќале по неколкугодишна печалба, не постојат ниту приближни пресметки во однос на процентот на емигранти, кои се вратиле во својот роден крај. Компаративните анализи на низа студии, кои се изработени за грчката[578] и хрватската[579] емиграција во Северна Америка, во однос на повратните миграции сугерираат дека меѓу 1/3 и 2/3 од емигрантите од тие држави се вратиле назад. Со оглед на тоа што Македонија во овој период се соочувала со исклучително тензична политичка и безбедносна состојба и со мобилизација за војна, логично е да се претпостави дека во однос на македонските емигранти овој број би можел да биде дури и поголем.

### б) Проблеми предизвикани од категоризирањето на емигрантите во САД

Почнувајќи од 1878 година, Соединетите Американски Држави започнуваат да издаваат еден прилично детален годишен статистички извештај, наречен *Statistical Abstract of the United States*. Во него се дадени статистички податоци кои ги собирала државата во разни области, вклучително и во областа на имиграцијата. Со оглед на тоа што се работи за официјален изворен документ на американската држава, овој извор би требало да биде високо рангиран во хиерархијата на изворите по ова прашање. Сепак, американските извори имаат неколку сериозни недостатоци. Првиот недостаток е во самиот начин на собирање на овие податоци. Некои американски сојузни држави, во периодот пред воспоставувањето на

---

[576] В. Трайков, История на българската емиграция..., 23-24.

[577] K. Brown, Loyal unto Death. Trust and Terror…, 216.

[578] Theodore Saloutos, Greeks in the United States, Harvard University Press, Cambridge, 1964, passim.

[579] Francis Kraljic, "Round Trip Croatia" , Зб. Labor Migration in the Atlantic Economies: The European and North American Working Classes During the Period of Industrialization, Dirk Hoerder (Ed.), Greenwood Press, Westport, 1985, 400.

федерална контрола врз имиграцијата во 1882 година, едноставно ги запишувале сите патници од трета класа во бродовите како имигранти, што секако не било воопшто прецизно, затоа што ниту сите патници од трета класа останале во САД, ниту пак другите две класи биле без имигранти.[580] Откако во последната деценија на XIX век биле воведени официјални станици за влез во САД, од кои најпозната била станицата на Елис островот, податоците можат да се земат со поголема точност, но податоците повторно се однесуваат само на оние кои дошле со брод, а не ги земаат во предвид тие што влегле на територијата на САД, по легален или илегален пат преку Канада или Мексико. Понатаму, податоците, кои ги објавувал официјален Вашингтон се изработувани врз основа на фискална година, која трае од 1 јули до 30 јуни, а не врз основа на календарска година.[581] Според тоа, речиси е невозможно да се изврши компарација година по година со податоците од други извори. Дополнително, бројките варираат од година во година, па така на пример ако во изданието на *Statistical Abstract* од 1878 година стои дека од Европска Турција во 1874 година биле пристигнати 21 лица, според изданието од 1879 година за истата година (1874) стои дека пристигнале 62 лица од Европска Турција.[582]

Но, дури и овие извори да биле апсолутно точни од аспект на број, се поставува прашањето на категоризирањето на емигрантите од Македонија. Имено, од почетокот на XIX век, кога американските сојузни држави една по една започнуваат да водат евиденција за имигрантите, тие ги воделе според државата од која дошле, а не според нивната верска, расна или национална припадност.[583] Од таа причина, во првите изданија на *Statistical Abstract*, најголемиот дел од доселениците од Балканот фигурираат под името „Европска Турција (*Turkey in Europe*).[584] Така, доколку имало некој емигрант, кој заминал од Македонија кон САД во овој период, тој би требало да се бара првенствено во овие податоци. Заклучно со 1890 година, податоците во оваа графа изнесувале вака:

| *Деценија* | *Број на имигранти запишани во графата Европска Турција (Turkey in Europe)* |
|---|---|
| 1820-1830 | 21 |

[580] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 41.
[581] Ibid.
[582] Statistical Abstract of the United States, 1878, 1879.
[583] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 10.
[584] Statistical Abstract of the United States, 1878.

| | |
|---|---|
| 1831-1840 | 7 |
| 1841-1850 | 59 |
| 1851-1860 | 83 |
| 1861-1870 | 137 |
| 1871-1880 | 336 |
| 1881-1890 | 1 569 |
| **Вкупно 1820-1890** | **2 212** |

Од прикажаните податоци јасно се гледа дека во овој период се работи за сосема мал број на емигранти, кои заминале кон Америка. Бројот на емигранти од европските провинции на Империјата на годишно ниво за прв пат надминал 100 емигранти во 1884 година, кога во Америка биле забележани вкупно 150 имигранти од Европска Турција, а во периодот до 1903 година бил на годишно ниво под 1 000 емигранти. Во 1892 година, бројот на емигранти, кои во претходната деценија заминале од Европска Турција бил два пати помал од бројот на емигранти, кои биле забележани во категоријата Грција и дури четири пати помал од бројот на емигранти, забележани во категоријата Романија.

Кон крајот на XIX век, како резултат на огромниот раст на разните нативистички и расистички организации во САД, американските имиграциони власти ја замениле практиката да ја забележуваат „државата на потекло“ со нова класификација, според која имигрантите започнале да се класифицираат според категоријата „раса“ (*race*).[585] Ваквата категоризација на емигрантите за прв пат започнала да се применува во 1899 година, кога Бирото за имиграција започнало да разликува раси меѓу имигрантите. Притоа, имигрантите биле категоризирани врз основа на различни критериуми, кои често биле нелогични и меѓусебно спротивни. Така, црните доселеници од Африка биле категоризирани сите во една категорија (*Black African*). Во Азија, пак, Бирото за имиграција разликувало само Кинези, Корејци и Јапонци, очигледно врз основа на тоа што најголемиот дел од имигрантите од Азија доаѓале од овие земји, а во Латинска Америка, Мексиканците и Кубанците биле единствено издвоени од останатата група забележувана како „Шпански Американци“ (*Spanish Americans*). Во однос на Европа, пак, во расното толкување на американ-

[585] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 41.;

ските власти постои очигледна дихотомија во однос на политичкото државјанство и јазичната, културна и национална припадност.[586] Така, додека Французите, Германците и Шпанците биле заведувани во една категорија, Италијанците биле поделени на две групи (јужни и северни) и покрај тоа што припаѓале на иста земја, во англосаксонската терминологија прифатена како национална држава.[587] Емигрантите од Велика Британија биле заведувани во посебни категории, како Ирци, Шкоти, Велшани и Англичани. Од друга страна, Евреите, кои доаѓале од различни држави и зборувале различни јазици биле категоризирани како една раса очигледно врз основа на религијата. Категоријата „Швајцарец“ не постоела, па емигрантите од Швајцарија биле класифицирани според јазикот како Германци, Италијанци и Французи. Наместо категоријата Белгиец, била присутна категоријата Фламанци за жителите на Фландрија, но немало категорија Валонци за жителите на Валонија (францускиот дел на Белгија). Сепак, овие проблеми најмногу доаѓале до израз во етнички шарениликите царства, како Австро-Унгарија, Русија и Османлиската Империја. Апсолутен рекордер во таа смисла била Австро-Унгарија, чии жители биле забележувани во дури 16 различни категории.[588]

Жителите на Османлиската Империја во оваа прва категоризација од 1899 година биле поделени на Ерменци, Бугари, Грци, Евреи, Романци, Срби, Сирijци и Турци. Категоријата Македонци не фигурира во ова „мапирање на расите“ во Османлиската Империја, што се должи на далеку помалиот број на доселеници од Македонија, во споредба со горенаведените групи. Во 1908 година, кога миграциските движења од Македонија кон Северна Америка биле во полн ек и веќе имало поголем број на емигранти од Македонија,

---

[586] И. Авировиќ, Регистрирањето на македонските иселеници во Соединетите... 230.

[587] Keith Brown, The ’Yellow Peril‘ of the Caucasian Race: Macedonian Migrants and National Categories in early Twentieth Century U.S. Governmental Sources“, Зб. Македонскиот идентитет низ историјата, ИНИ, Скопје, 2010, 161-175.

[588] Во расната категоризација на имигрантите од Двојната Монархија забележлива е и една исклучително чудна категорија, „Далматинци, Босанци и Херцеговци“, со што Хрватите биле поделени на два дела. Понатаму, жителите на Австриска Далмација, кои зборувале италијански јазик биле често запишувани како Италијанци. Во земјите на потекло, пак, била забележана и Полска, иако во тој период таква држава не постоела. Веројатно тука се мисли на посебна класификација на имигрантите од делот од Полска што бил дел од Русија, но многу Полјаци од Австро-Унгарија исто така влегле во оваа категорија. Поради ваквите чудни класификации реагирало и Министерството за надворешни работи на Австро-Унгарија, кое протестирало пред американските власти и барало жителите на Австро-Унгарија да се класифицираат единствено според државјанството, како Австријци или Унгарци. (Види: Nicole M. Phelps, U.S.- Habsburg relations from 1815 to the Paris peace conference: Sovereignty transformed, Cambridge University Press, Cambridge, 2013, 217; U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 41-42).

кои се појавиле пред американските имиграциони власти, категоријата Македонци била присутна на имиграционите листи. Имено, во едно писмо на Имиграциската комисија во Вашингтон, датирано на 15 декември 1908 година меѓу „расите“ во Европска Турција биле наведени: Бугари, Грци, Евреи, Македонци, Црногорци, Срби, Сирijци и Турци.[589] Според расположливата документација, собирана од страна на американските имиграциони власти, категоријата Македонец за прв пат започнала да се појавува во 1897 година. Во периодот од 1897 до 1913 година во оваа категорија биле регистрирани вкупно 13 091 Македонци, чиј распоред по година на пристигнување ќе биде прикажан во табелата во продолжение.[590]

| Година | Број на лица кај кои во полето „раса“ е запишано Macedonian (Македонец) |
|---|---|
| 1897 | 3 |
| 1898 | / |
| 1899 | 8 |
| 1900 | 19 |
| 1901 | 25 |
| 1902 | 22 |
| 1903 | 240 |
| 1904 | 629 |
| 1905 | 1153 |
| 1906 | 2276 |
| 1907 | 3004 |
| 1908 | 228 |
| 1909 | 1435 |
| 1910 | 1582 |
| 1911 | 552 |

[589] K. Brown, The ’Yellow Peril‘ of the Caucasian Race..., 164. Иако не и припаѓаат на словенската група на народи, па јазично, верски и културолошки значително се разликуваат со околните словенски народи на Балканот, Албанците не биле мапирани како посебна „раса“ од страна на Бирото за имиграција на САД во периодот до Првата светска војна. Во тој процес не помогнало ни тоа што во почетокот на XX век, Албанците започнале национална борба врз основа на заедничкиот јазик и формирале држава во 1912 година.

[590] Податоците се добиени преку пребарување низ дигитализираната документација на американските имиграциони власти, достапна на https://www.ancestry.com/search/categories/40 (пристапено на 28.06.2022).

| | |
|---|---|
| 1912 | 1465 |
| 1913 | 450 |
| **Вкупно** | **13 091** |

Според Б. Морено, речиси сите „раси“, кои биле препознати од страна на властите во САД биле забележани врз основа на јазикот и/или националното потекло.[591] Од друга страна, напливот на нови имигранти во САД, кои воопшто не го познавале англискиот јазик предизвикал потреба од преведувачи и толкувачи за огромниот број на јазици и дијалекти, кои се зборувале на прифатната станица на островот Елис, иако голем дел од службениците, кои и самите биле доселеници знаеле некој странски јазик.[592] Ангажираните преведувачи требало да зборуваат, читаат и пишуваат на соодветните јазици, за да им помогнат на мигрантите, кои не се во можност да комуницираат на англиски јазик. Па така, преведувачи биле обезбедени и за емигрантите, кои припаѓале на разните балкански народи. Што се однесува до нив, голем број информации се добиваат од една листа на јазици за кои бил обезбеден преведувач од јануари 1911 година. Имено, меѓу преведувачите од вкупно 36 јазици се наоѓал еден преведувач од македонски јазик, пет од бугарски јазик, осум од грчки јазик, шест од турски и шест од српски јазик.[593] Според тоа, јасно е дека американските имиграциони власти препознале дека имигрантите, кои доаѓаат од Македонија не зборуваат на ист јазик како имигрантите од Бугарија, Србија или Грција, поради што ангажирале и посебен преведувач.

Понатаму, интересни информации се среќаваат и во извештаите на двопартиската комисија формирана во 1907 година на чело со сенаторот Дилингем, која вршела истражувања во однос на имиграцијата. (Глава II). Овие прилично обемни извештаи даваат дополнителни информации околу класификацијата „Македонец“ и околу македонскиот јазик. Имено, иако комисијата го карактеризирала македонскиот јазик како бугарски дијалект, таа нагласила дека *„постојат луѓе кои тврдат дека има посебен македонски јазик,*

[591] B. Moreno, Encyclopedia of Ellis Island…, 168, 200.

[592] Ibid. 124. Треба да се напомене дека поради тоа што дел од мигрантите воопшто не го познавале стандардниот јазик на својата држава, во листата на јазици се нашле и многу дијалекти, кои поради политичко-историскиот контекст никогаш нема да прераснат во стандардизиран јазик. На пример, на листата се наоѓаат сицилиски и сардиниски јазик.

[593] Ibid. 124.

*а со тоа и народ“.*[594] Исто така, уште во истиот том, комисијата нагласила дека „*периодично се појавува имигрант од Македонија, кој инсистира дека тој не е Турчин, Бугарин, Грк или Албанец, туку Македонец.*“ [595] Тоа покажува дека дури и без институционалната заштита на терминот Македонец во тој период, постоеле личности, кои така ја декларирале својата национална припадност.

Сепак, Македонците не се нашле како посебна категорија на пописот во САД од 1910 година, што според К. Браун било резултат на официјалната позиција на Османлиската Империја, која уште од 1903 година не го прифаќала користењето на термините Македонија и Македонци.[596] Како резултат на тоа што во официјалните документи на американските власти во периодот до 1913 година, јазичната и национална посебност на имигрантите од Македонија била различно толкувана во различни години и од различни институции и поединци, корегирањата на оригиналните изјави на емигрантите во поглед на категоријата „раса“ се присутни во документацијата. Така, во периодот до 1913 година или наместо Македонец се пишувало Турција, или пак се пишувало Бугарин, Србин или Грк.


LIST OR MANIFEST OF ALIEN PASSENGERS FOR

Required by the regulations of the Secretary of the Treasury of the United States, under Act
Officer of any vessel having such passenger

S. S. Kroonland sailing from Antwerp

| No. on List. | NAME IN FULL. | Age. Yrs. Mos. | Sex. | Married or Single. | Calling or Occupation. | Able to— Read. Write. | Nationality. (Country of last permanent residence.) | * Race or People. | Last Residence. (Province, City, or Town.) | Final |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| 1 | | 30 | m | | laborer | | Turkey | Bulgar / Macedonian | | |
| 2 | Stojan | 20 | | | laborer | | | | | |
| 3 | | 31 | f | | | | Hungary | Hebrew | | |

*5. Пример за корегиран имиграциски лист, каде зборот Macedonian е заменет со зборот Bulgar*

---

[594] William Dillingham, Reports of the immigrants Commission, Abstracts of Reports of the Immigration Commission, Vol. 5, Dictionary of Races or People, Eds. Daniel Folkmar, Elnora Folkmar, Government printing Office, Washington, 1911, 27-28.

[595] Ibid. 145.

[596] K. Brown, The ’Yellow Peril‘ of the Caucasian Race..., 168. За ставот на Османлиската Империја види: Ванчо Ѓорѓиев, Забранетото име, Зб. 70 години институт за историја – 70 години македонска историографија (ред. Ванчо Ѓорѓиев), Филозофски факултет, Скопје, 2017, 39-56.

Поради овој начин на регистрирање на населението од Македонија во официјалните документи на американското Биро за имиграција, македонските емигранти можат да се најдат во многу други категории. Така, вкупниот број на патувања од Европска Турција до САД во периодот 1903-1912 година изнесувал 108 323.[597] Со оглед на тоа што во овој период Европска Турција ги опфаќала османлиските балкански владенија во Македонија, Албанија и Косово, а емиграцијата кај муслиманите во Империјата била најпрво забранета, а потоа многу слаба, сметаме дека значителен број емигранти од Македонија се нашле во оваа категорија.

Покрај тоа, емигрантите од Македонија можат да се најдат и во категоријата, „Бугари, Срби и Црногорци" каде требало комбинирано да бидат сметани емигрантите од Србија, Црна Гора и Бугарија. Сепак, според анализите на емиграцијата, вкупниот број на имигранти со земја на потекло Бугарија, Србија и Црна Гора изнесува 32 440 во периодот од 1899 до 1910 година, а бројот на луѓе кои биле запишани во категоријата „Бугари, Срби и Црногорци" изнесувал 97 391 за истиот период.[598] Според тоа, дури 64 951 лица биле запишани како „Бугари, Срби и Црногорци", а не доаѓале од ниту една од трите земји. Оваа разлика пред сѐ се должела на емиграцијата на австроунгарските Срби, како и на емигрантите од Македонија, кои врз основа на конфесионалната припадност биле запишувани како Бугари. Како резултат на емиграцијата од Македонија, слична ситуација забележуваме и кај емигрантите во категоријата „Грци", кога ќе го споредиме нивниот број со бројот на имигранти со земја на потекло Грција.[599] Впрочем, како и колку еден американски граничен службеник на Елис Островот можел да знае за комплексноста на прашањето за државите и нациите на Балканот?

***

[597] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 140.
[598] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 46-47.
[599] Ibid.

Поради сите горенаведени проблеми, точниот број на емигранти од Македонија кон Северна Америка не може да биде утврден. Генерално, може да се констатира дека американските податоци го даваат најнискиот можен број на емигранти, а Канада воопшто не водела статистика при влезот во државата базирана врз одредени јазични и национални карактеристики. Од друга страна, најниски броеви забележуваме во статистиките од османска страна, затоа што дел од емигрантите користеле пасоши наменети за други држави, па од таму заминувале во Америка или пасоши на другите балкански држави. Меѓу овие две категории се наоѓаат сите други пресметки и податоци од бројни автори, кои се заминавале со македонската емиграција во Северна Америка. Најголем дел од нив се движат меѓу 50 000 и 75 000 емигранти од Македонија во периодот до 1913 година.



#1

I. C. 31
THE IMMIGRATION COMMISSION
Washington, D. C.

INSTRUCTIONS CONCERNING COUNTRY OF BIRTH AND RACE

Owing to the diversity of races in various countries, The Immigration Commission in its investigations particularly desires to secure all data by *race* (or people) as well as by *country of birth*. The following list shows the countries from which most immigrants come and the principal races coming from each country. The list is not complete in either respect, but it is sufficiently comprehensive to guide those using it. *Other countries* and *other races* should be enumerated when such other countries and races are reported.

AUSTRIA-HUNGARY:
Bohemian (Czech)
Bosnian
Bulgarian
Croatian
Dalmatian
German
Hebrew
Hervat
Herzegovinian
Italian (North)
Magyar (Hungarian)
Montenegrin
Moravian (Czech)
Polish
Roumanian
Ruthenian (Russniak)
Servian
Slovak
Slovenian

BELGIUM:
Dutch
Flemish
French

BULGARIA:
Bulgarian
Macedonian

CANADA:
Canadian
English
French Canadian
Irish
Scotch

CHINA:
Chinese

DENMARK:
Danish

ENGLAND:
English
Hebrew
Irish
Scotch
Welsh

FINLAND:
Finnish

FRANCE:
French
Hebrew

GERMANY:
German
Hebrew
Polish

GREECE:
Greek
Macedonian

INDIA:
East Indian

IRELAND:
Irish
Scotch Irish

ITALY:
Italian (North)
Italian (South)

JAPAN:
Japanese

KOREA:
Koreans

MEXICO:
Mexicans

MONTENEGRO:
Montenegrin
Servian

NETHERLANDS (Holland):
Dutch
Flemish

NORWAY:
Norwegian

PORTUGAL (Azores, Cape Verde):
Portuguese

ROUMANIA:
Hebrew
Roumanian

RUSSIA:
Armenian
Finnish
German
Hebrew
Lithuanian
Polish
Russian

SCOTLAND:
Scotch

SERVIA:
Servian

SPAIN:
Spanish

SWEDEN:
Swedish

TURKEY IN ASIA:
Armenian
Greek
Hebrew
Syrian
Turkish

TURKEY IN EUROPE:
Bulgarian
Greek
Hebrew
Macedonian
Montenegrin
Servian
Syrian
Turkish

WALES:
Welsh

WEST INDIES (Cuba, Porto Rico, Hayti Bahamas):
Cuban
English
Negro
Spanish

*6. Инструкциите на Имиграциската комисија за службениците од Елис Островот од 15 декември 1908 година – меѓу „расите“ во Османлиската Империја стои Macedonian*

# V. Патот преку Атлантикот

## *1. Политиката на Османлиската Империја кон емиграцијата*

Емиграцијата на населението е загрижувачка за секоја држава поради низа причини. Прво, миграциските бранови кон странство ја поткопуваат економската стабилност на државата и претставуваат сериозен удар за воената моќ на државата. Од друга страна, специфика на емиграцијата од Балканот кон Америка е фактот што таа се случувала паралелно со процесот на национално будење кај најголем дел од балканските народи. Но, била ли Високата Порта исплашена од овој егзодус на население од европските делови на Империјата? Факт е дека сѐ до крајот на XIX век, емиграцијата од Османлиската Империја била формално забранета. Економските историчари очекувано причините за ваквата забрана на Високата Порта ги бараат во желбата за задржување на истата висина на даночните приходи од секоја провинција.[600] Губењето на население во секој случај би водело кон намалување на земјоделската и целокупната економска активност и кон намалување на даночните приходи. Покрај тоа, османлискиот конзул во Барселона, Турхан-бег во 1888 година истакнал дека Високата Порта била загрижена дека сиромашните емигранти ќе го нарушат угледот на султанот во странство и дека заминуваат од државата само за да станат просјаци.[601] Меѓутоа, поради фактот што со доселувањето на голем број на муслимански бегалци од поранешните османски територии во Империјата (Глава I), таа успевала да го компензира губењето на население во европските провинции, Високата Порта не презела некои драстични чекори за поефективно спроведување на забраната за емиграција.[602] Всушност, како резултат на слабоста на централната власт генерално и корумпираноста на османлиските државни службеници, напуштањето на државата било прилично едноставно.

**1.1.** Како резултат на формалната забрана за емигрирање од Империјата, најголемиот дел од емигрантите од Османлиската Империја како емигрантски дестинации ги користеле земјите од Балканот, кои останале во вазални односи со султанот или формално биле дел од Османлиската Империја. Во случајот со емигрантите од османлиска Македонија, тоа

---

[600] G. Demeter, Agrarian Transformations in Southeastern Europe...34.
[601] K. Karpat, The Ottoman Emigration to America..., 186.
[602] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 150.

биле Србија и Романија до 1878 година, а по наведената година приматот го имала Бугарија. Сепак, имало и такви кои по илегален пат ја напуштале земјата и го преминувале Атлантикот, стигнувајќи до Соединетите Американски Држави.[603] Првите османлиски емигранти, кои во средината на XIX век се нашле на американска територија веднаш влијаеле врз нарушување на дипломатските односи меѓу Високата Порта и властите во САД. Како причина за дипломатскиот лавиринт, во кој се нашле двете држави, се појавило правото на натурализација и заштита од американските власти, кое османлиските поданици го стекнувале со живеењето во САД.

Имено, османлиските власти имале прилично рестриктивно толкување на начелото на крвна врска (*ius sanguinis*), според кое османските поданици немале право да го отфрлат, заменат или комбинираат со друго државјанство својот статус на османлиски поданик.[604] Ваквиот став на Цариград дошол до израз во членот 5 од Законот за народностите од 1869 година,[605] каде јасно било истакнато дека сите оние, кои без дозвола ја напуштиле Османлиската Империја при враќањето назад ќе бидат третирани како странски државјани.[606] Од друга страна, како резултат на самиот начин на создавање на САД како држава, американскиот правен систем имал прилично широко толкување на принципот *ius soli*, според кој секое лице, кое во период од 5 години живеело во САД и побарало американско државјанство, уживало право на заштита од официјален Вашингтон. Ваквите различни толкувања на граѓанството дошле во судир околу имотот на емигрантите во Османлиската Империја уште во 1870тите години, предизвикувајќи дипломатски конфликт кој се засилил во 1880тите години, кога ерменските емигранти во САД го користеле своето американско државјанство за субверзивни активности против Османлиската Империја. Во таков случај, тие пред османлиските судови се повикувале на правото на заштита од американските дипломатски претставници. На тој начин, официјален Вашингтон се нашол во позиција на бранител на активностите на ерменските револуционери. За решавање на овој правен и дипломат-

---

[603] Kemal Karpat, The Ottoman Emigration to America, 1860-1914, International Journal of Middle East Studies, 17, Cambridge University Press, 1985, 187.

[604] K. Karpat, The Ottoman Emigration to America..., 189.

[605] Овој закон, донесен на 19 јануари 1869 година бил резултат на еднаквоста, која била претходно прокламирана со Ѓилханскиот хатишериф од 1839 година и потврдена со Хатихумајунот од 1856 година. Со него за прв пат било воведено единствено османлиско државјанство, без разлика на верска и етничка припадност и биле поставени темелите на османизмот, кој половина век подоцна ќе биде една од главните политики на младотурската власт во Цариград.

[606] K. Karpat, The Ottoman Emigration to America..., 189.

ски лавиринт, биле постигнати два договори во 1874 и 1889 година, но во двата случаи Сенатот во САД одбил да ги ратификува овие документи. Османлиските власти, пак од 1892 година започнале со спроведување на нова политика кон ерменската емиграција со воведувањето на документ, кој емигрантите требало да го потпишат и според кој тие се откажувале од османлиското државјанство и ветувале дека никогаш нема да се вратат на османлиска територија.[607]

Како резултат на ерменските колежи во периодот од 1894 до 1896 година, речиси 100 000 Ерменци биле прогонети во Транскавкаската област или во Америка.[608] Од друга страна, огромната маса на мухаџири, кои од Балканот и Кавказот брзале да стапнат на османска територија, веќе била гледана како проблем од страна на некои политичко-религиозни кругови во Цариград.[609] Во таква ситуација, од една страна за да ослободи простор за населување на мухаџирите, а од друга страна за да го ослаби ерменското национално движење, султанот Абдул Хамид II на 9 октомври 1896 година преку султанско ираде ја дозволил емиграцијата кон Новиот свет за немуслиманското население во Империјата.[610] За муслиманите останувала да важи старата рестриктивна политика на Османлиската држава. Со Ирадето од 1896 година бил озаконет и актот со кој емигрантите се откажувале од османското државјанство и на тој начин враќањето на емигрантите било невозможно од легислативен аспект.[611] Сепак, оваа одредба во пракса ретко била исполнувана, па според К. Карпат некои повратници во Империјата дури и добиле финансиска помош од Портата.[612] На тој начин, емигрирањето од Османлиската Империја било легализирано.

**1.2.** Со формирањето на Македонската револуционерна организација (МРО) континуираниот отпор кон османскиот крахиран систем и пропагандите во Македонија бил претворен во едно организирано движење за политичко осамостојување на Македонија. Властите во Цариград, кои за прв пат се запознале со постоењето на Организацијата за време на

[607] K. Karpat, The Ottoman Emigration to America..., 191.
[608] Р. Мантран, Историја османског царства..., 680.
[609] K. Karpat, The Ottoman Emigration to America..., 187.
[610] David Gutman, Travel Documents, Mobility Control, and the Ottoman State in an Age of Global Migration, 1880-1915, Journal of the Ottoman and Turkish Studies Association, 3/2, 2016, 362.
[611] John Bassett Moore, A Digest of International Law, Vol. 3, U.S. Government Printing Office, 1906, 706.
[612] K. Karpat, The Ottoman Emigration to America..., 186.

Виничката провала од 1897 година, релативно брзо успеале да најдат поврзаност меѓу патиштата на економска емиграција од Македонија и дејствувањето на МРО, која тие ја третирале како терористичка организација.[613] Поради ова откритие, Високата Порта започнала активно да го спречува емигрирањето од Македонија, со намера да ги запре линиите на комуникација, особено со македонската емиграција во Кнежевството Бугарија. Така, во 1898 година, британскиот вицеконзул во Битола известил за еден случај каде поголем број економски мигранти биле спречени да заминат и покрај тоа што ја имале целата потребна документација, со обвинување од страна на властите дека имале намера да се приклучат кон „бугарските банди на границата“.[614] Слични потези биле спроведувани на *ad hoc* основа и во следните години, сè до 1903 година.

Во пролетта 1903 година, целокупниот дипломатски кор во Османлиската Империја имал информации дека постои Организација, која се подготвува да крене востание, кое би било далеку посериозно од надворешно дирigираната провокација од 1902 година. Како претставник на проникливата британска дипломатија, амбасадорот на Велика Британија во Цариград, Нил О'Конор уште кон крајот на 1902 година во една двочасовна средба со султанот Абдул Хамид II предупредил дека доколку не се преземат итни мерки за подобрување на положбата на населението во Македонија ќе има општо востание „чии последици ќе бидат штетни за интегритетот на Царството [Османлиско б.н.]“.[615] Во вакви услови, Високата Порта започнала да спроведува драконски мерки за спречување на емиграцијата од Македонија. Покрај тоа што го одбила издавањето на пасоши за оние кои сакале да заминат, според документи од британска провиниенција, Портата започнала со масовно протерување на македонските емигранти од престолнината Цариград.[616] Со тоа, властите во Цариград всушност ја потпомогнале кампањата на Организацијата за враќање на печалбарите во Македонија. Логиката на делување на Портата со овие потези не е целосно јасна, иако како најлогично објаснување се наметнува намерата за спречување на комуникациите со надворешни фактори и лишување на Организацијата од економските придобивки на емиграцијата.

[613] K. Brown, Loyal unto Death. Trust and Terror…, 64.
[614] Ibid.
[615] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 18.
[616] K. Brown, Loyal unto Death. Trust and Terror…, 64-65.

Илинденското востание од 1903 година било крваво задушено и претворило многу села во прав и пепел. Во обид да спречи масовен емигрантски бран и да прикаже дека состојбата во Битолскиот вилает се подобрува, но и поради споменатите врски меѓу емиграцијата и револуционерното движење, Високата Порта го забранила издавањето на пасоши за емиграција во Бугарија, Романија, Грција и САД, а ја спречила и емиграцијата кон Цариград.[617] Во 1904 година, емиграцијата во Романија била повторно дозволена, но емигрирањето во другите традиционални дестинации било и понатаму забрането.[618] Во таква ситуација, потпомогнати од добро информираните агенти на бродските компании во Македонија, македонските печалбари решението го виделе во Австро-Унгарија. Имено, Двојната монархија во ноември 1903 година целосно ја либерализирала политиката кон емигрирањето во Америка, укинувајќи ги сите контроли и пречки.[619] Искористувајќи ја таа политика на официјална Виена, почнувајќи од пролетта 1905 година македонските емигранти започнале масовно да ги користат пасошите за емигрирање во Австро-Унгарија за заминување во Америка.[620] Ваквата пракса се потврдува и од сведоштвото на еден емигрант, кое го собрала Татјана Каличанин од еден емигрант од с. Цапари: „*...А возможноста на долазак во Америка, како што слушнав јас од нашите луѓе се појави околу петтата година* [1905 б.н.]. *Првите наши луѓе дошле во Америка, во Канада. И јас не знам зашто да Турците не давале право отворено да тие луѓето одат во Америка, а да оделе само во Аустрија. И то јас не знам која е то била причината, зашто не се могло да се каже да одам до Америка директно, а прво требало да одам во Аустрија али а они Аустрија не ошле, а си ошле право за Америка, таа била некоја турска политика то нешто...*“[621] Тоа покажува дека македонските емигранти биле добро упатени во политиките на другите држави по прашањето на емиграцијата. Забраната за емигрирање во Америка била формално укината во 1906 година, но оваа интервенција на Портата за ставање под контрола на емиграцијата од Македонија придонела за истата да се пренасочи од старите балкански дестинации кон Новиот свет.[622]

---

617 U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 150-151.
618 B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 137.
619 The McCook tribune, 13.11.1903, 6.
620 U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 150-151; B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 137.
621 Т. Каличанин, Доселување и интеграција на македонското..., 169.
622 U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 150-151.

Сите извештаи на дипломатските претставници во Македонија, од австриска, руска и бугарска провиниенција, одат во насока дека по 1906 година османлиските власти не само што не го спречувале емигрантскиот бран кон Северна Америка, туку речиси го промовирале.[623] Единствени, кои се соочиле со силни пречки од османлиската власт биле муслиманите, на кои им било забрането да емигрираат под претпоставка дека ќе бидат ангажирани во османлиската војска.[624] Всушност, османлиските власти сфатиле дека емигрирањето на христијанскиот елемент од Македонија значело слабеење на базата од која Организацијата и вооружените пропаганди би можеле да регрутираат припадници на четите. Според еден извештај од 1905 година на австрискиот конзул во Скопје, Бохумил Пара, слично како и во ерменските вилаети испразнетите македонски села биле пополнувани со доселеници од Босна и Херцеговина, Албанија и Косово.[625] Сепак, во австриските документи се забележува и дека османлиските власти го замислувале дозволувањето на емиграцијата само како привремена мерка, затоа што во емигрирањето во „*една толку слободарска земја како Америка*" гледале потенцијална опасност од прифаќање на идеите за слобода и од претворање на емигрантите во иден бунтовнички елемент во Македонија.[626]

**1.3.** Победата на младотурците во 1908 година значела и промена на политиката на Цариград кон емиграцијата. Меѓу првите акти на новата младотурска власт било давањето на слобода на движење на сите жители на Империјата.[627] Стариот пасошки систем, кој бил сметан за реликт од стариот систем бил заменет со една нова политика, со која идејата била да се стави крај на барањето на соодветна документација за мигрирање, како во рамките на Османлиската Империја, така и за емигрирање надвор од државата. Ваквата прокламирана слобода веднаш се одразила врз динамиката на емиграцијата особено кон Америка, каде во 1908 година завршила кризата и повторно можело лесно да се најде работа.[628] Во духот на прокламираната слобода кон емиграцијата, во 1909 година дури и самата османлиска власт започнува со издавање на упатства, во кои се истакнати главните одредби од американските

[623] Македонија меѓу автономијата и дележот..., т.V, 322-323.; В. Георгиев, С. Трифонов, История на Българите 1878-1944 в документи, т.I, 81-82; Австриски документи за историјата..., т.1, 198.
[624] Австриски документи за историјата..., т.1, 198.
[625] Ibid. 64.
[626] Ibid. 160-161.
[627] D. Gutman, Travel Documents, Mobility Control, and the Ottoman State…, 363-364.
[628] Ibid.

закони во однос на имиграцијата и евентуалните опасности, со кои може да се соочат емигрантите во Америка.[629]

Сепак, „ерата на либерализмот“ во однос на емиграцијата имала краток век. Како дел од концептот за прокламираниот османизам, младотурците во 1909 година пропишале задолжителна воена служба и за христијанските поданици на Империјата.[630] Оваа мерка била причина за голем револт кај христијанското население и засилена емиграција кон Новиот свет. За да го спречат овој нов бран на емигранти, властите во Цариград забраниле емигрирање за сите машки жители на Империјата, кои имале помалку од 30 години.[631] Во 1910 година османлискиот парламент повторно ги вратил на сила османлиските пасоши, а до 1912 година младотурската власт барала задолжително поседување на соодветни документи за идентификација при напуштање на државата.[632] Со тоа стариот систем од „времето на деспотизмот“ повторно бил воспоставен.[633] Како што ризикот од војна на Балканот станувал поголем, така се зголемувал и притисокот врз потенцијалните емигранти. Така, мажите за кои ќе се утврдело дека се обидуваат да ја избегнат воената служба биле враќани во придружба на вооружени османлиски војници и веднаш приклучувани во воените единици.[634]

**1.4.** Главен механизам на Османлиската Империја за спречување на емиграцијата било одбивањето да се издаде пасош на потенцијалните емигранти.[635] Но, каков бил османлискиот пасош и како се добивал? Како резултат на обидите на Високата Порта да ја превенира масовната миграција на населението, која со себе повлекувала низа економски и социјални последици, кон крајот на XVIII век било поставено прашањето за контрола на движењето.[636] Сепак, решавачките чекори во оваа насока биле направени во времето на сул-

---

[629] Başbakanlık Osmanlı Arşivi (BOA), ф. DH.EUM.KLU., к. 1, а.е. 15, 27.09.1332 (х.)/ 1909, 1-9.
[630] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 139.
[631] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 151.
[632] BOA, ф. DH.MB..HPS.M..., кутија. 1, а.е. 64, 11.08.1329 (х.), 2.
[633] D. Gutman, Travel Documents, Mobility Control, and the Ottoman State…, 364.
[634] Ibid.
[635] K. Karpat, The Ottoman Emigration to America..., 187.
[636] Американскиот социолог Џон Торпи смета дека меѓународниот систем на контрола на движењето на луѓето се појавил како резултат на Француската револуција кон крајот на XVIII век, кога државите во Европа за прв пат барале начин како да го ограничат и контролираат движењето на луѓето, со цел да превенираат евентуално ширење на револуционерниот бран. (Види: John C. Torpey, The Invention of the Passport: Surveillance, Citizenship and the State, Cambridge University Press, Cambridge, 2000, 6-10).

танот Махмуд II (1808-1839).[637] Во 1841 година тие чекори резултирале со прокламирањето на низа закони, во рамките на т.н. Уредба за движењето (*Men-i Mürur Nizamnamesi*), со која се регулирало движењето до Младотурската револуција во 1908 година. Имено, со оваа Уредба бил воведен документот наречен *mürur tezkeresi*, кај населението во Македонија познат како тескере. Ваквиот документ најпрво бил баран од сите лица, кои сакале да патуваат надвор од нивната каза.[638] Сепак, со османското административно преуредување од 1864 година, се изменила и регулативата за патување.

Така, жителите на еден вилает можеле да патуваат во границите на тој вилает само со идентификациски документ наречен нуфус, кој при раѓање го добивал секој жител на Османската Империја и се користел како лична карта. Според В. К'нчов истиот чинел 5 гроша, а се издавал од одделението за матична служба (*Tahriri nüfus dairesi*).[639] За патување надвор од својот вилает било потребно од кајмакамот на соодветната каза да се добие тескере, кое исто така чинело 5 гроша, додека за надвор од државата требало да се добие пасош. Пасошите биле издавани од посебна канцеларија за издавање на патни исправи, која била составен дел од вилаетската управа во сите вилаетски центри. Според Д. Константинов таксата за добивање на пасош не била точно утврдена, но никогаш не спаднала под 20 гроша, а во неа редовно бил вклучен и рушветот.[640] Од друга страна, според В. К'нчов пасошот чинел 50 гроша за една година.[641] Заедничка карактеристика на сите овие документи е тоа што на нив немало фотографија од носителот на документот, па како резултат на тоа вадењето на пасош во туѓо име било честа појава и било редовно практикувано од страна на разни компромитирани елементи, во обид да ја напуштат државата.[642]

---

[637] Всушност, првата форма на контрола на движењето преку одреден документ била спроведувана во втората деценија на XIX век за спречување на напливот на скитници во престолнината Цариград. Ваквите потези на султанот добиле на значење по уништувањето на јаничарските корпуси во 1826 година, кога преку овие документи било превенирано доаѓањето во Цариград на оние кои се кренале на оружје на страната на јаничарите против султанот. Меѓутоа, ваквата пракса на Махмуд II никогаш не била правно санкционирана. Види: D. Gutman, Travel Documents, Mobility Control, and the Ottoman State…, 349-350; S. Shaw, History of the Ottoman Empire...., 40-41; K. Karpat, The Ottoman Emigration to America..., 187.

[638] D. Gutman, Travel Documents, Mobility Control, and the Ottoman State…, 350-351.

[639] В. Кънчов, Сборникъ за Народни Умотворения..., 21.

[640] Д. Константинов, Печалбарството во Македонија..., 17.

[641] В. Кънчов, Сборникъ за Народни Умотворения..., 21.

[642] Д. Константинов, Печалбарството во Македонија..., 18.

*2. Бизнисот на векот*

**2.1.** Тешката економска ситуација, во која се наоѓала Македонија, го правела патувањето до Америка вистински луксуз за многу луѓе. Според одредени истражувања, вкупните трошоци за пат во 1905 и 1906 година изнесувале околу 50 американски долари, а дополнително на таа сума требало да се додадат парите, кои требало да се прикажат пред американските имиграциони власти.[643] Според еден извештај на австрискиот конзулат во Битола, само половината од емигрантите располагале со тие средства.[644] Од друга страна, земјоделските и другите банкарски фондови, кои постоеле во Османлиската Империја биле достапни само за одреден привилегиран слој на христијани. Поради тоа, голем дел од печалбарите пред да заминат од Македонија биле принудени да влезат во должничко-доверителски односи со локалните лихвари, кои ретко давале пари со помал интерес од 20%.[645] Генерално, лихварството било во турски раце. Сепак, некои поимотни христијани исто така го практикувале. Поради анархичната ситуација, во која се нашла МРО по Илинденското востание, со лихварство се занимавале дури и некои корумпирани протагонисти на Организацијата и тоа со парите на Организацаијата. Таквиот престап го утврдила истрагата, што ја спровел Ѓорѓи Сугарев во почетокот на 1905 година врз Петар Лигушев и луѓе блиски до него. Според таа истрага, организациските пари измешани со парите, кои Лигушев ги добивал од Борис Сарафов меѓу другото биле давани со лихва на печалбарите во Америка.[646]

Во градови како Велес, Прилеп, Ресен и Охрид каматите варирале меѓу 20 и 30%. Притоа, печалбарите вообичаено позајмувале 25 наполеони пред да заминат, а враќале 30 наполеони по 6 месеци, што значи дека каматата изнесувала 20%.[647] На годишно ниво, интересот често надминувал дури и 60% од позајмените пари. Во случај на неуспешна печалба, лицата кои заминале да си ја пробаат среќата надвор од државата останувале заплеткани во мрежите на лихварите и биле принудени да го продаваат својот имот и добиток. Според едно истражување спроведено во 1908 година меѓу емигрантите од Маке-

---

[643] Grace Abbott, The Bulgarians of Chicago, Charities and the Commons, 21, 1909, 657-658.

[644] Австриски документи за историјата..., т.1, 159.

[645] Д. Зографски, Развојот на капиталистичките елементи..., 189-190. Стојан Христов, Раскази и записи, Македонска книга, Скопје, 1993, 53-54.

[646] Ѓорѓи Димовски-Цолев, Ѓорѓи Сугерев. Живот и дело, Битола, 1968, 77.

[647] Grace Abbott, The Bulgarians of Chicago, Charities and the Commons, 21, 1909, 657-658.

донија и Бугарија во Чикаго било утврдено дека ваквиот начин на финансирање на печалбата го одбрале мнозинството од емигрантите. Имено, дури 78% од емигрантите во Чикаго изјавиле дека при заминувањето го заложиле својот имот за да позајмат пари, додека 22% од емигрантите изјавиле дека за да дојдат во Америка го продале имотот во родниот крај.[648] Тоа ни покажува и дека една од желбите, со која емигрантите оделе преку Атлантикот била да заработат доволно пари за да си купат нов имот.

**2.2.** Покрај за лихварите, миграциските движења кон Новиот свет биле бизнис со сериозни профити и за големите бродски компании и разните агенции, кои биле поврзани со нив. Иако овие огромни компании не биле самите по себе причина за миграцијата, токму тие биле главниот чинител, кој овие движења ги правел економски исплатливи. Имено, уште во средината на XIX век, редовни и директни бродски линии ги поврзувале низа европски градови како Лондон, Ливерпул, Хамбург, Бремен, Авр и Бордо со големите американски градови, како на источниот, така и на западниот брег.[649] Целата транспортна машинерија, која била користена за полесно префрлање на мигрантите од Европа во Америка и обратно била исклучително профитабилна, а со тоа самата го стимулирала својот раст и била во постојана потрага по нови и нови мигранти. Од друга страна, инкорпорирањето на Македонија во европскиот железнички систем им дало можност на големите бродски компании да ги бараат своите потенцијални клиенти и во Македонија.[650]

Првиот голем играч во бизнисот со пренесување на емигранти од Македонија кон Северна Америка, бил францускиот гигант Трансатлантик (*La Transatlantique/Le Harre*).[651] Оваа бродска компанија од крајот на 1904 година била застапена во Битола од страна на агенцијата Раул Вини (*Raoul Viney*) и секоја година пренесувала меѓу 4 500 и 5 000 емигранти од Македонија кон Америка.[652] Во периодот меѓу 1902 и 1907 година, компанијата испратила во Америка повеќе од 20 000 емигранти од Македонија.[653] Користејќи ги нејзините

[648] Ibid. У. Брунбауер повикувајќи се на истиот извор тврди дека мнозинството од емигрантите го продале имотот, што е погрешно. (U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 57).

[649] За ова види: E. Hobsbawm, Doba Kapitala..., 56.

[650] H. Kostov, Contested Ethnic Identity: The Case of Macedonian Canadians…, 140. Всушност, токму поради овој проблем, емиграцијата од Балканот кон Америка најпрво започнала од Грција, за потоа да се прошири во внатрешноста на Балканот и другите балкански држави.

[651] Во Америка оваа компанија, со официјално име Compagnie Générale Transatlantique (CCG) била позната и како French Line.

[652] Австриски документи за историјата..., т.1, 197. B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 142.

[653] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 142.

бродови, емигрантот можел да ја види Статуата на слободата 12 до 13 дена по тргнувањето од пристаништето во Авр. Превозот на емигрантите до Авр главно се вршел преку железничката мрежа низ Европа, а бил организиран од страна на агентите на компанијата Трансатлантик во Белград.[654] Притоа, патот најчесто водел од Македонија по маршрутата Белград – Будимпешта – Виена – Париз – Авр.[655] За илустрација на доминацијата на Трансатлантик, значаен е податокот дека во 1906 година 3 000 емигранти заминале од Македонија со оваа компанија, а нешто над 2 000 емигранти со сите други компании заедно.[656] Според Р. Пињон ваквата популарност на Трансатлантик била резултат на подобрите услови за патување и помалата експлоатација на емигрантите од страна на оваа компанија.[657] Бродовите на Трансатлантик тргнувале од Авр кон Њујорк секој петок, а новите емигранти преку железницата пристигнувале во Париз организирано во четврток вечер, ден пред тргнувањето на бродот, за следното утро да тргнат кон Авр. Транспортот со оваа компанија чинел 210-240 франци од Скопје до Њујорк, а 193 франци од Солун до Њујорк.[658] Од француските компании, покрај Трансатлантик од 1906 година со превоз на емигранти од Македонија започнало да се занимава и друштвото *Messageries Maritimes*.[659]

Главна конкуренција на Трансатлантик му биле големите германски компании Хамбург-Америка Лајн (*Hamburg-America Line*)[660] и Северногерманскиот Лојд (*Norddeutscher Lloyd*). Хамбург-Америка Лајн била застапена и во Битола и во Солун. Нејзин претставник во Битола бил Наум Христов од леринското село Неволјани, а во Солун таа улога ја имала компанијата Исак Бенсусан.[661] Притоа, компанијата покрај преку Хамбург оперирала и преку француското пристаниште Шербург. Цената на патувањето во третата класа на бродовите на Хамбург-Америка Лајн преку Хамбург била најниска и изнесувала

654 U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 182.

655 Австриски документи за историјата..., т.1, 197; И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 56.

656 R. Pinon, L'Europe et l'Empire Ottoman..., 225.

657 Ibid. 229.

658 Ibid.

659 В. Трайков, История на българската емиграция..., 37.; Австриски документи за историјата..., т.1, 197. Ова друштво уште од 1853 година било поврзано со солунското пристаниште, преку директните линии меѓу Марсеј и Цариград, кои застанувале и во Солун, а сообраќале на секои 14 дена. (Развојот на капиталистичките елементи...312-313).

660 Официјалното име на оваа компанија, која била една од најпознатите во светски рамки е Hamburg-Amerikanische Packetfahrt-Aktien-Gesellshaft (HAPAG).

661 Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 19; Австриски документи за историјата..., т.1, 197; Д. Константинов, Печалбарството во Македонија..., 19.

11,5 наполеони, а вклучувала сместување и исхрана во кампот на компанијата кога се патувало преку Хамбург.[662] Нејзините паработи стигнувале до американскиот брег за 12 до 13 дена, а со оваа компанија годишно заминувале околу 2500-3000 емигранти од Македонија.[663] Северногерманскиот Лојд, пак, во Солун бил застапен преку извесен Ј. Реканати. Оваа компанија оперирала преку пристаништето во Бремен, а патувањето исто така траело 12 до 13 дена.[664] Исклучок од ова бил бродот „Кајзер Вилхелм", кој од градот на градските музиканти до Њујорк патувал само 6 дена.[665] Патувањето со трета класа со бродовите на Северногерманскиот Лојд чинело 12 наполеони, а со оваа компанија кон Америка годишно заминувале меѓу 400 и 500 емигранти.[666] За да патуваат со овие компании, емигрантите од Македонија најпрво требало со воз да пристигнат во Германија, најчесто користејќи го правецот преку Белград – Будимпешта – Виена до северните германски градови каде ги очекувал првиот тест на патот до Америка. Имено, во 1903 година, по појавата на епидемија на колера кај руските емигранти, кои транзитирале низ Германското Царство, властите во Берлин извршиле притисок врз Северногерманскиот Лојд и Хамбург-Америка Лајн за воведување на јавни бањи и задолжителна дезинфекција на личните работи кај сите емигранти, без разлика дали доаѓале пеш или преку железничките линии, со или без пасоши.[667] Ваквата мерка се покажала како полн погодок и за бродските компании, кои добиле основа за заработка на огромни профити од т.н. „контролни станици", кои биле поставени на 11 клучни точки на германското крајбрежје.[668] Истите биле опремени со бањи, болници, перални на пареа, бараки за сместување, како и административни згради, каде се вршела контрола на емигрантите и проценка дали тие би ги поминале сите филтри при влезот во САД. Според берлинскиот дописник на весникот *New-York Tribune* германските контролори на станиците имале „ретки способности за препознавање емигранти".[669] По престојот во овие т.н. „контролни станици", кој можел да трае максимум осум дена, емигрантите тргнувале со параброд кон Њујорк.[670]

---

[662] Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 19.
[663] Австриски документи за историјата..., т.1, 197.
[664] Ibid.
[665] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 56.
[666] Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 19.
[667] New-York Tribune, 13.12.1903, 4.
[668] Ibid.
[669] Ibid.
[670] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 33.

Најголемиот дел од емигрантите во Канада, пак, пристигнале со параброд ите на британскиот гигант Кјунард Лајн (*Cunard Line*), а во помал обем учествувале и Алан Лајн (*Allan Line*), Уајт Стар Лајн (*White Star Line*), Доналдсон Лајн (*Donaldson Line*) и Доминион Лајн (*Dominion Line*).[671] Всушност, Велика Британија го контролирала речиси целокупниот транспорт кон нејзините доминиони генерално низ Светот. Централата филијала на Кјунард Лајн за Балканот се наоѓала во Белград и била водена од Н. Христов, кој редовно испраќал свои агенти во Македонија. Во текот на 1905 или 1906 година оваа компанија отворила свое претставништво и во Битола, кое било под контрола на претставништвото во Белград. Преку едно истражување било утврдено дека поголем дел од емигрантите во Торонто дошле како резултат на лажни ветувања, кои ги добиле од човек по име Грегор Иванов, ангажиран од страна на Христов од Белград.[672] Емигрантите, кои патувале со британските бродски компании до Канада ја напуштале Македонија најчесто со воз, а потоа преку Антверпен [673] и Гримсби се префрлале во Британија, од каде тргнувале кон Америка преку пристаништата во Глазгов, Саутемптон или Ливерпул.[674] Поради силната и добро организирана агитација, компанијата Кјунард Лајн претендирала сериозно да им конкурира на француската Транс-атлантик и на германските компании во однос на целокупниот бизнис со превозот на емигрантите во Америка.[675] Почнувајќи од 1903 година, оваа компанија со поддршка на унгарската влада се обидела преку пристаништето во Фиуме (Риека) да воспостави нов коридор за пат кон Америка. Таа вршела превоз на околу 500 лица од Македонија на годишно ниво.[676] Поморскиот пат од Фиуме до Њујорк со оваа компанија траел 22 до 24 дена, а поради соработката со унгарската влада компанијата била застапена и во Солун преку тамошната филијала на будимпештанската шпедитерска компанија S&W Hoffman.

[671] L. Petroff, Sojourners and Settlers: The Macedonian Community…, 42.

[672] Ibid.

[673] Дописникот на американскиот весник *The Sun* од Антверпен уште во 1903 година пишува за Македонци на улиците, кои на улиците чекале шанса да се префрлат кон Америка. The Sun, 22.04.1903, 6.

[674] В. Трайков, История на българската емиграция..., 37. Во текот на XIX век пристаништето во Ливерпул било едно од главните пристаништа за патување од Велика Британија до Америка. Ваквиот статус на ова пристаниште му бил обезбеден поради билизината со најголемиот ирски град Даблин, од каде милиони Ирци во текот на XIX век заминале во Америка. Поради огромниот број на сиромашни луѓе, кои сакале да заминат во Америка, британските власти за градот Ливерпул го користеле изразот „болницата и гробницата на Ирска." H. Hirota, Expelling the Poor…, 157-158.

[675] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 142.

[676] Австриски документи за историјата..., т.1, 197.; В. Трайков, История на българската емиграция..., 37.

Преку пристаништето во Солун оперирала италијанската компанија Флорио Робартино (*Florio Robartino*), чии бродови пред да се упатат кон Њујорк застанувале во Неапол, Марсеј и Гибралтар. Патувањето во третата класа на овие бродови чинело 15 наполеони.[677] Исто така, оваа компанија имала директни линии кон Њујорк од Неапол и Џенова, а пренесувала околу 200 емигранти од Македонија годишно. Во одредена литература меѓу италијанските компании, кои имале удел во транспортот на емигранти од Македонија се споменува и компанијата *Esperia*.[678] Опцијата за директно напуштање на Македонија со брод преку Солун и Пиреја ја искористиле дел од емигрантите од јужните делови на Македонија. Притоа, покрај италијанските често биле користени грчки и други бродови. Ник Пандоф, емигрант од с. Вишени во Костурско, кој во 1909 година заминал во Америка, на својот пат до Америка се присетил вака: „*...од Костур отидов во Солун. Од Солун патував со грчки брод до Пиреја, од таму за Неапол – со германски, а до Њујорк – со италијански...*“.[679] Сепак, дел од нив заминувале со воз кон Италија, од каде се качувале на парабродите на некоја италијанска компанија.[680] Покрај италијанските учествувале и бродски компании со австроунгарско потекло, но само со незначителен дел од колачот. Најважна австроунгарска компанија била Австро-Американ, која поддржана од австриската влада оперирала преку Трст. Патувањето со Австро-Американ чинело 38 американски долари.[681] Бродовите на Австро-Американ тргнувале на секои 10 дена од Трст, а на американскиот брег пристигнувале за 16 дена.[682]

Покрај горенаведените компании, во разни извори и литература како учесници во оваа битка за емигранти се јавувале и други компании. Така, кралската белгиска парабродска агенција Ред Стар Лајн (*Red Star Line*) со седиште во Антверпен била застапена во Солун преку компанијата на извесен Ј. Кипрус, додека Американ Лајн преку Шербург годишно имала само 20-30 клиенти од Македонија, чиј пат до Америка траел 12 до 13 дена.[683]

---

[677] Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 19. Оваа компанија била основана во 1871 година под името Trincaria, потоа го сменила името во Florio Robartino, а потоа и во Navigazione Generale Italiana. (Развојот на капиталистичките елементи...315).

[678] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 142.

[679] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 273. Спомените на овој емигрант ги забележал И. Гаџев преку аудиозапис на 5.12.1982 година.

[680] В. Трайков, История на българската емиграция..., 37.

[681] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 56.

[682] The Rathdrum Tribune, 6.3.1908, 1.

[683] Ibid.

Понатаму, се споменуваат и компаниите Принс Лајн (*Prince Line*) и Холанд-Америка Лајн (*Holland America Line*) од Ротердам.[684]

**2.3.** Локалните агенции на гореспоменатите бродски компании всушност ја играле улогата на активни пропагандни центри, кои со помош на одлично подготвени излози со фотографии го привлекувале вниманието на сиромашните луѓе и кај нив создавале желба за емигрирање.[685] Локалните весници биле преплавени со нивните огласи, кои ветувале рај на другата страна на Атлантикот. Според еден извештај од австриска провининциија, во 1906 година во Битола имало 8 агенти на бродските компании, кои само во 1907 година испратиле во Америка 3630 лица од Битолскиот вилает.[686] Во 1910 година нивниот број бил зголемен на 9 агенти, а веќе во 1911 година се споменуваат десет агенции за емиграција во Битола и седум во Лерин.[687] Овие агенции имале свои претставници и во помалите градови од Вилаетот. Според еден документ од руска провиниенција, развивањето на целата мрежа на агенции, кои посредувале во емигрирањето било потпомогнато од самите османски власти.[688] Вкупниот број на вакви агенции на целата територија на Македонија во периодот на Младотурската револуција изнесувал повеќе од 30, со тоа што најголемиот дел од нив биле во Битола, Лерин и Солун.[689] Тешко е да се утврди колку точно лица се занимавале со оваа работа во регионите каде имало емиграција, затоа што овие агенти не биле директно вработени во големите бродски компании, па не влегувале во нивната официјална евиденција. Тие биле само дел од една огромна индустрија, на која ѝ служеле и како извор на информации. Овие агенти понатаму ангажирале и свои агитатори по помалите градови и села, кои често биле луѓе со повисок општествен статус како учители и свештеници.[690] Понекогаш и дел од учесниците во македонското ослободително движење се вклучувале во овој бизнис. Така, Тома Бакрачев од с. Вишени (Костурско), кој поради учеството во Солун-

[684] В. Трайков, История на българската емиграция..., 37., B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 142.

[685] Д. Константинов, Печалбарството во Македонија..., 18.

[686] Австриски документи за историјата..., т.1, 159; Крсте Битоски, Дејноста на Пелагониската Митрополија (1878-1912), Скопје, 1968, 241; The Sun, 12.08.1906, 5.

[687] Работничка искра, 9, Битола, 1.5.1910, 4.; Hatzikiriakou, Yeoryios, Μακεδονία μετά του παρακειμένου τμήματος της Θράκης. 3б. Οδηγός της Ελλάδος, (ред. N. Inglesis), т.2, Athens, 1911, 85, 94, 125. Дури седум агенции имало и во албанскиот град Корча.

[688] Македонија меѓу автономијата и дележот, Зборник руска дипломатска документација 1894-1913. т. VII (1909, 1910-1913), ред. Симон Дракул, Селектор, Скопје, 2007, 17.

[689] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 143; Х. А. Полјански, Односот на Соединетите Американски..., 84; R. Pinon, L'Europe et l'Empire Ottoman....., 229.

[690] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 78-79.

ските атентати бил осуден прво на смрт, па на доживотен затвор, после помилувањето за време на Младотурската револуција се вклучил во работата како агент, најпрво во Белград, а потоа и во Софија.[691] Агенти за емиграција станале и некои поранешни емигранти, како Васил Поп Стефанов, кој во Њујорк ја поседувал кафеаната „Македонија“ и Алекс Ангелинов, кој во бизнисот бил уште од 1904 година.[692] На тој начин, тие биле заплеткани во една мрежа, во која ретко се знаеле чинителите од повисоките скалила.

Соработката на емигрантите со овие агенти била полна со бројни злоупотреби, во кои како жртви се јавувале неискусните емигранти. Прво, според еден извештај од руска провиниенција, агентите на бродските компании често се јавувале како позајмувачи на пари за пат на емигрантите.[693] Ваквите тврдења можат да се потврдат и со австриските дипломатски извештаи, каде се прецизира дека ваквите заеми биле придружени со залог на имот и камата од 2,5 до 3% месечно.[694] Компаниите Австро-Американ и Хамбург-Америка Лајн дури и самите нуделе можност за транспорт на емигрантите на кредит, но со камата која по шест месеци изнесувала половина од вредноста на патниот билет.[695] Притоа, познавајќи го системот, агентите добро знаеле како да ги покријат своите злоупотреби. Имено, со оглед на тоа што од Форан Актот од 1885 година (Глава II) било забрането пропуштањето на неквалификуваните работници кои имаат претходни договори со трети личности (посредници), агентите им ги давале на емигрантите клучните инструкции за тоа како да ги убедат американските гранични службеници дека немаат никакви претходни договори и должничко-доверителски односи.[696] Покрај директното позајмување на пари, се користеле и други методи. Имено, британските и канадските бродски компании, перфектно познавајќи ја економската ситуација на Балканот и во Македонија, преку своите агенти се обидувале да ги привлечат потенцијалните доселеници преку нудење на евтини аранжмани за пат од само 20 долари. Динчо Ралев од костурското село Загоричани, кој во 1907 година дошол во Торонто изјавил дека може да се сети на англофон агент за работа од Лерин, кој успеал на тој начин да убеди неколку соселани на Ралев да се преселат во Торонто, па во рок од

[691] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 28.
[692] Ibid.
[693] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т.5., 323.
[694] Австриски документи за историјата..., т.1, 159.
[695] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 143.
[696] G. Michaelidis, Salvation abroad: Macedonian migration to North America…, 96.

неколку години сите тие биле вработени во фабриките и на железничките пруги во канадскиот град како евтина работна сила.[697] Понатаму, лажните информации за дестинациите, на кои требало да одат емигрантите биле речиси стандардни при секој договор. Патните билети често се продавале по превисоки цени, а се забележуваат и случаи кога се продавале билети кон непостоечки дестинации.[698] Исто така, бројни злоупотреби се случувале во поглед на менувањето на пари од една во друга валута, кое се одвивало во услови, кои многу ги фаворизирале агентите.[699] Исто така, една многу популарна лага меѓу емигрантите било ветувањето дека емигрантите во Америка ги чекала земја за бесплатно колонизирање.[700]

Меѓу најозлогласените европски агенции во поглед на злоупотребите биле агенциите на Виктор Клаус во Бухс (Швајцарија), Антун Герголет во Ценова (Италија), како и Фридрих Мислер во Бремен (Германија).[701] Мрежите на овие агенции, на легален или илегален начин доаѓале и до Македонија. Според Ѓорче Петров, токму агентите од агенцијата на Мислер биле тие, кои наплаќале огромни суми за патниот билет до Америка. Имено, Ѓ. Петров известува дека во Битолско и Прилепско за пат кон Америка се наплаќало 25-30 наполеони, односно двојно повеќе од вистинската цена на чинење на патувањето, а во Леринско бил забележан случај каде агентите на Мислер наплатиле дури 41¾ лири за патување до Америка, два и пол пати повеќе од реалната цена на патувањето.[702] Каматите за парите, кои ги позајмувале овие агенти достигнувале 80-140% на годишно ниво, па поради тоа според Ѓ. Петров тие во народот биле познати како кожодери.[703] Истовремено со ваквите махинации, поради својата потреба за одржување на добри односи со локалните заедници, во обид да се прикаже како пријател на народот агенцијата на Мислер дури и

---

[697] H. Kostov, Contested Ethnic Identity: The Case of Macedonian Canadians…, 140.

[698] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 183.

[699] Овој проблем не бил случај само со емигрантите од Македонија, туку бил честа појава уште од времето на големата ирска емиграција во САД. Поради овој проблем, американските власти во 1855 година формирале посебни менувачници за емигранти, во кои ќе им се менуваат пари по фер курс. (Х. Б. Паркс, Историја Сједињених Америчких..., 483).

[700] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 183.

[701] Ibid. 78-79.

[702] Г. Петров, Емигрантското движение...., 5-6.

[703] Ibid.

донирала часовници за неколку егзархиски цркви во регионот.[704] За хипокризијата во овие постапки не е потребен дополнителен коментар.

Ако кон крајот на XIX век доминантен начин на „откривање на Америка“ било искуството на роднините и пријателите, едно истражување од 1908 година, спроведено кај новодојдените доселеници од Македонија во Чикаго покажува поинаква ситуација. Имено, дури 77 од 100 испитаници во истражувањето одговориле дека за можноста за работа во Америка дознале од агенти на бродските компании, 12 од нив дошле по сугестија на родни-ни или пријатели, а само 11 од нив дошле како резултат на лична иницијатива.[705] Исто така, дури 63 од испитаниците тврделе дека агентите исто така им ветиле и работа во Америка. Тоа покажува дека отворањето на локални агенции од страна на бродските компании било исклучително ефективно и дека ваквата пропаганда имала силно влијание врз текот на емиграцијата во Америка.

**2.4.** Борбата за придобивање на емигранти често била немилосрдна. Многу чинители во таа борба очигледно делувале на полулегална основа, а главните играчи во оваа борба организирале цели картели и се служеле со брутални методи за да ја победат конку-ренцијата. За да го истакнеме интензитетот на овие борби, ќе посветиме внимание на еден парадокс на емиграцијата од Македонија. Според извештајот на австрискиот генерален конзул во Солун, Бохумил Пара, испратен на 30.11.1906 година до министерот за надворешни работи на Австро-Унгарија, Алоис фон Ерентал, од вкупно 8 000 лица, кои емигрирале во 1905 година, дури 6 000 ја напуштиле Македонија по сувоземен пат, а само 2 000 по море.[706] Тоа значи дека 75% од емигрантите не заминале преку пристаништето во Солун во текот на таа година. Други анализи, пак покажуваат дека дури и над 80% од вкупниот број емигранти ја напуштиле Македонија по сувоземен пат, преку железниците, кои ги носеле до пристаништата во Хамбург, Антверпен, Бремен, Трст, а некои се упатиле дури и кон Ливерпул или Глазгов.[707] Притоа, тие ги користеле секогаш истите компании, па главниот колач го делеле францускиот Трансатлантик, како и германските Северногерман-

[704] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 178.
[705] Grace Abbott, The Bulgarians of Chicago, Charity and the Commons, XXI/15, 9.1.1909, 656-657.
[706] Австриски документи за историјата..., т.1, 196.
[707] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 142. За оние кои оделе во Јужна Америка, главни транзитни точки биле шпанските пристаништа, а особено пристаништето во Барселона. (K. Karpat, The Ottoman Emigration to America..., 187).

ски Лојд и Хамбург-Америка Лајн.[708] Наспроти тоа, сосем мал дел од емигрантите заминале од Македонија преку пристаништето во Солун, кое им било оддалечено само на неколку часа, а уште од 1899 година било директно поврзано со Њујорк, преку линија која водела од Њујорк кон Цариград, застанувајќи во Солун и Смирна.[709] Се поставува прашањето, како на емигрантите од Македонија им било исплатливо да патуваат со воз до пристаништата на Северното Море, но не им било исплатливо да заминат кон САД преку солунското пристаниште?

Први агрументи, врз основа на кои проникливиот читател би го барал одговорот на ова прашање, се цените и времетраењето на патувањето, кои беа истакнати во горните редови. И навистина, француската Трансатлантик и моќните германски компании Хамбург-Америка Лајн и Северногермански Лојд имале најниски цени за патувањето. Во однос на времетраењето, пак, факт е дека и покрај тоа што во случајот со западноевропските компании патувањето вкучувало пат со воз до пристаништата на северот од Европа, патувањето сепак било пократко од патувањето преку Солун, кое вклучувало застанување во повеќе европски пристаништа. Уајт Стар Лајн, на пример, им ветувала на потенцијалните патници од Македонија дека од Саутемптон до Њујорк ќе ги префрли за „шест до седум дена“.[710] Трет аргумент била инфраструктурата на пристаништата во Југоисточна Европа, која била далеку зад западноевропските пристаништа, па не давала можност за големите и модерни прекуокеански параброди да оперираат низ тие пристаништа. Меѓутоа, овие аргументи се само едната страна од паричката и наместо да водат кон одговорот, тие наметнуваат нови прашања. Зошто државите од Југоисточна Европа дозволувале да бидат целосно исклучени од овој бизнис? Зошто ниту една држава не развила пристаниште, преку кое ќе може директно да ги испрати и дочека емигрантите од целиот регион, профитирајќи од ваквиот транзит? Била ли градбата на пристаништа проблем за држави од габаритот на Австро-Унгарија и Османлиската Империја? Можеле ли тие држави да ја преземат контролата врз емигрантите? Имале ли такви идеи?

[708] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 79-80.
[709] М. Миноски, Соединетите Американски Држави и Македонија..., 39.
[710] Kulturno Edinstvo, 1/5, 1.12.1908, 3. Интересно е тоа што во истиот оглас компанијата објавува дека има потреба до агенти.

Одговорот на последното прашање е позитивен, барем што се однесува до Австро-Унгарија и тој одговор всушност води до суштината на овој проблем. Имено, во 1903 година во Австро-Унгарија била увидена можноста за преземање на контролата врз транспортот на емигранти кон Америка. Притоа, австриската и унгарската влада имале различен план како тоа би го постигнале. Австриската влада решила да го развива пристаништето во Трст и да ја поддржува компанијата Австро-Американ во нејзините намери да прерасне во глобален играч во бизнисот. На тој начин, почнувајќи од 1904 година оваа компанија започнала да оперира преку Трст.[711] Од друга страна, за да ги реши внатрешнополитичките проблеми со словенските народи во државата, унгарската влада решила да ја спонзорира емиграцијата, склучувајќи договор со британскиот гигант Кјунард Лајн за директна линија од пристаништето во Фиуме до Њујорк, воспоставена во ноември 1903 година.[712] Со договорот, унгарската влада се обврзала дека ќе обезбедува 30 000 емигранти годишно за оваа линија. На тој начин, владите во Двојната Монархија ги предизвикале интересите на големите германски компании. Меѓутоа, овие компании уште претходно ја имале предвидено оваа можност. Поради тоа, уште во 1891 година, Хамбург-Америка Лајн, Ред Стар Лајн, Северногерманскиот Лојд  и Холанд-Америка Лајн го формирале т.н. Северноатлански Труст (*North Atlantic Pool*), со цел да спречат конкуренција од трети страни и да ги избегнат меѓусебните борби.[713] Токму како резултат на интерниот договор, со фиксни квоти на емигранти, во Македонија приматот го добиле Хамбург-Америка Лајн и Северногерманскиот Лојд, а компаниите Ред Стар Лајн и Холанд-Америка Лајн се слабо застапени во емиграцијата од Македонија. Чувствувајќи се загрозен, Северноатланскиот Труст во летото 1904 година започнал ценовна војна со Австро-Американ и Кјунард Лајн. Дополнително, Трустот преку германските и американските весници се погрижил за спонзорираната емиграција да бидат известени и американските имиграциони власти, кои биле против ваквиот вид емиграција (Глава II). Како резултат на тоа, поради стравот дека патниците би ѝ биле враќани од американските власти, Кјунард Лајн морала да се откаже од договорот со унгарската влада, а унгарската влада под жесток притисок на официјален Берлин во 1905 година морала да потпише договор дека никогаш повеќе нема да спроведува мерки, кои би го

[711] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 80.
[712] Ibid. 81.
[713] Ibid. 81.

спречувале емигрантското движење низ Германија и би наштетиле на економските интереси на големите германски компании.[714] Со драматичното спуштање на цените, пак, компаниите Австро-Американ и Кјунард Лајн во ноември 1904 година биле принудени да потпишат договори со Северноатланскиот Труст, но без да станат дел од него. Според тие договори, Австро-Американ добила 4% од емиграцијата од Источна Европа, но била обврзана да продава билети за линиите на германските компании, а третина од нејзините акции ги добила германската Хамбург-Америка Лајн.[715] Така, Австро-Американ транспортирала само 5-6% од емигрантите од самата Австро-Унгарија во периодот од 1905 до 1910 година.[716] За прераснување во некаков глобален играч тука не може да стане збор. Кјунард Лајн, пак, која поради ценовната војна, со која се соочила од Северноатланскиот Труст, морала да склучи договор со Трустот, според кој транспортот преку Фиуме би се одвивал преку нова фирма-ќерка Адриа Лајнс (*Adria Lines*), под услови диктирани од страна на Трустот. По оваа демонстрација на моќ од страна на германските компании и властите во Берлин, повеќе никој не се осмелил да ја предизвика германската доминација во овој бизнис во Југоисточна Европа, споделена со францускaта Трансатлантик. Меѓутоа, оваа ситуација покажува дека во играта за придобивање на повеќе емигранти за транспорт кон Америка не биле вклучени само моќни компании, туку и самиот државен врв на големите европски сили.

**2.5.** За секој емигрант, заминувањето од татковата куќа било трауматично искуство. Емигрантите најчесто биле испраќани до излезот од селото или до железничката станица од нивното семејство, како и нивните роднини и пријатели. Поради безбедност на патиштата, тие најчесто тргнувале во групи, кои се движеле од 4-5 до 70 лица.[717] Според Д. Константинов овие групи на печалбари кои тргнувале заедно биле нарекувани тајфи, а најчесто биле предводени од некој поискусен емигрант во Америка.[718] Поради опасноста од разбојничките банди, овие тајфи често со себе носеле и некој вид на оружје или ангажирале свои чувари од редот на муслиманското население, кои пак од своја страна често биле

[714] Ibid. 159.
[715] Ibid. 119, 159-160.
[716] Ibid. 158-160.
[717] ДАРСМ, фонд Бугарски конзулат – Битола, мф. 4302, ф.331, о.1, а.е. 110, Дело VII/п.7, сн. 4, Битола, 23.02.1904.
[718] Д. Константинов, Печалбарството во Македонија..., 19-20.

поврзани со самите разбојнички банди и на тој начин претставувале опасност. На тој начин, започнувал нивниот пат кон Америка. Според Стојан Христов, тој и неговата група на емигранти на железничката станица каде требало да се качат на возот кон Шербург носеле црвено копче со бела ѕвезда, со што требало да се идентификуваат пред агентите кои ги чекале на станицата како патници на бродот Океаник, кој требало да тргне од Шербург.[719] Р. Пињон известува дека имал можност да види цели групи луѓе на железничките станици меѓу Лерин и Воден, кои придружувани од нивните најблиски го чекале возот, кој требало да ги однесе кон непознатото.[720]

Во текот на патувањето низ Европа, агентите на соодветната бродска компанија ги дочекувале емигрантите на станицата, каде требало да се промени возот и им го покажувале патот до следниот воз.[721] Притоа, патувањето низ Европа било исполнето со разни понуди и предизвици, поради кои некои емигранти воопшто не стигнале до Америка. Така, во февруари 1907 година група емигранти од Македонија на пат кон Америка биле пресретнати во Белград на железничката станица од извесен Ташко. Тој успеал да ги одврати од намерата да заминат во Америка и да ги убеди да се приклучат кон српските чети, кои биле испраќани во Македонија од страна на српската пропаганда, со ветувања дека ќе заработуваат повеќе пари отколку во Америка. Ваквата понуда ја прифатиле 120 лица.[722] Некои од патниците, кои патувале преку Германија биле непријатно изненадени од условите во контролните станици, кои емигрантот Петар Јанков ги опишал како „многу полоши од условите во затвор“.[723]

Сепак, најголем предизвик било преминувањето на Атлантикот. Условите во третата (и четвртата) класа на прекуокеанските бродови, која била судбина на речиси секој емигрант од Македонија, биле ужасни, а третманот на патниците од споменатите класи од страна на бродскиот персонал не се разликувал од оној, кој го имале животните на бродот. Всушност, според Е. Хобсбаум бродските компании сметале дека патниците од посиромашните слоеви едноставно не заслужуваат подобро сместување од она што го има доби-

---

[719] G. Prpic, South Slavic Immigration in America… 220.
[720] R. Pinon, L'Europe et l'Empire Ottoman....., 228.
[721] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 32-33.
[722] Македонија меѓу автономијата и дележот, т.5...., 354-355.
[723] G. Prpic, South Slavic Immigration in America… 220.

токот, а притоа „за среќа не им е потребно и толку место, колку за добитокот."[724] Тие биле едноставно третирани како корисен товар. Емигрантот Ѓорѓи Чакалов третокласните кабини ги опишал вака: *...„ги нарекуваат Steerage – дел во предниот дел на бродот за екипажот и посиромашните патници. Во нив се наредени на два спрата тесни кревети, 20 на број, кои се распределуваат „на к'смет". Опремени се со платнени тенки душеци за еднократна употреба и две постелнини, кои се перат и стерилизираат пред секое патување. Тука се беше собрало чудовиштето на Европа, Евреи од Полска со црни, долги и мазни коси, бедници од сите народи. Додека порано за Америка патувале луѓе кои биле прогонувани во татковината поради политичките и религиозните убедувања, сега веќе го прави истото куцо и сакато, кое во џебот има пари само да го плати бродскиот билет."*[725] Патувањето било проследено со низа болести и опасности. Според спомените на А. Близнаков *„речиси никој од печалбарите не ја преболуваше таканаречената морска болест, која поради главоболките, постојаниот нагон за повраќање и слабеењето на организмот ги исцрпуваше луѓето. Многумина кога ги напуштаа бродовите потсетуваа на сеништа."*[726] Исто така, бродските несреќи и катастрофи не биле ретка појава во тогашниот свет. Поради овие ризици, италијанската компанија *Esperia* нудела и еден вид на осигурување за претплата од 15 франци, при што емигрантот добивал 200 франци во случај на смрт на патот, 1 200 франци во случај на смрт во текот на првиот месец по пристигнувањето и 300 франци во случај на одбивање на влезот на американска територија.[727]

**2.6.** Кога зборуваме за несреќите и опасностите кои демнеле при преминувањето на Атлантикот, се чини дека е неизбежно да ја споменеме и најголемата бродска несреќа меѓу нив – потонувањето на бродот Титаник во сопственост на британската компанија *White Star Line*. До денешни дни, во научната и мемоарската литература, како и во јавноста постојат разни потврдени и непотврдени информации, според кои во раните утрински часови на 15 април 1912 година, кога гордоста на британското бродоградителство се нашла на дното на Атлантикот, меѓу патниците биле и одреден број Македонци. Од научен аспект, прв хендикеп на сите овие информации е тоа што тие најчесто се базираат исклучиво на лични или семејни сеќавања. Па така, според сеќавањата на неговото семејство, меѓу загинатите пат-

[724] E. Hobsbawm, Doba Kapitala..., 156.
[725] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 40-41.
[726] А. Близнаков, Спомени за националната, политичката..., 18.
[727] R. Pinon, L'Europe et l'Empire Ottoman....., 230.

ници бил и овчарот Аце Малинкоски од мариовското село Штавица, на свои 22 години. Покрај него, според колективната меморија на селото Тресонче, меѓу жртвите биле и браќата печалбари Миле и Јанко Смилевски од споменатото мавровско село. Но, што велат официјалните извори? Според официјалните листи на патниците на Титаник, достапни на *Encyclopedia Titanica*, овчарот Аце Малинкоски не фигурира ниту меѓу преживеаните, ниту меѓу загинатите. Од друга страна, околу браќата Смилевски ситуацијата е поинтересна. Имено, меѓу загинатите патници се наоѓа името Миле Смиљаниќ на 37 годишна возраст, меѓутоа како земја на потекло за него се наведува Хрватска, што може да е знак и дека патувањето го започнал после печалбата во Хрватска.[728] Околу неговиот брат не постојат никакви официјални податоци. Единствената официјално потврдена жртва на Титаник, во чија графа за земја на потекло е впишана Македонија е извесно лице заведено како Димитри Маринко, кој загинал на свои 23 години.[729] За него не постојат никакви дополнителни информации, а во графата за роден град стои непознато.



| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Mirko | Dika | m | 17 | Labourer | Austrian | Austrian |
| Jovan | Dimic | m | 42 | Farmer | do | do |
| Marinko | Dimitri | m | 23 | Labourer | Macedonian | do |

*7. Извадок од листа на починати патници на Титаник – запис Димитри Маринко, возраст:23, занимање: работник, националност: Македонец.*

Што се однесува до преживеани емигранти од Македонија на Титаник, според мемоарите на К. Алабаков на овој брод патувале и двајца Буфчани, печалбарите Ило и Стојан Ферманов, кои биле сместени во третата класа и преживеале. Алабаков за овие патници вели: „...раскажувањата на преживеаниот Стојан Ферманов за епилогот на Титаник ми се свежи, иако се поминати многу години. Се сеќавам на белокосиот старец во Битола, кој во паркот кај болницата, ни раскажуваше за пропаст на Титаник. Не само јас, туку сите што бевме околу него внимателно го слушавме кога зборуваше за целата трагедија. Тој се спасил на една вреќа со кафтици лежејќи се додека пристигнале бродовите за помош...“[730]

[728] https://www.encyclopedia-titanica.org/titanic-third-class-passengers (пристапено на 28.06.2022). Тука треба да се истакне дека интерес околу оваа жртва постои и во Србија, каде се поврзува со едно иселеничко семејство во Америка со црногорско потекло.

[729] https://www.encyclopedia-titanica.org/titanic-third-class-passengers (пристапено на 28.06.2022).

[730] К. Алабаков, Сеќавање на селото Буф и неговите страданија..., 17.

Понатаму, печалбарот Стојко Додоловски самиот тврдел дека преживеал, на начин што скокнал во Атлантикот и успеал да се качи на еден од чамците за спасување. Покрај нив, приказни дека ја преживеал трагедијата постојат и за извесен Спирко Савески. Меѓутоа, ниту еден од овие патници не може да се потврди во официјалната евиденција на патниците на Титаник, што е чудно со оглед на тоа што евиденцијата на преживеаните патници е прилично детална. Според тоа, за овие „искуства" оставаме можност да биле плод на имагинацијата на некои печалбари, кои сакале при враќањето во Македонија да имаат повпечатливи приказни за раскажување.

### *3. Вратата на Америка*

**3.1.** Со донесувањето на новиот закон за имиграцијата во САД од март 1891 година, била воведена единствена и постојана институција за контрола на имиграцијата, најпрво наречена Надзорник на имиграцијата (*Superintendent of Immigration*), а од 1906 година Биро за имиграција (*Bureau of Immigration*).[731] На тој начин, имиграцијата во САД и практично (покрај законски) била ставена под федерална контрола. Исто така, малото островче Елис во близина на Статуата на слободата во Њујорк, почнувајќи од 1892 година станало главен прифатен центар за имигрантите од Европа, менаџиран од федералните служби на САД.[732] Од тој момент, на страниците на милиони документи, кои ги издале американските ими-

[731] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 128-129.

[732] Дозволата за задржување и проверка на имигрантите сојузните држави ја добиле официјално во 1885 година. Додека се чекало на изградбата на инфраструктурата на Елис островот, федералните служби како контролен пункт користеле една зграда позната како Барџ Офис (Barge Office) во местото Батери Парк, поради тоа што властите во Њујорк одбиле да им го отстапат старото фортификациско утврдување Касл Гарден (Castle Garden), кое било користено за истата намена од нивна страна пред воведувањето на федералната контрола врз емиграцијата. Причините за овој потег на сојузната држава Њујорк се поврзани со негативната репутација на ова место, создадена уште од неговата изградба. Имено, изградбата на овој прифатен центар во 1855 година била проследена со силни протести, како од резидентите на Менхетн, така и од бизнисмените. Тие се плашеле дека таквото место, кое го нарекувале Pest House (термин користен во средниот век за куќите, кои биле наменети за карантин на заразените од чума) ќе стане извор на инфективни болести во градот. Богатите њујоршки бизнисмени, пак се плашеле дека таквото озлогласено место ќе ги урне цените на нивните поседи блиску до него. Една болница за имигранти била изгорена до темел три години по отворањето од група од 1000 револтирани граѓани, по една дојава за болести во центарот. Единствена друга држава која имала обид да изгради ваков центар била Пенсилванија, но тој обид завршил неуспешно. Сепак, најголемиот дел од службениците кои работеле во Касл Гарден продолжиле да работат и на Елис Островот, но со федерални ингеренции. Речиси две децении подоцна, во 1910 година ваков пункт бил отворен и на Пацификот, на Ејнџел островот во близина на Сан Франциско. (H. Hirota, Expelling the Poor…, 44, 201-202, 207; Elisabeth Yew, Medical Inspection of Immigrants at Ellis Island 1891-1924, Bulletin of the New York Academy of Medicine, 56, 1980, 493.)

грациони власти биле испишани судбините на многу луѓе, кои тргнале да ги бараат своите надежи за подобар живот во Америка.

Патниците од првата и втората класа речиси секогаш без проблеми влегувале во Америка по пристигнувањето во њујоршкото пристаниште. Сепак, по напуштањето на бродот од страна на првата и втората класа, за патниците од третата класа кои не биле граѓани на САД, следувал вистинскиот тест. По завршувањето на стандардните црински проверки, мал брод ги носел емигрантите од третата класа од пристаништето на реката Хадсон кон Елис Островот, под надзор на чувари.[733] Во импозантните згради на Елис Островот, имигрантите го чекале првиот тест – здравствениот преглед. Првата проверка била вршена од страна на млади практиканти на Службата за јавно здравје на САД (*United States Public Health Service*), кои добиле шанса да вежбаат на „нај-доброто училиште за дијагностика во Светот“ – Елис Островот.[734] По генералната проверка, се преминувало во друга просторија, каде друг, поискусен лекар ги проверувал зениците на очите на сите емигранти, во потрага по можни заболени од инфективната болест трахома.[735] Покрај трахомата, други причини кои можеле да застанат меѓу мигрантот и неговиот влез во САД биле разните форми и степени на заразното габично заболување дерматофитоза, а во ретки случаи и болестите туберкулоза, сифилис и гонореја. Сите тие болести биле сметани за симбол на лоша здравствена состојба на мигрантите и нивна нехигиена, па тие биле сметани како непожелни за влез на територијата на САД. Притоа, емигрантите за кои имало сомнеж дека се заболени од некоја болест или имаат некој друг проблем биле маркирани со креда по облеката.[736] Во 1893 година биле точно



*8. Главниот објект на Елис Островот во 1905 година*

[733] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 57-61.
[734] E. Yew, Medical Inspection of Immigrants at Ellis Island...., 488-489.
[735] Трахомата за прв пат била дефинирана како „опасна и заразна“ во 1898 година.
[736] Ibid.

утврдени постапките и методите на здравствениот преглед, а двајца лекари во еден ден прегледувале 2 000 до 5 000 мигранти.[737] Овој систем постојано се развивал, а во 1907 година, кога Елис Островот бил во зенитот на своето постоење, за време на една смена од 6 ½ часа биле прегледувани и пропуштани 5 000 имигранти, при што активни биле 21 станици за проверка.[738]

По здравствениот преглед, се продолжувало кој главната просторија за регистрација, т.н. Голема сала каде вообичаено мигрантите чекале по неколку часа на клупите или на подот, пред да бидат повикани од службениците за имиграција. Потоа, со помош на преведувачи, тие биле испитувани од страна на службениците за имиграција околу почитувањето на актуелните правила и закони за имиграција во САД.[739] Низ овој добро режиран распит, секој противречен одговор на мигрантите можел да значи и одбивање на влезот во САД. Притоа, меѓу прашањата се наоѓале полот, расата, професијата, крајната дестинација во САД, начинот на обезбедување пари за пат, како и дали имигрантот има роднини во САД, дали има доволно пари според законот, дали некогаш претходно бил во САД, дали некогаш бил во затвор, дали е полигамен, дали доаѓа со претходен договор со агент или друго лице, како и дали е физички и ментално здрав. Според еден документ од руска провиниенција, идниот имигрант во таа прилика требало и да посочи лице во Америка, што би било негов гарант.[740] Во текот на распитот, службеникот за имиграција имал право на конечна одлука околу приемот или депортацијата на мигрантот. По завршувањето на оваа процедура, повторно со брод имигрантите на кои им бил дозволен влез влегувале во Њујорк, при што ако имале наведено специфична дестинација, посебен службеник требало да ги одведе и до соодветното превозно средство и да ги испрати од Њујорк.[741] Другите требало да бидат вратени назад од страна на бродската компанија, која ги довела.

За оние, кои биле маркирани со креда во текот на здравствениот преглед, патешествието не завршувало тука. Тие биле најчесто изолирани и задржувани на понатамошни тестирања.[742] Бројот на оние, кои биле вратени поради медицински причини варирал од

[737] Ibid. 494.
[738] Phillip Cowen, Memories of an American Jew, International Press, New York, 1932, 185.
[739] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 93.
[740] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т.5., 323.
[741] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 57-61.
[742] E. Yew, Medical Inspection of Immigrants at Ellis Island...., 489.

година во година. Во годините од 1900 до 1914 година се движел околу 1% од сите мигранти, но растел од година во година поради зајакнувањето на контролите и развојот на медицината.[743] Всушност, во 1908 година 38% од вратените мигранти биле вратени поради медицински причини. Тестовите на срцевата работа до 1903 година станале рутина на Елис Островот, а од 1896 година била отворена посебна дијагностичка лабораторија за бактериолошко дијагностицирање на туберкулозата и други болести. Од 1900 година се тестирала и урината, а од 1910 година преку Васермановата реакција се тестирал сифилис.[744] Со Законот за имиграција од 1907 година, кога се појавиле многу нови забранети категории, медицинските прегледи биле многу засилени и требало да ја обезбедат потребната медицинска документација за депортирање на сите овие случаи.

| Вратени мигранти од американските имиграциони власти (1892-1910) | | |
|---|---|---|
| | 1892-1900 | 1901-1910 |
| Субверзивни и анархистични | / | 10 |
| Престапници | 65 | 1 681 |
| Неморални | 89 | 1 277 |
| Физички или психички недостатоци | 1 309 | 24 425 |
| Веројатност да направат јавен долг | 15 070 | 63 311 |
| Договорни работници | 5 792 | 12 991 |
| **Вкупно** | **22 515** | **108 211** [745] |

**3.2.** Елис Островот бил трауматично искуство за многу македонски емигранти, на кои им останале спомени од долгото чекање во бескрајните редови, од неизвесноста и непријатноста во текот на проверките, како и од можното враќање дома. Не постоел емигрант, кој немал слушнато за Елис Островот и за контролите, што се вршеле таму. За оние, кои ги продале или заложиле своите имоти за да дојдат во САД, Елис Островот бил најстрашната пречка. Исто така, меѓу мигрантите се ширеле приказни за „луѓе, кои скокаат од брод за да не бидат вратени назад во своите села."[746] Искуствата на емигрантите од Елис

[743] Ibid. Рекордни 2,5% биле вратени од границата во текот на 1914 година.
[744] Ibid. 496-497.
[745] Извор: И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 503.
[746] G. Prpic, South Slavic Immigration in America… 220-221.

Островот се различни. Така, емигрантот Тодор Цеков бил непријатно изненаден, затоа што морал целосно да ја соблече својата облека за да го докаже своето добро здравје. Од друга страна, Ник Пандоф од с. Вишени на Островот се задржал само 15 минути, пред да му биде одобрен влезот во САД.[747]

Поради специфичностите на забележувањето на емигрантите од Македонија при влезот во САД, не е можно да се утврди колку емигранти од Македонија биле вратени на Елис Островот. Во категоријата „Бугари, Срби и Црногорци“, каде понекогаш биле сместувани македонските емигранти, бројот на вратени емигранти од 1899 до 1910 година изнесува 4 470.[748] Во истиот период истото им се случило на 3 112 лица од категоријата Хрвати и Словенци, 6 201 Грци и 1 593 Романци. Од друга страна, ако ги споредиме вкупниот број на емигранти и бројот на депортирани лица со други категории, се доаѓа до заклучок дека контролите за балканските народи биле силни. Така, категоријата „Бохемци и Моравци“ има еднаков вкупен број на имигранти во САД со категоријата „Бугари, Срби и Црногорци“, но има само 477 депортирани лица, наспроти 4 470 лица во категоријата „Бугари, Срби и Црногорци“.[749] На тој начин, Елис островот бил всушност последната инстанца на контрола на емигрантите, по контролите што ги правеле бродските компании и самите агенции за емиграција. Имено, поради можноста за враќање на емигрантите на трошок на бродската компанија, бродските компании и самите вршеле контроли на бродовите на лица кои би можело да не ги поминат контролите на Елис Островот, а по нивен налог истото го правеле и агентите на агенциите за емиграција, кои биле казнувани ако продаваат билети на лица што ќе бидат вратени назад на Елис Островот.[750] На тој начин, сите тие биле еден вид неофицијални службеници во американскиот систем за контрола на имиграцијата. По поминувањето на овој систем на контрола, пред емигрантите била отворена вратата кон Америка.

---

[747] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 273, 302-303.
[748] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 93.
[749] Ibid.
[750] D.S. Baynton, Defectives in the land..., 69.

# VI. Животот во Северна Америка (социо-економски аспекти)

## *1. Населување во Северна Америка*

**1.1.** Огромно мнозинство од македонските емигранти, кои заминале кон Северна Америка се населиле на територијата на САД. По завршувањето на контролите на Елис Островот, тие влегувале во Њујорк, од каде го продолжувале патувањето кон внатрешноста на САД. Со оглед на тоа што најголемиот дел од емигрантите од Македонија доаѓале во Северна Америка без своето семејство, тие биле прилично мобилни и слободни во изборот на локацијата на своето населување. Сепак, од истата причина речиси сите емигранти се труделе да имаат покрај себе некој свој, па меѓу нив постоела тенденција да се сместат во места каде живееле нивни роднини, пријатели, нивни соселани од Македонија или генерално други македонски емигранти.[751] На тој начин, во САД започнале да се создаваат македонски колонии, кои потоа станувале атрактивна дестинација за сите нови емигранти од Македонија. Токму поради ваквиот начин на населување во САД, лесно може да се детектираат местата каде се населиле емигрантите од различни македонски региони, па има места каде најголем дел од емигрантите се од Битола и Битолско, Прилеп и Прилепско, места каде јасно изразена е доминацијата на емигранти од Леринско, Костурско, Охридско, Преспа и слично.

И покрај тоа што огромно мнозинство од македонските емигранти по пристигнувањето на американска територија брзале да го напуштат Њујорк, поради ограничените финансиски и транспортни можности најголемиот дел од емигрантите не се населиле премногу далеку од „Големото јаболко“. Како резултат на тоа, првите поголеми македонски колонии се формирале на територијата на државата Њујорк.[752] Важна улога во ваквиот интензитет на населување во државата Њујорк имал и развојот на индустријата во најголемиот дел од државите што се наоѓале покрај Големите Езера.[753] Една од најстарите населби во државата Њујорк каде живееле доселеници од Македонија бил градот Сиракуза, на патот од Њујорк кон градот Бафало и канадската граница. Населувањето на Македонци во овој град започнало во 1906 година, а до 1911 година во Сиракуза имало над 500 маке-

[751] Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 33.
[752] В. Трайков, История на българската емиграция..., 39.
[753] V. Sinadinoski, Macedonians in America..., 54.

донски емигранти, најголем дел од Битолско и Леринско.[754] Помал дел од емигрантите продолжиле на север и се населиле во големиот индустриски и железнички центар блиску до границата со Канада, градот Бафало. Првите населувања на македонски емигранти во Бафало датираат од 1909 година. Од друга страна, почнувајќи од 1905 година поголем број емигранти, доминантно со потекло од Гевгелиската каза се населиле во главниот град на државата Њујорк, градот Олбени.[755] Дел од емигрантите од Костурско, Битолско, Леринско и Скопско, пак, почнувајќи од 1909 година се населиле во градот Рочестер, каде до 1912 година живееле 1/8 од сите Македонци во државата Њујорк.[756] Друг важен центар на македонската емиграција во државата Њујорк бил градот Лакавона, јужно од Бафало каде првите сведоштва за присуство на македонски емигранти датираат од 1909 година. Лакавона била една од најпознатите дестинации каде се населувале емигрантите од Ресен и ресенските села.[757] Причината за огромниот раст на емиграцијата во овој град било преместувањето на седиштето на една од најголемите челичарници во САД, *Lackawanna Steel Company*, која од 1902 година започнала да работи во овој регион.[758] Всушност, како резултат на овој потег на споментата компанија, до 1912 година значаен центар за македонските емигранти станало и гратчето Ниагара Фолс, во близина на Нијагарините водопади. Вкупниот број на македонски доселеници во државата Њујорк во 1912 година надминал 2 000 лица.[759]

По транзитирањето низ државата Њујорк, голем дел од македонските емигранти се населиле и во блиските сојузни држави Пенсилванија, Охајо, Илиноис, Индијана и Мичиген. Всушност, според американските статистики, во годините пред Првата светска војна над 80% од лицата што како родно место, јазик или националност имале наведено Македонија или Македонци живееле во овие шест држави (заедно со Њујорк).[760] Моќната челична индустрија во Пенсилванија не можела да не го привлече вниманието на македонските емигранти. Очекувано, прв центар кон кој гравитирала македонската емиграција во

---

[754] В. Трайков, История на българската емиграция..., 39.

[755] Ibid.

[756] V. Sinadinoski, Macedonians in America..., 54-55; В. Трайков, История на българската емиграция..., 39.

[757] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 29.

[758] Во своите најдобри години, оваа челичарница имала над 20 000 вработени и била еден од најголемите производители на челик во Светот. (V. Sinadinoski, Macedonians in America..., 55.)

[759] Ibid.

[760] Ibid. 54.

оваа сојузна држава бил главниот град Питсбург, со огромниот број на челичарници (Глава II). Населувањето на македонските емигранти во овој регион започнало во 1907 година, а покрај во самиот град Питсбург, значајни македонски колонии биле формирани и во околните гратчиња Дјукејн (денес дел од Питсбург), Ист Питсбург, Клертон и Мекиспорт. Во местото Фарел, пак, доселениците од с. Буф (Леринско) и с. Владово (Воденско) ја изградиле една од најмодерните фурни во Пенсилванија, која со леб го снабдувала целиот поширок регион на западна Пенсилванија, со доминантно македонските колонии Елвуд и Мидланд.[761] Друг важен центар на македонската емиграција во државата Пенсилванија бил регионот на градовите Харисбург и Стилтон, во источна Пенсилванија. Всушност, иако емиграцијата првично била сконцентрирана околу Питсбург, во периодот по кризата од 1908 година најголем дел од македонските емигранти се населиле во регионот Харисбург-Стилтон, кој до 1910 година станал центар каде живееле 80% од македонските емигранти во Пенсилванија.[762] Главен центар на македонската емиграција во овој регион бил градот Стилтон, каде доминирале емигранти со потекло од Прилеп и Прилепско.[763] Емигрантите од Прилеп биле силно застапени и во градот Џонстаун, во централна Пенсилванија.[764]

Слично како во Пенсилванија, индустриските центри во соседната држава Охајо уште од крајот на XIX век биле привлечни за емигрантите од Македонија. По егзодусот од Македонија поврзан со Илинденското востание, значаен центар на македонската емиграција во Охајо станал големиот трговски и индустриски центар на бреговите на езерото Ири, градот Кливленд. Првите населувања на Македонци во Кливленд датираат од крајот на 1903 година, со емигранти од Битолско, Ресенско, Костурско и Леринско, региони кои биле погодени од востанието во Македонија. По 1905 година во Кливленд се населиле и групи на македонски емигранти од Скопје и Тетово.[765] Друга важна македонска колонија, населена од бегалци по Илинденското востание во 1903 година, бил градот Дејтон, каде емигрантите работеле во бројните фабрики. Дел од емигрантите од Костурско и Леринско во 1906 година започнале да се населуваат и во градот Толедо, каде живееле заедно со поголема емигрантска заедница од Кнежевството Бугарија. Меѓу Питсбург (Пенсилванија)

[761] В. Трайков, История на българската емиграция..., 40-41.
[762] V. Sinadinoski, Macedonians in America..., 57.
[763] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 29.
[764] В. Трайков, История на българската емиграция..., 40-41.
[765] Ibid. 42.

и Кливленд се наоѓа и индустрискиот центар Јангстаун, кој заедно со своите предградија Ист Јангстаун и Кемпбел од 1907 година започнал да прима поголем број емигранти од Прилепско.[766] По 1908 година, пак, емигранти главно од Костурско и Преспанско започнале да се населуваат во главниот град на државата Охајо, Колумбус и неговите предградија (особено Ист Колумбус), каде работеле во металуршката индустрија. Меѓу постарите македонски колонии во Охајо спаѓаат и градот Мансфилд, каде емигранти од Битолско, Костурско и Леринско се населиле почнувајќи од 1905 година, како и Синсинати, каде во истата година започнале да се населуваат емигранти од Ресенско, Воденско, Костурско и Леринско. Во Спрингфилд, кој бил центар на металуршката индустрија и центар за производство на земјоделски машини, емигранти од Костурско, Леринско, Гуменџенско и Воденско започнале да се населуваат по кризата во 1908 година. Во 1909 година можеме да следиме и една колонија на мигранти од с. Мокрени (Костурско) и од Струшко, која се населила во градот Лајма.[767] Емигрантите од Леринско и Битолско во 1910 година започнале да се населуваат и во индустрискиот град Акрон (јужно од Кливленд), а во 1912 година започнало населувањето и на други центри, како градот Лорен на брегот на езерото Ири и градот Њуарк, источно од Колумбус.[768] Вкупниот број на македонски емигранти во Охајо во 1910 година надминувал 2 000 лица.[769]

Во државата Индијана, една од главните и најстари колонии на македонските емигранти било гратчето Форт Вејн. Таму, македонските емигранти од леринските села Неред и Лаген, како и од костурските села Вишени, Бапчор и Шестево започнале да се населуваат уште во 1903 година. Во 1904 година емигранти од доминантно од леринските села Екши Су и Петеле започнале да се населуваат и во Индијанаполис.[770] Оваа колонија е една од првите, која според американскиот печат случајно била детектирана и анализирана од американските власти. Имено, откако еден македонски емигрант, по име Андон Ѓорѓов, украл пари испратени за друг човек, американските истражни органи за расчистување на престапот ангажирале преведувач од грчки јазик, мислејќи дека македонските емигранти

[766] Ibid.
[767] Ibid. 43-44
[768] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 29; В. Трайков, История на българската емиграция..., 43.
[769] V. Sinadinoski, Macedonians in America..., 60.
[770] В. Трайков, История на българската емиграция..., 44-45.

во САД говорат грчки јазик.[771] Кога се увериле во спротивното, властите во Индијана започнале да истражуваат каде живеат македонските емигранти, при што од другите емигранти од Балканот дознале дека постои поголема македонска група во Индијанаполис. Изненаден од условите, во кои живееле македонските емигранти во Индијанаполис, еден од полициските службеници запишал дека „Македонците живеат на леб и лук“ и дека биле најдени „15 или 20 лица како живеат во еден апартман.“[772] Друг важен центар бил и градот Хамонд, каде емигрантите од костурското село Д’мбени започнале да се населуваат во 1904 година.[773] Сепак, кон крајот на првата деценија од XX век, македонската колонија во големиот индустриски центар Гери ги надминала по бројност сите други колонии, а Гери станал главен центар за македонските емигранти во Индијана, но еден од главните центри генерално во САД. Почетоците на населувањето на емигрантите од Македонија во Гери не се сосема јасни и за нив во литературата постојат различни информации. Имено, според Н. Алтанков, први македонски емигранти, кои во 1904 година се населиле во Гери биле браќата Ламбро и Теодор Рокови од костурското село Д’мбени. Тие во градот ја отвориле пекарата Костур, а потоа и неколку угостителски објекти, меѓу кои и хотелите Костур и Роков.[774] Во 1906 година во градот дошле и браќата Атанас и Наум Круштанови од Охридско, како и брачниот пар Стојанови, на чија иницијатива биле отворени првите сместувачки капацитети за работници во челичарниците од Македонија. Според В. Трајков, пак, првите македонски емигранти од Охридско, Костурско и Битолско стигнале во Гери во 1906 година.[775] Сепак, ако околу почетоците на населувањето на македонските емигранти во Гери има некакви дилеми, резултатите од пописот во САД од 1910 година покажуваат дека во тоа време веќе имало стотици жители на Гери, за кои во графата „место на раѓање“ е заведено Македонија и уште стотици за кои во истата графа е наведено Турција, но со јасни индикатори дека се работи за славофоно население.[776]

„Македонските гратчиња“ во почетокот на XX век никнувале во сите сојузни држави во САД, од Тексас до Аљаска и од Њујорк до Калифорнија, но една од најчестите дестина-

[771] “Found Macedonian Colony”, The Indianapolis News, 19.08.1904, 8.
[772] Ibid.
[773] В. Трайков, История на българската емиграция..., 45.
[774] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 27.
[775] В. Трайков, История на българската емиграция..., 45.
[776] Резултатите од пописот достапни на: "United States Census, 1910." Database with images. *FamilySearch*. http://FamilySearch.org, пристапено на 18.1.2023.

ции на емигрантите од Македонија во САД била државата Илиноис. Во оваа држава македонските печалбари пристигнале уште 80тите години на XIX век.[777] Градот Чикаго, со својата моќна индустрија редовно привлекувал огромен број емигранти од целиот свет, а покрај во градот, голем дел од нив биле сместени и во чикашките предградија. Сепак, кога станува збор за македонската емиграција во САД, Чикаго каде во 1908 година живееле меѓу 500 и 1 000 Македонци,[778] во почетокот на XX век имал секундарно значење, во споредба со пошироката област на градот Сент Луис во државата Мисури. Областа околу овој значаен индустриски и трговски град, расположен на западниот брег на реката Мисисипи, административно била поделена во државите Илиноис и Мисури, но градовите во оваа област функционирале како една целина. Во таа област се наоѓаат градовите Гранит Сити и Медисон, кои се наоѓале на левата страна од реката Мисисипи, што припаѓа на државата Илиноис. Овие два градови, речиси слеани со градот Сент Луис[779] биле дом за голем број емигранти од Македонија. Гратчето Гранит Сити, основано во 1896 година со намера да биде приватен град наменет за неколку железарници и челичарници на двајцата браќа емигранти од Германија, Фридрих и Вилијам Нидерингхаус,[780] ги примило првите Македонци во 1904 година.[781] Македонските емигранти биле населени главно во западниот дел на градот, односно во квартот Линколн Плејс (*Lincoln Place*), кој поради бројните емигранти од Унгарија и другите земји од источниот и југоисточниот дел на Европа бил напуштен од другите жители и наречен „Унгарската дупка“ (*Hungary Hollow*). До крајот на 1905 година во овој кварт имало над 1500 македонски емигранти.[782] Постоеле повеќе весници на маке-

[777] В. Трайков, История на българската емиграция..., 45.

[778] V. Sinadinoski, Macedonians in America..., 66-67.

[779] Градот Медисон бил оддалечен од Сент Луис само 5 километри. (А. Близнаков, Спомени за националната, политичката..., 15-16).

[780] Во 1893 година, браќата Нидерингхаус, моќни бизнисмени од Сент Луис купиле земјиште од над 160 хектари за по три години тоа земјиште да го организираат како град Гранит Сити. Тие процениле дека индустриските локации на источната страна на реката Мисисипи имале значително пониска цена, а давачките за транспорт на јаглен биле многу пониски во државата Илиноис, отколку во Мисури. Поради тоа, во Гранит Сити тие ги преместиле своите фабрики, по што им се придружиле и моќни компании на национално ниво, како *American Steel Foundries, National Enameling and Stamping Company* и *Commonwealth Steel Company*, кои имале огромна потреба од работна сила. (D.E.Cassens, The Bulgarian Colony of Southwestern Illinois…, 16).

[781] В. Трайков, История на българската емиграция..., 45. Постојат непотврдени приказни дека емигрант од Југозападна Македонија дошол во Сент Луис во 1904 година и со себе донел од Дејтон во Охајо 47 Македонци. Како нивен застапник, тој успеал на најголем дел од нив да им најде добра работа, по што во следната година и половина дури 900 емигранти од Македонија дошле во Сент Луис, кој дефинитивно бил ставен на „картата на дестинации“ за емигрантите од Македонија. (V. Sinadinoski, Macedonians in America..., 66-67.)

[782] V. Sinadinoski, Macedonians in America..., 67-68.

донски емигранти, но и печатници, книжарници, млекари, бутици, како и егзархиска црква. Во 1908 година во Гранит Сити и околината живееле дури 8 000 македонски емигранти, а при прославата на празникот на Св. Кирил и Методиј во мај 1908 година учествувале „над 2000 Македонци и Бугари“.[783] Речиси сите емигранти доаѓале од југозападна Македонија, а над ¾ од нив биле од Костурско. Присуството на Македонците во овој град било толку забележително, што еден плоштад во градот бил наречен „Мала Македонија“ (*Little Macedonia*).[784] Други значајни центри за македонските емигранти биле градовите Медисон, Венис и Ист Сент Луис. Колонијата во Медисон своето потекло го води од 1904 година, кога таму се населиле емигранти од костурските села Брезница, Смрдеш, Д’мбени, Косинец, В’мбел и Апоскеп.[785] Во градот имало и егзархиска црква Св. Троица, која била центар за емигрантите од пошироката околина. Значајна македонска населба имало и во индустрискиот и трговски град Пиориа, на половина пат од Сент Луис до Чикаго, сместен на реката Илиноис. Емигрантите од с. Поздивишта (Костурско), пак, почнувајќи од 1907 година започнале да се населуваат и во градот Вокиган, на брегот на езерото Мичиген.[786] Други позначајни македонски населби имало и во градовите Алтон и Уд Ривер.[787]

Во сојузната држава Мичиген, северно од Охајо и Индијана се наоѓал големиот имигрантски центар Детроит заедно со своите предградија, каде почнувајќи од 1910 година започнале да се населуваат и емигранти од Македонија. Понатаму, емигранти од Североисточна Македонија имало во градот Батл Крик (*Battle Creek*), каде живеела и поголема група емигранти од Кнежевството Бугарија. Македонските емигранти таму започнале да се населуваат во 1906 година. Емигранти од с. Арменско (Леринско), пак биле населени и во индустрискиот центар Џексон, меѓу Детроит и Каламазу. Во престолнината на Мичиген, Лансинг, македонските емигранти започнале да се населуваат во 1910 година. Понатаму, со број на емигранти од Македонија забележителни се и местата Понтијак, Монро и Порт Хорон. Од државите на северната граница на САД, во државата Висконзин најзначајната колонија се наоѓала во градот Милвоки, каде живееле македонски емигранти од Битолско,

---

783 Ibid. 68-69; G. Prpic, South Slavic Immigration in America… 217.
784 Х. А. Полјански, Односот на Соединетите Американски...., 58.
785 В. Трайков, История на българската емиграция..., 45-46.
786 Български глас, II/13, 28.03.1912.
787 В. Трайков, История на българската емиграция..., 46-47.

Костурско и Велешко, а во Минесота најстара и најзначајна била колонијата во градот Минеаполис, кој бил населен во 1906 година со емигранти од Јужна Македонија.[788]

Железничките пруги, за чија изградба секоја година била потребна сериозна работна сила, заедно со новите рудници кои постојано никнувале во северозападните делови на САД, ги довеле македонските емигранти во сојузните држави Северна и Јужна Дакота, Монтана, Небраска, Вајоминг, но и до самиот брег на Пацификот, во државите Ајдахо, Вашингтон и Орегон.[789] Населувањето на овие територии со емигранти од Македонија започнало во периодот од 1908 до 1912 година, а во овој регион најмногу емигранти од Македонија се населиле во сојузната држава Небраска.[790] Таму, почнувајќи од 1910 година, како главна македонска колонија се издвоило тогашното мало рурално место Саут Омаха (*South Omaha*), кое поради силниот развој на индустријата за сточна храна било наречено „магичниот град“. Покрај Небраска, поголем број на македонски емигранти се населиле во државата Монтана, каде работеле на градбата на „Големата северна железница“ и на железничките пруги кон Чикаго и Сент Луис. [791] Во екот на изградбата на овие пруги низ Монтана, особено значење добило гратчето Ломбард, каде според анализите на В. Синадиноски во 1910 година живееле и работеле најмалку 70 Македонци.[792] Од друга страна, резултатите од пописот кој во 1905 година го спровела државата Јужна Дакота покажуваат повеќе од 50 лица, на возраст од 16 до 42 години, кои во графата родно место имале запишано Македонија.[793] Бројот на македонски емигранти во оваа држава пораснал околу 1910 година, а најголемиот дел од нив живееле и работеле заедно со поголема емигрантска заедница од Бугарија во поранешниот индијански резерват Стендинг Рок (на границата меѓу Северна и Јужна Дакота), како и во градот Канинг. Во Северна Дакота, пак, според пописот во САД од 1910 година најголемиот дел од македонските емигранти живееле заедно со грчката заедница во гратчето Рагби. Во крајбрежните западни држави

[788] Ibid. 48-49.

[789] Според И. Гаџев, при патувањето низ огромната американска територија на емигрантите им помогнало и едно суеверие, кое постоело меѓу железничарите во САД во XIX век дека не треба да се враќа од возот слободен сиромашен човек, затоа што тоа ја предизвикува судбината и носи неволја по должината на железничките линии. (И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 28-29).

[790] В. Трайков, История на българската емиграция..., 50.

[791] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 19.

[792] V. Sinadinoski, Macedonians in America..., 71.

[793] Пописот на државата Јужна Дакота достапен на: "South Dakota State Census, 1905." Database with images. *FamilySearch*. http://FamilySearch.org. пристапено на: 4.2. 2023.

Орегон и Вашингтон, најголемиот дел од македонските емигранти бил населен во главните градови Портланд и Сиетл.[794]

Сојузната држава Калифорнија со својата исклучително поволна клима постојано привлекувала доселеници од целиот свет, а во почетокот на XX век таму се населиле и првите емигранти од Македонија. Најголемиот дел од овој мигрантски бран кон Калифорнија бил резултат на внатрешни миграции во рамките на САД, составен од емигранти, кои првично се населиле во источните делови на државата. Во Калифорнија, како главен центар, каде се населувале македонските емигранти се издвоил градот Лос Анџелес. Според Н. Алтанков, прв македонски емигрант, кој во 1902 година се населил во „градот на ангелите“ бил извесен Ѓорѓи Христов од Битола.[795] Во предвечерието на Првата балканска војна, Лос Анџелес веќе бил дом на стотици емигранти од Леринско, Костурско и Битолско.[796] Во 1903 година, група Македонци се населила и во Сан Франциско, а до 1908 година во истиот град живееле 250 лица од Македонија.[797] Во другите држави од југозападниот дел на САД, Невада, Аризона, Јута, Колорадо и Ново Мексико бројот на доселеници од Македонија бил прилично мал и се забележувале само изолирани случаи. Така, во 1913 година, повеќе од 20 работници во рудниците во Колорадо истакнале дека доаѓаат од Македонија.[798] Во овој регион исклучок била државата Тексас, каде присуството на Македонците било потврдено во 1912 година, кога едно новоосновано гратче близу Хјустон го добило името „Македонија“.[799] Р. Пињон истакнал дека само до 1908 година имало 1 000 емигранти од Македонија во Тексас, но сметаме дека наведениот број е преголем и не претставува одраз на реалниот интентизтет на населување во оваа американска сојузна држава.[800]

Во индустриски далеку понеразвиениот Југ, колониите на македонските емигранти биле прилично ретки. Така, во сојузните држави Арканзас, Тенеси, Луизијана, Мисисипи, Алабама, Џорџија, Флорида, Северна и Јужна Каролина има само помали групи на емигранти кои се населиле. Една од најпознатите населби на македонските емигранти во овој

[794] В. Трайков, История на българската емиграция..., 50-51.
[795] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 25.
[796] В. Трайков, История на българската емиграция..., 51.
[797] R. Pinon, L'Europe et l'Empire Ottoman..., 225; V. Sinadinoski, Macedonians in America..., 72.
[798] V. Sinadinoski, Macedonians in America..., 72.
[799] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 20.
[800] R. Pinon, L'Europe et l'Empire Ottoman..., 225.

дел од САД е индустрискиот град Бирмингем во Алабама, каде првите македонски семејства се населиле во 1902 година.[801] Најголемиот број на Македонци во Бирмингем живееле во квартот Енсли (*Ensley*), а рекорден број од нив бил дојден во САД по кризата во 1908 и 1909 година. Понатаму, брачната евиденција водена од американските власти покажува дека емигранти од Македонија живееле и во сојузните држави Ајова, Кентаки, Вермонт, Мејн, Конектикат, Њу Хемпшир, Род Ајленд, Масачусец, Мериленд, Оклахома и Аљаска.[802]

Во периодот до пописот во САД од 1910 година, американското Биро за имиграција разликувало вкупно 39 „расни групи", а во категоријата „Словени" фигурирале вкупно осум категории на „расни групи" меѓу кои Полјаци; Словаци; Хрвати; Словенци; Рутенци; Бохемци и Моравци; Бугари, Срби или Црногорци и Далматинци, Босанци и Херцеговци. Покрај нив, како несловенски народи на Балканот биле категоризирани Албанците, Грците и Турците. Од веќе истакнати причини (Глава IV), категоријата „Македонец" на овој попис не фигурира во упатствата за попишувачите, па тие имале инструкција „да не пишуваат Македонци, туку Бугари, Турци, Грци, Срби или Романци, во зависност од случајот."[803] Со оглед на тоа, декларираните Македонци не биле запишани како такви, туку доминантно биле забележувани според државата на раѓање или државата од каде дошле во САД. Овој факт значително го отежнува процесот на утврдување на бројот на македонски емигранти, кои живееле во САД. Според резултатите од пописот во САД од 1910 година, 32 230 лица со место на раѓање наведено како „Европска Турција" живееле на територијата на САД. Со оглед на тоа што емиграцијата на муслиманите (Албанци и Турци) од Европска Турција била забранета, а емиграцијата на Евреите била сосема мала, сметаме дека најголемиот дел од овие емигранти биле од редовите на христијанското население во Македонија.[804] Сепак, низ пописните резултати се провлекуваат и други траги од присуството на македонските емигранти во САД, кои не биле „по мерка" на организаторите на пописот. Имено, кај вкупно 1 150 записи попишувачите го означиле родното место како „Македонија", а во одредени

[801] В. Трайков, История на българската емиграция..., 51-55.

[802] V. Sinadinoski, Macedonians in America..., 74-75. Во пописот од 1900 година било забележано дека Симон Д. Вожув од Македонија живеел во Аљаска, а до 1910 година му се придружиле уште неколку сотатковинци.

[803] G. Michaelidis, Salvation abroad: Macedonian migration to North America…, 94-95.

[804] Ibid. 96, фуснота 49.

случаи и јазикот на попишаните Македонци е заведен како „македонски“ (Macedonian).[805] Таков е случајот со 20 жители на гратчето Рагби во Северна Дакота (слика 9), како и други поединечни случаи во речиси сите сојузни држави.[806]



*9. Пример за забележување на македонски јазик од страна на попишувач во местото Рагби во сојузната држава Северна Дакота*

Покрај оние што се населиле на територијата на САД, постојат и такви за кои САД претставувале само уште една транзитна точка. Имено, вкупно околу 1 000 емигранти од Македонија од САД продолжиле кон Јужна Америка.[807] Според Р. Пињон ваквата идеја за прв пат се појавила во 1906 година, кога дел од емигрантите од Ресен решиле да си ја пробаат среќата во аргентинската метропола Буенос Аирес, а околу 30 лица од Битолско заминале во чилеанскиот пристанишен град Антофагаста.[808] Сепак, Јужна Америка никогаш не била честа дестинација за емигрантите од Македонија, за разлика од северната соседна држава на САД – Канада.

**1.3.** Според Б. Гунарис, околу 10 000 македонски емигранти во периодот до 1913 година среќата ја побарале во Канада, каде се населиле трајно или привремено. Р. Пињон, пак, го дава истиот вкупен број до 1908 година.[809] За почетоците на населувањето на македонските емигранти во Канада не располагаме со точни податоци, па според едни автори населувањето започнало во 90тите години на XIX век, а според други во 1900 година.[810] Според извештаите на Комисијата за двојазичност и бикултурализам, која не разликува посебна категорија на македонски емигранти и сите емигранти од Македонија и Бугарија

[805] Резултатите од пописот достапни на следниот линк: "United States Census, 1910." Database with images. *FamilySearch*. http://FamilySearch.org, пристапено на 18.1.2023.
[806] Види записи: Filip Mitrosheff, Pando Lamboff, Hristo Stoinonoff за Минесота на "United States Census, 1910." Database with images. *FamilySearch*. http://FamilySearch.org, пристапено на 18.1.2023.
[807] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 144.
[808] R. Pinon, L'Europe et l'Empire Ottoman..., 225.
[809] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 140; R. Pinon, L'Europe et l'Empire Ottoman..., 225.
[810] Танас Вражиновски, Македонското иселеништво во Канада, Матица Македонска, Скопје, 1992, 10.

ги класифицира во една група, во 1900-1901 година во Доминионот имало само 7 лица класифицирани како „Бугари“. Една деценија подоцна нивниот број изнесувал 6 638 лица, пред да падне на 1 270 лица во пресрет на Балканските војни.[811] И покрај тоа што останува нејасно колку од лицата, кои биле класифицирани како „Бугари“ биле од Македонија, а колку од Бугарија, факт е дека емиграцијата во Канада од Македонија започнува да се засилува во првата деценија на XX век. Всушност, емиграцијата во Канада се јавува како продолжение на емиграцијата во САД. Емигрантите од Македонија, но и генерално од Балканот тешко ги разликувале двете држави, кои им изгледале толку слични, што често ги нарекувале само „Горна“ и „Долна“ Америка, едвај правејќи некаква разлика меѓу нив.[812] Постоењето на државна граница меѓу САД и Канада за македонските емигранти изгледало сосема тривијално, во ситуација кога двете држави имале речиси исти либерални имиграциони политики и економски можности.

Над 90% од емигрантите, кои се населиле во Канада живееле во економски најразвиената и најнаселена канадска покраина Онтарио.[813] Во оваа покраина се наоѓал големиот индустриски центар Торонто, кој ќе стане главната дестинација на Македонците, кои решавале да заминат во Канада. Почнувајќи од 1902 година, македонските емигранти започнале да се населуваат во квартот Ист Енд (*East End*) во Торонто.[814] Разни објекти, кои ги задоволувале потребите на емигрантите, како кафеани, пекари, бродски агенции и банки се појавиле најпрво на Источната Авенија во квартот, а потоа и на околните улици. На тој потег биле лоцирани трговските објекти на Димитар Перов, Ѓорѓи и Самоил Стојанов, како и кафеаната на Јордан Белчев, која била популарно собиралиште на македонските емигранти во овој кварт на Торонто.[815] Објектите во овој кварт, каде живееле македонските емигранти биле сопственост на компаниите Toronto Dwellings и York Farmer’s Colonization, на болницата во Торонто и на неколку други помали сопственици.[816] За обезбедувањето на работа за

[811] Royal Commission on Bilingualism and Biculturalism, The Cultural Contribution of the Other Ethnic Groups, IV, Queen’s Printer, Ottawa, 1969, 238-245.
[812] G. Michaelidis, Salvation abroad: Macedonian migration to North America…, 77.
[813] Македонски Алманах..., 222.
[814] В. Трайков, История на българската емиграция..., 56-57.
[815] L. Petroff, Sojourners and Settlers: The Macedonian Community…, 21-22.
[816] Ibid.

македонските емигранти во овој кварт се грижел извесен Андреј Димитров и Џејмс Ѓорѓиев, кои биле агенти на неколку моќни канадски железнички компании.[817]




*10. Шема на населување на македонските емигранти од 1903 до 1909 година во квартот Ист Енд. Македонците во овој кварт живееле на улиците Eastern Avenue, King Street и Trinity Street.*

Почнувајќи од 1909 година, македонските емигранти се населувале и во квартот Нијагара (*Niagara Street*), во близина на главните железнички пруги во Торонто. Најголемиот дел од емигрантите, кои се населиле во Торонто биле од Костурско, Леринско, Охридско,

[817] Ibid. 44.

Преспанско и Битолско.[818] Некои од населбите во Торонто, составени од емигранти од едно село биле дури и поголеми од матичните населби во стариот крај. Таков бил случајот со костурските села Желево, Габреш, Д'мбени, Смрдеш и Загоричани.[819] Во поглед на бројната состојба на македонските емигранти во Торонто, изворите се различни. Според одредени извори, македонската колонија во Торонто до Првата светска војна броела околу 4 000 лица.[820] Од друга страна, еден црковен попис од 1910 година покажува дека во градот живееле вкупно 1 090 Македонци.[821]




*11. Шема на населување на македонските емигранти во квартот Нијагара, на западната страна од Торонто. Забележливо е дека „македонската населба" е веднаш до железничките пруги во Торонто.*

Значителна колонија со емигранти од Костурско и Леринско имало и во градот Хамилтон, кој бил голем индустриски центар на бреговите на езерото Онтарио. Понатаму, ма-

[818] В. Трайков, История на българската емиграция..., 56-57.

[819] Емигрантот Фото Томев ги забележал детално почетоците на емиграцијата од селото Желево во Торонто. Според него, први емигранти од Желево, кои во 1903 година дошле во Торонто биле Илија Трајанов, браќата Димитар и Васил Сидерови, Петко Атанасов, Христо Јановски, Фото Марков, Пандо Лазаров, Трајко Флоров, Петре Лазаров, како и браќата Пандо и Толе Котовски. Во 1904 година на оваа група им се придружиле Ѓорѓи и Атанас Марковски со група од 36 емигранти, а во 1905 година дошле уште нови 30 емигранти од Желево. Сите тие живееле заедно на улицата Front Street. (Foto Tomev, Short History of Zhelevo Village, Macedonia. Кратка история на село Желево, Македония, Zhelevo Brotherhood in the City of Toronto, Toronto, 1971, 73-75).

[820] К. Димитрова, Българските общности в Северна Америка..., 297.

[821] L. Petroff, Sojourners and Settlers: The Macedonian Community…, 13-14.

кедонска колонија имало и во градот Киченер, западно од Торонто, како и во градот Виндзор.[822]

Втора по големина била емиграцијата од Македонија во покраината Квебек, со значајниот индустриски центар Монтреал. Според едно сведоштво на емигрант, собрано од Татјана Каличанин, емиграцијата во Квебек, составена од емигранти од Леринско била дури и постара од онаа во Торонто.[823] Сепак, овие информации не можат да се потврдат со ниту еден друг извор. Македонските емигранти се населувале и во покраините Алберта и Саскачеван, а во последната особено се истакнувало селото Дензил, каде имало земјоделци од Македонија. Понатаму, Македонците не ги одминале ниту покраините Манитоба, Британска Колумбија, Нова Шкотска, Њу Брансвик и Јукон, каде има случаи на трагачи по злато од Македонија.[824]

## *2. Печалбарската работа*

**2.1.** Огромно мнозинство од македонските емигранти кои доаѓале во Северна Америка, во родните краишта се занимавале со земјоделство и сточарство. Од друга страна, американскиот континент нудел сосема поволни услови за таква работа, со големи пространства, кои или се продавале по многу ниска цена или едноставно биле подарувани од локалните власти (како што бил случајот во Канада) и со закони кои стимулирале имиграција на земјоделски семејства наспроти имиграцијата на наемни работници. Сепак, остава впечаток фактот што речиси никој од македонските емигранти не се ни обидел да го работи она што најдобро го знае во Америка, туку сите се преориентирале на работа во фабрики и на железничките пруги. Зад ваквата одлука на емигрантите се кријат неколку причини.

Прво, како што веќе споменавме, најголемиот дел од македонските емигранти во Америка доаѓал без семејството и не ја гледал Америка како дестинација за траен престој, туку само како попатна станица за брза заработувачка, после што би следело враќање назад во Македонија. Од друга страна, самата природа на земјоделството не дозволувала заработка на брзи пари, па дури и во случај на неколку врзани плодни години, заработката би

[822] Македонски Алманах..., 222; В. Трайков, История на българската емиграция..., 57.
[823] Т. Каличанин, Доселување и интеграција на македонското..., 51-52.
[824] В. Трайков, История на българската емиграция..., 58-59.

се добивала еднаш или два пати годишно, додека во фабриките или на железничките пруги платите се добивале на месечно ниво. Втората бариера, која се исправила пред оние, кои сакале да останат и да работат во Америка, бил самиот карактер на американското селско стопанство, каде се обработувале големи површини, што често налагало потреба од наем на сезонски работници, работни машини и голем почетен капитал, што најголем дел од емигрантите не го поседувал. Со мотиката и дрвеното рало, кои биле редовна појава низ македонските полиња, македонскиот емигрант немал никакви шанси за успех во Америка. Како трет проблем се појавувала изолацијата на фармите и тешкотиите во комуникацијата со земјишните заедници поради јазичната бариера.

Сепак, постоеле одредени ретки примери на македонски земјоделски колонии. Така, во 1912 година во близина на градот Хјустон во Тексас никнало населеното место Македонија, но истото било напуштено по само две години.[825] Со малку поголем успех работеле неколку македонски фармери во Оклахома во 1913 година. Од друга страна, има само ретки примери на македонски емигранти во сојузните држави Монтана и Ајдахо, кои одлучиле да се занимаваат со сточарство.[826]

**2.2.** Со оглед на тоа што македонските емигранти доаѓале во Северна Америка како неквалификувани работници и без познавање на англискиот јазик, тие тешко можеле да се надеваат на добра работа преку Атлантикот. Најголемиот дел од нив започнал со работа во челичната индустрија, каде работеле заедно со своите колеги од сите делови на Светот. Всушност, дури 58% од целата работна сила во оваа индустрија во САД доаѓала од редовите на имигрантите, а дополнителни 14% од нивните потомци.[827] Исто така, голем дел од македонските емигранти среќата ја побарале во бројните рудници, кои никнувале насекаде низ Западот. Според извештаите на комисијата на сенаторот Дилингем, вкупно 603 лица, кои се декларирале како Македонци работеле во индустријата и рударството, при што само една била жена. Најголемиот дел од нив работеле во железната или челичната индустрија, а други индустрии каде биле вработени биле индустриите за обработка на памук, стакло и дрво.[828] Слични бројки покажува и едно друго истражување врз 507 лица, најголем дел од

[825] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 91-95.
[826] Ibid.
[827] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 74.
[828] Reports of the Immigration Commission, Immigrants in Industry, 23, Summary Report on Immigrants in Manufacturing and Mining, vol.2, Washington, 1911, 98,144.

Македонија и помал дел од Бугарија во регионот Сент Луис-Гранит Сити, според кое три четвртини од нив работеле во железарниците и челичарниците во регионот.[829]

Сепак, тоа што македонските емигранти работеле заедно со други доселеници во Северна Америка не значи и дека заработувале исто колку нив. Имено, во 1910 година просечната плата во рудниците во САД изнесувала 555 долари годишно, додека просечната плата во челичарниците изнесувала 558 долари годишно.[830] Во добра година во челичарниците во Питсбург се заработувало дневно меѓу 1,35 и 1,65 долари, а во рудниците во истиот град платите се движеле меѓу 2,36 и 3 долари.[831] Слични бројки наоѓаме и кај Н. Алтанков, според кој пред кризата од 1908 година неквалификуван работник во челичарница без познавање на англиски јазик и без учество во синдикати можел да очекува плата од 15 до 16 центи на час, односно меѓу 1,50 и 1,65 долари дневно.[832] Познавањето на англискиот јазик можело да донесе дополнителни 2 центи на час. Сепак, според истражувањата, спроведени од комисијата на Дилингем во 1910 година на 22 000 лица од Европа постари од 18 години, повеќе од 92% од Бугарите, Македоците и Србите во САД заработувале помалку од 400 долари годишно, околу 25% од нив заработувале помалку од 200 долари годишно, а практично сите заработувале помалку од 600 долари, сума што според многу тогашни автори е карактеризирана како основно ниво на конфор.[833] Од друга страна, помалку од 600 долари заработувале „само“ 43,5% од родените Американци, 57,6% од Германците и половината од Ирците.[834] Просечната плата кај имигрантите дојдени од Северна и Западна Европа била 704 долари, а просечната плата кај имигрантите од Јужна и Источна Европа била 455 долари годишно.[835] Овие податоци ги покажуваат евидентните разлики и дискриминацијата во однос на платите на имигрантите од Јужна и Источна Европа. Меѓу имигрантите декларирани како Македонци во железната и челичната индустрија во државите Индијана, Илиноис, Висконзин, Мичиген и Охајо, односно на примерок од 173 Македонци, комисијата на

---

829 G. Michaelidis, Salvation abroad: Macedonian migration to North America…, 118.

830 U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 74.

831 Ibid. 100. Оваа сума е еквивалентна на 10 до 15 франци, а за такви плати известувал и австрискиот генерален конзул во Солун, Бохумил Пара во 1906 година. (Австриски документи за историјата..., т.1, 196).

832 N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 34.

833 А. Бринкли, Историја на САД...., 404. Reports of the Immigration Commission, Immigrants in Industry, 23, Summary Report on Immigrants in Manufacturing and Mining, vol.2, Washington, 1911, 98, 144.

834 U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 74; N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 35-36.

835 N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 35.

Дилингем утврдила дека просечната неделна заработка изнесувала 10,12 долари неделно, а само 1% од сите лица во оваа група заработувале повеќе од 15 долари неделно.[836]

За да ја заработат оваа плата, Македонците работеле дневно 12-14 часа, што одговарало на просечните работни часови низ цела Америка.[837] Генерално, работниот ден во челичната индустрија бил најдолг и околу 1900 година изнесувал од 66 до 75 часа, затоа што големите индустријалци тврделе дека поради големите вложувања во машини за работа тие мора да работат деноноќно за да остварат доволно профит, а оваа логика била сосема прифатлива за американските власти.[838] Работата во фабриките се одвивала во жестоко темпо и била прилично еднолична, така што неквалификуван работник најчесто во текот на работниот ден извршувал само една операција, која можела да се научи речиси одеднаш. Во фабриките покрај мажите биле вработени и голем број жени и деца.[839] Во 1900 година, вкупно 2 000 000 деца под 16 години биле наемни работници, а во 1908 година американските власти меѓу децата кои работеле спротивно од постоечките закони за труд откриле и деца од Македонија. Така, во градот Колумбус, десет деца од Македонија под 16 години работеле во фабрика за стакло, а истрагата покажала дека биле влезени во САД спротивно на законите со помош на агенти од Европа.[840] Многу фабрики во Торонто, пак, за да избегнат прекршување на законите за труд за децата креирале посебни работни позиции, како помошници на работниците.[841] Еден македонски емигрант, кој во 1907 година, кога дошол во Новиот свет бил дете, изјавил дека дошол од селото Велгошти со 28 соселани и работел како дете 10 часа, за што добивал 60 центи дневно.[842] Според комисијата на Дилингем, Македонците биле група, која имала прилично голема процентуална застапеност на тинејџери

[836] Reports of the Immigration Commission, Immigrants in Industry, 23, Summary Report on Immigrants in Manufacturing and Mining, vol.2, Washington, 1911, 98, 144.

[837] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 144; И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 48-49. Всушност, бројот на работни часови бил во пад во почетните години на XX век, па се спуштил од 70 часа, колку што бил во 50тите години на XIX век, на околу 60 часа неделно. (Х. Б. Паркс, Историја Сједињених Америчких..., 431).

[838] Х. Б. Паркс, Историја Сједињених Америчких..., 405-406, 431.

[839] Бројот на жени и деца во фабриките бил најголем во фабриките на Југот, поради тешките загуби на машко население во текот на Граѓанската војна. Во овој дел од САД во 1900 година дури 30% од сите вработени во фабриките биле деца кои не наполниле 16 години. (Ibid. 405; А. Бринкли, Историја на САД...., 367, 405-406).

[840] Ibid. 405; V. Sinadinoski, Macedonians in America..., 108.

[841] L. Petroff, Sojourners and Settlers: The Macedonian Community…, 20-21.

[842] Т. Каличанин, Доселување и интеграција на македонското..., 173.

меѓу работниците – околу 15%.[843] Сепак, навикнати на тежок живот и постојана борба за парче леб, македонските печалбари и во вакви услови се покажувале како добри работници. Според еден извештај на рускиот конзул во Битола, што се однесува на емиграцијата во Америка, *„Македонецот се покажува како прекрасен работник. Тој е навикнат дома да се труди по 14 часа на ден, живеејќи притоа во крајно сиромашни услови, па затоа не се срами од никаква работа.“*[844]

Друг проблем, покрај слабата заработувачка била и нестабилноста на работните места. Во ситуација кога одредена компанија се соочувала со пад на профитот и на работата, управителите на компаниите најчесто прво се ослободувале од странската работна сила, која била прва жртва на секоја криза, што најдобро се покажало за време на кризата од 1908 година. Во таква ситуација, многу „нови“ имигранти во Северна Америка постојано патувале од рудник во рудник и од фабрика во фабрика, барајќи стабилност и подобра заработувачка. Соочени со отказ, голем број македонски емигранти се одлучиле во летните месеци, кога се одвивала градежната офанзива во државите на железничките пруги кон Пацификот, да се приклучат кон т.н. банди, кои деноноќно ги пробивале шумите во Монтана, Северна и Јужна Дакота, како и во северно Онтарио во Канада.[845] Вообичаено, оваа работа била координирана од големите железнички компании, кои за само 5 долари обезбедувале бесплатно патување до дестинацијата каде се работи, сместување во специјални кампови, во кои можело да се сместат и по 16 работници, кои работеле на пругите, храна и по потреба соодветен преведувач за секоја банда.[846] Оваа работа била платена меѓу 13 и 18 центи на час, а според огласите во весниците работниците на пругите заработувале околу 3 долари дневно. Со доаѓањето на зимските месеци и значителното намалување на обемот на работа во градбата на железниците, емигрантите кои работеле таму се враќале во градовите барајќи повторно работа во разните индустриски капацитети и рудници.[847]

---

[843] Reports of the Immigration Commission, Immigrants in Industry, 23, Summary Report on Immigrants in Manufacturing and Mining, vol.2, Washington, 1911, 98,144.

[844] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т.5., 323.

[845] G. Michaelidis, Salvation abroad: Macedonian migration to North America…, 83; D.E. Cassens, The Bulgarian Colony of Southwestern Illinois…, 19; N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 35-36; G. Prpic, South Slavic Immigration in America… 217.

[846] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 35-36.

[847] G. Prpic, South Slavic Immigration in America… 217.

**2.3.** Особено на почетокот на нивните печалбарски кариери, Македонците како и другите доселеници во САД работеле на тешки, физички исцрпувачки, слабо платени, а често и опасни работни позиции. Во такви услови, несреќите при работа биле речиси секојдневна појава на македонските емигранти. Така, во градот Спокејн во сојузната држава Вашингтон при професионална несреќа загинале ресенчаните Јордан Гецов, Ангел Бабаџанов, Јордан Елински и Милчо Бабаџанот, при што дневниот печат известил дека „сите се женети и оставаат беспомошни сираци“.[848] Во 1908 година Коста Трајков Карасуле од Прилеп бил тешко ранет од карпа во главата додека работел во еден од рудниците во Камбрија во сојузната држава Вајоминг, па откако 7 часа се борел за живот им подлегнал на повредите, оставајќи во Македонија сопруга и ќерка.[849] Во првата половина на 1910 година, во период од само неколку месеци меѓу жртвите на рудниците во истото место се нашле и емигрантите Илија Трајков и Ѓорѓи Богев, првиот откако бил прегазен од вагон натоварен со јаглен, а вториот како последица на удар од голем камен во рудникот.[850] Под преполните рударски вагони животот го завршиле и емигрантите Христо Гуменџиев од Гуменце, како и Влади Јакимов од Прилеп, а Никола Дамјанов, исто така од Прилепско останал во урнатините на еден рудник за јаглен.[851] Понатаму, во експлозија во едно окно на рудникот „Есер Мајн“, каде работеле 16 рудари биле убиени 10 од нив, а сите други останале со инвалидитет. Меѓу жртвите и повредените имало и емигранти од Македонија.[852]

Покрај во рудниците, голем број Македонци се соочиле со незгоди и при работата на железничките пруги. Континуираниот развој на технологијата во оваа сфера, во комбинација со недостатокот на стандарди за безбедност при работа на работниците, креирале сложени и опасни ситуации. Во 1905 година, Гленко Костов од Македонија останал без една рака откако паднал пред еден патнички вагон, а во 1912 година слична ситуација во близина на Сиукс Фолс во Јужна Дакота доживеал и Ѓорѓи Тошев.[853] Во 1913 година во местото Мидланд во Пенсилванија нозете на еден македонски емигрант вработен во компанијата *Pittsburg Crucible Steel* биле прегазени од товарен вагон и тој починал по три часа во болни-

---

[848] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 48-49.
[849] Български новини, IV/109, 20.2.1908.
[850] V. Sinadinoski, Macedonians in America..., 93.
[851] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 48-49.
[852] Ibid.
[853] V. Sinadinoski, Macedonians in America..., 88-90.

цата во Рочестер. Железниците биле опасни за македонските емигранти дури и кога тие не биле на работно место. Така, во еден судир на два воза, како резултат на откажувањето на кочниците, 5 Македонци загинале, а 30 биле повредени.[854] Во друга ситуација, 27-годишниот Милан Мачев и 32-годишниот Ѓорѓи Ацев, кои живееле во градот Стилтон во Пенсилванија, загинале откако поради невнимание и збунетост на преполната железничка станица во градот Данканон по грешка излегле на пругата пред возот. Иако првично го преживеале ударот, двајцата починале по неколку часа во болницата во Харисбург.[855] Од друга страна, незгодите при работа се случувале и како резултат на општото непознавање на технологијата, но и на климата во Северна Америка. Така, во 1906 година македонски работник на железниците во Белфаунтејн во Охајо, при работата открил нагазна мина. Со оглед на тоа што немал никакви информации околу пронајдениот предмет, тој ја удрил мината со чекан, по што таа експлодирала, предизвикувајќи му сериозни повреди на черепот и губење на видот. Во истата (1906) година двајца македонски емигранти загинале откако биле каснати од отровната змија ѕвечарка во Јужна Дакота, а во 1908 година двајца Македонци загинале како последица на вдишување на карбон моноксид.[856] За повредите при работа работниците сè уште не добивале речиси никаква компензација, најчесто како последица на недостатокот на правна регулатива за тие прашања.[857] Најекстремен бил примерот со државата Пенсилванија, каде дури и самиот закон ги ослободувал работодавачите од исплаќање компензација доколку семејството на работникот живеело надвор од територијата на САД.[858] Дури и таму каде што имало компензација, таа била сосема мала. Па така, вкупно шест македонски работници, кои поради повреди и смрт требало да добијат околу 123 000 долари, добиле вкупно 520 долари, а еден работник, кој поради дислокација на рамено отсуствувал од работа цели три месеци, за тоа отсуството добил компензација во висина од само еден долар.[859]

[854] Ibid.

[855] Ibid. 91-92.

[856] Ibid. 95-96.

[857] Всушност, со тогашната американска правна доктрина, работодавачите не сноселе никаква одговорност за повредите при работа. Поради тоа, кон крајот на XIX и почетокот на XX век просечно секоја година незгодите на работа биле причина за смрт на 20 000 луѓе и околу 1 000 000 повреди. (Х. Б. Паркс, Историја Сједињених Америчких..., 431).

[858] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 35.

[859] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 49; N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 34.

**2.4.** Самото пронаоѓање на работа било сериозен проблем за лицата, кои дошле во Америка без помош од нивни роднини и пријатели, а дури и таквите врски од стариот крај во одредени случаи се покажувале како проблематични, особено во времето на кризата од 1908 година. Кога немале каде да се обратат, македонските емигранти барале помош од разните агенции за вработување во Америка, кои од лукративни причини често се служеле со разни злоупотреби. Така, македонски емигрант во Чикаго платил 18,5 долари на агент за вработување и добил работа во времетраење од само 20 дена, за кои заработил 35 долари.[860] Во уште поекстремен случај, емигрант добил работа во времетраење од 5 дена, со плата од 1 долар дневно, а за вработувањето платил давачки во висина од 7 долари.[861] Понатаму, педесет емигранти платиле по 6 долари на агент, кој им ветувал дека ќе работат на изградба на железничка пруга, но ги пратил во местото Абингтон, во близина на Пеорија во државата Илиноис, каде групата македонски емигранти сфатила дека таму нема ниту пруга ниту работа. Други двајца македонски емигранти во Мичиген работеле 45 дена, а добиле плата од по само 25 долари. За обемот на експоатацијата и злоупотребите на беспомошните емигранти сведочи и случајот кога друг емигрант за 40 дена градежна работа добил плата од само 3 долари.[862] Ваквите злоупотреби не биле карактеристика само за американските агенции за вработување, туку многу емигранти станале жртви на своите „итри“ сонародници. Така, агенцијата за вработување на Иван Христов, која за 2 до 4 долари обезбедувала работа на железничката линија кон Железната планина во Мичиген оставила три групи емигранти без цент за својата работа, затоа што претставникот на таа фирма побегнал, земајќи ги со себе парите на работниците.[863]

За резултатите од злоупотребите на македонските емигранти најдобро сведочи случајот на Танас Димев, кој во мај 1908 година го напушил Гранит Сити со намера да работи како градежен работник во Арканзас. Откако му платил 5 долари на неговиот агент за да му најде работа, Димев започнал да работи, а по еден месец работа за градежната компанија, таа одбила да му плати, туку тврдела дека тој должи пари во компанијата. Осамен и без ниту еден долар во џебовите, Димев решил пеш да се враќа од Арканзас до Гранит Сити, каде се надевал на помош од другите Македонци. Во патувањето, кое траело со денови, Димев во

[860] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 34.
[861] Grace Abbott, The Bulgarians of Chicago, Charities and the Commons, 21, 1909, 653-660.
[862] Ibid.
[863] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 49-50.

неколку наврати молел за леб пред праговите на попатните куќи. Кога стигнал до Сент Луис, уморен и гладен, Димев се онесвестил на улиците на градот, па со помош на еден полицаец успеал да ги помине последните километри до Гранит Сити. Оваа случка, која била актуелна во тогашниот американски дневен печат најдобро говори за тоа што им се случувало на печалбарите, кои станувале жртва на ваквите злоупотреби.[864]

**2.5.** Како резултат на тоа што пред доаѓањето во Северна Америка, огромно мнозинство од печалбарите се занимавале со примарните стопански гранки, на најголемиот дел од нив целосно им биле непознати односите работодавач – работник, како и формите на синдикално организирање. Освен тоа, дури и оние кои знаеле нешто за синдикатите биле примарно насочени кон задржување на работните места, со оглед на нивнта тешка финансиска состојба, а и дополнително времето изгубено штрајкувајќи за многу печалбари било само продолжување на престојот во далечната земја. Од друга страна, лихварските камати, кои течеле во Македонија не им дозволувале на македонските емигранти во ниту еден момент да останат без редовен приход. Конечно, како последна бариера се појавувало и непознавањето на англискиот јазик за комуникација со синдикалните организации.

Поради сите овие причини, според едно истражување спроведено меѓу 1908 и 1911 година, од вкупно 395 „Македонци и Бугари“ само едно лице било припадник на синдикална организација.[865] Од друга страна, токму поради тоа неискуство, големите компании во случај на штрајк имале тенденција да ги заменат дотогашните работници, со доселеници од Балканот. Така, кога во 1904 година штрајк ја зафатил една челичарница во Гранит Сити, македонските печалбари се вработиле за плати од 1,25 до 1,35 долари дневно на места, каде штрајкувачите претходно заработувале меѓу 2 и 2,5 долари.[866] Во таква ситуација, организирањето на македонските емигранти за синдикална борба се случувало само во екстремни ситуации. Така, поради кризата од 1908 година, забележан е еден инцидент во Чикаго, каде околу 600 емигранти од Македонија и Бугарија се обединиле и марширале низ градот барајќи работа, со што успеале да привлечат внимание на Лигата за заштита на имигрантите, која интервјуирала 106 учесници на протестот и се заложила да им помогне при барањето

[864] “A Drift Without Work, Man Tells of Hardships”, St. Louis Post-Dispatch, 14.07.1908, 2.
[865] G. Michaelidis, Salvation abroad: Macedonian migration to North America…, 120.
[866] Ibid.

работа.[867] Понатаму, на железничките пруги во Пенсилванија во 1910 година се случил инцидент, кога вкупно 33 Македонци дале колективен отказ поради отказот што го добил еден работник, кој според раководството на компанијата не ги извршувал доволно добро работните задачи.[868] Сепак, ваквите примери на храбар заеднички настап на македонските емигранти пред својот работодавач по принципот „сите за еден, еден за сите" се случувале повеќе по исклучок, отколку по правило.

**2.6.** Македонците во Северна Америка започнале да доаѓаат подоцна од доселениците од други националности и со оглед на тоа што доаѓале само привремено и тоа од релативно сиромашно подрачје, во однос на останатиот дел од Европа, многу мал дел од македонските емигранти се одлучил во Америка да започне да работи со свој бизнис или да работи занаетчиство. Генерално, типичните македонски занаети, како мајстори, ковачи и столари биле во рацете на германските и ирските доселеници, кои веќе ја бележеле втората генерација на живеење во Северна Америка, односно веќе имале и свое потомство во Новиот свет. Сепак, имало одредени исклучоци и од овој аспект, а тука се издвоиле фурнаџиите, па фурни до Првата светска војна биле отворени во градови како Гранит Сити, Сент Луис, Медисон, Чикаго, Гери и други. Првата фурна отворена од македонски емигрант била отворена во Сент Луис во 1904 година.[869] Покрај тоа, започнале да се отвораат и скромни гостилници, бакалници, како и продавници за разни секојдневни потреби. Сепак, до 1908 година вкупниот број на ваквите бизниси на територијата на САД не бил изразен низ трицифрена бројка.[870]

Бројот на емигранти од Македонија во Новиот свет, кои успеале пред Првата светска војна да се стекнат со сериозен капитал е исклучително мал. Таков пример е Васил Поп Стефанов од с. Буф, Леринско, кој во 1906 година отворил своја бродска агенција. Понатаму, Димитар Лазаров од с. Д'мбени, Костурско успеал да влезе во големиот бизнис, кој бил симбол на американскиот Запад – нафтените полиња.[871] Интересен е и животниот пат на Никола Алабаков од битолското село Брусник, кој иако пристигнал во Америка само со основно образование успеал во 1905 година да ја отвори компанијата „Алабак Ко." и

[867] G. Prpic, South Slavic Immigration in America… 217.
[868] V. Sinadinoski, Macedonians in America..., 102-103.
[869] В. Трайков, История на българската емиграция..., 102-103.
[870] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 122.
[871] В. Трайков, История на българската емиграция..., 105-106.

хотелот „Линколн“ во Гранит Сити. Покрај тоа, тој поседувал и низа ресторани, агенција за бродски билети и трансфер на пари, како и весникот „Македонија“.[872]

**2.7.** Според пресметките, кои за хрватската емиграција во Северна Америка ги направил А. Трешиќ-Павичиќ, просечниот дневен трошок на еден емигрант во САД изнесувал 1 долар, а во оваа цена биле вклучени трошоците за пат до работа, храна, облека и други основни потреби.[873] Тоа значи дека ако емигрантите во 1910 година остварувале годишна заработка од 600 долари, тие во една година би можеле да заштедат најмногу 300 долари. Според истиот автор во истата 1910 година, дневницата од 2 долари била еквивалентна на цената на 4,5 килограми месо, 70 јајца или 23 литри млеко.[874] Најверојатно во 1905 година, емигрантот А. Јанков заработувал 1,25 долари дневно во циглана за десет часа работа, шест дена во неделата, а неговите трошоци за сместување биле 4 долари месечно, со дополнителни 50 центи за перење на алиштата. Стојан Христов, пак во 1913 година заработувал 1,5 долари за 12 часа на ден, шест дена во неделата, а неговите трошоци за сместување изнесувале вкупно 10 долари месечно.[875] Така, за просечниот македонски емигрант оваа дневница од 1-2 долари, еквивалентна на околу 10 франци била неспоредливо подобра од неговата заработка во Македонија, каде според Р. Пињон дневната заработка не надминувала 3-4 пијастри (1 франк), а често и таа станувала плен на разните разбојнички банди, кои крстосувале низ Македонија.[876] Според Стојан Христов, со платата од 8,75 долари неделно тој лесно можел да си дозволи да си купи коњ во стариот крај.[877] Со рационално трошење на парите, престојот во Торонто во траење од две години можел да донесе заштеда од околу 400 американски долари, што претставувало вистинско богатство во Македонија.[878] За споредба, според една анализа спроведена меѓу Македонците во Чикаго, 71% од нив изјавиле дека пред емигрирањето во Македонија целото нивно семејство живеело со помалку од 60 американски долари годишно, а речиси половина од испитаниците изјавиле дека имале само доволно

[872] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 127.
[873] Ante Trešić-Pavičić, Preko Atlantika do Pacifika. Život Hrvata u Sjevernoj Americi: Putopisna, estetska, ekonomska u politička pormatranja, Zagreb, 1907, 85-86.
[874] Ibid.
[875] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 34-35.
[876] R. Pinon, L'Europe et l'Empire Ottoman..., 225-226; B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 144.
[877] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 35.
[878] G. Michaelidis, Salvation abroad: Macedonian migration to North America…, 82.

пари да преживеат.[879] Ваквите податоци се најдобра илустрација за изворот на атрактивноста на работата во Америка за македонските емигранти.

Во такви услови, без семејство и желба да остане преку Атлантикот, македонскиот печалбар постојано се трудел да заштеди пари, кои потоа преку т.н. имигрантски банки биле испраќани како чекови во Солун.[880] Всушност, иако го добиле името „банки", овие објекти претставувале еден вид на биро за информации за емигрантите и во најголем дел не извршувале банкарска функција, освен тоа што организирале канал преку вообичаените банки за испраќање на заштедените пари на емигрантите назад во татковината.[881] Само во одредени случаи овие банки служеле и за чување на заштедените пари, вообичаено во помали суми. Активноста на овие банки генерално не била легализирана и не подлежела на супервизија од американските институции. Една банка во Канзас Сити, отворена во 1910 година од еден бугарски емигрант истовремено била и агенција за вработување на емигрантите.[882] Всушност, нивната примарна улога била насочена кон надминување на јазичните бариери на емигрантите и нивно снабдување со бродски билети, весници, списанија и слично. Според истрагата на американските власти, во 1911 година на територијата на САД биле детектирани 2 625 вакви имигрантски банки, а дури 275 биле во државата Илиноис, вклучувајќи и шест „бугарски банки".[883]

### *3. Живеалишта и услови за живот*

**3.1.** Огромниот прилив на население од Европа во Северна Америка во XIX век, како и желбата на овие доселеници во Новиот свет да најдат некој свој, биле причина во Северна Америка да се појави еден феномен, што во литературата често се споменува како „етнички град".[884] Имено, во големите урбани центри, каде се населувале најчесто лицата, кои во Европа се занимавале со некаков занает, или пак имале некоја друга квалификација, која можеле да му ја понудат на големиот град, кон крајот на XIX и почетокот на XX век започнале да се создаваат етнички енклави, со сериозна концентрација на луѓе со исти или

[879] Grace Abbott, The Bulgarians of Chicago, Charities and the Commons, 21, 1909, 654.
[880] G. Michaelidis, Salvation abroad: Macedonian migration to North America…, 82.
[881] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 39-40.
[882] G. Michaelidis, Salvation abroad: Macedonian migration to North America…, 115-116.
[883] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 39-40.
[884] А. Бринкли, Историја на САД...., 415.

слични културни и јазични карактеристики.[885] Преку ваквите „гета“, кои се одликувале со голема културна кохезивност, доселениците во Северна Америка одржувале врски со Стариот крај и ги задржувале културните особености од нивните претходни општества. Овој феномен е опишан и од страна на Стојан Христов, кој запишал: „*Секој голем град во Америка има своја мала Италија, Полска, Балкан. Среќаваме мали држави во држави, градови во градови, понекогаш многу ситни и необични со својот доминантен дух, така што прават интересни социјални и политички проблеми. Имигрантите во овие колонии читаат весници на своите сопствени јазици, одат во свои цркви, ги слават своите сопствени национални празници, а честопати ги праќаат и своите деца во сопствени училишта за да учат на својот национален јазик.*”[886]

Сепак, огромната концентрација на луѓе на мала површина предизвикала вистински хаос во градовите, во ситуација кога локалните власти била тотално неподготвени за ваквиот раст на населението. Во поглед на живеалиштата во градовите, се појавила огромна дискрепанца меѓу луксузните вили на богатите индустријалци и валканите колиби на сиромашните работници, а природна последица на ваквите социјални разлики и концентрирањето на населението е растот на стапката на криминалитетот. Така, ако на еден милион луѓе во 1880 година имало 25 убиства, кон крајот на XIX век таа бројка изнесувала над 100 лица.[887] Во однос на криминалот, македонските емигранти можеме да ги најдеме на двете страни од приказната, како жртви, но поретко и како криминалци. Така, во градот Тремонт во Луизијана, 34 Македонци биле повикани од двајца Англичани да работат на пат, за на четвртиот ден од нивната работа да бидат нападнати и ограбени, а еден од нив и убиен.[888] Во 1906 година во грабеж на 21 годишна возраст бил убиен Никола Мицарев од с. Петеле, Леринско, а во друг случај по само еден месец и четирите браќа Карамфилови од с. Преспа, Битолско.[889] Понекогаш македонските печалбари станувале жртва на грабежи и од своите сотатковинци. Така, во градот Денвил во Илиноис во 1909 година Божин Тасев бил убиен и ограбен од човек од Македонија, забележан како Аристо Димитри.[890] Во истата

---

[885] B. Gounaris, Emigration from Macedonia...144.
[886] С. Христов, Раскази и записи...., 160.
[887] А. Бринкли, Историја на САД...., 417.
[888] В. Трайков, История на българската емиграция..., 82.
[889] Български новини, II/28, 5.3.1906; Български новини, II/32, 2.4.1906.
[890] V. Sinadinoski, Macedonians in America..., 149.

година, во Бафало се појавил сериски убиец од Македонија, чии мотиви биле поврзани со грабеж. Во својот злосторнички поход, тој убил четири лица во Бафало, од кои тројца биле исто така Македонци.[891] Покрај поради ограбување, американскиот дневен печат забележал и убиства меѓу Македонците во САД, кои биле последица на пренесено насилство и нерасчистени сметки од Македонија, каде токму во тие години се водела крвава војна меѓу странските пропаганди.[892]

Од друга страна, пренатрупаните градови биле и извор на заразни болести, како тифус и туберкулоза, кои се појавувале во корелација со лошите услови за живот. Од овие болести најчесто страдале доселениците, како категорија која се наоѓала во најниските слоеви на општествената пирамида во Северна Америка. Така, на пример, како последица на туберкулоза во Торонто починале тројца македонски емигранти, а со оглед на тоа што немале заработени пари, за нивниот погреб биле собирани доброволни прилози меѓу македонската заедница во градот.[893] Покрај болестите, голема опасност, која се појавувала поради големата концентрација на луѓе во индустриските градови биле пожарите, кои кон крајот на XIX и почетокот на XX век предизвикале катастрофи во Бостон, Чикаго, Сан Франциско и многу други градови.[894]

Поради горенаведените проблеми во големите градови, мнозина од македонските емигранти наместо во самите големи градови започнале да се населуваат во помали населби околу големите индустриски центри, како и околу поголемите фабрики или рудници. Таму пак, проблемите биле од друг тип. Голем број од овие населби во Пенсилванија, Западна Вирџинија и Кентаки, како и во деловите на Средниот Запад биле управувани од самите сопственици на фабриката или рудникот, па на тој начин дури и живеалиштата на работниците биле во сопственост на работодавачот, како и сите трговски објекти, локалната управа и локалните полициски сили.[895] Во вакви услови, работниците живееле во состојба,

[891] Ibid.

[892] Ibid. 164-169.

[893] В. Трайков, История на българската емиграция..., 83.

[894] А. Бринкли, Историја на САД...., 417.

[895] На пример, сите рудници и населби околу рудниците во Бјут во Монтана биле сопственост на компанијата за бакар Анаконда (Anaconda Copper Corporation), која имала и огромно влијание врз владата во Монтана, па работела без било какви ограничувања. (Х. Б. Паркс, Историја Сједињених Америчких..., 441-442).

која наликувала на состојбата на зависното население во средновековна Европа.[896] Што се однесува до рударските населби во Северна Америка, тие најчесто се состоеле од само една улица со низа брвнари и колиби на државна земја изградени на двете страни од улицата и претставувале заедници на луѓе од многу раси и култури, кои ретко живееле во меѓусебна хармонија.[897] Со оглед на недостатокот на органи на државната управа, ваквите места често биле анархични средини, каде криминалот бил секојдневие, а поради половиот дисбаланс во ваквите места „царувала“ и проституцијата.[898]

Најпознатата енклава на македонските емигранти во Северна Америка, бил квартот Линколн Плејс (*Lincoln Place*) во Гранит Сити, наречен „Унгарската дупка“ (*Hungary Hollow*). Овој кварт, кој се наоѓал во западниот дел на Гранит Сити, во близина на големите челичарници *American Steel Foundries* и *Commonwealth Steel Company*, до 1904 година бил населен со Унгарци, па поради тоа го добил и името „Унгарска дупка“ (*Hungary Hollow*), а подоцна поради материјалната состојба на жителите на овој кварт иронично бил нарекуван и „гладна дупка“ (*Hungry Hollow*).[899] Во периодот од 1900 до 1910 година, во овој кварт се населиле огромен број луѓе од Балканот, меѓу кои најголемиот дел доаѓале од Македонија и Бугарија. Условите за живот во овој кварт биле ужасни, како ретко каде во Америка. Иако бил дел од Гранит Сити, овој кварт бил целосно запоставен од градските власти, па според еден извештај од 1913 година, до 1912 година ниту една улица во квартот немала асфалт, а врз живеалиштата немало никаков санитарен надзор. Според истиот извештај, „кога просечен Американец би влегол во овој кварт би бил згрозен од нечистотијата, калта и нехигиенските надворешни тоалети, на кои веројатно би видел како висат штотуку испрана облека.“[900] Всушност, може да се каже дека со доаѓањето во овој кварт Американецот би имал можност директно да види многу сегменти од животот во Македонија, пренесен на американска почва.

---

[896] А. Бринкли, Историја на САД...., 415.

[897] Х. Б. Паркс, Историја Сједињених Америчких..., 441; А. Бринкли, Историја на САД...., 377.

[898] Гратчето Дедвуд во Јужна Дакота било населено откако во 1875 година во негова близина било откриено злато, па во потрагата по златото многу познати криминалци се населиле таму. Ова место своевремено важело за едно од најопасните места во Светот. (Х. Б. Паркс, Историја Сједињених Америчких..., 441.)

[899] D.E.Cassens, The Bulgarian Colony of Southwestern Illinois…, 19.

[900] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 41.

**3.2.** За објектите во кои живееле најголем дел од Македонците, како и другите доселеници во Северна Америка, од крајот на XIX век бил користен изразот *"boarding house"*, што може да се преведе како „престојувалиште".[901] Всушност, се работело за поголеми градби, каде биле сместувани повеќе имигранти, кои барале работа. Првите престојувалишта, кои во 1850 година се појавиле во САД биле презентирани како напредок во обезбедувањето на пристојни живеалишта за сиромашните. Сепак, условите во нив во почетокот на XX век биле далеку од наведениот опис. Всушност, кога македонските емигранти започнале да доаѓаат во САД, тие заедно со своите сонародници започнале да изнајмуваат по неколку соби, а неретко и цели куќи, каде живееле од 10 до 20 лица. Поради фактот што во овие куќи или објекти најчесто живееле луѓе од истиот крај, меѓу македонските емигранти тие биле означени според местото од каде потекнувале нивните станари. Па така, во Индијанаполис постоеле т.н. „Островска куќа" (емигранти од Острово), „Петелејската куќа" (емигранти од Петеле), Екшисулијската куќа (емигранти од Екши-Су) и други слични куќи.[902] Куќите генерално биле мали, слабо проветрени и редовно биле пренаселени. Во објектите владеела строга дисциплина, а со оглед на тоа што најголемиот број на фабриките работеле со смени, во куќата работите биле поделени по принцип на дежурства, при што според истражувањата, кои меѓу доселениците во Сент Луис ги спровел социологот Грахам Тејлор, еден од емигрантите секогаш бил на чело на групата и бил задолжен за собирање на рентата и плаќање на сметките.[903] Тејлор пресметал дека просечниот број на луѓе по соба се движел од 2,78 до 3,30 а куќа со три или четири соби обично била дом за 12 до 16 работници, кои плаќале рента од 14 до 16 долари на месечно ниво.[904] Сепак, кога ќе се има во предвид целата територија на САД, просечната рента била многу помала. Истражувањата, кои ги спровела комисијата на Дилингем покажале дека за емигрантите од Македонија и Бугарија, просечната рента во САД изнесувала 3,09 долари месечно.[905] За сметка на ниската рента, забележано е дека во околу 20 куќи во западниот дел на градот Хоумстед во Пенсилванија живееле дури 300 македонски доселеници.[906] Некои од куќите биле менаџи-

---

901 Всушност, зборот престојувалиште во САД во средината на XIX век означувал зграда за колективно домување, но потоа бил употребуван само за живеалиштата на најсиромашните жители на САД.

902 Македонски Алманах, МПО, Индијанаполис, 1940, 221.

903 Graham Romeyn Taylor, "A St. Louis 'East Side' Suburb, The Survey, 1.2.1913, 594.

904 Ibid.

905 United States Immigration Commission, Reports of the Immigration Commission, vol. 9, Washington, 1911, 94.

906 G. Prpic, South Slavic Immigration in America… 221.

рани од страна на сопствениците на угостителски објекти, при што со рента од 5 до 8 долари месечно, сопственикот кој управувал со објектот можел да заработи и до 250 долари месечно. Ваквите сместувачки капацитети во многу градови биле поевтини од вообичаените куќи, но најчесто постоел и договор, според кој лицата кои престојувале во објектот биле принудени да ги користат услугите на угостителскиот објект или пак да користат банкарски услуги исклучиво од сопственикот на објектот.[907] Овие услуги потоа биле давани по зголемени цени, така што поради скриените трошоци ваквиот тип на сместување бил најчесто избегнуван.

Околу описот на куќите, сите изворни податоци и литератури ги даваат генерално истите податоци.[908] Најчесто станарите ги делеле креветите со емигранти, кои работеле во друга смена, а за една таква ситуација читаме кај Стојан Христов, кој запишал: „*Бидејќи дневните состанари ни ги готвеа вечерите, ние ноќните им враќавме со тоа што ги вршевме домашните работи. Ние го метевме станот, ги полневме кофите со вода од чешмата долу во дворот, ги миевме тенџерињата и вршевме други поситни работи во двособниот стан, кој со својот мизерен мебел имаше двојна должност, да ги смести дванаесетмината во две смени со шест во секоја. Освен татко ми, сите оние што работеа на Терминалот не ги делеа само креветите, туку исто така и должностите. Тие работеа во дванаесетчасовни смени, преземајќи ја работата еден од друг. Како немаше недела ниту празници, двете смени никогаш не се гледаа дома, само на работа. Моето присуство на катот неделите не претставуваше никакво нарушување на овој ред бидејќи јас вечерав со мојата група, исто како во работните денови. Немаше никакви недоразбирања околу креветот што го делев со татка ми. Тој спиеше во него дење, јас ноќе.*“[909] На тој начин, куќите во кои живееле печалбарите никогаш не биле празни. Според спомените на А. Близнаков, за готвење најчесто се користеле тенекиени печки, кои во зима истовремено биле користени и за затоплување.[910] Генерално, во живеалиштата се готвеле традиционални македонски јадења, а храната се купувала и конзумирала колективно.[911] Трошоците биле

[907] D.E.Cassens, The Bulgarian Colony of Southwestern Illinois…, 19.

[908] G. Michaelidis, Salvation abroad: Macedonian migration to North America…, 108-110; N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 37-39; V. Sinadinoski, Macedonians in America..., 97-99.

[909] Стојан Христов, Раскази и записи, Македонска книга, Скопје, 1993, 50-51.

[910] А. Близнаков, Спомени за националната, политичката..., 18.

[911] Македонски Алманах….., 221.; И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 51.

доведувани до самиот минимум, за целата заштеда на емигрантите да може да се испрати назад во Македонија.

Во 1911 година, „македонските“ квартови Ист Енд и Нијагара во Торонто биле посетени од главниот службеник за здравство на канадската влада во градот, д-р. Чарлс Хастингс. Своите видувања за начинот на живот во овие квартови, Хастингс ги објавил во еден извештај, каде се констатирани сериозни прекршувања на стандардите за живот и здравје во Торонто. Покрај пренатрупаноста, слабата светлина и вентилација во објектите, Хастингс во визбите на живеалиштата на Македонците, каде вообичаено биле сместени креветите, открил влага, некаде и вода на подот. Од друга страна, забележал дека многу живеалишта не се поврзани на градскиот водовод, туку користат надворешни извори за вода. Во квартот Ист Енд, вкупно 851 живеалишта на Источната Авенија располагале со само 193 бањи.[912] Плашејќи се од појава на заразна болест, за ваквите услови во квартовите Хастингс во неколку наврати испраќал предупредувања до канадската влада, но истите биле игнорирани од властите во Отава.

*4. Социјализација и интеграција во американското општество*

**4.1.** Доселениците од релативно неразвиените делови на Европа, каква што била Европска Турција при доаѓањето во Северна Америка генерално се соочувале со два големи проблеми. Првиот проблем бил поврзан со преминот од рурална во урбана средина и потребата од прилагодување во тие услови, но овој проблем бил делумно компензиран со населувањето во споменатите етнички енклави. Сепак, далеку поголем проблем било непознавањето на јазикот и обичаите на Новиот свет, како и ладниот пречек од страна на луѓето, чии предци го поминале токму истиот пат. Според извештаите на комисијата на сенаторот Дилингем, над 80% од македонските имигранти во САД говорно или писмено можеле да се изразат исклучиво на мајчиниот јазик, а само 11% од нив можеле говорно или писмено да го користат англискиот јазик.[913] За споредба, англискиот јазик при влезот во САД го говореле 40% од Унгарците, 47% од Русите и 98% од Швеѓаните.[914] Дополнително, проблем била и самата грамотност, па споменатата комисија утврдила дека меѓу имигранти-

[912] L. Petroff, Sojourners and Settlers: The Macedonian Community…, 21.

[913] Reports of the Immigration Commission, Immigrants in Industry, 23, Summary Report on Immigrants in Manufacturing and Mining, vol.2, Washington, 1911, 98, 144.

[914] G. Michaelidis, Salvation abroad: Macedonian migration to North America…, 118.

те заведени во групата „Бугари, Срби и Црногорци“ неграмотни биле 41,7%.[915] Според американската економистка Емили Балч, пак, меѓу имигрантите од Југоисточна Европа на возраст над 14 години во 1900 година неграмотни биле меѓу 18 и 35 проценти.[916] Така, огромно мнозинство од македонските печалбари, кои не можеле да го користат својот мајчин јазик во секојдневната комуникација со другите заедници во Северна Америка, на своевиден начин биле и глуви и неми. Без да знаат ниту еден збор од англискиот јазик, тие се соочувале со големи тешкотии при прилагодувањето во непознатата земја, често доаѓајќи во непријатни и гротескни ситуации, каде не можеле да ги заштитат ниту своите основни интереси. Комуникацијата понекогаш одела преку познаници, кои го знаеле англискиот јазик, а често биле користени и невербални методи.[917] Сепак, живеењето во Северна Америка ги принудувало печалбарите со текот на времето да ги научат најнеопходните фрази за секојдневна комуникација. Исто така, започнале да се појавуваат и вечерни училишта за побрзо учење на англискиот јазик. Кај Македонците во Торонто, уште во 1907 година започнало да работи едно вечерно училиште за англиски јазик, предводено од протестантскиот проповедник Г.М. Атлас.[918] Во 1912 година, исто така во Торонто, курсови по англиски јазик спроведувал и Апостол Калавасов од костурското село Команичево.[919] Од 1913 година, за совладување на англискиот јазик бил користен и еден речник од англиски на поблискиот бугарски јазик со 400 страници и 18 000 збора, напишан од егзархискиот јеромонах Теофилакт, именуван како „Прв бугаро-англиски џебен речник“.[920]

Сепак, најголема пречка за интеграцијата на емигрантите од Македонија во Северна Америка бил нативизмот, кој бил подеднакво застапен и во САД и во Канада во почетокот на XX век (Глава II). Започнувајќи од најниските прстени на социјалната пирамида во двете држави, Македонците, како и другите словенски народи биле перцепирани како имигранти различни од оние во Западна и Северна Европа, чија припадност во белата раса треба да се

[915] Reports of the Immigration Commission, Immigrants in Industry, 23, Summary Report on Immigrants in Manufacturing and Mining, vol.2, Washington, 1911, 98, 144.

[916] Emily Greene Balch, Our Slavic Fellow Citizens, Charities Publication Committee, 1910, 479.

[917] В. Трайков, История на българската емиграция..., 86.

[918] L. Petroff, Sojourners and Settlers: The Macedonian Community…, 64. Училиштето се наоѓало на Sackville Street.

[919] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 120.

[920] G. Michaelidis, Salvation abroad: Macedonian migration to North America…, 82-83. Во речникот биле содржани преводи од често користени фрази како: „Дали Ви треба работник?“, „Колку плаќате за еден саат работа?“, „Кога заминува следниот воз?“ и слично.

земе со голема резерва.[921] Всушност, уште од почетокот на XVIII век, кога Германците се населувале во Пенсилванија, секоја нова група која доаѓала во САД била дочекувана со предрасуди, кои траеле до нејзиното искачување во социјалната и економска пирамида во американското општество, за потоа истата таа група да креира предрасуди за секоја следна група.[922] Во тој период, „на удар“ била т.н. „нова“ имиграција, односно имиграцијата од Јужна и Источна Европа. Сличен бил и третманот, кој емигрантите од овие краеви на Европа го добивале и во Канада, па бројни македонски емигранти, кои живееле и во САД и во Канада не забележале никаква разлика меѓу двете држави.[923] Дискриминацијата во САД била најзабележлива во време на кризата од 1908 година, кога врз база на нивното потекло најтешко поминале „новите“ имигранти. Канадското нативистичко списание „Џек Канак“ (*Jack Canuck*) во една статија го нападнало индустијалецот А.Е. Кемп затоа што во својата компанија вработил толку многу Македонци, според списанието недостојни за работа во Канада со зборовите: *„каде се вработени толку многу жители на таа турбулентна, брутална земја Македонија“.*[924] Понатаму, еден македонски имигрант во Торонто споделил дека бил непријатно изненаден, кога група деца започнале да фрлаат камења по него на една железничка станица во Торонто, при што никој од присутните не реагирал.[925] Поради овие проблеми, Македонците во Торонто ретко се осмелувале да излезат надвор од нивните квартови. Некои староседелци во САД и Канада за доселениците од Балканот го користеле зборот “*hunkies*”, што е пејоративна изведенка од зборот „Хун“, која претходно најчесто била користена за доселениците од Унгарија.[926] Ваквата расна дискриминација кај многу македонски емигранти создала чувство на несигурност, изолација и осаменост, а оваа состојба ја опишал и А. Близнаков со зборовите: *„Како новодојдени, тие немаа ни другари, ни пријатели. И наспроти тоа што по природа беа мирни и внимателни, тие настојуваа да ја зголемат довербата меѓу соседите. На некој начин беа принудени да внимаваат на секоја*

[921] Ibid. 102.

[922] Х. Б. Паркс, Историја Сједињених Америчких..., 484. Кон крајот на XIX и почетокот на XX век во САД се засилиле и предрасудите кон католичката црква, а за прв пат во американската историја прием започнала да наоѓа и антисемитската пропаганда.

[923] G. Michaelidis, Salvation abroad: Macedonian migration to North America…, 82-83.

[924] L. Petroff, Sojourners and Settlers: The Macedonian Community…, 42-43.

[925] Ibid. 74.

[926] G. Michaelidis, Salvation abroad: Macedonian migration to North America…, 102-103.

*своја постапка. По улиците се движеа тихо, меѓу себе зборуваа со шепотење, ги избегнуваа караниците, расправиите и тепачките, како меѓу себе, така и со другите.*”[927]

И покрај разочараноста од првиот контакт со Северна Америка, кај некои емигранти се појавила желба за трајно останување во Новиот свет и нивна асимилација во тамошното општество. Сепак, за вистинска асимилација во општеството можеме да зборуваме само од втората генерација на имигранти, односно од децата на оние кои решиле да останат во далечните земји. И покрај тоа што овој процес бил силно стимулиран од властите во Отава и Вашингтон, тој бил исполнет со многу проблеми, голем расцеп меѓу родителите и децата и губење на многу семејни вредности.[928] Дополнително, поради фактот што децата на имигрантите, кои решиле да останат во Америка живееле во најсиромашните квартови, тие ги виделе најлошите делови од американскиот живот, па затоа стапката на криминалитетот во Америка е драстично поголема кај втората генерација Американци и повисока од просекот.[929]

**4.2.** Непостојаниот и привремен карактер на македонската емиграција во Америка во почетокот на XX век бил предуслов за огромна полова дискрепанца меѓу македонските емигранти на американското тло. Имено, со оглед на тоа што речиси никој од македонските емигранти не планирал трајно да се насели во Новиот свет, семејствата на емигрантите останувале во татковината, чекајќи ги своите мажи и татковци да се вратат со заработените пари. Своја улога во овој процес имал и патријархалниот начин на воспитување и јасната поделба на трудот во семејствата во османлиска Македонија, како и долгогодишните печалбарски традиции на машката работна сила на Балканот.[930] Како резултат на тоа, односот мажи-жени во бројна смисла во Америка до Првата светска војна варирал, но никогаш и на ниту едно место не бил помал од 10 спрема 1, а во многу места достигнувал и повеќе од 25 спрема 1.[931] Така, според еден црковен попис од 1910 година во Торонто, спроведен меѓу 1 090 егзархисти, само осум од нив ги имале со нив своите деца. Една третина, односно 340 од нив биле неженети, додека 377 биле женети, иако речиси сите нивни жени биле во

[927] А. Близнаков, Спомени за националната, политичката..., 18.
[928] А. Бринкли, Историја на САД...., 416.
[929] Х. Б. Паркс, Историја Сједињених Америчких..., 483-484.
[930] G. Michaelidis, Salvation abroad: Macedonian migration to North America…, 105-106.
[931] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 37.

Македонија.[932] Според Х. Костов, осумте семејства во Торонто се резултат на политичката емиграција на одредени борци од Илинденското востание, како и поранешни четници.[933] Понатаму, меѓу релативно малиот број Македонци, кои живееле заедно со бугарската заедница во близина на челичарниците во Бирмингем, во сојузната држава Алабама, до 1910 година само 2,4 од мажите имале жени со себе.[934] Извештаите на комисијата на Дилингем, пак покажуваат дека околу 80% од емигрантите декларирани како Македонци биле во брак, а само 3% од нив го имале својот брачен партнер покрај себе во Америка.[935] Дополнително, во еден извештај, испратен на 20 април 1907 година до министерот за надворешни работи и верисповед на Бугарија, Димитар Станчов, Т. Недков истакнува дека од вкупно 400 емигранти од Скопскиот вилает во 1906 година, само еден велешанин се иселил заедно со семејството.[936] Едно друго истражување, пак, спроведено на Средниот Запад во САД открило само шест жени меѓу 517 Македонци и Бугари во регионот.[937]

Според Т. Вражиновски, првите жени од Македонија во САД започнале да доаѓаат во периодот од 1905 до 1907 година.[938] За оние кои решавале да останат во Америка, поради јазичниот проблем и родовиот дисбаланс пронаоѓањето на брачен партнер и создавањето на семејство било ѓаволски тешко. Сведок на ваквите проблеми на македонските емигранти се огласите во весниците, кои се ширеле меѓу македонската и бугарската заедница во Северна Америка.[939] Сепак, некои од нив успевале во својата намера да формираат семејство, што потоа било сигурен знак дека никогаш нема да се вратат во татковината. Меѓутоа, нивниот број во периодот до Првата светска војна е занемарлив.

**4.3.** Оставен без поддршката на семејството, осамен и отфрлен на самите маргини на општеството во Америка, македонскиот емигрант спасот го гледал само на едно место – во кафеаната. Имено, кога ќе се земат во предвид сите горенаведени проблеми, кафеаната во Америка била многу повеќе од обичен угостителски објект. Всушност, кафеаните биле еден

[932] H. Kostov, Contested Ethnic Identity: The Case of Macedonian Canadians…, 142.
[933] Ibid.
[934] G. Michaelidis, Salvation abroad: Macedonian migration to North America…, 105-106.
[935] Reports of the Immigration Commission, Immigrants in Industry, 23, Summary Report on Immigrants in Manufacturing and Mining, vol.2, Washington, 1911, 98, 144.
[936] В. Георгиев, С. Трифонов, История на Българите 1878-1944 в документи, т.I.
[937] G. Michaelidis, Salvation abroad: Macedonian migration to North America…, 105-106.
[938] Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 33.
[939] Види: Български новини, 37, 7.5.1906.

вид институции, каде се одвивал целиот општествен живот на емигрантите. Тоа биле места, каде најпрво печалбарите ги споделувале своите маки и радости, а потоа и собиралишта, од каде потекнувале идеите за формирање на разни организации и комитети. Ваквите објекти најчесто биле во сопственост на некој Македонец, кој успеал да постигне нешто во Новиот свет и од моментот кога станувал сопственик на таков објект, тој имал и еден вид на политичка моќ над останатите емигранти. Така, тој ги собирал и ширел вестите од Македонија, често се јавувал како сведок или ја делел правдата во спорови меѓу емигрантите, ги застапувал емигрантите пред агенции, го поддржувал формирањето на разни добротворни друштва и градењето на цркви, но и ги чувал парите на голем дел од емигрантите.[940] Со оглед на тоа што секоја етничка заедница имала свои кафеани и собиралишта од ваков тип, Т. Вражиновски зборува за т.н. „етнички кафеани".[941]

Во ситуација каде Македонецот бил далеку од Македонија, а во своите мисли ги носел семејството и поробената татковина, кафеаната често била и лек за раните на многу македонски емигранти. Ваквото чувство кај емигрантите Стојан Христов го опишал со зборовите: *„Со телото бевме во Америка, а ментално и духовно во Стариот крај. Ако некој Американец се осмелеше да зајде во нашите кафулиња сите ќе се вознемиревме како пчели во кошница во која влегол некој лигавец. Толку многу ќе се возбудевме од странскиот посетител како тој да беше дошол во нашето село. Си создадовме наш сопствен свет во пазувите на тој поголем свет, во кој ние само повремено се осмелувавме да влеземе."*[942] Според А. Сониксен, на ѕидовите на кафеаните редовен декор биле портретите на костурскиот војвода Пандо Кљашев, а на некои места и на неговиот помошник Атанас Корчаков.[943] Покрај стандардните маси и столици, голем дел од кафулињата биле опремени и со маси за билијард и фонографи (грамофони) со записи од традиционална музика од татковината.[944]

Според спомените на А. Близнаков, осаменоста преку Атлантикот најтешко ја поднесувале лицата кои немале создадено семејство, а пред одењето во Америка имале симпатии кон некоја личност, како и младоженците, кои неретко тргнувале на печалба кратко

940 N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 39.
941 Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 34.
942 С. Христов, Раскази и записи...., 109.
943 A. Sonnichsen, Confessions of a Macedonian bandit…, 240.
944 В. Трайков, История на българската емиграция..., 89-90.

време по првата брачна ноќ.[945] Од друга страна, тие доаѓале во свет каде владеел далеку пoслободарски менталитет и каде можело да се види жена во јавноста, чија коса не е покриена, што за некои од емигрантите претставувало вистински шок.[946] Уште повеќе ги шокирал фактот што една жена може да комуницира со маж, кој не и е близок, без притоа да си ја уништи својата репутација во општеството, а со тоа и своите шанси за брак, како на Балканот. Во таква ситуација, многу млади печалбари не го положиле етичкиот испит, па ги заборавале семејствата и создавале нови во Америка или пак водени од фаустовски мотиви тргнале да бараат лесен живот, оставајќи ја целата заработка во угостителските објекти и коцкарниците во Америка. Според А. Близнаков, ваквите случаи редовно биле предмет на осуда од своите сонародници.[947]

### *5. Црковен живот*

**5.1.** Со оглед на тоа што поголемиот дел од населените места во Југозападна Македонија, од каде доаѓал најголемиот бран емигранти во Северна Америка до почетокот на XX век во религиозно-просветна смисла се наоѓале во орбитата на Бугарската Егзархија, емиграцијата од Македонија кон Новиот свет не можела, а да не предизвика загриженост кај самиот врв на Егзрхијата. Причина повеќе за загриженост бил фактот што македонската емиграција во Северна Америка како процес се јавила подоцна од емиграциите на други европски држави, па Македонците по доаѓањето во Северна Америка се приклучувале кон заедниците на други народи со различни верувања, при што православната религија била дури на третото место, зад протестантството и католицизмот.[948] Поради тоа, овој феномен за Егзархијата претставувал закана за трајно губење на верници од Македонија. Во таква

---

[945] А. Близнаков, Спомени за националната, политичката..., 19-20.
[946] G. Michaelidis, Salvation abroad: Macedonian migration to North America…, 105-106.
[947] А. Близнаков, Спомени за националната, политичката..., 21.
[948] Православната религија проникнала на територијата на САД преку најмалку населената и најсурова сојузна држава – Аљаска. Истата во 1867 година била продадена од страна на рускиот цар на САД, но пред продажбата, оваа земја била посетувана од руски морепловци и трагачи по злато уште кон средината на XVII век. Во 1793 година, властите во Петроград одлучиле да испратат духовна мисија во Аљаска со цел да ја приближат православната религија на домородните жители на Аљаска, кои претходно биле отсечени од останатиот дел на Русија. Една година подоцна, првите руски мисионери пристигнале на островот Кадијак, каде го основале манастирот „Валам", позајмувајќи го името од Валамскиот архипелаг на езерото Ладога. Во 1797 година веќе постоела православна црква во Америка, која подоцна имала и своја филијала на Алеутските острови, па така кон крајот на XVIII век, Русија во Новиот свет имала своја епархија, наречена „Алеутска и Северноамериканска, предводена од њујоршкиот епископ Платон. Во почетокот на XX век, таа имала околу 60 000 верници, членови во над 100 енории, кои располагале со 50 цркви, 100 параклиси и еден манастир. (И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 384.).

ситуација едно било јасно – Егзархијата била на потег. Така, во март 1906 година бугарскиот егзарх Јосиф издал едно окружно писмо, во кое ги опишал причините за иселувањето на егзархистите од Македонија, притоа изразувајќи загриженост за нивната идна судбина и опасноста во далечната земја тие да ги изгубат верата, јазикот и народноста, со што како што констатирала Егзархијата „*бугарските огништа ќе згаснуваат и бугарските села ќе се опустошат*".[949] Откако на 25 мај 1906 година било одржано заседание на Светиот Синод на Егзархијата на таа тема, веќе на 14 јуни 1906 година, Синодот на Егзархијата со писмо упатено до Министерството за надворешни работи и вероисповед на Бугарија и формално поднел иницијатива за испраќање на еден архимандрит семинарист и еден јеромонах семинарист во САД со цел на емигрантите „*да им се даде духовна храна*".[950] Резултат на оваа иницијатива било само стапувањето во контакт со емиграцијата во Новиот свет и испраќањето на црковни книги преку Атлантикот. Меѓутоа, интензивирањето на емиграцијата во 1906 и 1907 година уште повеќе го вклучило алармот на Егзархијата. Така, на 10 септември 1907 година, Светиот Синод на Егзархијата со друго писмо го информира Министерството за надворешни работи и вероисповед на Бугарија за потребата од испраќање на егзархиски свештеници за задоволување на религиозните потреби на емиграцијата, со назнака дека доколку не се испратат свештеници „*секојдневните христијански потреби или ќе останат неподмирени или ќе бидат подмирени од туѓо, неправославно свештенство: католично, протестантско, или од инородно: грчко, српско.*"[951] Се чини дека токму цитираните зборови, а особено последните биле доволна причина за посериозно ангажирање на бугарската влада, која истовремено се обидувала да ја зацврсти својата пропаганда во Македонија и преку преговори со останатите држави на Балканот да обезбеди признавање на своите претензии кон Македонија, во пресрет на идната делба. Така, со 5 000 лева дадени од Министерството за надворешни работи на Бугарија во Америка била испратени јеромонахот Никодим од егзархиската црква во Букурешт и јероѓаконот Григориј од Софиската духовна семинарија, кои кратко престојувале во Гранит Сити.[952]

[949] В. Трайков, История на българската емиграция..., 188.
[950] Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 23; И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 396.
[951] Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 23.
[952] В. Трайков, История на българската емиграция..., 188-189.

Иницијативата на Егзархијата и испраќањето на првите свештеници преку Атлантикот се случувала во исто време со формирањето на првата егзархиска црковна општина во Америка, која била формирана во 1906 година во Медисон и еден обид на емигрантите од Македонија и Бугарија за изградба на егзархиска црква во истиот град, со цел да се заменат руските православни цркви, кои дотогаш биле користени за извршување на верските потреби.[953] Поради кризата во Америка и недостатокот на средства градбата запрела кратко време по отпочнувањето, а првиот обид за градење црква пропаднал.[954] Сепак, во текот на 1907 година на иницијатива на емигранти од соседниот град Гранит Сити бил формиран локален комитет, кој започнал да ја шири идејата за градење на егзархиска црква во Гранит Сити и да собира донации за таа цел. Значаен исчекор во прилог на таа идеја бил постигнат кога компанијата *Morris Realty Company* се согласила на комитетот да му отстапи еден нејзин имот во квартот „Линколн Плејс", каде токму доминантниот дел од населението бил составен од емигранти од Македонија и Бугарија.[955] По овој успех, комитетот повторно побарал свештеници од Егзархијата, а од нејзина страна ваквото барање било проследено до бугарската влада. Со протоколот бр. 5 од 13 март 1908 година, новата бугарска влада, на чие чело стоел Александар Малинов одобрила 10 000 лева годишно за двајца свештеници, кои ќе ги извршуваат религиозните потреби на егзархистите во Северна Америка, а врз основа на тој протокол Егзархијата ги испратила во Америка свештеникот Христо Карабашев и јеромонахот Теофилакт.[956] Пред заминувањето двајцата добиле специјални инструкции од страна на министерот за надворешни работи и вероисповед Стефан Паприков и военииот министер Данаил Николаев, со кои покрај црковните работи од нив се барало да ја поттикнат македонската емиграција во САД и Канада да започне со формирање на политички организации, кои би дејствувале во прилог на бугарската политика кон Македонија.

---

[953] V. Sinadinoski, Macedonians in America..., 190-191; Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 77; И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 399.

[954] Недовршената црква во Медисон се наоѓала на Медисон Авенијата, односно на нејзиното вкрстување со 13. и 14. улица, а за нејзината градба биле потрошени и изгубени над 10 000 долари. (D.E. Cassens, The Bulgarian Colony of Southwestern Illinois…, 19).

[955] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 98.

[956] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 396. Роденото име на Теофилакт е Димитар Малинчев, а во младоста бил учесник во Илинденското востание, по што се запишал на Духовната семинарија во Софија.

Двајцата пристигнале во Гранит Сити на 9 јуни 1908 година, при што Теофилакт останал да служи во Гранит Сити, а Христо Карабашев заминал во Медисон.[957] Под раководство на јеромонахот Теофилакт, кој се покажал како вешт организатор процесот на градба на црква во Гранит Сити ја достигнал потребната динамика, а откако биле собрани средства, камен-темелникот на малата црква „Св. Кирил и Методиј" бил поставен на 8 март 1909 година. Нејзината градба се одвивала во текот на летото 1909 година и била завршена на 14 септември 1909 година, кога свештеникот Христо Карабашев заедно со Теофилакт ја одржале првата богослужба.[958] Иако при осветувањето на црквата во Гранит Сити, Теофилакт бил поставен за нејзин благајник, тој поттикнат од успесите во Гранит Сити продолжил кон Стилтон, а неговата дотогашна улога во Гранит Сити ја презел Карабашев.[959] „Малиот Прилеп", како што градот Стилтон во државата Пенсилванија бил познат меѓу македонските емигранти во САД поради огромниот број емигранти од Прилеп бил следната точка, каде требало да се отвори егзархиска црква. По иницијатива на Теофилакт, колонијата на емигранти, кои во најголем дел потекнувале од Македонија, а помал дел од Бугарија, започнала да собира доброволни прилози од своите редови. Дедо Коне од Прилеп, кој бил задолжен од Теофилакт да собира средства за градбата на црквата го опишал процесот на собирање на средства меѓу егзархистите со зборовите: *„Јас сум неграмотен, па се служев со голема доверба меѓу нашите луѓе. Зедов една крпа, ѝ ги заврзав четирите краја и тргнав од човек на човек. Сите со радост даваа пари во крпата. Расписки не добиваа затоа што немаше кој да ги издава, ниту пак бараа. Великодушноста и довербата им беа за восхит. Во скоро време ја собрав потребната сума.*"[960] Откако средствата во висина од 4 000 долари биле собрани, градбата на храмот започнала во есента 1909 година, а завршила во јануари 1910 година.[961] Новиот црковен храм по барање на прилепчани го добил името „Св. Благовештение", според истоимениот храм во нивниот роден град, а првата литургија во храмот ја одржал токму Теофилакт.[962]

---

[957] Ibid.

[958] Вкупните прилози, кои биле собрани за градба на црквата изнесувале над 3 000 долари. Македонски Алманах..., 222; И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 399; В. Трайков, История на българската емиграция..., 189-190; N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 98.

[959] В. Трайков, История на българската емиграция..., 189-190.

[960] G. Michaelidis, Salvation abroad: Macedonian migration to North America…, 125; И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 404-405.

[961] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 404-405.

[962] Македонски Алманах..., 291.

Со оглед на тоа што во гратчињата Гранит Сити и Медисон, заедно со поголемиот град Сент Луис, кон кого биле речиси слеани живеел голем дел од Македонците во Америка кратко време по градбата на црквата во Гранит Сити се појавила иницијатива за градба на уште една црква во градот Медисон. Откако повеќе емигранти доминантно од Костурско, односно од селата Д'мбени, Смрдеш, Косинец и Апоскеп ја собрале потребната сума на пари, во средината на 1910 година во Медисон била осветена црквата „Св. Троица", како трета егзархиска црква преку Атлантикот.[963] Богослужбите во овој храм се одвивале под раководство на Христо Карабашев, кој истовремено управувал и со црквата во Гранит Сити.[964]

Појавата на овие цркви во САД делувала мотивирачки и за емигрантите во Канада,[965] па по еден состанок одржан во „Неволјанската куќа" (каде што живееле жителите од с. Неволјани) било одлучено да се повика јеромонахот Теофилакт, кој по основањето на црквата останал да служи во Стилтон од јануари до втората половина на август 1910 година, по што се упатил кон Торонто.[966] Во присуство на Теофилакт бил одржан состанок после кој биле испратени покани до сите емигранти во Торонто да пристуствуваат на основачкото собрание на црковната општина. Истото било одржано на 21 август 1910 година со присуство на вкупно 200 членови. На 24 ноември 1910 година за сума од 5 000 американски долари била купена една куќа во квартот Ист Енд, а во текот на целиот процес за раководење со црквата била избрана една комисија, со почитување на сите демократски принципи и со застапеност на емигранти од сите села кои биле застапени со верници во црковната општина.[967]

---

[963] Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 78.

[964] D.E. Cassens, The Bulgarian Colony of Southwestern Illinois…, 21.

[965] Како носители на оваа кампања во Торонто најпрво се јавиле неколку бизнисмени и работници од Македонија, со помош на бродскиот агент Хаџи Димитар Перов. (L. Petroff, Sojourners and Settlers: The Macedonian Community…, 51).

[966] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 99.

[967] Во протоколот со кој се формира комисијата се содржат следните начела: 1. Комисијата се состои од 7 члена. 2.Црковната комисија ќе биде избрана од делегатите селата, кои ќе ги изберат со помош на надворешна комисија или меѓу себе. 3.Член на комисијата се избира со гласови и со гласање на не помалку од една третина од делегатите на селото со право на глас. 4.Секое село со 10 члена (на црковната општина) има по еден делегат; од 20-40 членови - двајца делегати; 40-60 членови -тројца делегати. Секое село до 20 членови ќе има еден делегат. Село со помалку од 10 членови ќе се спои со другите села. Секој делегат ќе има писмо со кое се потврдува неговото право како избран делегат. 5.Селските делегати се избираат најдоцна една недела пред изборот на членови. 6.Делегатите и црковната комисија имаат мандат од една година. За следните години, изборот на делегат ќе се одржи во текот на декември ,а во јануари за црковната комисија. 7.Црковната комисија и комисијата за ревизија даваат свечена заклетва пред народот на кој чесно и верно ќе му служат. Заклетвата ќе биде дадена во црква за време на богослужбата. Членовите на комисиијата за куќата што се наоѓала меѓу улицата Тринити и Источната Авенија договориле дека сумата од 5 000 долари ќе биде платена

Така, во оваа комисија влегле делегати од леринските села Арменско, Баница, Горно Котори, Долно Котори, Кономлади, Неволјани и Трсје, како и костурските села Бесвина, Габреш, Дебрец, Желево, Загоричани, Оштима, Поздивишта, Рулја, Смрдеш и Статица.[968] Ваквата структура на комисијата всушност дава најдобра претстава за структурата на емиграцијата и емигрантите во Торонто генерално. Со дополнителни вложувања куќата била прилагодена на потребите за црква, а истата била осветена на 24 мај 1911 година, на денот кога се славела годишнина од Моравската мисија на просветителите чие име го носела црквата – Св. Кирил и Методиј. Во осветувањето на црквата покрај јеромонахот Теофилакт на богослужбата учествувал и рускиот митрополит од Њујорк, Платон. Прв свештеник во црквата во Торонто бил Теофилакт, кој на таа позиција останал до 1912 година, кога од Егзархијата бил повикан да се врати во Бугарија.[969]

На тој начин, како резултат на оваа посета на свештеникот Христо Карабашев и јеромонахот Теофилакт во Северна Америка се појавиле првите четири егзархиски цркви во Новиот свет. Во тие цркви, кои биле единствени во периодот до Првата светска војна се одвивал црковниот живот на македонските емигранти во Северна Америка и се славеле големите празници. Како и кај сите христијани во Америка, двата најголеми празници за македонските емигранти биле Божиќ и Велигден, а како трет по важност се појавувал 24 мај, денот на есловенските просветители Св. Кирил и Методиј.[970]

Од друга страна, во почетокот на XX век емиграцијата од Грција, а особено од Пелопонез кон Северна Америка исто така била во полн ек.[971] Според К. Гурдев, во првата деценија на XX век во градот Торонто во Канада се населиле неколку стотици Грци, кои под раководство на нивниот свештеник Папараскакис ја основале првата црква во Северна Америка, која била под јурисдикција на Цариградската Патријаршија – црквата Св. Ѓорѓија во Торонто, основана во 1909 година.[972] Градењето на оваа црква коинцидира со првите

---

така што 1 500 долари ќе бидат платени веднаш, а останатите ќе се плаќаат по 300 долари на секои шест месеци, со камата од 6% годишно. Исплатата на сумата траела вкупно 4 години и 4 месеци и со каматите надминала 7 000 долари (Ibid. 53-54; Македонски Алманах..., 287).

968 L. Petroff, Sojourners and Settlers: The Macedonian Community…, 54.

969 Македонски Алманах..., 287.

970 V. Sinadinoski, Macedonians in America..., 231.

971 Peter D. Chimbos, The Canadian Odyssey: The Greek Experience in Canada, McClelland and Stewart Ltd., Toronto, 1980, 24.

972 К. Гурдев, Българската емиграция в Канада..., 223.

средби на егзархистите во Торонто и нивните планови за градење на егзархиска црква. На тој начин, во Торонто се создале услови за пренесување на непријателствата на релација егзархисти-патријаршисти, односно за пресликување на ситуацијата, која владеела во Македонија особено по Илинденското востание. Сепак, ривалствата меѓу овие две групи траеле релативно кратко, затоа што во Првата балканска војна во 1912 година бугарската и грчката армија се нашле рамо до рамо на бојното поле, за потоа во време на Втората балканска војна повторно да бидат обновени и интензивирани. Сепак, во далечната преку-океанска земја интензитетот на овие судири бил далеку послаб од оној во Македонија.



*12. Осветување на црквата во Торонто (24.05.1911)*

**5.2.** И по повеќе од еден век откако овие цркви биле изградени, историографските дебати околу нивниот карактер се сè уште живи и низ литературата од секакво потекло се поставува едно прашање: Чии се црквите? Факт е дека црквите во времето на нивното граде-

ње биле именувани како „Македоно-бугарски“, што различно е толкувано од страна на македонската и бугарската историографија. За последната ваквото именување на црквите е неспорен доказ дека всушност македонските емигранти во Северна Америка имале бугарско етничко чувство и дека како такви природно припаѓаат на Бугарската православна црква.[973] Притоа, како главен аргумент за „чисто бугарскиот“ карактер на овие цркви се споменува барањето на жителите на Торонто да биде повикан јеромонахот Теофилакт, со цел да помогне во процесот на градба на црквата. Сепак, се чини дека ваквото едноставно извлекување на овој факт од општиот контекст претставува искривување на вистината. Имено, како што веќе истакнавме, при доаѓањето на македонските емигранти во Америка, тие се соочувале со бројни проблеми од аспект на социјализација, па во Америка барале некој свој. Притоа, покрај самите Македонци, емигрантите од Бугарија, кои исто како Македонците емигрирале во релативно мал број (во споредба со другите емиграции), биле во јазична и културна смисла најблиски на македонските емигранти, а згора на се и овие две групи ги обединувала истата духовна власт во Стариот крај. Поради овие причини, речиси во сите населени места македонските емигранти живееле заедно со Бугарите, а црквата била нивна заедничка потреба. Поради тоа, во ситуација каде веќе се појавувале иницијативи за градба на црква, присуството на Теофилакт, кој патем бил единствен свештеник, кој имал мандат од Егзархијата за основање на нови цркви било гледано како позитивна околност од аспект на споделување на искуства во организациска смисла.

За контекстот во кој македонските емигранти го доживувале Теофилакт интересен показател е еден исказ на емигрантот Михаил Талин од костурското село Кономлади, запишан од страна на Татјана Каличанин, каде читаме: „*Во 1910 година се направи Македоно-бугарска црква Свети Кирил и Методиј, под бугарски синод. Причината беше да имаме поп, којто направи две цркви во Америка, Гранит Сити и Медисон, Илинојс. Значи тој и напраи, а нашта тука трета, но македонска. Пак македонска црква ама под бугарски синод. А попо којто и напраи, така се викаше тогај архимандрит Теофилакт, тој не беше од македонско потекло, а беше испратен од бугарскиот синод тука. Така тој требаше да клади име Македоно-бугарска црква. И така си стои со то име. Но кој да питаш од неми тамо, ќе ти кажи: „јас сум од Костурско, или од Леринско, или од Битолско или каде“. Ќе*

[973] H. Kostov, Contested Ethnic Identity: The Case of Macedonian Canadians…, 164; И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 410-411.

*ти кажи че тој е Македонец, ама тога било времето такво, Бугари да бидиме.*“[974] И навистина, анализата на списоците на луѓето, кои донирале за црквата во Торонто најдобро го покажува нејзиниот карактер. Од вкупно 2,591 американски долари, кои биле собрани за црквата во периодот од 1 октомври 1910 до 2 март 1911 година, 1 249 долари биле собрани од емигранти од Костурско, а 1 075 долари од емигранти од Леринско. Понатаму, 158 долари собрале емигрантите од Калјарско, а помали суми биле собрани и од малиот број емигранти, кои емигрирале од градовите Прилеп и Битола.[975] Вкупно во донациите учествувале 514 емигранти од Костурско, 330 лица од Леринско, 32 лица од Калјарско, а со потекло од Бугарија биле 38 лица, кои донирале само 42 долари.[976] Според тоа, повикувањето на Теофилакт да помогне во процесот е прашање од тактички и логистички карактер и не може да се толкува како сигурен показател на бугарската самосвест на македонските емигранти во Северна Америка.

**5.3.** Во времето кога емигрантите во Северна Америка, кои биле под духовно водство на Бугарската Егзархија размислувале и разработувале план за градење на првата своја црква, а Егзархијата барала помош од бугарската влада, првите протестантски мисии и организации веќе се појавиле во заедниците на македонски и бугарски емигранти. Со оглед на тоа што протестантските воспитаници биле меѓу првите, кои ја виделе Америка и со оглед на тоа што најголемиот дел од овие воспитаници го познавале англискиот јазик, тие имале одредена предност на теренот.[977] Од друга страна, поради фактот што протестантството во Бугарија имало далеку посилни позиции отколку во Македонија, првите протестантски мисии и организации со кои во Америка се сретнале македонските емигранти биле предводени од свештеници од Бугарија. Првата евангелска протестантска мисија се појавила во Медисон и Гранит Сити во 1907 година, а била предводена од пастирот Цветко С. Багрјанов од градот Панаѓуриште во Бугарија.[978] Од 1908 година мисијата се

[974] Т. Каличанин, Доселување и интеграција на македонското..., 129-130.

[975] L. Petroff, Sojourners and Settlers: The Macedonian Community…, 52-53. Од самото Костурско се истакнале посебно селата Габреш, Желево, Смрдеш и Оштима. Вкупно 42 емигранти од селото Габреш донирале 227 долари во црковниот фонд, а исто толку донирале и 93 емигранти од Желево. Понатаму, 45 емигранти од Смрдеш донирале 203 долари, а емигрантите од Оштима собрале вкупно 145 долари. (И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 409-410).

[976] Македонски Алманах..., 287.

[977] В. Трайков, История на българската емиграция..., 193-194.

[978] Цветко Багрјанов завршил на духовната семинарија Обурн во Њујорк, после што од 1897 до 1905 година работел во својата татковина. Пред заминувањето во Америка учел и на Роберт Колеџот во Цариград. Сепак, кога друштвото Illinois Home Missionary Committee го повикало, тој со задоволство одговорил на

оформила како редовна и се проширила во градовите Канзас Сити, Сент Луис, Торонто и Батл Крик. Оваа мисија својот фокус го имала поставено на секојдневните проблеми, со кои се соочувал еден емигрант од Балканот при доаѓањето во Америка, па била насочена кон помагање на емигрантите, кои останале без работа, што било особено важно во кризата од 1907/8 година. Исто така, мисијата давала и помош при адаптацијата на американското општество, преку организирање на вечерно училиште во Медисон за изучување на англискиот јазик и историјата на САД.[979] Низ клупите на ова вечерно училиште до Балканските војни поминале стотици емигранти од Македонија и Бугарија. По кризата во Америка, кога оваа мисија им помогнала на околу 1 500 емигранти од Балканот да најдат работа популарноста на мисијата многу пораснала, а за тоа многу помогнал и фактот што емигрантите сфатиле дека целта на мисијата не е да ги преобрати во нова религија, туку само да им помогне да се адаптираат во Новиот свет.[980] Со тоа била анулирана и бариерата предизвикана од патријархалното домашно воспитување на емигрантите, кое не им дозволувало лесно да се впуштат во разните ереси и цркви во Америка. Во 1910 година, оваа мисија изградила двокатна зграда со 12 соби, која служела како прифатилиште за емигрантите.[981]

Кратко време по првата ваква мисија, македонските печалбари се запознале и со други такви мисии. Па така, во 1907 година во Чикаго се појавила мисиијата „Бугарски христијански дом“, на чие чело стоел Петко Василев. Оваа мисија, која во 1908 година го сменила името во „Бугарско христијанско друштво“ обезбедувала престојувалиште и храна за емигрантите, но и посредувала во барањето на работа.[982] Во оваа мисија членувале поголем број Македонци од Чикаго, а од 1910 година таа вршела и културно-просветна дејност во еден објект во Чикаго, меѓу емигрантите од Балканот познат како читалиште „Живот“, во сопственост на Антон Јовчев.[983] Во истата (1910) година се појавиле и две други евангелски мисии. Првата започнала со работа во градот Сент Луис и била предводена од поранешниот администратор на цариградскиот весник „Зорница“, Д.

---

повикот да дојде во Америка, па во декември 1907 година пристигнал во градот Медисон. (D.E.Cassens, The Bulgarian Colony of Southwestern Illinois…, 19-20; N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 108).

[979] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 390; N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 107.

[980] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 107.

[981] В. Трайков, История на българската емиграция..., 193-194.

[982] Ibid.

[983] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 391-392; N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 108-109.

Градинаров, а по неговата смрт водењето на оваа мисија го презела неговата жена Севастица Градинарова.[984] Втората мисија започнала со работа во Канзас Сити и била предводена од пастирот Атанас Христов. Оваа мисија била фокусирана на учењето на англискиот јазик, а работела со доселеници во САД од сите националности.[985]

По период од неколку децении, кога фокусот на работата на Канадскиот баптистички совет за домашни мисии (*Canadian Baptist Home Mission Board*) бил насочен кон скандинавските емигранти од северните делови на Онтарио, околу 1908 година акцентот бил ставен на словенското население, кое го населило урбаниот, јужен дел на Онтарио.[986] Имено, во ситуација кога презвитеријанските и методистичките цркви го концентрирале вниманието кон Италијанците и Кинезите во Канада, Советот одлучил да ги испита можностите за работа меѓу словенското население. Оваа работа му била доделена на протестантскиот свештеник Џон Колесников, кој веќе имал искуство со разни групи словенско население во рударските и индустриските градови во сојузната држава Пенсилванија.[987] Кога во 1908 година, Колесников дошол во Торонто, тој само во квартот Ист Енд затекнал „над 450 Македонци и Бугари", без оние кои живееле во областа на улицата Нијагара.[988] Во таква ситуација, Колесников му препорачал на Советот да ја препознае и преземе оваа нова и неосвоена територија, започнувајќи мисионерско дело меѓу словенските доселеници во Торонто. По оваа препорака на Колесников, била изнајмена една сала за мисија меѓу словенските народи, со цел да им служи на „*Бугарите, Македонците, Србите, Црногорците, Турците и Грците*."[989] Колесников таму ги држел своите проповеди секоја недела, а на нив редовно присуствувале по околу 200 лица. По неколку месеци, во Торонто мисијата отворила и едно училиште, каде новите емигранти го учеле англискиот јазик, како и законите и условите за

---

[984] Севастица Градинарова била ќерка на Недела Петкова, жената која го шиела знамето на Разловечкото востание и воспитаничка на протестантското училиште во Стара Загора. Во 1913 година токму Градинарова ќе го формира и првото женско друштво во САД наречено „Бугарка во Америка". (В. Трайков, История на българската емиграция..., 193-194; Македонски Алманах..., 287).

[985] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 109.

[986] L. Petroff, Sojourners and Settlers: The Macedonian Community…, 60; H. Kostov, Contested Ethnic Identity: The Case of Macedonian Canadians…, 164.

[987] За потеклото на Колесников постојат две претпоставки. Според едната, тој бил руски Евреин, што бил преобратен во баптистичките секти, а според другата тој потекнувал од Македонија. Бил многу посветен на евангелизмот и бил познат по неговата „сончева насмевка, неговиот прекрасен збор и неговото срдечно ракување." (L. Petroff, Sojourners and Settlers: The Macedonian Community…, 60).

[988] Ibid.

[989] Ibid.

престојување во Канада. Според одредени извори, меѓу членството на оваа мисија имало голем број Македонци, кои доминантно доаѓале од Леринско.[990]

Во истата 1908 година, меѓу словенското население во Торонто се појавиле и две презвитеријански мисии, предводени од свештениците Атанасов и Кацунов.[991] Сепак, иако протестантските цркви во Торонто не биле во судир со православната заедница (дури и има податоци дека имале одличен однос со јеромонахот Теофилакт), протестантството никогаш не фатило подлабок корен меѓу Македонците во градот. Во ваквиот развој на настаните особена улога имала градбата на православниот храм „Св. Кирил и Методиј", после што во Торонто македонските доселеници добиле соодветни услови за вршење на своите верски потреби.

[990] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 391-392.
[991] H. Kostov, Contested Ethnic Identity: The Case of Macedonian Canadians…,

# VII. Животот во Северна Америка (организации, друштва, периодичен печат)

Првите форми на меѓусебно собирање и организирање на македонските иселеници во Северна Америка се јавиле во почетокот на XX век, со што од една страна се задоволувал природниот психолошки импулс за социјализација, но и се организирала меѓусебна помош во случај на незгода, што исто така било важно во држави со прилично рудиментарни системи за социјална заштита, какви што биле САД и Канада. Така, се создавале друштва за взаемна помош, како и разни политички, женски, културни и црковно-просветни друштва, но тие често биле со прилично широко поле на дејствување, па немало ригидни граници поврзани со нивниот карактер. Тоа биле места, каде емигрантите имале прилика да го слушнат мајчиниот јазик, но и каде можеле да примат совет и поддршка во тешките времиња. Најголемиот дел од друштвата и организациите, а особено оние кои во своите цели ги имале првите форми на организирање врз политичка основа, го носат префиксот „македоно-бугарски“ или „македоно-одрински“. Последниот факт е сосема разбирлив, ако го имаме во предвид тоа што поради јазичната сличност и истата духовна власт, овие две заедници биле во постојана комуникација, изолирани во „англосаксонското море“. Ако ги анализираме целите на политичките организации, кои се формирале и во кои учествувале емигранти од Македонија, ќе видиме дека состојбите од Стариот крај се буквално пресликани на американско тло, па постојат организации со различни погледи на иднината на Македонија по ослободувањето од османлиска власт.

## *1. Создавање на добротворни друштва*

**1.1.** Според еден напис, објавен во 1907 година во емигрантскиот весник „Работник“, друштво чија цел била да се помагаат „новодојдените во Источните држави“ од Македонија и Бугарија постоело уште во 1887-1888 година, но за неговото постоење недостасуваат податоци каде и како било формирано, но и од кога до кога постоело.[992] Првите друштва, кои можеме јасно да ги идентификуваме се формирале во почетокот на XX век. Имено, во 1902 година во Филаделфија било создадено добротворното друштво „Другар“, чие име

[992] Работник, I/25, 26.06.1907, 2. Се работи за еден „Повик кон Бугарите и македонските имигранти во Америка, напишан од Марко П. Калудов.

најдобро ја отсликува целта на друштвото, кое било концентрирано кон давање на материјална помош на новите македонски емигранти, кои доаѓале во Северна Америка, нивно запознавање со новата татковина, помош при изучувањето на англискиот јазик, како и при пронаоѓањето на работа.[993] Претседател на ова друштво бил Георги Бојаџиев.[994]

Од друга страна, честите незгоди при работа, кои понекогаш завршувале и со летален исход ги принудиле емигрантите, кои работеле во рудниците во Камбрија, во сојузната држава Вајоминг во јули 1905 година да организираат свое друштво, под раководство на емигрантите Марко Трајков, Коста Вилем и Спас Најденов.[995] Главна цел на друштвото било да се обезбеди соодветна грижа за болните членови, обезбедувајќи им издржување за време на болеста, а во случај на смрт да се покријат погребните трошоци и да му се помогне на семејството на починатиот емигрант. Покрај тоа, друштвото помагало и при пронаоѓање на работа за членовите, кои останале без работа од било каква причина.[996] Во ноември 1905 година слично друштво се формирало и во Стилтон, под името „Т. Давидов“. Друштвото се грижело за болните емигранти, а на негово чело стоел извесен Јордан Станков.[997]

Тешкотиите, кои ги имале имигрантите во САД при влезот во државата, односно при поминувањето на контролите на Елис Островот биле причина на 4 ноември 1906 година во Њујорк да се формира т.н. Бугаро-македонско друштво „Дојденец“, на чие чело стоел Илија С. Јовчев, кој бил вработен во Бирото за имиграција на Елис Островот.[998] Користејќи ја својата позиција во Бирото за имиграција, Јовчев лично помогнал на многу луѓе од Македонија и Бугарија да влезат на територијата на САД и да ги надминат почетните тешкотии во новата средина. Покрај него, главниот збор во ова друштво го имале потпретседателот Никола Вежов, секретарот А. Матеев и касиерот С. Карастојанов.[999] Иако односите внатре во друштвото никогаш не биле сосема мирни, по смртта на Јовчев во ова друштво се случил еден од поголемите судири, во кој емигрантите од Македонија и емигрантите од Кнежевството Бугарија се нашле едни против други. Имено, поради несогласувања поврзани со

---

[993] Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 42.
[994] В. Трайков, История на българската емиграция..., 145-146.
[995] Ibid.
[996] Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 42.
[997] В. Трайков, История на българската емиграция..., 145-146.
[998] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 56-57; Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 43.
[999] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 56-57.

целите на друштвото, македонските емигранти предводени од потпретседателот Вежов го напуштиле друштвото и формирале ново друштво во Њујорк, под името „Македонско добротворно друштво“.[1000] Поради ваквата одлука на членовите на друштвото од Македонија, преостанатите членови на друштвото на 15 март 1908 година свикале еден состанок, после кој излегле со соопштение со кое *„се искажува жалење за создавањето на Македонското добротворно друштво во Њујорк, со кое се создава расцеп меѓу иселениците од Македонија и Бугарија“*, се осудува *„сепаратизмот“ на Македонците* и се апелира на нивно враќање во старото друштво.[1001] Судирот во ова друштво е прилично индикативен од аспект на различните интереси, кои ги имале иселениците од Македонија и оние од Бугарија.

Поучени од искуствата од Њујорк во врска со заедничките „македоно-бугарски“ друштва, за кои имале можност да слушнат, но и свесни за меѓусебните принципиелни разлики, македонските емигранти почнувајќи од 1906 година ќе започнат со формирање на друштва со локален карактер, во кои биле обединети најчесто емигранти од едно македонско село. На тој начин, наместо по убедување, Македонците се организирале по место на живеење. Овие друштва, во литературата најчесто именувани како „селски“ започнале да се формираат низ целата територија на Северна Америка.[1002] Така, во 1906 година, емигрантите од костурското село Д’мбени формирале друштво, кое го носи името на револуционерот Лазар Поп-Трајков. Ова друштво имало две седишта и тоа во Медисон во државата Илиноис и во Хамонд, во државата Индијана, каде биле населени најголем дел од емигрантите од Д’мбени.[1003] По кратко време дејноста на ова друштво се проширила и со иселениците од Д’мбени, кои живееле во Канада.[1004] Примерот на д’мбенците го следеле и иселениците од други македонски села. Така, емигрантите од селото Косинец, Костурско во истата 1906 година формирале свое друштво со центар во Медисон, а иселениците од костурското село Смрдеш го формирале друштвото „Пандо Кљашев“.[1005] Во 1909 година свои добротворни друштва формирале и иселениците од костурските села Апоскеп (друшт-

[1000] Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 43.
[1001] В. Трайков, История на българската емиграция..., 148; Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 43.
[1002] Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 43.
[1003] Ibid; В. Трайков, История на българската емиграция..., 145-148.
[1004] А. Близнаков, Спомени за националната, политичката..., 41.
[1005] Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 43.

вото „Успех“) и Брезница.[1006] Следната 1910 година била важна за иселениците од леринското село Екши-Су, кои тогаш формирале свое добротворно друштво со центар во Индијанаполис. Од друга страна, иселениците од леринското село Петеле во 1911 година во Гранит Сити се обединиле околу друштвото „Орел“, кое имало свои клонови и во Индијанаполис и во градот Дејтон (Охајо), каде живееле емигрантите од Екши Су.[1007] Истата година емигрантите од костурското село Вишени го формирале добротворното друштво „Напредок“, со центар во Форт Вејн, Индијана. Токму во овој град во следната 1912 година свои добротворни друштва ќе формираат и емигрантите од селото Черешница (Костурско), кои го формирале друштвото „Св. Ѓорѓи“, како и емигрантите од селото Бапчор, кои на 7 октомври 1912 година го формирале друштвото „Вич“.[1008] Токму со парите на ова моќно емигрантско друштво ќе се гради водовод во селото Бапчор и ќе се уредуваат овошните градини во селото.[1009] Во предвечерието на Балканските војни свои добротворни друштва создале и иселениците од Битола. Така, иселениците од Битола во градот Сиракуза во сојузната држава Њујорк го организирале во 1912 година т.н. Битолско добротворно друштво на чело со Тодор Шикалов, а веќе следната (1913) година нивните сограѓани кои заминале во Гранит Сити го формирале добротворното друштво „Зора“.[1010]

Слични друштва со локален карактер биле формирани и во Канада. Првото такво друштво во Канада било формирано во екот на кризата во Америка на 16 октомври 1907 година од страна на емигрантите од селото Оштима, Костурско. Друштвото било формирано и раководено од извесен Божин Темов и било наречено „Св. Никола“, во чест на селската црква и слава на селото Оштима.[1011] Со платена членарина од 3 долари годишно иселениците од ова село добивале можност доколку сакале во случај на болест да бидат транспортирани до Македонија на трошок на друштвото, со тоа што се очекувало по нивното заздравување емигрантите да ги вратат парите на друштвото.[1012] Истото важело и

[1006] Ibid.
[1007] В. Трайков, История на българската емиграция..., 148-149.
[1008] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 56-57.
[1009] В. Трайков, История на българската емиграция..., 148-149.
[1010] Ibid.
[1011] H. Kostov, Contested Ethnic Identity: The Case of Macedonian Canadians…, 154-155; Александар Трајановски, Основањето на македонски храмови и црковни општини во дијаспората во почетокот на XX век, Зб. „Прв меѓународен научен собир иселеништвото од Македонија од појавата до денес, Крушево 3-5 август 2000 година“, Агенција за иселеништво на Република Македонија, Скопје, 2001, 412-413.
[1012] L. Petroff, Sojourners and Settlers: The Macedonian Community…, 47-48.

во случај на смрт, а ваквата можност била особено привлечна за македонските емигранти, кои се плашеле дека ќе го завршат животот и ќе бидат погребани во далечната земја, без традиционалните македонски ритуали и далеку од гробовите на своите предци. Друштвото „Св. Никола" ги покривало и трошоците за погреб на гробиштата во Торонто за жителите на Оштима, кои не биле членови на истото, а за таа цел имало и закупено повеќе места на гробиштата *Prospect Park* во Торонто.[1013] Покрај преку членарини, друштвото „Св. Никола" прибирало материјални средства и преку организирање на разни прослави и банкети, како и од продажбата на честитки по разни поводи.[1014] Во истата 1907 година иселениците од костурското село Желево во Торонто го формирале Желевското добротворно друштво со Атанас Марковски како претседател и Фото Марков како благајник, а иселениците од селото Загоричани го формирале добротворното друштво „Св. Илија".[1015] Исто така во Торонто, вкупно 36 жители на леринското село Баница на 6 јули 1911 година го формирале добротворното друштво „Надежда". Процесот на формирање на друштвото бил предводен од Хаџи Димитар Петров, а слично како и во случајот со друштвото од Оштима, членарината во баничкото друштво изнесувала 25 центи месечно, односно 3 долари годишно.[1016] Ова друштво дури и во 1912 година ја отворило т.н. Баничка банка, што е единствена легална банка на македонските емигранти во Северна Америка во третираниот период.[1017]

Сите гореспоменати друштва биле отворени за сите кои сакале да членуваат во нив, без разлика дали доаѓале од соодветното село или од други села, а добротворното друштво на селаните од Загоричани вовело и помала членарина од 10 центи за жени, кои сакале да членуваат во истото.[1018] На чело на сите друштва стоел претседател, а покрај него во нивното раководство учествувале и благајникот и секретарот на секое од друштвата. Според К. Гурдев, вкупниот број на ваквите „селски" друштва во Северна Америка до 1913 година надминувал 30 друштва.[1019]

[1013] Ibid.
[1014] G. Michaelidis, Salvation abroad: Macedonian migration to North America…, 123.
[1015] Ф. Томев, Кратка история на село Желево...75; К. Гурдев, Българската емиграция в Канада...., 117-119; H. Kostov, Contested Ethnic Identity: The Case of Macedonian Canadians…, 155.
[1016] G. Michaelidis, Salvation abroad: Macedonian migration to North America…, 123.
[1017] А. Трајановски, Основањето на македонски храмови и црковни општини..., 412.
[1018] L. Petroff, Sojourners and Settlers: The Macedonian Community…, 48;
[1019] К. Гурдев, Българската емиграция в Канада...., 117.

Покрај Македонците, свои друштва за взаемна помош формирале и македонските Власи, кои ја напуштиле југозападна Македонија (Глава IV). Според еден напис на Никола Папахаџи, објавен во битолското списание Лумина, првото такво друштво било формирано од страна на влашката колонија во градот Нашуа, во сојузната држава Њу Хемпшир.[1020] Оваа колонија, составена во најголем дел од емигранти од пиндското село Авдела, дел од Гревенската каза, во септември 1903 година го формирала друштвото „*Răbdarea*", односно „Трпение".[1021] Речиси во исто време, Фаршеротите[1022] населени во државата Њујорк го формирале друштвото „*Speranţa*" („Надеж"), подоцна преименувано во Фаширотлу.[1023] Сепак, меѓу влашките добротворни друштва во Америка, најдобро организирано било друштвото „*Lupoaica*", односно „Волчица", кое било формирано на 26 јуни 1906 година од страна на влашката колонија во Њујорк. Според едно писмо од 23.03.1907, кое го содржи потписот на претседателот на друштвото Кристеа Константинеску и секретарот Николае Папахаџи, целта на друштвото била „*да им помага на Ароманците кои одат таму* (во Америка б.н.), *ако не се снајдат или ако останат без работа, како и, колку што може, да помага на ароманското образование.*"[1024] За управување со ова друштво на 8 јули 1907 година бил формиран и т.н. Комитет, во чии редови влегувале група апсолвенти од романскиот лицеј во Битола.[1025]

**1.2.** Друштвата од локален и добротворен карактер не биле единствени, во кои членувале емигрантите од Македонија. Некои Македонци учествувале и во просветни друштва, кои во најголем дел биле во функција на бугарската пропаганда. Така, од 1880 до 1897 година постоело студентското друштво „Бугарија", кое било создадено со помош на браќата

---

[1020] Nicolae Papa-Hagi, Românii şi Aromânii in America, Lumina (Revista Românilor din dreapta Dunărei), V/11-12, Bitolia 1907, 46.

[1021] *Ibid.*

[1022] Фаршеротите, чие име според мнозина истражувачи потекнува од името на албанското село Фрашер, во околината на Ѓирокастро, биле Власи кои покрај во јужна и средна Албанија живееле и во османлиска Македонија, во неколку села во Берската каза. Всушност, тие биле една од четирите групи на Власи, кои живееле во османлиска Македонија, заедно со Москополените, Грамосјаните и Мегленитите. Види: Nikola Minov, The Vlachs in Macedonia in the 19th and 20th Centuries, Balcanica Posnaniensia. Acta et studia, XXVIII/1, Poznań, 2021, 216.

[1023] N. Papa-Hagi, Românii şi Aromânii in America…, 46.

[1024] "Ştiri şi fapte", Lumina (Revista Românilor din dreapta Dunărei), V/4, Bitolia 1907, 125.

[1025] Раководителите на ова друштво во споменатата пишана кореспонденција го нарекуваат лицејот во Битола аромански, односно влашки (*Ibid*). Комитетот бил составен од: почесниот претседател К. Космеску; претседателот Кр. Константинеску, потпретседателите В. Атанасеску и Ф. Чуфеку, секретарот Н. Папахаџи, потсекретарот Т. Јонеску, касиерот Т. Ниби, контролорите Ј. Хаџибира, Б. Ќиндимену и Г. Здрула, и цензорите Фоти Чауши, Т. Грцу и Н. Лупа. (N. Papa-Hagi, Românii şi Aromânii in America…, 46).

Балабанови, а било посетувано од протестантските воспитаници од Македонија и Бугарија, кои го продолжиле образованието во САД.[1026] Ова друштво, кое одржувало средби во Бостон и Њујорк, во неговите цели имало не само поддршка на студентите во САД, туку и промовирање на бугарското национално прашање, на начин како што го разбирала бугарската влада. Сепак просветните клубови имале важна улога во животот на иселениците, а особено клубот „Труд", кој во 1907 година бил организиран во Милвоки, во државата Висконзин.[1027]

Исто така, македонските емигранти учествувале и во клубови, кои опфаќале емигранти од повеќе балкански држави, па биле именувани како „Балкано-американски". Еден од првите такви клубови бил Балкано-американскиот клуб основан во 1908 година, со цел да ги запознае емигрантите од Балканот со американските закони, наредби, процедури за стекнување на американско државјанство, да им помогне при пронаоѓањето на работа, но и да отвори читалиште, како и места за забава и образование на членовите.[1028] Исто така, во гратчето Саут Омаха во сојузната држава Небраска поради присуството на поголем број на емигранти од Македонија функционирало добротворно друштво, но и клуб на балканските нации наречен „Вардар".[1029] На 25 септември 1913 година било формирано и друштво на жените во Северна Америка, наречено „Бугарка во Америка". Истото било формирано по иницијатива на раководителката на протестантската мисија во Сент Луис, Севастица Градинарова, а целта на друштвото била добротворна и културно-просветна.[1030] Во составот на ова друштво влегувале жени од Македонија и Бугарија, кои живееле во градовите Сент Луис, Гранит Сити, Медисон, Акрон и други.[1031]

**1.3.** По завршувањето на Илинденското востание, во Северна Америка започнала голема акција за собирање материјална помош за настраданото население. Во таа смисла, биле формирани повеќе друштва што се занимавале со собирањето на помошта. Така, во

---

[1026] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 174-175.
[1027] Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 47-48.
[1028] В. Трайков, История на българската емиграция..., 159-160.
[1029] Ibid. 50.
[1030] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 58. Покрај Градинарова, иницијативата ја предводеле и С. Бонева од Сент Луис, Н. Петрова, Р. Георгиева, Ф. Николова, Б. Велкова и Н. Багрјанова од Медисон. Раководителка на друштвото била Невенка Багрјанова. (И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 174-175).
[1031] Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 46.

Филаделфија во 1904 година било формирано добротворното друштво „Методи Патчев“, чија примарна улога било собирањето на помош за настраданите од Востанието.[1032] Претседател на ова друштво бил Никола Алтипармаков, а истото „ги поддржувало сите кои работат за заштита на националните интереси“.[1033] Така, во ова друштво забележуваме и политичка агенда покрај добротворниот карактер. Во 1907 година, во Милвоки било формирано и второ т.н. „Македоно-одринско друштво“. Друштвото отворило своја печатница и започнало да го издава весникот „Македонија“ (1907-1910), а на негово чело бил Онче Тасев.[1034] Истата година во Чикаго се формирало т.н. Бугаромакедонско здружение, кое како и друштвото во Милвоки имало програма „да ја помага борбата на Македонците за ослободување“.[1035] Со тоа, овие друштва биле всушност мешавина на хуманитарна и политичка организација.

## 2. *Политичкото организирање на македонската емиграција во Северна Америка*

**2.1.** Почетоците на политичкото организирање на македонската емиграција во Северна Америка може да се датираат во почетокот на 1899 година, кога во градот Норт Адамс во сојузната држава Масачусец било основано друштвото „Левски“, каде покрај Бугарите од Кнежевството Бугарија учество зеле и дел од Македонците во САД. Како претседател на ова друштво бил избран Марко Калудов, а секретар станал Борис Рачев.[1036] Формирањето на ова друштво се случило како последица на контактите на неговите раководни структури со Врховниот македонски комитет во Софија, кој во времето кога претседател бил Александар Радев, се наоѓал во голема криза поради разногласијата внатре во комитетот.[1037] По формирањето на друштвото, бил изработен и неговиот устав, кој бил испратен на одобрение во Софија.[1038] Откако Уставот на друштвото бил одобрен од ВМК, бил изработен

[1032] В. Трайков, История на българската емиграция..., 159-160.

[1033] Ibid.

[1034] Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 148.

[1035] В. Трайков, История на българската емиграция..., 159-160.

[1036] В. Трайков, История на българската емиграция..., 141; И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 182; Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 42. Марко Калудов ќе остане претседател во текот на целото постоење на друштвото, секретари последователно биле Борис Рачев, Тодор Терзиев, Иван Станев, Михаил Крчов, Атанас Стојчев, а касиери биле Борис Велчев и Петер Игнатиев.

[1037] За тогашните состојби во ВМК види: Константин Пандев, Националнотоосвободително движение в Македония и Тракия 1893-1903, София, 1979, 178-181.

[1038] Георги Генов, Организирано Македоно-одринско движение в Северна Америка (1899-1905), Исторически преглед, 45/11, София, 1989, 22. Според И. Гацев овој устав бил изработен брз основа на уставот на МРО од 1893 година и според него: „Член може да биде секој Бугарин без разлика на пол, кој не е

неговиот печат, каде околу името на друштвото бил гравиран натпис на англиски јазик "*Macedonian Society in the United States of America*".[1039] На VI конгрес на македонските друштва во Бугарија, кој започнал со работа на 1 мај 1899 година, друштвото било претставено од Станислав Шумков, кој потоа бил ополномоштен од страна на Конгресот за да го претставува раководното тело на друштвото.[1040] Во текот на 1900 и 1901 година секции на ова друштво, познати и како македоно-одрински организации се формирале во Њујорк, Толедо и Чикаго, а до 1903 година бројот на секциите достигнал 16. Во 1901 година во друштвото членувале 48 лица, од кои 29 биле родени во Бугарија, 15 во Македонија и 4 на друго место.[1041] Според А. Близнаков организацијата во Чикаго била составена од покрстени членови на ТМОРО и била најдобро организираната македоно-одринска организација.[1042] Во времето на падот на Сарафов во 1901 година, кога во рамките на Врховниот македонски комитет се појавиле поделби меѓу Сарафисти и Цончевисти, ваквите фракционерски борби се префрлиле и во друштвото преку Атлантикот. Сепак, иако се сметало дека друштвото било дел од мрежата, која генералот Иван Цончев и Стојан Михајловски ја граделе во ВМК, па врз основа на тоа учествувале на сите конгреси, раководството на друштвото во борбите внатре во ВМК се огласило и против Сарафов, но и против приврзаниците на Цончев, кои според друштвото се инспирирале „од горе“ и имале програма што „не почива на революционерни начела“.[1043] По IX конгрес на македонските друштва во Бугарија, кога дуото Михајловски-Цончев дефинитивно го презело раководењето со ВМК, раководството на друштвото Левски се обратило кон членовите со едно окружно од 7 јануари 1902 година, прашувајќи ги какво мислење имаат за ВМК во тој состав. [1044] Во согласност со ставовите на членството, друштвото се одделило од ВМК, нарекувајќи го

компромитиран со нешто нечесно и бескарактерно пред општестовото.“ Сепак, со оглед на тоа што оригиналот на уставот не е пронајден, оваа теза на Гацев не може да се потврди или отфрли со изворни документи. (И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 182).

[1039] В. Трайков, История на българската емиграция..., 141.

[1040] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 182.

[1041] В. Трайков, История на българската емиграция..., 141.

[1042] А. Близнаков, Спомени за националната, политичката..., 51.

[1043] Г. Генов, Организирано Македоно-одринско движение в Северна Америка..., 24.

[1044] На IX конгрес на македонските друштва Стојан Михајловски бил реизбран за претседател, а Иван Цончев ја добил улогата на потпретседетел, кој како човек на кнезот *de facto* бил најважната личност во овој состав на ВМК. Од друга страна Михајловски бил човек од доверба на бугарската влада. Иако меѓу овие две личности постоело одредено ривалство, нив ги обединувало нетрпението и омразата кон Борис Сарафов и кон претставниците на ТМОРО, па нивниот комитет водел исклучително агресивна политика кон ТМОРО, поддржана од официјална Софија. (В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 345-351).

„генералски комитет“, но сепак ги испратило Шумков и Кереков како претставници на X конгрес на македонските друштва.[1045] Шумков одбил да оди во Софија, па Л. Кереков бил единствен претставник на друштвото на Конгресот. Кога по неговото завршување, друштвата кои биле незадоволни од политиката на дуото Цончев-Михајловски формирале паралелен Врховен македонски комитет на чело со Христо Станишев, американското друштво со окружно од 10.10.1902 година застанало на страната на новиот комитет и се присоединило кон него, застанувајќи индиректно на страната на ТМОРО.[1046]

Според она што претседателот Калудов и другите членови на раководството го изјавувале пред американскиот дневен печат, друштвото ја прифаќало тезата на бугарскиот двор за автономија на Македонија како етапа во присоединувањето кон Бугарија, но во рамките на истото имало многу членови, кои ги делеле идеите на раководителите на ТМОРО, за автономија на Македонија како етапа кон создавање на независна македонска држава.[1047] Исто така, голем број членови на друштвото често ги променувале своите ставови во однос на Македонија. Во таа смисла интересен е примерот на Станислав Шумков, кој бил еден од поистакнатите интелектуалци во друштвото. Во времето додека студирал историја и филозофија на Универзитетот во Пенсилванија, заедно со неговиот брат Спас биле дел од студентското друштво „Бугарија“ и биле под силно влијание на бугарската пропаганда.[1048] Така, во 1897 година, Шумков ја пуштил во печат книгата „Иднината на балканските држави“, во која во однос на Македонија јасно ги истакнал бугарските максималистички барања за исполнување на одредбите пропишани во Санстефанскиот прелиминарен мировен договор.[1049] Сепак, во следните години тој го променил ставот, па во март 1903 година Шумков започнал да го издава весникот *Macedonian Herald* (Македонски гласник), во чиј прв број е поместена уводна статија на издавачот со наслов *Macedonia for the Macedonians* (Македонија на Македонците). Истата девиза Шумков ја афирмирал и во книгата „Македонското прашање и неговото правилно решение“, која во 1904 година ја издал заедно со Георги Чакалов.[1050] Во оваа книга тој остро се спротивставил на поделбата

[1045] В. Трайков, История на българската емиграция..., 141-142.
[1046] Ibid.
[1047] Ibid. 159-160. Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 42.
[1048] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 241-244.
[1049] Види: S. J. Shoomkoff, The future of the Balkan States, Philadelphia, 1897.
[1050] Види: George M. Chakaloff; Stanislav J. Shoomkoff, The Macedonian Problem and its Proper Solution. Philadelphia, 1904.

на Македонија и нејзниото присоединување кон Бугарија и истакнал дека автономна Македонија може да се гледа како основа на идна балканска федерација. Според Х. А. Полјански, поради афирмацијата на девизата Македонија на Македонците, Шумков во овој период одиграл значајна улога во запознавањето на Американците со македонската борба за слобода, но и за мобилизацијата на македонските иселеници во Америка околу идејата за самостојна Македонија.[1051] Сепак, неколку години подоцна, кога поради личен судир со Константин Стефанов бил дистанциран од политичките активности, весникот „Македонија“, чиј редактор бил Шумков цврсто ги брани позициите на Борис Сарафов, кој во тој период делувал како инструмент на бугарската влада. Од друга страна, токму во една статија на Шумков во весникот „Македонија“, во која тој пишува за составот и членството на друштвото „Левски“ таму наведува дека „*не беше потребна голема проникливост за да се заблежи дека Врховниот комитет никогаш немаше приврзаници во Америка, туку само Внатрешната организација.*“[1052] Сето ова покажува колку променлив, а понекогаш и контрадикторен бил политичкиот став на членовите на Друштвото, кои далеку од настаните во Македонија често застанувале на различни страни, кои не секогаш ги имале истите желби и интереси како нивните. Всушност, сред македонските емигранти во САД биле пренесени концептуалните противречности во однос на македонското прашање, кои постоеле на релација ВМОК – ТМОРО/ВМОРО.

Од 1901 година седиштето на друштвото било префрлено во Чикаго, каде секцијата била убедливо најмоќна, а токму од Чикаго почнувајќи од 1902 година своите идеи за ослободувањето на Македонија и Одринско друштвото ги искажувало преку неговиот официјален весник „Борба“.[1053] За помагање на дејноста на ВМК, друштвото во Софија испраќало во повеќе наврати парични суми, собрани преку членски прилози, претплати за весникот „Борба“, продажба на брошури и портрети на револуционери, организирање на вечеринки и театарски претстави меѓу емиграцијата и слично. Не е возможно да се утврди

[1051] Х. А. Полјански, Односот на Соединетите Американски..., 18.

[1052] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 241-244. Во овој судир Шумков го обвинувал Стефанов дека е гркофил.

[1053] Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 42.

колку точно пари испратило друштвото до ВМК, но сумите растеле како што се приближувало Илинденското востание.[1054]

**2.2.** Во предвечерието на Илинденското востание, во Северна Америка започнала масовна акција за собирање на финансиски средства за помагање на ослободителното движење и за организирано враќање во Македонија и пристапување на четите. Во таа акција за собирање на пари особено се истакнала Чикашката македоно-одринска организација.[1055] Низ цела Америка се формирале бројни доброволни одреди, кои биле готови да се вклучат во Илинденското востание. Сепак, во ситуација каде ретко кој емигрант имал пари да се врати од далечната Америка, раководството на ТМОРО ги одвраќало доброволците од идејата за враќање дома.[1056] Дополнителен аргумент за ваквиот став на Организацијата кон доброволците од Америка бил фактот што главната транзитна рута од Америка минувала низ Германија, која во тој период гледала со наклонетост кон Високата Порта, па поради тоа одбивала да издаде дозволи за повратниците од Америка да минат низ нејзината територија откако во Македонија започнале крвавите борбени дејствија.[1057] Сепак, без оглед на ваквите пречки од сојузниците на Османлиската Империја, голем број од доброволците успеале да стигнат во Македонија и да земат непосредно учество во Илинденското востание. Поради фактот што најголемиот дел од повратниците од Америка доаѓале од Костурско и Леринско, тие учествувале најмногу во борбите кои се воделе во овие два региони.[1058] По завршувањето на Илинденското востание, друштвото „Левски" ја пасивизирало својата дејност, а весникот „Борба" прекинал да излегува. Сепак, неговите членови ќе останат активни преку разни други организации, кои се формирале по 1903 година.

---

[1054] На 25 јануари 1900 година од Норт Адамс се испратени 11 долари, собрани од членството, како и 2 долари и 34 центи од претплати. На 17 јануари 1901 година во Софија биле испратени нови 20 долари, а до 30 јуни сумата веќе изнесувала 45 долари. Од собраните 126 долари и 43 центи во 1902 година, во Софија биле испратени дури 110, а само 16,43 биле задржани од друштвото за потребите на в. Борба. (Г. Генов, Организирано Македоно-одринско движение в Северна Америка..., 25).

[1055] М. Миноски, Соединетите Американски Држави и Македонија..., 55.

[1056] А. Близнаков, Спомени за националната, политичката..., 51. Оружје во рака зел дури и „писателот на друштвото" Станислав Шумков, но по барање на раководството на ТМОРО, тој останал во САД, каде заедно со Станислав Тонџоров ги известувал весниците Associated Press, Boston Globe и Chicago Daily News за настаните во Македонија. (В. Трайков, История на българската емиграция..., 142-143).

[1057] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 182-183.

[1058] Христо Андонов Полјански, Одгласот на Илинденското востание во Америка и Европа, Зб. Книга за Илинден: зборник на трудови по повод 65-годишнината од Илинденското востание, ИНИ, Скопје, 1969, 257.

**2.3.** Во 1908 година преку Јапонија и Аљаска во САД пристигнал капетанот Антон Бозуков како ветеран од Бурските војни во Африка, поранешен член на раководството на Врховниот македонски комитет и близок човек до бугарската влада.[1059] Мотивот за неговата посета бил поврзан со последиците од Младотурската револуција, после која во Македонија била легализирана дејноста на сите политички чинители, кои започнале да се обединуваат околу политички партии. Една од тие политички партии, која во септември 1908 година, во пресрет на изборите за османскиот парламент била формирана, бил Сојузот на бугарските конституциони клубови (СБКК). Гледајќи економски потенцијал кај емигрантите во Северна Америка, тој презел иницијатива за формирање на клонови на СБКК во Америка, по примерот на тие, кои постоеле во Османлиската Империја.[1060] Сепак, иако биле создадени, овие клубови по само неколку месеци ја прекинале својата работа, во согласност со развојот на политичките настани во Османлиската Империја.[1061] Оттука, тие воопшто не успеале да го привлечат вниманието на македонската емиграција во САД.

**2.4.** Како резултат на кризата од 1907/8 година, социјализмот во САД забележал вртоглав раст (Глава IV), а македонските емигранти се наоѓале токму во пониските општествени слоеви, кај кои социјалистичките идеи најмногу се прошириле. Од друга страна, во 1907 година во САД пристигнал ќустендилецот Тодор Цеков, кој поради неговите контакти со Димитар Благоев, Георги Кирков и Димо Хаџи Димов веќе бил зафатен од социјалистичките идеи уште од почетокот на векот.[1062] За неговите активности во САД, Цеков добивал инструкции лично од Димитар Благоев.[1063] Во таа смисла, Цеков формирал социјалистички групи во Чикаго, Медисон, Милвоки, Гери, Гранит Сити, Сент Луис и Детроит, па до 1910 година веќе имало 9 социјалистички групи, кои ги споделувале идеите на Бугарската работничка социјалдемократска партија (БРСДП), односно на т.н. „тесни социјалисти“.[1064] Сите овие групи биле составени во голем дел од емигранти од Македонија. Во меѓувреме, се формирал и т.н. Бугаро-македонски просветен кружок, со повеќе групи,

[1059] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 57.
[1060] Македонски Алманах..., 287
[1061] В. Трайков, История на българската емиграция..., 161; И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 174-175.
[1062] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 287-288.
[1063] Ibid.
[1064] Социјалистите во Бугарија периодот по конгресот во Русе во 1903 година биле во политички судир, при што биле поделени на „тесни“ и „широки“ социјалисти.

од кои најзначајна била групата наречена „Аугуст Бебел“, формирана во 1909 година. Оваа група се залагала за создавање на еден општ сојуз на просветните бугаро-македонски социјалистички кружоци во САД.[1065]

Охрабрен од овие идеи, кои се ширеле низ социјалистичките групи, Тодор Цеков веќе како студент по право, заедно со неговиот истомисленик Димитар Наумов решиле да го направат вториот чекор, а тоа е создавање на една организација на Бугарите и Македонците, изградена преку обединување на социјалистичките групи.[1066] Цврстата определба тоа да биде заедничка организација на Бугарите и Македонците доаѓала од неуспешниот обид на новинарот на весникот Вечерна Пошта, Петар Даскалов од социјалистичките групи да формира организација наречена Сојуз на Бугарите. Имено, со оглед на тоа што весникот Вечерна Пошта од каде доаѓал Даскалов бил главно гласило на владата на Димитар Петков во Бугарија, македонските емигранти брзо го препознале Даскалов како агент на бугарската влада, па одбиле да соработуваат.[1067]

Како последица на активностите на Цеков и Наумов, на 26 март 1910 година во градот Медисон во државата Илиноис бил свикан основачкиот конгрес на Бугаро-македонскиот социјалдемократски просветен сојуз (БМСПС) во Америка.[1068] Во составот на Централниот комитет на Сојузот биле избрани Тодор Цеков, Тодор Баев, Минко Марков и Станислав Саралиев, меѓу кои последните двајца биле избрани како претставници на Македонците, со цел да се задржи и дополнително да се привлече огромната маса македонски емигранти во Северна Америка.[1069] Исто така, на конгресот било одлучено да се пристапи кон Социјалистичката работничка партија на Америка (*Socialist Labor Party - SLP*).[1070] Со оглед на тоа што се појавила потреба од печатен орган, а дотогашните весници со социјалистички предзнак биле оценети како несоодветни за новото обединување, на 1 јануари 1911 година започнал да излегува официјалниот гласник на БМСПС – весникот Работничка просвета.[1071] На тој начин, Македонците биле активно вклучени и во партија со

---

[1065] Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 149.

[1066] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 287-288.

[1067] Ibid.

[1068] К. Димитрова, Българските общности в Северна Америка..., 304; Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 149.

[1069] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 288-289.

[1070] К. Димитрова, Българските общности в Северна Америка..., 304

[1071] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 288-289.

социјалистички карактер во Америка. Сосема мал дел од емигрантите во 1907 година биле вклучени и во организацијата „Индустриски работници на Светот“, која застапувала тврда комунистичка линија.[1072]

### *3. Емигрантскиот печат до 1913 година*

Појавата на периодичен печат кај македонската емиграција во Америка бил тесно поврзан со самиот живот на емиграцијата, па во весниците одраз наоѓаат разните политички идеолошки видувања на емиграцијата, како и економскиот и културниот живот на емигрантите во Северна Америка. Поради тоа, периодичниот печат е важен извор за животот на македонската емиграција. Првите периодични изданија меѓу емиграцијата се појавиле во почетокот на XX век, кога и динамиката на населување во Северна Америка била зголемена. Кога станува збор за периодичниот печат, генерално видлива е една голема разлика, во однос на периодичниот печат, кој се ширел на Балканот. Имено, во периодот пред Првата светска војна, во периодичниот печат на емигрантите од Балканот во Америка главно преовладуваат содржини поврзани со секојдневниот живот, кои имале културен, просветен, религиозен и научен карактер, за сметка на политичките и историските содржини, кои евидентно е дека биле избегнувани. Причините за ваквиот начин на пишување на весниците биле поврзани со амбициите на нивните издавачи весникот да се шири меѓу македонската, бугарската, но и другите заедници од Балканот. Последното било особено важно во ситуација кога можностите за достигнување на голем тираж биле сосема ограничени поради тоа што се работело за помали емигрантски заедници во однос на другите, потенцијалните читатели биле со ниско ниво на грамотност и биле распоредени на огромен географски простор, а финансиите кај весниците генерално биле на самиот минимум. Поради тоа, во весниците генерално биле истакнувани теми, со кои не би се создавале поделби и би биле прифатливи за поголем број заедници. Весниците кои беа предмет на наш интерес биле користени и од македонската и од бугарската заедница во Северна Америка во периодот до 1913 година. Впрочем, кога тие две заедници во Северна Америка живееле во исти места, ги извршувале верските потреби во исти цркви, а понекогаш и се здружувале во исти организации, било логично да читаат исти вести.

[1072] Ibid.

**3.1.** Прв весник, кој пристигнувал пред вратите на претплатниците од редовите на македонската емиграција во Северна Америка е весникот „Борба“. Истиот како гласило на македоно-одринската организација во Чикаго се појавил во јануари 1902 година. Од број 1 до број 8, овој весник, кој излегувал од печат два пати месечно, бил орган на споменатата организација, а од број 9 до број 15 бил самостоен весник издаван од страна на редакторите Спас Шумков и Марко Калудов, во соработка со Тодор Терзиев и Ѓорѓи Зафиров.[1073] Во првите осум броеви, кога весникот бил орган на македоно-одринската организација во Чикаго во весникот појасно било поставувано македонското прашање, била афирмирана паролата „Македонија на Македонците“, но и постојано била повикувана македонската емиграција да се вклучи во постоечките политички комитети и да формира нови.[1074] По осмиот број во весникот преовладуваат теми за Бугарија и Тракија.[1075] Со тоа весникот се определил кон бугарските емигранти, а влегол и во војна со ставовите на Мис Стоун поврзани со македонското прашање и поддршката на борбата на Македонската револуционерна организација (МРО). Имено, според овој весник Мис Стоун не ја прикажувала реално состојбата во Македонија, а под баражниот оган на овој весник се нашле и други протестантски мисионери поради нивниот негативен став кон Бугарија.[1076] Сепак, најголемо место во него имало за злоделата на султановата власт во Стариот крај, иако одделено било место и за штрајковите на американскиот континент, чести во тој период. Во август 1903 година, во екот на Илинденското востание поради недостаток на финансиски средства за негова работа, весникот прекинал со издавање.

По згаснувањето на „Борба“, неговиот редактор Спас Шумков во есента 1903 година во истата печатница на стариот весник „Борба“ започнал да го издава весникот, „Бугарски новини“ кој во најпрво во Чикаго, а потоа и во градот Хопкинс во државата Мичиген се појавувал до 1908 година.[1077] Иако во насловот на весникот нема ништо македонско, овој весник до бројот 21 во поднасловот бил именуван како „заеднички орган на бугарската и

[1073] Ibid. 340-341. Весникот бил печатен со хектограф на две страници со средна големина, со тираж од неколку стотини примероци. (N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 83).
[1074] А. Близнаков, Спомени за националната, политичката..., 52.
[1075] Боро Мокров, Македонскиот емигрантски печат во прекуморските земји до 1945 година, Гласник на Институтот за национална историја, 26/1, ИНИ, Скопје, 1982, 56.
[1076] В. Трайков, История на българската емиграция..., 210-211.
[1077] Ibid.

македонската емиграција во САД“, а подоцна само како седмичен весник.[1078] Почнувајќи од бројот 47, весникот излегувал придружен со американското издание на списанието „Македоно-одрински преглед“, а нумерирањето на весникот е од број 1 до број 125 од 31 октомври 1908 година.[1079] Весникот во текот на своето постоење го менувал името, во согласност со промената на убедувањата на неговата редакција. Имено, во 1906 година, од бројот 37 до бројот 46 весникот бил именуван како „Новини“, без да се измени ништо во дизајнот на изданието, а од број 120, кој излегол од печат на 19 септември 1908 година, до број 125 од 31 октомври 1908 година излегувал со името „Работнички новини“, што е показател дека раководството на овој весник во текот на кризата во САД во 1907/8 година како и многу други емигранти во САД ги примило социјалистичките убедувања. Во текот на целото негово постоење весникот излегувал од печат еднаш неделно.[1080]

**3.2.** Во средината на 1906 година во Њујорк започнал да се издава весникот „Работник“.[1081] Овој весник бил во сопственост на бродската агенција на хрватот Франк Зоти и бил дизајниран како дел од јавната пропаганда на оваа компанија, која покрај овој весник поседувала весници на српски, италијански, руски и други јазици.[1082] Зоти ја отворил својата компанија во 1889 година, со која имал речиси монопол во репатрирањето на емигранти од Хрватска, покрај тоа поседувал и банка во Америка за испраќање на пари во Стариот крај, како и една поголема аптека.[1083] Со оглед на тоа што весникот имал за цел привлекување на нови емигранти, тој бил испраќан и во Македонија и Бугарија, а на неговите страници била опишувана перспективата за убав живот во Америка и можноста за лесно резервирање на бродски билет. Покрај тоа, била рекламирана и чесноста на Зоти, неговите филантропски активности, поради што многу емигранти посакале да ја користаат банката на Зоти.[1084] Весникот излегувал еднаш неделно, во прилично луксузно издание на четири страници. Прв редактор на весникот бил Миндо В’лчев, кој по 1907 година бил

[1078] Б. Мокров, Македонскиот емигрантски печат..., 56.
[1079] Ibid. 56-57; В. Трайков, История на българската емиграция..., 211-213.
[1080] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 367-369.
[1081] В. Трайков, История на българската емиграция..., 213-215.
[1082] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 83-84.
[1083] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 102; И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 367-369.
[1084] В. Трайков, История на българската емиграция..., 213-215; U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 102; И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 367-369.

заменет со Христо Неделков, а од летото 1907 година од Виктор Сиечханов, кој во тој период завршил правни студии во Бостон.[1085]

Поради неговиот карактер, весникот бил честа мета на напади од страна на другите весници. Така, во весникот „Бугарски новини“ се појавила статија насловена како „Редакторска проституција“, каде се разобличува улогата на весникот во промоцијата на интересите на „прикриен господар“, помагајќи му полесно да ги експлоатира читателите.[1086] Верувајќи во рекламите, пласирани во овој весник, многу емигранти одлучиле да му ги доверат крваво заработените пари на Зоти, чувајќи ги во неговата банка. Сепак, кога во 1907/8 година кризата во Америка ја уништила фирмата на Зоти, весникот „Работник“ престанал да се издава, а со Зоти исчезнале и 65 000 долари на куп наивни печалбари од Македонија.[1087] Кризата од 1907/8 година и генерално имала големо влијание врз пристапот на редакциите на периодичните весници во Америка. Имено, во ситуација кога имало голем број неграмотни емигранти, а по 1907 година и голем број невработени емигранти, парите биле константен проблем за сите весници на емиграцијата. Поради финансиските проблеми, многу редакции на весниците се одлучиле за клиентелистички пристап кон сопствениците, правејќи чести компромиси во поглед на содржината на весниците.

**3.3.** На 12 септември 1907 година во Гранит Сити се појавил првиот број од весникот „Народен глас“. Идејата за овој весник во Гранит Сити била донесена од Њујорк, од страна на поранешниот редактор на весникот „Работник“, Христо Неделков, кој во тој период се преселил во регионот на Гранит Сити.[1088] Во првите неколку години од неговото постоење, весникот бил во сопственост на четири фирми и тоа: компанијата на К.А. Мицарев од с. Петеле, со седиште во Гранит Сити, како и компаниите на браќата Гичеви, Лазаров и Евангелов од Медисон.[1089] Имено, по сугестија на А. К. Матеев, кој ја напуштил фирмата на Франк Зоти, четирите компании се обединиле во еден труст познат како Американска балканска асоцијација (*American Balkan Association*), на чие чело стоел токму Матеев.[1090] Инспирирани од успесите на Зоти, четирите компании еден месец по обединувањето, во август

[1085] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 83-84.
[1086] В. Трайков, История на българската емиграция..., 213-215.
[1087] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 367-369.
[1088] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 84.
[1089] Б. Мокров, Македонскиот емигрантски печат..., 57; N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 84.
[1090] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 84.

1907 година се одлучиле за издавање на еден заеднички периодичен весник. Компанијата на Никола Алабаков, која била вклучена во првичниот план од почетокот инсистирала весникот да го носи името „Македонија“, па поради тоа што оваа идеја не била прифатена се откажала од договорот.[1091] За прв редактор на весникот бил избран Христо Неделков, а како негов заменик бил поставен Ѓорѓи Зафиров, кој претходно бил во редакцијата на весникот „Борба“.[1092] Со почетокот на кризата во Америка во ноември 1907 година весникот се соочил со финансиски проблеми, а меѓу компаниите-сопственици започнале судири, кои ќе резултираат со останување на весникот само во рацете на компанијата на Мицарев, со што се создале услови весникот да има поголема автономија од она што било првично планирано.[1093] Всушност, весникот рано се оттргнал од воспоставените принципи за само-рекламирање на спонзорот, а во мај 1908 година на местото главен редактор Христо Неделков бил заменет со Ѓорѓи Зафиров. Покрај тоа, била и изградена печатница со модерни машини и печат со разни шрифтови. Весникот излегувал во среда и сабота, со 2 долари годишна претплата, а неговите осум страници давале можност за секаков вид рекламен материјал.[1094]

Откако во март 1909 година компанијата на Мицарев пропаднала, раководењето со весникот го презел Метју Георгиев, кој сам, без доволно финансиски средства и познавања од новинарството одлучил да продолжи со издавањето на весникот. Сепак, среќата посакала Георгиев покрај себе да го има Васил Стефанов, поранешен вработен во компанијата на Мицарев, кој останал без работа, а го имал потребното искуство како поранешен вработен во весникот „Вечерна Пошта“ во Софија.[1095] Со оглед на тоа што Стефанов со себе ја носел и политиката на весникот „Вечерна Пошта“, како главно гласило на официјална Софија, новото издание на овој весник под раководство на Георгиев и Стефанов ги изложувало тесните бугарски националистички позиции и претставувало бранител на интересите на бугарската влада, публикувајќи статии против приврзаниците на идејата за самостојна

[1091] Ibid.

[1092] Покрај споменатите двајца, во редакцијата на весникот биле и Д. П. Стајков како технички директор, П. Неделев и Крум Ганчев. Ibid.

[1093] И покрај тоа што од крајот на 1908 година весникот бил преселен на нова локација во сопственост на фирмата на Мицарев, другите фирми останале формално сопственици на весникот. Сепак, откако во февруари 1909 година тие одбиле финансиски да го помаагаат весникот, партнерството било и формално раскинато. (Ibid. 85).

[1094] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 347.

[1095] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 85.

македонска држава, како и против социјалистичките движења меѓу емигрантите во Америка.[1096] За запознавање на емигрантите со настаните од старите краишта, весникот објавувал статии и дописи, како од Македонија и Бугарија, така и од македонските и бугарските емигрантиски колонии во Северна Америка, кои претставуваат исклучително важен извор за историјата на македонската емиграција во Северна Америка. Покрај тоа, весникот содржи и прилози од областа на здравјето, религијата, научните и технолошки достигнувања, како и хумористични прилози.[1097] Откако на 28.07.1910 година Георгиев починал, весникот останал во рацете на Васил Стефанов, кој од есента 1910 година како свој помошник и секретар на весникот го ангажирал Васил Граматиков, од леринското село Екши Су.[1098] Под раководство на Стефанов и Граматиков, весникот ги постигнал своите најголеми успеси, а во поглед на техничката подготовка и квалитетот на изданието можел да им пркоси дури и на некои поголеми американски весници. Во мај 1912 година Стефанов и Граматиков, заедно со Александар Шуменов формирале акционерско друштво, кое го презело весникот и од 1 јули 1913 година „Народен глас“ станал дневен весник, прв меѓу весниците, кои ги користела македонската емиграција во САД.[1099]

Никола Алабаков, пак, чија идеја за формирање на весник со име „Македонија“ била одбиена во времето кога бил основан весникот „Народен глас“, што предизвикало негово откажување од тој проект, не се откажал лесно од неговата визија. Така, неколку месеци по излегувањето од печат на „Народен глас“, во почетокот на ноември 1907 година Алабаков во Гранит Сити го основал неделникот „Македонија“. Во неговото основање помогнала една група од десетина македонски емигранти, кои од Филаделфија кон крајот на 1907 година дошла во Гранит Сити, позната како Филаделфиска делегација.[1100] Тие го основале друштвото „Македонија“, кое управувало со весникот. На позицијата редактор се нашол искусниот Станислав Шумков, а првиот број на весникот се појавил на 7 декември 1907 година. Во периодот до август 1910 година во печат излегле 39 броја, а иако весникот требало да излегува од печат секоја сабота, според вкупниот број на излезените броеви

[1096] Б. Мокров, Македонскиот емигрантски печат..., 58.
[1097] Ibid.
[1098] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 85-86.
[1099] Б. Мокров, Македонскиот емигрантски печат..., 58. Вкупниот капитал на акционерското друштво во јуни 1912 година изнесувал 10 000 американски долари, за по само една година да порасне на дури 25 000 долари (N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 86).
[1100] В. Трайков, История на българската емиграция..., 217-220.

очигледно е дека таа цел не била остварена.[1101] Главната цел на овој весник била да се врши агитација за ослободувањето на Македонија од османлиската власт, со што бил еден од ретките весници меѓу емиграцијата, кои во своите цели јасно ја имале одредено оваа идеја. Сепак, за овој весник прифатлива е констатацијата на Б. Мокров, според кој „оваа „Македонија“ е еден од оние македонски весници, кои и по насловот и по содржината, се македонски, т.е. ја третираат проблематиката на Македонија, но под влијанието на бугарската пропаганда“.[1102] Бројните политички статии, кои биле објавувани во овој весник ги застапувале позициите на Борис Сарафов, кој во тој момент бил инструмент во рацете на владата во Софија. Неговото убиство во Софија, кое се случило токму во периодот кога весникот започнал да излегува од печат, било придружено со голем број статии, во кои тој се споменува како „најславен од сите водачи на бугарските чети во Македонија“.[1103] Покрај за Сарафов, во весникот се тагува и за смртта на Иван Гарванов. Од друга страна, весникот често упатувал остри критики против привржаниците на Јане Сандански од Серскиот и Струмичкиот револуционерен округ на ВМОРО и нивните начини на делување. Весникот „Македонија“, кој во целата своја историја бил во ривалски односи со весникот „Народен глас“, поради што истата била исполнета со бројни борби и перманентен антагонизам,[1104] бил поделен на рубрики, каде главно место имале материјалите од историјата на Македонија, историјата на емигрирањето на Македонците, а имало и посебна рубрика именувана како „Новини во Македонија“, во која се известувало за злоделата на османлиската власт во Македонија.[1105]

**3.4.** Социјалистичките убедувања, кои се појавиле кај дел од македонските емигранти по кризата од 1907/8 имале одраз и во периодичниот печат, кој се ширел меѓу македонската емиграција во Северна Америка. Така, прв израз на овие убедувања на емигрантите било споменатото преименување на весникот „Бугарски новини“ во „Работнички новини“, под кое име излегувал од 19 септември 1908 година до 31 октомври 1908 година. Недел-

---

[1101] Б. Мокров, Македонскиот емигрантски печат..., 58.
[1102] Ibid.
[1103] Ibid. 59.
[1104] Борбата меѓу овие два весници била изразена дури и преку лични напади и обвинувања. Така, во 1908 година во една статија на Христо Неделков, објавена во весникот „Народен глас“, каде тој бил редактор, се обвинува Станислав Шумков дека при еден негов говор носел украдени чевли. За овој случај се водела и судска постапка, при што Неделков бил казнет со глоба во висина од 25 долари. (V. Sinadinoski, Macedonians in America..., 248-249).
[1105] В. Трайков, История на българската емиграция..., 217-220.

никот „Работнички новини“ од Чикаго бил првиот весник со јасно истакната политичка тенденција во однос на промоција социјалистичките идеи.[1106] Истиот бил редактиран од Спас Шумков, а се издавал со помош на опремата од весниците „Борба“ и „Бугарски новини“. Од оваа верзија на весникот биле издадени само пет броја, по што весникот згаснал. Меѓутоа, весници со слична содржина продолжиле да се појавуваат и во следните години. Така, само неколку месеци подоцна, во летото 1909 година формираната социјалистичка група во Чикаго започнала да го издава неделникот „Работничка заштита“, кој поради своите револуционерни идеи не успеал да привлече поголемо внимание меѓу емиграцијата и прекинал со издавање по само неколку издадени броеви кон крајот на 1909 година.[1107] Конечно, откако по формирањето на Бугаро-македонскиот социјалдемократски просветен сојуз (БМСПС) во Америка се наметнала потребата од издавање на негов печатен орган, во почетокот на јануари 1911 година се појавил весникот „Работничка просвета“. Негов прв редактор бил Тодор Цеков, кој по заминуавањето од САД во 1911 година бил наследен од страна на Станислав Саралиев.[1108] Весникот излегувал секој петок, со тираж од 7000 примероци.[1109] Со поддршката на БМСПС, овој весник успеал да ги надмине финансиските проблеми, со кои се соочувале другите весници и продолжил со издавање во периодот по Првата светска војна.[1110]

Во меѓувреме, во предвечерието на Балканските војни во Америка се појавувале и други весници и списанија, кои немале социјалистички предзнак. Имено, пред пропаѓањето на весникот „Македонија“, неговите раководители имале контакти со весникот „Бугарска пошта“, чиј прв број се појавил во Гранит Сити во мај 1910 година. На чело на овој весник бил редакторот на весникот „Народен глас“, Христо Неделков, а во програмата на весникот била да се занимава со проблемите на емигрантите и со македонското прашање.[1111] Сепак, од овој весник излегле само неколку броеви, поради пожар во печатницата каде истиот се печател. Во летото 1911 година во Гранит Сити бил обновен и весникот „Македонски глас“ од страна на група емигранти. Главна програмска цел на овој весник било агитирањето за

[1106] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 59.
[1107] В. Трайков, История на българската емиграция..., 217-220
[1108] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 59.
[1109] Б. Мокров, Македонскиот емигрантски печат..., 59-60.
[1110] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 88.
[1111] Ibid; В. Трайков, История на българската емиграция..., 220.

слободна и автономна Македонија, но поради финансиските проблеми, овој весник згаснал по само неколку месеци борба за егзистенција.[1112] Исто така, меѓу македонската заедница во САД се ширеле и неколку броеви од весникот „Имигрант“, но и од бугарскиот хумористичен весник „Бугаран“, кои во 1909 година се појавиле во Гранит Сити. Исто така, познати биле и списанијата „Нов Свет“ и „Нов Век“.[1113]

Во Канада, прв весник кој во 1912 година се појавил меѓу македонските емигранти бил весникот „Балканска ѕвезда“ од Торонто. Истиот излегувал од април 1912 година до крајот на 1913 година, а бил редактиран од страна на јеромонахот Теофилакт, кој ја водел црковната општина во Торонто.[1114] Првите броеви од весникот не содржат речиси ништо за Македонија или од Македонија, туку повеќе се посветени на актуелни проблеми на емигрантите во Северна Америка. Сепак, со почетокот на Балканските војни весникот започнува да објавува статии, во кои се агитира за автономија на Македонија, иако во ниту една статија авторите не објасниле што подразбираат под оваа парола, односно кон што би водела според нив споменатата автономија.

[1112] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 89.
[1113] Ibid. 90.
[1114] Б. Мокров, Македонскиот емигрантски печат..., 59-60.

# VIII. Социо-економски аспекти на миграциските движења од Македонија кон Северна Америка

## *1. Полињата празни, народот на печалба*

**1.1.** Според Ѓорче Петров, околу 70% од емигрантите во Америка доаѓале од македонските села, додека останатите 30% биле од градовите.[1115] Трајан Петровски, пак, цитирајќи ја оваа анализа на Ѓ. Петров, заклучил дека дури 90% од емигрантите биле земјоделци, а другите 10% биле занаетчии и интелектуалци, иако во споменатата анализа на Ѓ. Петров ваквите бројки не фигурираат.[1116] Според Б. Гунарис, пак, 90% од емигрантите биле директно или индиректно поврзани со процесот на земјоделство.[1117] Понатаму, во еден извештај, испратен на 20 април 1907 година до министерот за надворешни работи и верисповед на Бугарија, Димитар Станчов, бугарскиот трговски агент во Скопје, Тодор Недков истакнува дека според неговите истражувања емигрантите во прекуокеанските држави биле во поголем дел земјоделци и мали занаетчии, иако меѓу нив имало и двајца учители.[1118] Ваквата состојба била констатирана и од генералниот конзул на Австро-Унгарија во Солун, Бохумил Пара, кој на 30.11.1906 година го известил Министерството за надворешни работи на Австро-Унгарија дека 2/3 од емигрантите во Северна Америка биле земјоделци, односно неквалификувани работници, додека остатокот се состоел од помали занаетчии, најчесто дограмаџии, бравари, терзии, чевлари и ѕидари, придружени од рудари и градежни работници.[1119] Конечно, истите резултати ги покажува и една анализа спроведена во Чикаго врз репрезентативен примерок од 100 испитаници од Македонија и Бугарија, според која 75% од испитаниците биле земјоделци пред емигрирањето, а покрај нив во анализата биле „пронајдени“ и ковачи, чевлари, бравари и фурнаџии од Македонија.[1120] И покрај тоа што не постои механизам, според кој би можело да се утврди точниот процентуален однос на овие две групи, очигледно е дека селското население, кое доминантно се занимавало со земјоделство имало главна улога во миграциските движења кон Северна Америка.[1121]

---

[1115] Г. Петров, Емигрантското движение...., 4.
[1116] T. Petrovski, Macedonian Emigration to the U.S.A…, 103.
[1117] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 140-141.
[1118] В. Георгиев, С. Трифонов, История на Българите 1878-1944 в документи, т.I.
[1119] Австриски документи за историјата..., т.1, 196.
[1120] Grace Abbott, The Bulgarians of Chicago, Charities and the Commons, 21, 1909, 654.
[1121] Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 30.

Според тоа, последиците од емиграцијата првенствено треба да ги бараме во македонските села.

Што се однесува до возрасната структура, најчесто се иселувале мажи на возраст од 20-40 години, што според одредени извештаи и анализи на дипломатските претставници на Австро-Унгарија во Македонија претставувало меѓу 10 и 19% од машкото работоспособно население.[1122] Слични бројки дава и Б. Гунарис, според кој возрасната структура на емигрантите од Македонија се движела меѓу 18 и 35 годишна возраст, при што се работи исклучиво за машко немуслиманско население.[1123] Според извештајот на комисијата на Дилингем, пак, возрасната дистрибуција кај емигрантите-Македонци била речиси еднакво распространета на сите возрасти, но никој од нив не бил над 55 годишна возраст.[1124] Бугарскиот трговски агент во Скопје во извештајот од 20.04.1906 година ги потврдил овие податоци, со констатацијата дека од вкупно 400 емигранти од Скопскиот вилает во периодот од јануари од април 1906 година, сите биле мажи од 16 до 40-45 годишна возраст.[1125] Всушност, во одредени подрачја, кои давале особено голем контингент на емигранти, како на пример Леринската каза, дипломатските претставници во Македонија констатирале дека возрасното машко население било речиси комплетно иселено.[1126] За сметка на тоа, постои зголемување на женското население, па на тој начин била создадена полова диспропорција, слична на онаа меѓу македонските емигранти во Америка, но во обратна насока.[1127]

Поради цврстиот негативен став на Османлиската Империја кон емиграцијата на муслиманското население (Глава V), според Б. Гунарис, муслиманите во третираниот период претставувале не повеќе од 2% од емигрантското движење кон Америка, додека околу ¾ од емигрантите биле „славофони“.[1128] Според тоа, огромно мнозинство од емигрантите доаѓале од редовите на немуслиманското население во Македонија, што придонело за менување на односот во поглед на бројната состојба на овие два елементи во некои места,

---

[1122] Г. Тодоровски, Македонското прашање и реформите..., 207; Австриски документи за историјата..., т.1, 159.

[1123] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 140-141.

[1124] Reports of the Immigration Commission, Immigrants in Industry, 23, Summary Report on Immigrants in Manufacturing and Mining, vol.2, Washington, 1911, 98, 144.

[1125] В. Георгиев, С. Трифонов, История на Българите 1878-1944 в документи, т.I.

[1126] Австриски документи за историјата..., т.1, 159.

[1127] D. Quataert, Ottoman Empire…, 115.

[1128] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 141.

каде муслиманите биле традиционално во помал број во однос на христијаните. За менувањето на овие односи придонела и Младотурската револуција од 1908 година, после која новите младотурски власти силно го поддржувале населувањето во Македонија на мухаџири од Босна и Херцеговина, откако оваа територија била анектирана од страна на Австро-Унгарија.[1129] Само во 1910 година најмалку 12 000 имигранти од Босна и Херцеговина се населиле во Македонија, при што истите биле населувани на државен трошок и на државна земја.[1130] Сепак, поради општото зголемување на населението во првата деценија на XX век, кое според еден извештај на рускиот конзул во Битола од 19.02.1910 година изнесувало околу 10% на целата територија на Македонија, менувањето на односот меѓу двете верски заедници во одредени изолирани места не предизвикал и промена на нивниот процентен однос генерално во Македонија.[1131]

Според изнесените податоци, можеме да констатираме дека типичниот македонски емигрант во Америка доаѓал од руралните места во Македонија, при што најчесто бил земјоделец и доаѓал од редовите на машкото работоспособно население на возраст од 20-40 години. Дополнително, тој најчесто бил припадник на немуслиманското население во Македонија и во Америка заминувал без своето семејство.

**1.2.** Поради својот сезонски карактер, традиционалната миграција никогаш немала посериозен ефект на земјоделството, со оглед на тоа што секогаш во татковината останувале доволно луѓе за да ги обработуваат полињата. Сепак, истото не може да се констатира и за емиграцијата во прекуокеанските држави, која имала крајно негативен ефект врз развојот на земјоделството во Македонија. Демографската катастрофа, макар и привремена, што се случила во одредени места не можела, а да не остави последици во оваа важна стопанска гранка. Имено, почнувајќи од пролетта 1905 година во некои делови на Битолскиот вилает, каде емигрантското движење било најсилно започнале да се забележуваат сериозни ризици за одржувањето на земјоделските поседи, предизвикани од иселувањето на машкото работоспособно население во тие делови од Македонија.[1132] Сликите од жени и повозрасни лица, кои работат на македонските полиња станале нормална појава до 1912 година, но и

[1129] K. Karpat, The Ottoman Emigration to America..., 191.
[1130] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 141-142.
[1131] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т.7., 97.
[1132] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 144.

покрај тоа, недостатокот на работна сила бил премногу голем за да може на тој начин да се надомести.[1133] Тој недостаток резултирал со зголемување на цената на работната рака поради опаѓањето на нејзината понуда, што истовремено имало и реперкусии врз обемот на производството и намалувањето на приносот од земјоделството.[1134] Токму како резултат на зголемените трошоци за производство и ниската цена за извоз, во периодот од 1906 до 1912 година вкупно 17 000 тони жито биле увезени во Македонија за да се покрие недостатокот од домашно производство.[1135] Истовремено, селското население во трите вилаети во периодот 1903-1913 година било намалено за 10%, во што покрај емиграцијата во надвор од Македонија придонела и миграцијата на релација село-град.[1136] Во празните села орудијата и добитокот постојано пропаѓале, а земјата останувала необработена и пуста. За илустрација, во Скопскиот вилает во 1912 година биле обработувани само 0,4 милиони хектари од вкупно расположливите 3,2 милиони хектари.[1137] На тој начин, иселувањето на машкото работоспособно население во Северна Америка било еден од главните фактори за намалување на земјоделското производство.

Од друга страна, поради миграцијата село-град во градовите се забележува раст на побарувачката за земјоделски производи, што предизвикало и раст на цените на основните прехранбени производи. Така, во периодот меѓу 1904 и 1911 година, цената на месото во Скопје пораснала за дури 400%, цената на јајцата за 100%, цената на лебот за околу 150%, цената на рибата за 165%, а цената на млекото за 200%.[1138] Истовремено се зголемувала и цената на другите потреби, па цената на јагленот се зголемила за 250%. Трошоците за живот во Битола од 1906 до 1907 година двојно се зголемиле, а ваквите податоци можеле да се забележат во сите македонски градови.[1139] Поради ваквите ценовни шокови, во Македонија започнале да се појавуваат дури и идеи за доведување на работна рака од други краишта на Османлиската Империја.[1140]

[1133] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 122.
[1134] Австриски документи за историјата..., т.1, xx.
[1135] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 144.
[1136] G. Demeter, Agrarian Transformations in Southeastern Europe..., 198.
[1137] Ibid.
[1138] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 144-145.
[1139] Ibid.
[1140] Австриски документи за историјата..., т.1, 198.

Во некои случаи, растот на цените на работната рака во Македонија ги принудил производителите да се преориентираат на обработка на попродуктивни култури, а тоа особено се забележало со растот на тутунската индустрија. Со влегувањето на компанијата *American Tobacco Company* на македонскиот пазар во почетокот на XX век, производството на тутун било силно стимулирано. Од една страна, цените, кои биле понудени од страна на компанијата биле одлични за тутунопроизводителите, а од друга страна со оглед на тоа што големи профити се достигнувале со обработка на мали површини земја, немало потреба од ангажирање на дополнителни работници, кои поради општиот раст на цената на работната рака требало добро да бидат платени, па со тоа цената на производство била намалена.[1141] Всушност, било пресметано дека само ако на 10% од поседите со жито бил одгледуван тутун, профитот би бил десет пати поголем од профитот кој би се добил со жито на целото поле (100%).[1142] На тој начин, во периодот од 1904 до 1911 година во Солунскиот санџак бојот на тутунопроизводители и големината на површините на кои се одгледувал тутун се зголемиле за 125%, додека производството било тројно зголемено.[1143] Сличен развој на тутунопроизводството имало и во Битолскиот и Скопскиот вилает. Извозот на тутун од солунското пристаниште во периодот од 1900 до 1912 година се зголемил за дури пет пати, а извозот од Кавала се зголемил два пати.[1144]

**1.3.** Земјоделството не било единствениот сектор, каде поради емиграцијата на машкото работоспособно население во Америка имало големи проблеми. Имено, со слични проблеми се соочувале и рудниците, како и скромните индустриски капацитети во Македонија. Ако во периодот до Младотурската револуција понудата на работна сила за овие области била далеку поголема од побарувачката, емиграцијата во Америка влијаела врз намалувањето на понудата на работна сила. Поради фактот што се иселувало машко работоспособно население, машката работна сила била плаќана двојно повеќе од женската.[1145] Неквалификуваните работници во рудниците и индустриските капацитеити во 1911 година заработувале дневно меѓу 7,8 и 11 пијастри, што е огромно зголемување ако се има

[1141] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 144-145.

[1142] John R. Lampe, Marvin R. Jackson, Balkan Economic History, 1550-1950, Indiana University Press, Bloomington, 1982, 282.

[1143] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 144-145.

[1144] Justin Mac Carthy, The Arab World, Turkey and the Balkans (1878-1914): A Handbook of Historical Statistics, G.K. Hall, Boston, 1982, 281-284.

[1145] Д. Зографски, Развојот на капиталистичките елементи..., 539.

во предвид дека во 1890тите години платата од 3,6 пијастри била повеќе од прифатлива.[1146] Сепак, дури и највисоките плати во овие области биле далеку пониски од она што можело да се заработи со истата работа во Америка.[1147] Од друга страна, платите на жените кои работеле во текстилните фабрики се движеле од 2,5 до 5,5 пијастри, а поради недостатокот на машко население околу ¾ од вкупната вработена работна сила во индустриските капацитети била составена од жени и девојчиња, некогаш дури и од шест годишна возраст.[1148]

Негативните демографски тенденции, кои во првата деценија на XX век ги зафатиле некои места во Македонија се одразиле и врз одредени интелектуални професии. Резултатот на ваквите негативни демографски тенденции во Леринско бил забележан од страна на бугарскиот трговски агент во Битола, Андреј Тошев. Имено, во еден извештај од 1907 година, Тошев ја известил бугарската влада дека во Леринско поради емигрирањето на млади луѓе, кои Егзархијата ги забележала како потенцијални учители и свештеници, вкупно 16 села биле останати без свештеници, а поголем број села биле без учители. За анулирање на ваквите проблеми Тошев побарал да интервенира и самата бугарска влада.[1149]

### 2. *Емигрантскиот капитал во Македонија*

Емиграцијата од Македонија кон Северна Америка до Балканските војни била непостојана, односно гурбетчиска. Едни доаѓале од Македонија, а други откако успеале да ја поправат својата материјална положба се враќале во родните места. Всушност, според извештаите на комисијата на Дилингем, 95% од Македонците биле во САД помалку од 5 години, а другите биле дојдени во период меѓу 5 и 10 години. Притоа, најголем дел од нив дошле на печалба, во периодот од 1904 до 1908 година.[1150] Според Ѓ. Петров, емигрантите во Америка ретко останувале преку Атлантикот повеќе од 3 години, најчесто поради тешките услови за работа, но и поради фактот што тие се задоволувале со помала сума заработени пари, во однос на емигрантите од Северна и Западна Европа. Притоа, Ѓ. Петров

[1146] Milan A. Todorovic, Salonique et la Question Balkanique, Paris, 1913, 20-21; The Times, 39932, 22.6.1912, Salonika; B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 144-145.

[1147] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 122.

[1148] Д. Зографски, Развојот на капиталистичките елементи..., 539.

[1149] ДАРСМ, фонд Бугарски конзулат - Битола, мф. 4307, ф.331, о.1, а.е. 206, Дело III/п.1, сн. 99, 102, 112, Битола, 22.07.1907.

[1150] Reports of the Immigration Commission, Immigrants in Industry, 23, Summary Report on Immigrants in Manufacturing and Mining, vol.2, Washington, 1911, 98, 144.

констатирал дека оние кои имале полесна работа во Америка најчесто се задржувале подолго од овој интервал од 3 години, а трајните населувања се сведувале на поединечни случаи.[1151] Во некои поголеми семејства, по овој период од 3 години и враќањето на дотогашните емигранти се вршела замена на членот на семејството кој заминувал на печалба. Така, оној што се вратил во татковината бил заменет со друг член на семејството, кој на негово место заминувал во Америка.[1152] За начинот на размислување на македонските емигранти најдобро сведочи потсетувањето, кое Стојан Христов го добил од својот татко кога сакал да учи англиски јазик и кое гласело: *„Овде сме да работиме, да печалиме и да се вратиме дома за да живееме како луѓе, како што рекол Господ“*.[1153] Оваа карактеристика на емиграцијата била забележана во еден дипломатски извештај, испратен од конзултатот на Австро-Унгарија во Битола до Виена, каде било констатирано дека „*ова иселување по својата масовност и тотална различност од иселувањата од другите земји дава повод за многустрано интересирање. Но, она што му дава посебно значење е нивното непосредно враќање што повлекува со себе и дејство врз економските услови на Македонија и што е погодно за наполно изменување на тие услови*“.[1154]

**2.1.** Според Ѓ. Петров, капиталот кој емигрантите го заработувале во Америка бил „*просто баснословен за нашите места*“.[1155] Овој капитал почнувајќи од 1905 година започнал посериозно да пристигнува и да се забележува во Македонија. Големината на внесените суми била различна и зависела од бројот на емигрантите и од условите во регионот каде работеле емигрантите. Според еден извештај, испратен од конзулатот на Австро-Унгарија до Виена, вкупно 4,5 милиони франци биле доставени преку Битола во 1905 година и 3 милиони франци во првото полугодие од 1906 година, при што забележал дека се подготвува радикална промена на сопственичките односи.[1156] Слични суми во истиот период биле констатирани и од руските дипломатски претставници во Македонија.[1157] Американскиот вицеконзул во Солун, Лазаро, пак во мај 1906 година забележал дека во Македонија од емиграцијата во Америка пристигнувале годишно по 1,5

[1151] Г. Петров, Емигрантското движение...., 4.
[1152] Австриски документи за историјата..., т.1, 159.
[1153] Т. Вражиновски, Македонското иселеништво во Соединетите..., 31.
[1154] Австриски документи за историјата..., т.1, 158.
[1155] Г. Петров, Емигрантското движение...., 4-5.
[1156] Австриски документи за историјата..., т.1, xx.
[1157] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т.5., 324.

милиони американски долари.[1158] Со доаѓањето на кризата во Америка протокот на зелена валута малку се намалил, па Ѓ. Петров забележал дека, во време на кризата се внесувале од Америка до 300-400 наполеона седмично, што било далеку помала сума од она што се внесувало во нормална година, кога според него во Македонија неделно пристигнувале по 1000-2000 турски лири седмично.[1159] По завршувањето на кризата во Америка од 1907/8 година висината на пристигнатите средства во Македонија уште повеќе се зголемувала. Имено, според податоците на германските конзули во Цариград и Солун, пак, во Битолскиот вилает од Америка во 1908 година пристигнале 4 милиони франци, во 1909 година – 7 милиони, а во 1910 година дури 13 милиони франци.[1160] Бугарскиот конзул во Битола, Тодор Недков во својот извештај од 18.09.1910 година пишува за внесени меѓу 8 и 9 милиони лева во периодот јануари-септември 1910 година, што било зголемување во однос на внесените меѓу 2 и 3 милиони лева во 1908 и меѓу 4 и 5 милиони лева во 1909 година.[1161] Според одредени пресметки, во тој период само емигрантите од регионот на Гранит Сити, Сент Луис и Медисон испраќале дома седмично по околу 25 000 американски долари.[1162] Покрај од индивидуалните печалбари, голем дел од парите доаѓеле од добротворните друштва, кои редовно исплаќале компензации за разните несреќи со смртен исход, во кои како оштетени се наоѓале македонските емигранти и членови на тие друштва. Исто така, овие друштва редовно испраќале средства за разни добротворни и политички цели, со што дополнително го зголемувале протокот на пари во Македонија.[1163] Генерално, емиграцијата имала огромно значење за стопанството во Македонија, што особено важи за регионите, кои не можеле да се пофалат со големи површини обработливо земјиште погодно за земјоделство.

Со овие пари од емиграцијата биле обновувани старите домови и биле градени нови, но и било модернизирано земјоделското производство, најчесто преку замена на дрвениот плуг „од времето на Александар Велики“ со железен.[1164] Всушност, често се случувало семејствата на емигрантите заедно со парите да добијат и писмо со инструкции што да

[1158] “Money for Macedonia”, The Fairmont West Virginian, 1.5.1906.
[1159] Г. Петров, Емигрантското движение...., 4-5.
[1160] Д. Кьосев, История на македонското национално революционно движение..., 100-101.
[1161] В. Георгиев, С. Трифонов, История на Българите 1878-1944...., 29.
[1162] N. Altankov, The Bulgarian-Americans…, 84.
[1163] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 119-120.
[1164] Ibid, 121; R. Pinon, L'Europe et l'Empire Ottoman..., 227.

прават со тие пари, кои за нив претставувале вистинско богатство.[1165] Според Х. Силјанов, токму со парите од емиграцијата биле обновени куќите по Илинденското востание, а најголем дел од нив станале дури и поубави од она што биле пред Востанието.[1166] Плаќањето на даноците веќе не било толку голем проблем како претходно. Ваквата состојба била констатирана од страна на една од учесничките во кампањата за помош на настраданото население во 1903 година, госпоѓа Томпсон, која во септември 1905 година се вратила во местата, кои настрадале во текот на Востанието во Костурската каза.[1167] Имено, таа забележала дека и покрај лошата жетва во таа година, населението било во можност да ги подмири своите обврски кон Империјата, што било значајна разлика во однос на состојбата во 1903 година.[1168] Исто така, на нејзино големо изненадување, само во неколку ретки случаи од неа била побарана финансиска помош, а населението имало многу подобра облека, во споредба со 1903 година. Во својот извештај, таа заклучила дека сето тоа е резултат на парите пратени од Америка.[1169] Зелената валута, која непрекинато доаѓала во Македонија била искористена и за изградба и доградба на одредени јавни градби. Така, со парите на емиграцијата било изградено училиште во селото Екши-Су во Леринско, но и била доградена црквата во костурското село Кономлади.[1170] За овие активности, Х. Силјанов со силни впечатоци констатирал дека со парите на емиграцијата Македонија воскреснувала од пепелта.[1171]

Исто така, емиграцијата во Северна Америка и испраќањето на финансиски средства од страна на емигрантите во економска смисла за Македонија била клучен фактор за инкорпорирање на многу потполно отсечени села кон круговите на капиталот, трудот, стоките, односно паричната економија генерално. На тој начин за прв пат во нивната историја, селата во македонските планини станале зависни од економските и финансиски циклуси во далечните непознати земји, што придонело кон нивно целосно отворање кон

[1165] За една таква ситуација сведочи Стојан Христов, кога еден негов соселанец испратил пари и писмо до својата жена со инструкции парите да ги однесе во градот и да не прифаќа помала сума од 40 наполеони за таа сума на пари. (Stoyan Christowe, This is My Country, Carrick&Evans Inc., New York, 1938, 7-10).
[1166] Х. Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, т.2, 9.
[1167] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 147.
[1168] Douglas Dakin, The Greek struggle in Macedonia, 1897-1913, Institute for Balkan Studies, 1966, 157.
[1169] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 147.
[1170] И. Гаджев, Историята на българската емиграция в Северна Америка..., 148; G. Michaelidis, Salvation abroad: Macedonian migration to North America…, 82.
[1171] Х. Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, т.2, 9.

надворешниот свет. Влегувањето во светот на паричната економија донела многу семејства во долгови, што било фактор, кој самиот по себе ја поттикнува понатамошната емиграција. Така, парите на емигрантите плетеле нови и нови емигрантски мрежи, на тој начин целосно вклучувајќи ги малите локални економии во глобалната економија.[1172]

**2.2.** Во поглед на сопственииштвото над земјата и развојот на чифлигарскиот систем во Македонија, кон крајот на XIX и почетокот на XX век биле присутни две спротивни тенденции. Едната водела кон окрупнување на чифлиците и била резултат во најголем дел на лихварството, при што големите имоти постепено се концентрирале во рацете на големите финансиски магнати, како од редовите на муслиманската елита, така и од редовите на немуслиманското население во Империјата.[1173] Од друга страна, поради наследниот и купопродажен карактер на чифлиците, но и поради непродуктивните стопанства, некои чифликсајбии започнале парче по парче да го продаваат својот имот, што отворило шанса за откупување на имотите од страна на селаните.[1174] Токму оваа втора тенденција била постојано стимулирана и преку активноста на македонското ослободително движење, особено во поилинденскиот период. Имено, во рамките на почетниот поилинденски период до Рилскиот конгрес во октомври 1905 година, исполнет со бројни советувања, средби, како и околиски и окружни конгреси покрај главните дебати околу идното уредување на Организацијата, започнале да се поставуваат и прашања околу економското зајакнување на населението и ослободувањето на населението од економска експлоатација.[1175] Како резултат на тоа, во новите програмски документи (Устав и Правилник) донесени на Рилскиот конгрес, Организацијата како своја цел го поставила и економското зајакнување на населението, а една од мерките, кои биле предвидени за исполнување на таа цел, било премавнувањето на чифлигарскиот систем преку откуп на турските чифлици од страна на селаните.[1176] Овој императив бил реафирмиран и на окружните конгреси, кои се случувале по Рилскиот конгрес. Така, на окружниот конгрес во Серскиот револуционерен округ (26.07-6.8.1906) се барало кај сопствениците на земјата да се создаде чувство на несигурност, а нивната земја да се обезвреднува, до степен кога тие би

[1172] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 22.
[1173] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 71; Д. Димески, Македонското националноослободително..., 54.
[1174] Ibid; Австриски документи за историјата..., т.1, 160.
[1175] За овој период види: В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 347-363, 396-408.
[1176] Ibid. 422.

ја продале истата на селаните.[1177] Слични заклучоци биле донесени и на Прилепскиот околиски конгрес од февруари 1907 година, каде било одлучено со постојани напади да се принудуваат сопствениците да ги продаваат чифлиците, а како купувачи да се јавуваат селаните.[1178] На тој начин, Организацијата се поставила на страната на безимотните селани, кои се бореле за да добијат парче сопствена земја. Со ваквиот став на Организацијата по прашањето за земјата, таа всушност допирала до широките народни маси во Македонија, кои во присуство на бројни чети во функција на странските пропаганди имале можност и во пракса уште еднаш да проценат кој е нивниот вистински заштитник.

Со избивањето на Младотурската револуција биле создадени претпоставки за легализирање на сите претставници на дотогашните илегални движења и нивно вклучување во политичкиот и јавниот живот на Империјата. Ваквото легализирање отворило нови можности за решавање на статусот на безимотните лица во Македонија. Како резултат на тоа, решавањето на аграрното прашање го презело реформско-демократското крило на Организацијата. Ова крило во мај 1908 година ја основало Македоно-одринската революционерна организација (МОРО), која од јануари 1909 година го променила името во Народна федеративна партија (НФП).[1179] Веднаш по нејзиното формирање, МОРО започнала да го мобилизира народот во организирана борба за решавање на аграрното прашање и тоа преку масовни политички собири, претставки до Парламентот, како и преку агитација во печатот. На овие политички собири гласно биле претставени барањата за бесплатно доделување на земјата на безимотните селани, поставени како услов за соработка со младотурскиот комитет „Единство и напредок“.[1180] Во периодот февруари-март 1909 година, Народната федеративна партија (НФП), организирала и испраќање на една општа петиција со потписите на илјадници македонски селани, а во прилог на таа петиција, партијата презела и една анкета меѓу населението, чија цел била да се приберат што повеќе податоци за аграрното прашање во Македонија и неговото решавање.[1181] Всушност,

[1177] Наташа Котлар-Трајкова, Јане Сандански, УКИМ/ФЗФ, Скопје, 2016, 156.
[1178] М. Миноски, Петар Ацев...., 133.
[1179] М.Пандевски, Македонското ослободително дело..., т.4, 178.
[1180] Ibid. 178-179, 189-190. Сепак, на основачкиот конгрес на НФП, каде аграрното прашање играло доминантна улога меѓу темите за дискусија, претставниците на НФП се одлучиле да направат чекор назад, па барањата за доделување на земја на безимотните селани ги замениле со минимално барање за донесување на закон за регулирање на односите меѓу чифликсајбиите и чифлигарите.
[1181] Ibid. 192-193.

аграрното прашање имало доминантна улога меѓу темите, кои ги отворала НФП уште од нејзиниот основачки конгрес, па до нејзиното згаснување. Сепак, ветувањата, кои ги давале младотурските функционери за откупување на беговските имоти и нивно предавање по пат на кредит на селаните се покажале само како уште еден сегмент во политичката реторика користена за добивање на власта. Од друга страна, грчкиот конзул во Серес, А. Сактурис во екот на овие барања на НФП, во март 1909 година во еден негов извештај до владата во Атина се чини дека со право истакнал: „*Навистина, ако некој друг настан, било војна или коренита согласност на европските сили, не го реши македонското прашање, според мене, нема никакво сомневање дека решението на аграрното прашање ќе го подготви и конечното решавање на македонското прашање*“.[1182]

Сепак, ако македонското револуционерно движење на разни начини се обидувало, но не успеало целосно да го реши аграрното прашање во Македонија, преносот на земјата од османлиските господари кон селаните започнал да се случува масовно поради друга причина – парите на емиграцијата. Имено, чифликсајбиите по Илинденското востание и разните притисоци, кои им биле вршени од страна на Организацијата во рамките на нејзините планови за зајакнување на населението на економски план, биле исплашени за својата егзистенција и од понатамошни усложнувања на политичката состојба во Македонија, па решавале да ги продадат своите имоти. Причина повеќе за ваквата одлука бил и растот на цената на работната рака и сосема нерентабилните услови за одгледување на земјоделски култури на поголеми површини, кои веќе ги истакнавме. Токму тука до израз дошла материјалната состојба на емиграцијата. Имено, како купувачи на оваа земја редовно се јавувале емигрантите-повратници од Америка.[1183] Купувањето на земја за нив претставувало врвен императив, особено од психолошки аспект, ако се земе во предвид фактот дека пред заминувањето во Америка, тие работеле на истата таа земја, која тогаш била во сопственост на друг човек.[1184] Всушност, како што веќе истакнавме, тие го напуштиле својот роден крај со намера да се вратат со доволно заработени пари за купување на земјата каде израснале. Според споменатото истражување, спроведено врз примерок од 100 испитаници во Чикаго, 56 од нив изјавиле дека воопшто не поседувале земја во татковината пред доаѓа-

[1182] Йордан Попгеоргиев, Ст. Н. Шишков, Българите В Серското Поле. Издирвания И Документи., Хр. Г. Данов, Пловдив, 1918, 25.

[1183] Австриски документи за историјата..., т.1, 159-160.

[1184] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т.7., 100.

њето во Америка, а само 23 лица поседувале земја поголема од 2 хектари.[1185] Јасно е дека најголемиот дел од емигрантите доаѓале од семејства без своја земја или со малку земја, а заработените пари преку Атлантикот влијаеле и врз подобрување на нивниот општествен статус во традиционалното македонско општество, што пак претставувало мотивација и други луѓе да тргнат по печалбарските патишта.[1186] На тој начин и потрагата по своја земја самата по себе стимулирала понатамошен раст на емиграцијата. Покрај психолошкиот момент, тука бил и стравот од чувањето на поголема количина на пари поради политичката нестабилност во Македонија, па вложувањето во земја се сметало за најсигурно инвестирање на заработениот капитал.[1187]

Првите емигранти, кои со намера да купат своја земја започнале да се враќаат во Македонија се појавиле во есента 1905 година, а нивниот број бил зголемен во текот на 1906 година.[1188] Веќе во следната 1907 година, бројот на вратени лица во Македонија бил сличен со бројот на нови емигранти. Поранешните емигранти најчесто се враќале во групи од по 30 до 50 лица, со намера да ги избегнат нападите на разните разбојнички банди и четите на разните пропаганди, кои сè уште крстосувале низ Македонија. Според Б. Гунарис, најголем дел од повратниците располагале со капитал во висина од 160 до 240 британски фунти, со кои откако ги подмирувале сите долгови поврзани со заминувањето во Америка повторно имале на располагање меѓу 120 и 200 фунти.[1189] Сепак, дел од емигрантите при враќањето поседувале капитал, кој далеку ги надминувал овие бројки. По подмирувањето на долговите дел од емигрантите повторно се враќале во Америка, додека другиот дел се одлучувал за купување на имот. Според Ѓ. Петров населението во Леринската каза во рок од 4 до 5 години по основ на долгови и камати вратило 20 000 лири и откупило чифлици во вредност од уште 30-40 000 лири.[1190] Во градот Лерин и околните села секојдневно никнувале нови објекти, а легендарната банкнота од 20 долари, во рацете на модерно облечени „Американци“ била исклучително популарна и препознатлива во Македонија.[1191] Селаните од Битолската каза, кои биле со два пати поголеми долгови од нивните сотатковинци од Леринско, успеале да

[1185] G. Abbott, The Bulgarians of Chicago…, 654.
[1186] U. Brunnbauer, Globalizing Southeastern Europe..., 22.
[1187] Австриски документи за историјата..., т.1, 159-160.
[1188] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 146-147.
[1189] Ibid.
[1190] Г. Петров, Емигрантското движение...., 4-5.
[1191] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 146-147; Г. Петров, Емигрантското движение...., 4-5.

купат имот за не помалку од 15-20 000 турски лири. Во Леринско еден селанец сам купил земја за над 1 000 лири.[1192]

Ваквиот интерес на емигрантите за пренос на земјата довел до значителен раст на нејзината вредност, па според извештаите на дипломатските претставници во Македонија, цената на земјишните поседи, кои во минатото вределе едвај 2 лири за донум добра ораница стигнала до ниво меѓу 5 и 10 турски лири.[1193] Во Битола, цените на куќите и дуќаните пораснале до дотогаш невидени нивоа.[1194] Всушност, поради огромната мотивација на емигрантите за купување на земјата на која работеле, дипломатските претставници на Австро-Унгарија забележале дека во одредени случаи се плаќало двојно, па дури и тројно повеќе од вистинската вредност на земјата, што пак им одговарало на дотогашните сопственици на земјата, кои во секој случај се плашеле дали и како ќе го дочекаат новиот ден.[1195] Во овој процес шанса за профит виделе и некои еврејски и христијански финансиски моќници, банки, компании и индивидуалци, кои започнале да купуваат земја од тогашните сопственици на чифлици и да ја препродаваат на емигрантите од Америка. Ваквиот начин на трансфер на земјата бил поедноставен и за турските чифликсајбии, кои доколку ја продавале земјата поделена на мали парцели на повеќе христијански селани биле под силен притисок на нивните сонародници-Турци во Македонија, кои ги користеле сите начини да ги обесхрабрат во нивната идеја.[1196] Уште една потврда дека зголемувањето на цената на земјата се случувало под притисок на зголемената побарувачка од страна на емиграцијата, е фактот дека во регионите каде немало толку голема емиграција во годините претходно не е забележан толку голем раст на цените на земјата.[1197]

Според еден извештај од руска провиниенција од 19.02.1910 година, речиси целата земја во Леринската каза, која претходно им припаѓала на османлиските сопственици до тој период веќе била во рацете на христијани, кои се вратиле од Америка.[1198] Иако за другите кази недостасуваат точни податоци за степенот на пренос на земјата, со оглед на тоа што

---

1192 Г. Петров, Емигрантското движење...., 5.
1193 С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т.5, 323-324; Австриски документи за историјата..., т.1, 160.
1194 R. Pinon, L'Europe et l'Empire Ottoman..., 226.
1195 Австриски документи за историјата..., т.1, 159-160.
1196 B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 148.
1197 Австриски документи за историјата..., т.1, 159-160.
1198 С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т.7., 100.

овој процес бил силно застапен и тоа не само во Југозападна Македонија, туку и во нејзините централни делови, нема причина да не прифатиме дека и во другите кази значајни делови од целата земја се нашле во рацете на христијани.[1199] Според одредени статистики, кои се однесуваат исклучиво на егзархиските села, во 1908/9 година само 14,4% од селата во Битолскиот вилает биле чифлици, во Скопскиот вилает чифлички биле 27% од селата, а најголем процент (46,5%) чифлички села биле забележани во Солунскиот вилает.[1200]

Поради ваквиот начин на пренос на земјата, руските дипломатски претставници во Македонија дошле до уверување дека следувал период на економско освојување на Македонија од страна на селското население преку преносот на земјата и како резултат на тоа, без непотребни крвопролевања, ќе се даде можност да заживее идеалот на македонското ослободително движење: „Македонија на Македонците“.[1201] Сепак, развојот на политичките настани почнувајќи од 8 октомври 1912 година, кога започнала Првата балканска војна ќе покаже дека руските проценки биле погрешни – доаѓале нови господари на Македонија, а тоа не биле Македонците.

### *3. Америка и светогледот на емигрантите*

Факт е дека најголемиот дел од емигрантите во Америка заминале водени од мотиви поврзани со подобрување на нивната економска положба, а големо малцинство биле оние кои заминувале со политички цели. Токму поради овој факт, тие немале проблем во врска со здружувањето во организации заедно со други заедници во Америка. Меѓутоа, како процесот на емиграција влијаел врз светогледот на овие луѓе, кои со генерации биле соочени со економско, културно и духовно угнетување и константен терор? Но и каков ефект имале миграциските движења кон Америка во светогледот на Македонците, кои останале на Балканот?

**3.1.** Преку Атлантикот, на илјадници километри од Македонија и политичките и национални борби, кои во односниот период биле нејзин заштитен знак, македонскиот емигрант можел да се запознае со еден нов свет, свет каде немало потреба час да се прикло-

[1199] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 148.

[1200] Види: Vassilis Demetriades, Problems of Land-Owning and Population in the Area of Gazi Evrenos Bey’s Wakf, Balkan Studies, 22, 1981, 57; Παναγιώτης Δεκάζος, Αι γεωργικοί σχέσεις Μακεδονίας, Αθήνα, 1914, 41.

[1201] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т.5., 324.

нува кон една, час кон друга странска пропаганда и каде поради демократските начела, врз база на кои било организирано општеството можел слободно да ја искаже својата верска и национална припадност, како што можевме да забележиме при влезот во САД (Глава IV). Сепак, дури ни таму не биле целосно ослободени. Покрај споменатите обиди на бугарската пропаганда да се наметне и меѓу македонската емиграција во Америка преку црквата и организациите, слични обиди имала и грчката пропаганда. Имено, кон крајот на 1904 година, грчкиот конзулат во Битола во едно писмо до владата во Атина побарал започнување на кампања меѓу емиграцијата од Македонија во Америка, пред истото да го стори бугарската пропаганда.[1202] Во таа смисла, се чини дека не е без значење испраќането во САД од грчка страна на поранешниот генерален конзул во Солун и амбасадор на Грција во Вашингтон, Ламброс Коромилас, кој во САД ја основал „Панхеленската унија“, организација која меѓу другото била фокусирана и на поддршка на грчките цели во Македонија.[1203] Сепак, овие влијанија на Бугарија и Грција во Северна Америка биле далеку послаби, во споредба со состојбата во Македонија.

Првите чекори во запознавањето на условите во тој дел од планетата, заедно со оддалечувањето од четничките борби имале силно влијание врз емигрантите, кое различно е толкувано од различни автори. Така, според едни автори овој процес на оддалечување од пропагандите влијаел македонските емигранти да станат едноставно Македонци, забележувајќи ги разликите со другите национални заедници, кои Крсте Петков Мисирков ги елаборирал во 1903 година, додека според други со заминувањето од своите родни места овие Македонци останале далеку од движењето за оформување на самостојна македонска нација.[1204] Иако треба да се каже дека миграциските движења се составени од индивидуалци, па со оглед на тоа тешко можат да се најдат генералните карактеристики, за да кажеме повеќе околу оваа тема треба да ги видиме документите, каде се говори за однесувањето на емигрантите по враќањето во Македонија.

Имено, според еден извештај на рускиот конзул во Битола по одредени прашања поврзани со враќањето на македонските емигранти од Америка, меѓу другото е истакнато:

---

[1202] B. Gounaris, Emigration from Macedonia..., 141.

[1203] Henry Pratt Fairchild, Greek Immigration to the United States, Yale University Press, New Haven, 1911, 121.

[1204] G. Michaelidis, Salvation abroad: Macedonian migration to North America…, 128; Д. Кьосев, История на македонското национално революционно движение..., 69.

*„Вратен во татковината, емигрантот се однесува сосем поинаку спрема племенските непријателства и револуционерната пропаганда, од тоа како се однесувал тој спрема овие прашања пред неговото заминување. Бидејќи сиромав и исплашен, тој порано по неволја ѝ се потчинувал на оваа, или на онаа пропаганда, ја менувал својата религија и дури пристапувал во револуционерните банди. Меѓутоа сега, вратен со средства, тој не ја крие рамнодушноста, а поединпати и презирот спрема националните омрази, но доколку не му успее веднаш да се стави во независна положба – тој заминува назад во Америка.*“[1205] Од друга страна, дел од емигрантите по враќањето од Америка решително застанувале во борба против пропагандите, а особено против грчките андартски чети, кои ги тероризирале емигрантските краишта на Македонија, уште од времето кога емигрантите заминувале во Америка.[1206] Ваквиот став на емигрантите бил забележан од дипломатските претставници во борбите против андартските чети во селата Негован и Раково, каде емигрантите биле всушност иницијатори на борбата против четите.[1207] Истата тенденција се забележува и кај македонските Власи, кои емигрирале од овој крај. Така, кога емигрантите Христо Рошо и Мита Здру во САД ги добиле вестите дека нивните семејства настрадале во андартските масакри, тие веднаш се вратиле од Америка и станале четници.[1208] Во одмаздата кон андартите особено се истакнал Христо Рошо.[1209] Исто така, според еден извештај на грчкиот конзул во Њујорк, дел од Власите од Гревенската каза, кои живееле во САД го финансирале и помагале создавањето на четата на Константинескос Пинду во Македонија, која дејствувала во селата Периволи и Авдела, во Гревенската каза.[1210] На тој начин, во однесувањето на врате-

[1205] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т.5., 324.

[1206] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т.6., 235-236.

[1207] Ibid. 169.

[1208] Никола Минов, „Романските“ чети на Македонската Револуционерна Организација (1906-1908), Историја/Journal of History, 53/2, Скопје 2018, 51-52.

[1209] Откако Христо Рошо бил информиран од неговиот брат Ванѓеле дека во масакрот извршен од страна на андартските чети во неговото родно село Патичина една од жртвите бил и нивниот татко Кола Рошо, тој се вратил во Македонија и станал еден од најопасните четници во редовите на влашките чети, кој во бруталноста често ги надминувал и самите андарти. Така, во една епизода од борбата на Рошо против андартите читаме: „Заробивме четворица Грци. Ги однесовме на местото, каде што беа убиени Власите и ги заклавме“; „Христо Рошо пред очите ја гледаше сликата на убиените членови од своето семејство. Тој не сакаше да чуе за Грк. Го зеде јатаганот и почна да го касапи Гркот. Пиштеше Гркот, пиштеше и Рошо.“ Очигледно, мотивот за одмазда бил голем. (Види: Н. Минов, „Романските“ чети на Македонската..., 51-52; Nicolae Cuşa, Aromânii (macedonenii) în România, Constanţa 1996, 18-20, f. 30).

[1210] Αρχείον Υπουργείου Εξωτερικών, Κεντρική Υπηρεσία, Μακεδονικό και Ρουμανικό ζήτημα. Αιτήματα, ετ. 1907, αρ. φ. 96, αρ. υ. 1, 3/16.04.1907. Исто така, во извештаите на грчките официјални и неофицијални претставници во Романија и во Османлиската Империја, меѓу приврзаниците на овие „романски“ чети се споменуваат и извесен Михаил од Самарина и Михаил Баламач, двајцата вратени од Америка. Притоа, грчкиот неофицијален претставник во Букурешт, врз основа на информации добиени од доушник инфилтриран во

ните емигранти од Америка можеме да забележиме две тенденции кон пропагандите, при што кај едни се јавило комплетно дистанцирање од сите странски пропаганди и нивна индиферентност кон нив, додека во главите на другите сè уште живеела желбата за одмазда и одбрана на татковото огниште. Исто така, во главите на некои протагонисти од Илинденското востание живеел идеалот од 1903 година, па тие се враќале подготвени за борба и како што истакнал рускиот конзул во Битола, „*со доста изразени национални идеали*“.[1211]

**3.2.** Очигледно е дека во светогледот на Македонците, емиграцијата во Америка го имала истиот ефект како и кај другите народи, ширејќи ја меѓу народните маси аспирацијата кон полесен и побезбеден живот и разбудувајќи ја повторно иницијативноста и храброста, како и надежта дека доаѓааат подобри денови.[1212] Ваквиот феномен во однос на емигрантите од Македонија го забележал во 1912 година и американскиот весник *Editorial Page of the Call*, кој констатирал дека „*Америка можеби гради нешто подобро од она што ние знаеме*“, во смисла на тоа што не може да се следи Македонецот како се однесува по враќањето во Македонија, но се забележува разликата во опкружувањето, која тој ја воочува при доаѓањето во Америка. Притоа, весникот заклучува дека можеби како резултат на миграцијата во Европа се шири „светлината на слободната власт, не во анархистичка, туку во формална, легална смисла“, па во таа смисла може да се очекува дека емиграцијата ќе влијае врз ослободувањето на Македонија од османлиска власт.[1213] Иако тешко може со поголема прецизност да се утврди колку овој променет светоглед имал свое влијание врз политичките настани, факт е дека миграциските движења придонеле за во Македонија да се прошират вестите дека „таму некаде“ постои држава каде може да се живее во секојдневие, кое не е нужно исполнето со чети, банди, војни и проблеми, но и во релативна благосостојба на економски план. Така, Артур Хауден-Смит, кој престојувал со чета во периодот од септември до октомври 1907 година во Неврокопскиот крај бил изненаден од познавањата на луѓето за Америка, при што забележал дека луѓето знаеле дека во Америка се заработува многу

---

Македо-романското друштво за култура во Букурешт го споменува Михаил од Самарина меѓу приврзаниците на четите, а Михаил Баламач бил забележан од страна на грчкиот конзул во Солун, како брат на Никола Баламач, водач на една од влашките чети во Македонија. (Αρχείον Υπουργείου Εξωτερικών, Κεντρική Υπηρεσία, Μακεδονικός Αγώνας, ετ. 1907, αρ. φ. 89, αρ. υ. 1, τμ. 2, 26.04/9.05.1907.; Αρχείον Υπουργείου Εξωτερικών, Κεντρική Υπηρεσία, Μακεδονικό και Ρουμανικό ζήτημα. Αιτήματα, ετ. 1907, αρ. φ. 96, αρ. υ. 1, 8.03.1907).

[1211] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т.6., 235-236.

[1212] American Ideas and Ideals Play a Great Part in Europe's Problem, Editorial Page of the Call, 21.12.1912, 1.

[1213] Ibid.

пари, што го слушнале од нивните сонародници преку Атлантикот, па поради тоа кај голем дел од нив била присутна желбата за емигрирање во скоро време.[1214]

Покрај политичките, печалбарите со себе носеле и низа други културни и образовни идеи. Така, дел од нив се враќале со познавања од областа на агротехниката, што имало придонес во развојот на земјоделството во Македонија.[1215] Речиси сите емигранти се враќале со нови знаења во областа на техничко-технолошките достигнувања, каде Америка во тој период била глобален лидер. Понатаму, со личен пример помагале во подобрување на јавната хигиена, а биле и ослободени од дел од суеверијата, кои претходно ги носеле со себе.[1216] Емигрантите вратени од Америка биле лесно препознатливи по нивната цивилна облека, која ја носеле наместо типичната македонска носија.[1217] Со тоа, тие извршиле влијание врз осовременувањето на стилот на облекување и отфрлање на непрактичната и груба народна носија.[1218] За прв пат во Македонија започнале да се забележуваат луѓе со модерни шешири и качкети. Со оглед на тоа што печалбарите им испраќале алишта и на своите семејства, роднини и пријатели, во Битолско, Преспанско и Охридско започнале исто така да се забележуваат луѓе, кои користеле работнички алишта, по теркот на оние кои се носеле во Новиот свет.[1219] Генерално, сето тоа носело и едно издигнување на културен план во Македонија.

**3.3.** Емиграцијата во Америка имала веројатно најголеми негативни последици по семејствата во Македонија. Имено, иако во економска смисла придобивките од емигрирањето биле неспорни, многу семејства се соочиле со проблем на заминување на најспособниот член на семејството на долг временски период. По неговото заминување, товарот во семејството паѓал врз грбот на нивните сопруги, кои добивале задачи нетипични за традиционалната поделба на трудот во македонските патријархални семејства.[1220] Практично, тие жени биле принудени да ги заменат своите мажи и на нивите и во шумите кога се одело во сеча по огревно дрво и низ пасиштата, истовремено извршувајќи ги и своите вообичаени

[1214] Arthur Douglas Howden Smith, Fighting the Turk in the Balkans. An American’s Adventures with the Macedonian Revolutionists, London/New York, 1908, 154-155.
[1215] Х. А. Полјански, Односот на Соединетите Американски..., 87.
[1216] Д. Константинов, Печалбарството во Македонија..., 77.
[1217] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т.6., 169.
[1218] Д. Константинов, Печалбарството во Македонија..., 78.
[1219] Ibid. 79
[1220] А. Близнаков, Спомени за националната, политичката..., 20.

домашни обврски, поврзани со воспитувањето на децата, готвењето и облекувањето. Во време на економски кризи, со оглед на тоа што биле сметани за материјално обезбедени, некои од нив се грижеле и за жените во селото кои биле вдовици на борци на Организацијата или немале доволни финансиски услови за да преживеат.[1221] Ваквите големи ангажмани често предизвикувале исцрпување и намалена отпорност кон болест кај дел од овие жени. Од друга страна, работата во Америка исто така го поткопувала општественото здравје во Македонија поради тешките работни ангажмани, кои морале да ги прифатат македонските емигранти во стремежот по брза и голема заработувачка, во комбинација со слаба храна и лоши услови за живот.[1222] Кога заминувале кон Америка, тоа биле здрави и млади мажи, како што илустрирал А. Близнаков „на возраст кога и каменот можеше да напукне во нивната цврста рака."[1223] Сепак, по враќањето од Америка често се забележувале последиците од напорната работа и од сите откажувања, кои стоеле на патот меѓу емигрантот и заработката.

Во меѓувреме, жените кои останувале во Македонија, покрај целата работа живееле во постојана опасност од разните бесчинства на разбојничките банди во Македонија, а мажите во Америка исто така требало да го поминат етичкиот испит. Токму поради американската хедонистичка и материјалистичка култура, која се косела со традиционалните македонски вредности, некои семејства одлучиле воопшто да не испраќаат емигранти во Америка.[1224] Всушност за миграцискиот тек меѓу народот имало различни мислења, токму затоа што таа ги нарушувала односите, како во семејствата, така и генерално во селата. Со оглед на тоа што многу семејства живееле на традиционален начин со векови, разделбата, макар и привремена, не била доживувана лесно. Таа била постојана закана за нарушување на единството на големите семејства, каде повеќе генерации живееле во ист дом со векови.[1225] Уште една негативна последица било тоа што заминувале младите луѓе, за кои се очекувало да бидат идната македонска интелигенција, односно со зборовите на бугарскиот трговски агент А. Тошев „...ќе видиме дека во Македонија останува една проста маса, меѓу

[1221] G. Michaelidis, Salvation abroad: Macedonian migration to North America…, 79-80.
[1222] Г. Петров, Емигрантското движение...., 5.
[1223] А. Близнаков, Спомени за националната, политичката..., 20.
[1224] G. Michaelidis, Salvation abroad: Macedonian migration to North America…, 79-80.
[1225] Ibid.

кои таму-ваму се забележува по некои интелигентни единки. […] во прв ред заминуваат најздравите младинци, кои го сочинуваат најдобриот елемент од македонската маса.“[1226]

[1226] В. Трайков, История на българската емиграция..., 30.

## Заклучок

**1.** Како еден комплексен и мултидимензионален феномен, процесот на емиграција од Македонија бил поттикнат од низа причини од економска, демографска и политичка природа, а дополнително стимулиран од други фактори од доменот на глобалниот развој на транспорните можности и комбинација на индивидуални стравови и надежи произлезени од секојдневието во Османлиската Империја. Сите овие причини треба да се гледаат како меѓусебно интерактивни и недоволни самите по себе да предизвикаат емиграција од масовен карактер. Всушност, се работело за еден цел конгломерат на околности, информации, можности, навики и традиции, кои во третираниот период се појавиле како додадена вредност на веќе постоечките причини. Ваквиот конгломерат на причини и стимулирачки фактори придонел македонското население да си ја побара среќата преку границата, не за да бара нова татковина, туку средства за живот во родниот крај. Сезонската емиграција во границите на Балканот ја имала улогата на темел, врз кој ќе се роди идејата за емиграција во прекуокеанските држави. Всушност, емиграцијата во прекуокеанските држави била само една развојна фаза на процесот на емигрирање од Македонија, односно продолжување на традицијата на периодични миграции надвор од Македонија, која била предизвикана од истите причини како и споменатите периодични миграции.

**2.** Во периодот од завршувањето на Граѓанската војна (1861-1865) до почетокот на XX век, Соединетите Американски Држави (САД) прераснале во светска индустриска и економска сила. По решавањето на прашањето околу внатрешното уредување на државата, просечниот американски граѓанин го заменил интересот за политичките прашања со стремежот за економски развој, а процесот на трансформација на САД во голема економска сила се одвивал преку изградбата на трансконтиненталните железнички пруги, со кои се поврзала огромната територија, огромниот раст во производството на јагленот и челикот, како главни артикли, со кои во XIX век се мерел економскиот развој на една држава, како и преку откривањето на разни минерални богатства на дотогаш непознатиот американски Запад. Во сите овие процеси, кои значеле прераснување на САД од сосема безначајна сила на економски план во вистински ривалски континент на Европа заеднички именител биле имигрантите, кои во најголем дел доаѓале од Европа. Меѓу нив, до 1890 година доминирале имигрантите од Северна и Западна Европа, а во периодот по 1890 година поголем број од

имигрантите во САД биле дел од т.н. „нова“ имиграција од Јужна и Источна Европа. Приливот на население од овие региони придонел во САД да се појават низа нативистички организации, под чиј притисок САД за прв пат ја прекинуваат политиката на „отворени врати“ и започнуваат да воведуваат ограничувања во имиграцијата. Слични ограничувања воведува и соседната Канада, на која доселениците и биле повеќе од потребни за населување на огромните пространства каде се проширила. Всушност, со ограничувањата властите во Отава се обидувале да ги избираат доселениците, кои полесно би се вклопиле во канадското општество.

**3.** Кон крајот на XIX и почетокот на XX век, европските мигрантски трендови кон Америка се прошириле и интензивирале во државите од јужните и југоисточните делови на Стариот континент, кои веќе биле на листата на печалбарски дестинации на населението од османлиска Македонија. На тој начин, македонските печалбари за прв пат дошле во контакт со „американската треска“, во која виделе можност за подоходовна печалба. Во овој поглед посебно се истакнува Романија, која покрај тоа што самата имала бројна емиграција во Америка, била популарна дестинација за емигранти од Македонија и Бугарија. Со првите емигранти, кои од Романија заминале во Америка, започнале да се плетат и емигрантските мрежи со новата емигрантска дестинација, преку врските на поранешните емигранти, идните емигранти, оние кои останувале во Македонија и оние кои останувале во Америка, па емигрирањето во Северна Америка станало многу полесно. Колку повеќе луѓе заминувале преку Атлантикот, толку повеќе писма стигнувале во македонските градови и села. А колку повеќе писма – толку повеќе желби се јавувале за пат кон „ветената земја“. Кон овој процес се надоврзала и протестантската пропаганда, чиј организаиран пробив во Македонија започнал кон крајот на 60-тите и почетокот на 70-тите години на XIX век. Користејќи ги можностите за образование, многу млади ученици во училиштата на протестантската пропаганда во Македонија во овој период добиле шанса да заминат преку Атлантикот, како дел од планот за создавање на локална протестантска мисионерска структура. Исто така, протестантската пропаганда го помогнала процесот на емиграција преку промоција на Америка во Македонија. Во овој период кон Америка заминале мал број на емигранти, но поради формирањето на емигрантските мрежи овие миграции биле клучен фундамент за новиот бран емигрирање по Илинденското востание.

**4.** Крвавиот крај на Илинденското востание предизвикал емиграција кон Новиот свет од дотогаш невидени размери. Овој процес на масовно емигрирање од Македонија најпрво започнал во Леринско, Костурско, Битолско, како и дел од Преспанско. Хуманитарната катастрофа, која се случила во Западна Македонија принудила многу луѓе, кои останале без кров над главата да си ја пробаат среќата надвор од Македонија, при што делумно и поради благопријатниот став, кој населението го имало кон американските мисионери присутни во Македонија, дел од емигрантите како своја дестинација ја избрале Америка. Кон нив се приклучиле и голем број луѓе кои биле компромитирани пред османлиските власти, кои одлучиле доживотните затвори во Османлиската Империја да ги заменат со Новиот свет. Во годините од 1904 до 1907 година емиграцијата кон Северна Америка се зголемувала, во што најголем придонес имала неформалната граѓанска војна, која се водела меѓу странските пропаганди во Македонија. Во такви услови, миграциските движења се интензивирале и во други региони на Битолскиот вилает, како Охридско и Прилепско, но и во делови од Скопскиот вилает. На пат преку Атлантикот се нашле и многу членови и активисти на Тајнаата македоно-одринска револуционерна организација (ТМОРО), како и голем број блиски роднини и пријатели на нејзините истакнати членови. За разлика од негативниот став кон емигрирањето низ балканските дестинации, Организацијата не била против емигрирањето во Северна Америка, иако за неа тоа значело намалување на човечкиот потенцијал во Македонија. Таа всушност се задоволувала со лојалноста на нејзините членови во Америка и нивната работа во Новиот свет во корист на делото. Миграциските движења доживеале голем застој во 1907 и 1908 година, кога Америка била зафатена од дотогаш невидена криза, проследена со пропаѓање на голем број бизниси. Сепак, по завршувањето на кризата, миграциските движења биле повторно интензивирани, пред да бидат целосно запрени во предвечерието на Балканските војни, кога голем број емигранти поверувале дека дошол часот за ослободување на Македонија, па се активирале во корист на таа идеја, за која мислеле дека ќе се оствари. Утврдувањето на бројот на емигранти во овој период е многу тешко поради проблеми, кои произлегуваат како од специфичниот балкански контекст, непотполните статистики и нелогичното и често комплетно погрешно категоризирање на емигрантите од страна на американските имиграциони власти.

**5.** Кога зборуваме за ставот на Османлиската Империја кон емигрантското движење, кое секојдневно го намалувало нејзиното население, треба да се каже дека ставот прилично

се разликувал по однос на верската припадност на потенцијалните емигранти. Така, додека за емиграцијата на муслиманите Високата Порта имала крајно негативен став, таа речиси ја промовирала емиграцијата на христијанско население, сакајќи на тој начин да ги реши политичките проблеми. Ако се имаат во предвид економските услови во Македонија во XIX век, јасно е дека патувањето до Америка било вистински предизвик за емигрантите. Така, тие требало да минат низ лихварските мрежи за да ги обезбедат средствата за пат, а потоа и низ цела низа на понижувања и злоупотреби од страна на локалните агенти, кои работеле за големите и познати бродски компании. За последните, пак, миграциските движења кон Новиот свет претставувале бизнис со сериозни профити, па иако тие не биле самите по себе причина за мигрирање, токму бродските агенции биле главниот чинител, кој овие движења ги правел економски исплатливи. Целата транспортна машинерија, која била користена за полесно префрлање на мигрантите од Европа во Америка и обратно била исклучително профитабилна, а со тоа самата го стимулирала својот раст и била во постојана потрага по нови и нови мигранти. Од друга страна, инкорпорирањето на Македонија во европскиот железнички систем им дало можност на големите бродски компании да ги бараат своите потенцијални клиенти и во Македонија. Последниот голем предизвик пред стапнувањето на американско тло најчесто бил Елис Островот, каде потенцијалните имигранти во САД биле детално проверувани, по што на поголемиот дел од нив им бил дозволен влезот во „ветената земја“.

**6.** Најголемиот дел од емигрантите од Македонија во Северна Америка се населиле на територијата на САД, а „македонски гратчиња“ имало во сите сојузни држави, од од Тексас до Аљаска и од Њујорк до Калифорнија. Ваквите гратчиња се јавувале како последица на тенденцијата на емигрантите да се сместат во места каде живееле нивни роднини, пријатели, нивни соселани од Македонија или генерално други македонски емигранти. Во таа смисла, една од најчестите дестинации на емигрантите од Македонија во САД била државата Илиноис, а најголеми македонски колонии имало во гратчињата Гранит Сити и Медисон, кои заедно со градот Сент Луис во Мисури го формирале регионот, кој ќе биде главен центар на случувањата поврзани со македонската емиграција во Америка. Како продолжение на емиграцијата во САД се јавила и емиграцијата во Канада, при што емигрантите од Македонија, но и генерално од Балканот тешко ги разликувале двете држави, кои им изгледале толку слични, што често ги нарекувале само „Горна“ и „Долна“

Америка, едвај правејќи некаква разлика меѓу нив. Над 90% од емигрантите, кои се населиле во Канада живееле во економски најразвиената и најнаселена канадска покраина Онтарио и нејзиниот главен град Торонто, но поединечни случаи на населување имало во сите канадски покраини. Во Северна Америка, македонските емигранти работеле тешки и опасни работи во големите фабрики за јаглен и челик, во рудниците, како и на железничките пруги. Платата, која ја заработувале била далеку помала од просечната во односните држави, но далеку повисока од она што го заработувале во Македонија. Живееле во објекти, кои го добиле името „престојувалишта“, каде биле сместени најчесто од 10 до 20 лица во субстандардни услови за живот. Во однос на процесите на социјализација и интеграција во американското општество, генерално македонските емигранти се соочувале со два големи проблеми, а тоа се прилагодувањето на животот во урбаните средини, што било делумно компензирано со населувањето во мали етнички енклави, како и непознавањето на јазикот, што било причина тие да одбиваат интеграција во општеството и да живеат затворени во своите заедници. Како резултат на потребата од цркви за извршување на црковните потреби, во Северна Америка до 1913 година биле изградени четири цркви во градовите Гранит Сити, Медисон и Стилтон во САД, како и во градот Торонто во Канада. Покрај православните храмови, дел од емигрантите биле во контакт и со протестантските мисии, кои за таа цел се појавиле во Северна Америка.

**7.** Како припадници на една од помалите емигрантски заедници во Северна Америка, Македонците започнале да се организираат меѓу себе со што од една страна се задоволувал природниот психолошки импулс за социјализација, но и се организирала меѓусебна помош во случај на незгода, што исто така било важно во држави со прилично рудиментарни системи за социјална заштита, какви што биле САД и Канада. Така, најпрво се создавале друштва за взаемна помош, како и разни политички, женски, културни и црковно-просветни друштва, но тие често биле со прилично широко поле на дејствување, па немало ригидни граници поврзани со нивниот карактер. Најголемиот дел од друштвата и организациите, а особено оние кои во своите цели ги имале првите форми на организирање врз политичка основа, го носат префиксот „македоно-бугарски“ или „македоно-одрински“. Последниот факт е сосема разбирлив, ако го имаме во предвид тоа што поради јазичната сличност и истата духовна власт, овие две заедници биле во постојана комуникација, изолирани во „англосаксонското море“. Ако ги анализираме целите на политичките организации, кои се

формирале и во кои учествувале емигранти од Македонија, ќе видиме дека состојбите од Стариот крај се буквално пресликани на американско тло, па постојат организации со различни погледи на иднината на Македонија по ослободувањето од османлиска власт. Сите тие организации имале свои печатени органи, кои исто така биле спротивставени меѓу себе, а по кризата во Америка од 1907/8 година започнуваат да се појавуваат голем број весници и организации со социјалистичка програма, поради социјалистичките идеи, кои биле прифатени од страна на голем број македонски емигранти во времето на кризата.

**8.** Миграциските движења од Македонија кон Северна Америка имале голем број позитивни и негативни последици за Македонија. Една од најпозитивните последици е економското зајакнување на Македонија, што се случило поради капиталот на емиграцијата кој постојано пристигнувал од Америка. Со тој капитал се обновувале куќите уништени во Илинденското востание, се граделе јавни градби, но и бил намален притисокот од обврските кон државата, кои во периодот пред Востанието народот едвај успевал да ги плати. Исто така, како последица на капиталот на емиграцијата започнал процес на пренос на земјата од рацете на големите чифликсајбии во рацете на селаните, кои сега имале пари да ја откупат земјата, на која живееле пред заминувањето во Америка. Се менувал и светогледот на луѓето, кои во Америка виделе еден сосема поинаков живот, па ретко кој емигрант се вратил дома со истите погледи на животот со кои заминал на печалба. Од друга страна, Македонија се соочила, барем привремено, со вистинска демографска катастрофа, која предизвикала пад на земјоделството и другите стопански гранки, но и раст на трошоците за живот. Понатаму, емиграцијата имала негативен ефект и врз традиционалното македонско семејство, нарушувајќи ги врските меѓу членовите на семејствата, кои како такви постоеле со векови.

***

Се надеваме дека овој труд, во кој се проучува само првиот поголем бран на емиграција во Северна Америка ќе биде основа и поттик за понатамошни истражувања во однос на македонската емиграција во Америка по Балканските војни, кога Македонците се соочиле со еден нов геополитички контекст, а новите политички односи имале силно влијание врз емиграцијата во Северна Америка.

# BIBLIOGRAPHY:

*1. Извори*

*1.1. Необјавени архивски материјали во Државниот Архив на Република Северна Македонија:*

фонд: Министерство за надворешни работи на Кралството Србија - Белград (1885-1918)

фонд: Генерален конзулат на Србија - Скопје (1908-1911)

фонд: Бугарско трговско агентство – Скопје

*1.2. Микрофилмувани фондови и збирки во Државниот Архив на Република Северна Македонија*

фонд: Бугарски конзулат – Битола (мф. 4298, 4302, 4107, 4310, 4314)

фонд: Foreign Office (мф. 31, 332)

фонд: Документи од разни фондови (мф. 1513)

*2. Devlet Arşivleri Başkanlığı - Başbakanlık Osmanlı Arşivi (BOA)*

fon: DH.MB..HPS.M..., Kutu: 1, Gömlek: 64.

fon: DH.EUM.KLU., Kutu: 1, Gömlek: 15

fon: Y..PRK.DH.. , Kutu: 2, Gömlek: 86

*3. Αρχείον Υπουργείου Εξωτερικών, Κεντρική Υπηρεσία*

фонд: Μακεδονικό και Ρουμανικό ζήτημα. Αιτήματα

фонд: Μακεδονικός Αγώνας

*2. Објавени документи*

Австриски документи за историјата на македонскиот народ (1905-1906), т. I, (Превод, редакција и коментар Данчо Зографски), Архив на Македонија, Скопје, 1977.

Австриски документи за историјата на македонскиот народ (1907-1908), т. II (Превод, редакција и коментар Данчо Зографски), Архив на Македонија, Скопје, 1981.

Австриски документи за реформската акција на европските големи сили во Македонија 1903-1909 (предговор и редакција Михајло Миноски, избор на документи и превод Ѓорѓи Стојчевски), ДАРМ, Скопје, 2002.

Bosna-Hersek ile İlgili Arşiv Belgeleri 1516-1919, Başbakanlık Devlet Arşivleri Genel Müdürlüğü, Ankara, 1992.

Британски документи за историјата на Македонија, т.5, 1886-1900 (ред. Драги Ѓорѓиев, избор и превод Зорица Божиновска), ДАРМ, Скопје, 2005.

Британски документи за историјата на Македонија, т.6, 1901-1904 (вовед и редакција Александар Трајановски, избор и превод Зорица Божиновска), ДАРМ, Скопје, 2012.

ГЕОРГИЕВ Величко Георгиев, ТРИФОНОВ Стайко, История на Българите 1878-1944 в документи, т.I: 1878-1912, Част втора: Възстановяване и развитие на българската държава, София, 1996.

Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том I, Скопје, 1981.

ЃОРЃИЕВ Ванчо, ВМРО 1904-1908 – поглед низ документи, Тримакс/ФЗФ, Скопје, 2020.

Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници во Македонија, превод, редакција и коментар Данчо Зографски, ИНИ, Скопје, 1955.

Извештаи од 1903 година на српските конзули, митрополити и училишни инспектори во Македонија, ред. Љубен Лапе, ИНИ, Скопје, 1954.

ЛАПЕ Љубен, Нови документа за Илинденското востание, Илинденски зборник, ИНИ, Скопје, 1953.

Македония и Одринско (1893-1903). Мемоаръ на Вѫтрѣшната организация, 1904.

Македонија меѓу автономијата и дележот, Зборник руска дипломатска документација 1894-1913, том. II-IV, ред. Симон Дракул, Просвета, Куманово, 1997.

Македонија меѓу автономијата и дележот, Зборник руска дипломатска документација 1894-1913. т. V (1906-1907), ред. Симон Дракул, Просвета, Куманово, 1998.

Македонија меѓу автономијата и дележот, Зборник руска дипломатска документација 1894-1913. т. VI (1907-1908), ред. Симон Дракул, Селектор, Скопје, 2006.

Македонија меѓу автономијата и дележот, Зборник руска дипломатска документација 1894-1913. т. VII (1909, 1910-1913), ред. Симон Дракул, Селектор, Скопје, 2007.

НИКОЛОВ Борис, Документи из дейността на българските емигрантски дружества в САЩ и Канада от началото на XX в., Исторически преглед, кн. 3, Софија, 1986.

Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II дел, Второ дополнето и проширено издание (составил Љубен Лапе), Скопје 1965.

Попис на занаетчиите од Балканот во Истанбул (1902-1903), (превод, вовед и коментар Драги Ѓорѓиев), Скопје, 2020.

Турски документи за Илинденското востание, избор, превод, редакција и коментар Александар Стојановски, Скопје, 1993.

ТРАЙКОВ Веселин, МИТЕВ Трендафил, Документи за Македония на българската емиграция в САЩ, Канада и Австралия. Том 1: 1900-1945, Македонски научен институт, София, 1995.

Француски документи за историјата на македонскиот народ, серија VI, том I (1878-1879), Архив на Македонија, Скопје, 1969.

*3. Литература*

АВИРОВИЌ Ирена, Регистрирањето на македонските иселеници во Соединетите Американски Држави во меѓувоениот период: идентитетска расправа, Историја, XLIX/ 1, ЗИРМ, Скопје, 2014.

ABBOTT Edith, Historical Aspects of the Immigration Problem, The University of Chicago Press, 1926.

ABBOTT Grace, The Bulgarians of Chicago, Charity and the Commons, XXI/15, 1909.

ADANIR Fikret, Die makedonische Frage: Ihre Entstehung und Entwicklung bis 1908, Steiner, Wiesbaden, 1979.

ALTANKOV Nikolay, The Bulgarian-Americans, Ragusan Press, Palo Alto, 1979.

ALTSCHULER Glenn C., Rude Republic: Americans and Their Politics in the Nineteenth Century, Princeton University Press, 2001.

АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ Христо, Одгласот на Илинденското востание во Америка и Европа, Зб. Книга за Илинден: зборник на трудови по повод 65-годишнината од Илинденското востание, ИНИ, Скопје, 1969.

АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ Христо, Еден прашалник за положбата на населението во Битолскиот вилает, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, бр. 26, 1974.

АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ Христо, Односот на Соединетите Американски Држави кон Македонија и кон македонското прашање во XIX век и во периодот на Илинденското востание, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, бр. 28, 1976.

АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ Христо, Илинденското востание и меѓународната јавност, Мисла, Скопје, 1985.

АЦЕВ Петар, Спомени, Пловдив, 1937.

BADEM Candan, The Ottoman Crimean War (1853-1856), Brill, Boston, 2010.

BALCH Emily Greene, Our Slavic Fellow Citizens, Charities Publication Committee, 1910.

BAKANLIĞI Maliye, Osmanlı Devleti Dış Borçları, Ankara, 2010.

BAYNTON Douglas S., Defectives in the land: Disability and American Immigration Policy 1882-1924, In: Foreign Poverty and Immigration Control in New York State to 1882 (ed. John J. Bukowczyk), University of Illinois Press, 2016.

BEARD Charles A. and Mary R., History of the United States, The Macmillan Company, New York, 1921.

BIRDAL Murat, The Political Economy of Ottoman Public Debt: Insolvency and European Financial Control in the late Nineteenth Century, London/New York, 2010.

БИТОСКИ, Крсте, Дејноста на Пелагонискатa Митрополија (1878-1912), Скопје, 1968.

БЛИЗНАКОВ, Атанас, Спомени за националната, политичката и културната дејност на Македонците во САД и Канада, Култура, Скопје, 1987.

BLAISDELL Donald C., European Financial Control in the Ottoman Empire, Columbia University Press, New York, 1929.

BLACK Brian C., Crude Reality: Petroleum in World History, Rowman & Littlefield Publishers, 2020.

BRAILSFORD, Henry Noel, Macedonia. It's races and their future, Methuen and Co., London, 1906.

BRANCOFF M.D, La Macédoine et sa population chrétienne, Paris, 1905.

БРИНКЛИ Ален, Историја на САД: недовршената нација (превод од англиски јазик Свето Серафимов), Штрк, Скопје, 1999.

BROWN, Craig R., Canada's National Policy, 1883–1900: A Study in Canadian-American Relations, Princeton University Press, Princeton, 1964.

BROWN Keith, The 'Yellow Peril' of the Caucasian Race: Macedonian Migrants and National Categories in early Twentieth Century U.S. Governmental Sources", Зб. Македонскиот идентитет низ историјата, ИНИ, Скопје, 2010

BROWN Keith, Loyal unto Death. Trust and Terror in Revolutionary Macedonia, Indiana University Press, Bloomington and Indianapolis, 2013.

BRUNER Robert F., Sean D. Carr, The Panic of 1907: Lessons Learned from the Market's Perfect Storm, Hoboken, John Wiley & Sons, Inc., 2007.

BRUNNBAUER Ulf, Globalizing Southeastern Europe. Emigrants, America, and the State since the Late Nineteenth Century, Lexington Books, New York/London, 2016.

BUKOWCZUK John J., Immigrant Identity and the Politics of Citizenship: A Collection of Articles from the Journal of American Ethnic History, University of Illinois Press, 2016.

BYINGTON Margaret, Homestead: The Households of a Mill Town, University Center for International Studies, Pittsburg, 1974.

CASSENS David E., The Bulgarian Colony of Southwestern Illinois, 1900-1920, Illinois Historical Journal, Vol. 84, 1991.

CHAKALOFF George M.; SHOOMKOFF Stanislav J., The Macedonian Problem and its Proper Solution. Philadelphia, 1904.

CHRISTOWE Stoyan, The Eagle and the Stork, Harper's Magazine Press, New York, 1976.

CLAY Christopher, Gold for the Sultan: Western Bankers and Ottoman Finance 1856–1881, I. B. Tauris, London/New York, 2000.

COLAKOVIC Branko M., Yugoslav Migrations to America, Minnesota State University / R and E Research Associates, San Francisco, 1973.

COCHRAN John S., Economic Importance of Early Transcontinental Railroads: Pacific Northwest, Oregon Historical Quarterly, 71/1, 1970.

CREIGHTON Donald G., The Road to Confederation: The Emergence of Canada, Macmillan, Toronto, 1964.

CUMMINGS John, Poor-laws of Massachusetts and New York: With Appendices Containing the United States Immigration and Contract Labor Laws, Publications of the American Economic Association, 10/4, 1895.

CUȘA Nicolae, Aromânii (macedonenii) în România, Constanţa 1996.

DAKIN Douglas, The Greek Struggle in Macedonia, 1897-1913, Salonika Institute for Balkan Studies, Thessaloniki, 1966.

DEMETER Gábor, Agrarian Transformations in Southeastern Europe (from the Late 18th Century to World War II), Institute for Historical Studies, BAS/Institute of History, Sofia, 2017.

DEVERELL William, A Companion to the American West, Blackwell Publishing Ltd., 2004.

DILINGHAM William, volume 1-41, Reports of the immigrants Commission, Dictionary of Races or Peoples, Government printing Office, Washington, 1911.

ДИМЕСКИ Димитар, Турските репресалии во леринските села за време на Илинденското востание, Историја, 9/1, Скопје, 1973.

ДИМЕСКИ Димитар, Востаничките акции во Старонередскиот округ, Леринско, 1903 година, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 26, Скопје, 1974.

ДИМЕСКИ Димитар, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893– 1903), второ издание, Скопје, 1982.

ДИМЕСКИ Димитар, Генеза на прашањето за востание кај раководните кадри на Македонската револуционерна организација, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 56, Скопје, 2003.

ДИМИТРОВА Коянка, Българските общности в Северна Америка-традиции и съвременост, История, 24/3, София, 2016.

DURAN Xavier, The First U.S. Transcontinental Railroad: Expected Profits and Government Intervention, The Journal of Economic History, бр. 73/1, 2013.

ЃОРЃИЕВ Ванчо, Слобода или смрт. Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает (1893-1903), Скопје, 2003.

ЃОРЃИЕВ Ванчо, Солунскиот јануарски конгрес на ТМОРО од 1903 година и прашањето за востание, Историја, XL/1-2, Скопје 2004.

ЃОРЃИЕВ Ванчо, Подземната република. Дамјан Груев и македонското револуционерно движење, Скопје, 2011.

ЃОРЃИЕВ Ванчо, Реформи за мир или одлагање на конфликтот, 100 години од Балканските војни, Прилози од научниот собир одржан на 3-4 декември 2012 година, Скопје 2013.

ЃОРЃИЕВ Ванчо, Кралот на Блатото. Апостол Петков, ДАРМ, Скопје, 2013.

ЃОРЃИЕВ Ванчо, Анастас Лозанчев, УКИМ/ФЗФ, Скопје, 2014

ЃОРЃИЕВ Ванчо, Трајко Китанчев, УКИМ/ФЗФ, Скопје, 2015.

ЃОРЃИЕВ Ванчо, Илинденското востание 1903. Востанијата во Македонија, Скопје, 2016.

ЃОРЃИЕВ Ванчо, Забранетото име, Зб. 70 години институт за историја – 70 години македонска историографија (ред. Ванчо Ѓорѓиев), Филозофски факултет, Скопје, 2017.

EASTERLIN Richard A., Influences in European Overseas Emigration before World War I, Economic Development and Cultural Change, 9/3, 1961.

ЗОГРАФСКИ Данчо, Развојот на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење, Култура, Скопје, 1967.

FAIRCHILD Henry Pratt, Greek Immigration to the United States, Yale University Press, New Haven, 1911.

ГАДЖЕВ, Иван, Историята на българската емиграция в Северна Америка. Поглед отвътре, т. 1, Издателство Гутенберг, Враца, 2003.

GARIS Roy L., Immigration Restriction: A Study of the Opposition to and Regulation of Immigration into the United States, New York, 1927.

ГЕНОВ Георги, Организирано Македоно-одринско движение в Северна Америка (1899-1905), Исторически преглед, 45/11, София, 1989.

GOUNARIS Basil C., Emigration from Macedonia in the Early Twentieth Century, Journal of Modern Greek Studies, Volume 7, 1989.

GOUNARIS Basil C., Greco-Turkish railway connection illusions and bargains in the late nineteenth century Balkans, Journal of Balkan studies, 30, Thessaloniki, 1989.

GREEN Alan G. and David A., The Economic Goals of Canada's Immigration Policy: Past and Present, Canadian Public Policy/Analyse de Politiques, 25/4, University of Toronto Press, 1999.

GREEN Alan G. and David A., The goals of Canada's Immigration Policy: A historical perspectives, Canadian Journal of Urban Research, 13/1, The Economics of Immigration and Canada's Cities: Special Issue, 2004.

GREENWOOD Michael, An analysis of the determinants of geographic labor mobility in the United States, Review of Economics and Statistics, 59, 1969.

GRIFFIN, Edward G., The Creature from Jekyll Island. American Media Inc., 1994.

ГУРДЕВ, Константин, Българската емиграция в Канада, Академично издателство „Марин Дринов", Софија, 1994.

GUTMAN David, Travel Documents, Mobility Control, and the Ottoman State in an Age of Global Migration, 1880-1915, Journal of the Ottoman and Turkish Studies Association, 3/2, 2016.

HÄGERSTRAND Torsten, Migration and area, In: Migration in Sweden: a symposium (eds. David Hannerberg, Torsten Hägerstrand, Bruno Odeving), Series B, Human Geography, no. 13, C.W.K. Gleerup, Lund, 1957.

HAMMER, Joseph, Historija turskog (osmanskog) carstva, III, Zagreb, 1979.

HANDLIN Oscar, Immigration as a Factor in American History, Englewood Cliffs, Prentice-Hall, 1959.

Harvard Encyclopedia of American Ethnic Groups, Stephan Thernstrom, Ann Orlov, Oscar Handlin (Eds.), Belknap Press, New York, 1980.

HAWKINS Freda, Critical Years in Immigration: Canada and Australia Compared, McGill-Queen's University Press, Kingston/ Montreal, 1989.

HIROTA Hidetaka, Expelling the Poor: Atlantic Seaboard States and the Nineteenth Century Origins of American Immigration Policy, Oxford University Press, New York, 2017.

HIROTA Hidetaka, The Great Entrepot for Mendicants, In: Foreign Poverty and Immigration Control in New York State to 1882 (ed. John J. Bukowczyk), University of Illinois Press, 2016.

HOBSBAWM Erik, Doba Kapitala, Zagreb, 1989.

HOGAN Richard, Class and Community in Frontier Colorado, University Press of Kansas, 2021.

HOWDEN SMITH Arthur Douglas, Fighting the Turk in the Balkans. An American's Adventures with the Macedonian Revolutionists, London/New York, 1908.

ХРИСТОВ Г.П., Революционната борба в Битолския окръг, София, 1953.

ХРИСТОВ, Стојан, Раскази и записи, Македонска книга, Скопје, 1993.

HUGO Graeme J., Village-community ties, village norms, and ethnic and social networks: A review of evidence from the Third World, In: Migration Decision Making: Multidisciplinary Approaches to Microlevel Studies in Developed and Developing Countries, (ed. Gordon F. DeJong и Robert W. Gardner), Pergamon Press, New York, 1981.

ИВАНИЋ Иван, Из црквене историје Срба у Турској у XVIII и XIX веку, Друштво Рад, Београд/Нови Сад, 1902.

ИЛИЋ, Владимир, Српска четничка акција 1903-1912, Библиотека одељења за историју, Филозофски факултет, Универзитет у Београду, Београд, 2006.

İPEK Nedim, Rumeli'den Anadolu'ya Türk Göçleri, 1877-1890, Türk Tarih Kurumu Basımevi, Ankara, 1994.

Историја на македонскиот народ, книга втора, ИНИ, Скопје, 1969.

ЈЕЛАВИЧ Барбара, Историја на Балканот, т.I – осумнаесетти и деветнаесетти век, Скопје, 1999.

ЈЕЛАВИЧ Барбара, Историја на Балканот, т.II – дваесетти век, Скопје, 1999.

ЈОВАНОВСКИ Далибор, СПАСОВ Људмил, Демократијата и самоопределувањето: Македонските емигранти во САД во почетокот на XX век, Македонскиот јазик – извор на научни истражувања (дома и надвор), Зборник од Меѓународната научна конференција одржана на 20 и 21 октомври 2020 година, Скопје, 2021.

КАЛИЧАНИН Татјана, Доселување и интеграција на македонското семејство во Канада и САД, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје, 1997.

KARPAT Kemal, The Ottoman Emigration to America, 1860-1914, International Journal of Middle East Studies, 17, Cambridge University Press, 1985.

KARPAT Kemal, Ottoman Population 1830-1914. Demographic and Social Characteristics, The University of Wisconsin Press, London, 1985.

КАТАРЏИЕВ Иван, Македонија и Македонците во Светот, Матица Македонска, Скопје, 1996.

KEMP Emory L. and CAPLINGER Michael W., 19th Century Petroleum Technology in North America, Michigan Technological University, 2007.

KINZER Donald L., An Episode in Anti-Catholicism: The American Protective Association, University of Washington Press, Seattle, 1964.

КЛИСУРОВ, Очерки вярху историята на македонското освободително движение. Социал-економически подготовки за създаването на революционната организация, Македонско Дело, VI/134, 1931.

KNOWLES, Valerie, Strangers at our Gates, Dundum Press, Toronto, 1992.

КЪНЧОВ Васил, Битолско, Преспа и Охридско (пътни бележки), Сборникъ за Народни Умотворения, Наука и Книжнина, Книга IV, София.

КЪНЧОВ Васил, Македония, Етнография и статистика, София 1900.

КЪОСЕВ Дино, История на македонското национално революционно движение, Национален съвет на Отечествения фронт, София, 1954.

КОНДОВ Константин, Борбата на Македонеца. Исторически очеркъ върху причинитъ и развитието на революционното движение въ Македония, Заря, Габрово, 1902.

КОНСТАНТИНОВ, Душан, Печалбарството во Македонија, второ издание, Народен музеј-Битола, Битола, 1966.

КОНСТАНТИНОВ, Душан, Даме Груев – Детство и училишни денови, Зб. Даме Груев 1871-1906, Битола, 1981.

КОНСТАНТИНОВ, Душан, Битола и Битолско во Илинденската револуција на македонскиот народ – 1903, Завод за заштита на споменици, културни реткости и музеј Битола, Битола, 1983.

КОСИЕР Љубомир Ст., Срби,Хрвати и Словенци у Америци : (економско -социјални проблеми емиграције), Београд, 1926.

KOSTOV Hristo, Contested Ethnic Identity: The Case of Macedonian Canadians in Toronto, 1940-1996, докторска дисертација одбранета на Универзитетот во Отава во 2009 година.

КОТЛАР-ТРАЈКОВА Наташа, Јане Сандански, УКИМ/ФЗФ, Скопје, 2016.

KRESSER Milan, Gustoča žitelstva Kraljevine Hrvatske i Slavonije, Zagreb, 1917.

LAMPE John R., JACKSON Marvin R., Balkan Economic History, 1550-1950, Indiana University Press, Bloomington, 1982.

ЛАПЕ Љубен, Внатрешната положба во Македонија за време на Источната криза, Зб. Македонија во Источната криза 1875-1881, МАНУ, Скопје, 1978.

LEE Everett S., A Theory of Migration, Demography, 3/1, 1966.

MACDONALD John S. and Leatrice D., Chain migration, ethnic neighborhood formation, and social networks, In: An Urban World, (ed. Charles Tilly), Little, Brown, Boston, 1974.

Македонија во делата на странските патописци, 1903, ред. Александар Матковски, Скопје 2007.

Македонски Алманах, МПО, Индијанаполис, 1940,

МАНТРАН Робер, Историја османског царства, Клио, Београд, 2002.

MASSEY Douglas S., Economic Development and International Migration in Comparative Perspective, Population and Development Review, 14/3, 1988.

MEYER David R., The roots of American industrialization, (Creating the North American Landscape), Johns Hopkins University Press, 2003.

MICHAELIDIS Gregory, Salvation abroad: Macedonian migration to North America and the making of modern Macedonia, 1870-1970, (докторска дисертација одбранета на Универзитетот во Мериленд во 2005 година).

Миграционни движения на Българите 1878-1912, т. 1, София 1993.

МИНОВ Никола, Влашкото прашање и романската пропаганда во Македонија (1860-1903), Скопје, 2013.

МИНОВ Никола, „Романските“ чети на Македонската Револуционерна Организација (1906-1908), Историја/Journal of History, 53/2, 2018.

MINOV Nikola, The Vlachs in Macedonia in the 19$^{th}$ and 20$^{th}$ Centuries. Balcanica Posnaniensia. Acta et studia, 28(1), 211-224, 2021.

МИНОВСКИ Никола, Турскиот терор и репресалии во село Буф за време на Илинденското востание, Зборник на трудови, 10/11, Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости, музеј и галерија, Битола, 1990.

МИНОВСКИ, Никола, Револуционерната дејност на Наум Попов-Бувчето во 1904 и 1905 година, Зборник на трудови, 12/13/14, Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости, музеј и галерија, Битола, 1995.

МИНОСКИ Михајло, Прилог кон прашањето за политичката активност на македонското прогресивно иселеништво во САД до 1931 година, Гласник на ИНИ, XXVI, бр.1, Скопје, 1982.

МИНОСКИ Михајло, Соединетите Американски Држави и Македонија 1869-1919, Архив на Македонија/ Матица Македонска, Скопје, 1994.

МИНОСКИ Михајло, Петар Ацев, УКИМ/ФЗФ, Скопје, 2016.

Митрополит американско-канадски Кирил, Беседа за положбата за македонските црковни општини во прекуокеанските земји, Гласник на ИНИ, 26/1, Скопје, 1982.

MITCHELL J. Clyde, The concept and use of social networks, In: Social Networks in Urban Situations (ed. J. Clyde Mitchell), Manchester University Press, Manchester, 1969.

MLADINEO Ivan, Jugosloveni u Sjedinjenim državama Američkim, New York, 1935.

MOJZES Paul, Congretional/Methodist Church in Macedonia, Occasional Papers on Religion in Eastern Europe, vol. 38, 2018.

МОКРОВ Боро, Македонскиот емигрантски печат во прекуморските земји до 1945 година, Гласник на Институтот за национална историја, 26/1, ИНИ, Скопје, 1982.

MOORE, John Bassett, A Digest of International Law, Vol. 3, U.S. Government Printing Office, 1906.

МОСКОВ Моско, Емиграцията на Българите в свръзка със стопанския ни живот, Велико Трново, 1911.

MORAWSKA Eva, The sociology and historiography of immigration, In: Myth, Reality, and History: Interdisciplinary Perspectives on Immigration, Oxford University Press, New York, 1988.

MORENO Barry, Encyclopedia of Ellis Island, Greenwood Publishing Group, Inc., 2004.

MORTON William L., The Critical Years: The Union of British North America, 1857–1873. McClelland and Stewart Limited, Toronto, 1964.

MCKEOWN Adam, Global Migration, 1846-1940, Journal of World History, 15/2, 2004.

NAAR Devin E., From the "Jerusalem of the Balkans" to the Goldene Medina: Jewish Immigration from Salonika to the United States, American Jewish History, 93/4, 2007.

Националноосвободителното движение на македонските и тракийските българи, т.2: Организирано националноосвободително движение. Илинденското-преображенско въстание, 1893-1903, Македонски научен институт/Институт за история при БАН, София, 1995.

NELSON Philip, Migration, Real Income and Information, Journal of. Regional Science, 1, 1959.

NEUMAN Gerald L., The Lost Century of American Immigration Law (1776-1875), Columbia Law Review, 93/8, 1993.

NINETTE Kelley, TREBILCOCK Michael, The Making of the Mosaic: A History of Canadian Immigration Policy, University of Toronto Press, Toronto, 1998.

NUGENT Walter, Crossings: The great transatlantic migrations, 1870-1914, Indiana University Press, Bloomington, 1995.

ПАВЛОВИЋ Стеван К., Историја Балкана 1804-1945, второ издание, превод од англиски јазик Чедомир Антиќ, Клио, 2004.

ПАНДЕВСКА Марија, Присилни миграции во Македонија 1875–1881, Скопје 1993.

ПАНДЕВСКИ, Манол, СТОЕВ Ѓорѓи, Струмица и Струмичко низ историјата, Струмица, 1969.

ПАНДЕВСКИ Манол, Македонското ослободително дело во XIX и XX век, т.2, Илинденското востание, Мисла, Скопје, 1987.

Македонското ослободително дело во XIX и XX век, т.3, Внатрешната македонска револуционерна организација и неоврховизмот (1904-1908), Мисла, Скопје, 1987.

ПАНДЕВСКИ Манол, Македонското ослободително дело во XIX и XX век, т.4, Политичките партии и организации во Македонија (1908-1912), Мисла, Скопје, 1987.

ПАНДЕВСКИ Манол, Македонското ослободително дело во XIX и XX век, т.5, Појави, релации, ликови, Мисла, Скопје, 1987.

ПАНТЕВ Андрей, Българският въпрос в САЩ 1876-1903, Великотърновски университет "Кирил и Методий", Велико Търново, 1984.

PAPA-HAGI Nicolae, Românii şi Aromânii in America, Lumina (Revista Românilor din dreapta Dunărei), V/11-12, Bitolia, 1907.

ПАРКС Хенри Бемфорд, Историја Сједињених Америчких Држава (превод од англиски јазик Александар Петровиќ и Крсто Радовиќ), Рад, Белград, 1985.

PEDREZA Silvia, Women and Migration: The Social Consequences of Gender, Annual Review of Sociology, Vol. 17, 1991.

ПЕТРОВ Гьорче, Материали по изучаванието на Македония, София, 1896.

ПЕТРОВ Гьорче, Емигрантското движение за Америка в Македония, Културно Единство, Солун, 1908.

ПЕТРОВ Ѓорче, Спомени. Кореспонденција, Култура, Скопје, 1984.

PETROVSKI, Trayan, Macedonian Emigration to the U.S.A, Macedonian Review Vol. 11, Kulturen život, Skopje, 1981.

PETROFF Lilian, Sojourners and Settlers: The Macedonian Community in Toronto to 1940 (Ethnic and Immigration History), Multicultural History Society of Ontario/University of Toronto Press, Toronto, 1995.

PINON, René, L'Europe et l'Empire Ottoman : Les aspects actuels de la question d'Orient, Perrin et Cie, Paris, 1908.

ПОП-ЈАНЕВСКИ Лазо, Костурското село Д'мбени, Аурора, Скопје, 1996.

POZNAN Kristina E., Return Migration to Austria-Hungary in Homeland Economic and Ethnic Politics and International Diplomacy, The Hungarian Historical Review, 6/3, Migration and Refugees, 2017.

Прилеп и прилепско низ историјата. Книга прва: Од праисторијата до крајот на Првата светска војна, ИНИ - Скопје, Прилеп, 1971.

PRPIC George, South Slavic Immigration in America, Twayne Publishers, 1978.

PURCELL Richard J., The New York Commissioners of Emigration and Irish Immigrants: 1847-1860, Studies: An Irish Quarterly Review, 37/145, 1948.

ПУНТЕСКИ Киро, Револуционерната дејност во Прекурид (крај на XIX - почеток на XX век), Зб. Прилеп и Прилепско 1893-1908, ред. Крсте Битоски, Прилеп, 1991.

QUATAERT Donald, Ottoman Empire 1700-1922, Cambridge University Press, 2000.

REMINI Robert V., A Short History of the United States, HarperCollins Publishers Inc., New York, 2008.

Революционата борба в Битолския окръг, Спомени на Георги Попхристов, София, 2014.

RIENDAU, Riendeau, A Brief History of Canada, Second Edition, Facts On File, 2007.

РИЗАЈ Скендер, Структура становништва Косовског вилајета у другој половини XIX века, Врањски гласник, Кн. VIII, Народен музеј Врање, Врање, 1972.

RODKEY Frederick S., Ottoman Concern about Western Economic Penetration in the Levant, 1849–1856, The Journal of Modern History 30/4, 1958.

Royal Commission on Bilingualism and Biculturalism, The Cultural Contribution of the Other Ethnic Groups, IV, Queen's Printer, Ottawa, 1969.

SEE, Scott W., The History of Canada, 2. Edition, Grey House Publishing, 2011.

SHAW Stanford J., History of the Ottoman Empire and modern Turkey, Vol. II, Reform, Revolution and Republic: The rise of modern Turkey 1808-1975, Cambridge University Press, 1977.

SHOOMKOFF, S. J., The future of the Balkan States, Philadelphia, 1897.

СИЛЯНОВ Христо, Освободителните борби на Македония, том I, София, 1983.

СИЛЈАНОВ Христо, Ослободителните борби на Македонија, т.2: По Илинденското востание, Култура, Скопје, 2004.

SINADINOSKI, Victor, Macedonians in America – their lives and struggles during the 20th century, 2017.

SINADINOSKI, Victor, In the Footsteps of Demetrius Vishanoff: Protestant Preacher and Macedonian Nobleman (Macedonians of America), 2018.

СОНИКСЕН Алберт, Исповед на еден македонски четник, Култура, 1997.

SPICKARD Paul R., Almost all aliens: immigration, race, and colonialism in American history and Identity, Taylor and Francis Group, 2009.

Statistical Abstract of the United States, 1878, 1879, 1880, 1881, 1882, 1883, 1884, 1885, 1886, 1887, 1888, 1889, 1890, 1891, 1892, 1893, 1894, 1895, 1896, 1897, 1898, 1899, 1900, 1901, 1902, 1903, 1904, 1905, 1906, 1907, 1908, 1909, 1910, 1911, 1912, 1913, 1914.

STEAD Robert J. C., Canada's Immigration Policy, The Annals of the American Academy of Political and Social Science, 107, Social and Economic Conditions in The Dominion of Canada, 1923.

STEPHANOVE Constantine, The Bulgarians and Anglo Saxondom, Paul Haupt Librarie Academique, Berne, 1919.

СТОЯНОВ Маньо, Начало на протестантската пропаганда в България, Известия на института за история при БАН, т. 14-15, София, 1964.

SUNDHAUSSEN Holm, Historische Statistik Serbiens 1834-1914: Mit europaischen Vergleichsdaten, Oldenbourg, München 1989.

ТАБАКОВ Симеон, Емиграционният въпрос. Принос към българското емиграционно дело, Цариград, 1911.

TEITELBAUM Michael S., Right versus Right: Immigration and Refugee Policy in the United States, Foreign Affairs, Vol. 59, No. 1, 1980.

ТЕМЧЕВЪ Наум, ЖЬртвитЬ при потушуване на Илинденското въстание, Илюстрация Илинденъ, 5/135, София, 1942.

TILLY Charles, BROWN Harold, On Uprooting, Kinship, and the Auspices of Migration, International Journal of Comparative Sociology, 8, 1967.

TODOROV Nikolai, The Balkan City, 1400-1900, University of Washington Press, Seattle, 1983.

TODOROV Nikolai, Social Structures in the Balkans During the Eighteenth and Nineteenth Centuries, Balkan Studies 4, 1985.

ТОДОРОВСКИ, Глигор, Реформите на големите европски сили во Македонија (1829-1909), т.2, Скопје, 1984.

ТОДОРОВСКИ, Глигор, Македонското прашање и реформите во Македонија, Култура, Скопје, 1989.

ТОМЕВ Фото, Кратка история на село Желево, Македония, Желевско Благотворително братство, Торонто, 1971.

TORPEY John C., The Invention of the Passport: Surveillance, Citizenship and the State, Cambridge University Press, Cambridge, 2000.

ТРАЙКОВ Веселин, История на българската емиграция в Северна Америка - От началото ѝ през средата на XIXв. до 80-те години на XX век, УИ Св. Климент Охридски, София, 1993.

ТРАЙЧЕВ Георги, Принос към историята на революционното дело в Македония (Прилепско), София, 1925.

ТРАЈАНОВСКИ Александар, Основањето на македонски храмови и црковни општини во дијаспората во почетокот на XX век, Зб. „Прв меѓународен научен собир иселеништвото од Македонија од појавата до денес, Крушево 3-5 август 2000 година“, Агенција за иселеништво на Република Македонија, Скопје, 2001.

TSANOFF Vladimir A., Reports and Letters of American Missionaries Referring to the Distribution of Nationalities in the Former Provinces of European Turkey 1858-1918, 1919.

UEDA Reed, A Companion to American Immigration, Blackwell Publishing Ltd., 2006.

UYAR Mesut, ERICKSON Edward J., A military history of the Ottomans from Osman to Atatürk, ABC-CLIO, Santa Barbara, California, 2009.

VAKALOPOULOS Apostolos, Οι δυτικομακεδόνες απόδημοι επί τουρκοκρατίας. Salonika Institute for Balkan Studies, 1958.

VAKALOPOULOS Konstantinos, Μακεδονικός αγώνας (1904 - 1908) η ένοπλη φάση, Μπαρμπουνάκης, Θεσσαλονίκη, 1987.

VLASIS, George D., The Greeks in Canada, Ottawa, 1953.

ВОЈНОФ И.Ф., Македонското прашање и реформите во Турција, Магор, Скопје, 2019.

ВРАЖИНОВСКИ Танас, Македонското иселеништво во Канада, Матица Македонска, Скопје, 1992.

ВРАЖИНОВСКИ Танас, Организационата структура на македонското иселеништво во Канада, Матица Македонска, Скопје, 1994.

ВРАЖИНОВСКИ Танас, Македонското иселеништво во Соединетите Американски Држави, Матица Македонска, Скопје, 2000.

ВРАЖИНОВСКИ Танас, Иселенички студии, Агенција за иселеништво на Република Македонија, Скопје, 2005.

WAYLAND Sarah V., Immigration, Multiculturalism and National Identity in Canada, International Journal on Minority and Group Rights, 5/1, 1997.

YEW Elisabeth, Medical Inspection of Immigrants at Ellis Island 1891-1924, Bulletin of the New York Academy of Medicine, 56, 1980.

YOUNG F. G., The History of Railway Transportation in the Pacific Northwest, The Quarterly of the Oregon Historical Society, бр. 12/2, 1911.

YOSMANOĞLU İpek K., Counting Bodies, Shaping Souls: The 1903 Census and National Identity in Ottoman Macedonia, International Journal of Middle East Studies, 38/ 1, 2006.

ЏЕНКИНС Филип, Историја на Соединетите Американски Држави, Арс Ламина, Скопје, 2015.

ШЕШУМ Урош С., Србија и Стара Србија (1804-1839), Прво издание, Филозофски факултет, Белград, 2017.

ШОПОВ Петър, Пропагандната и просветна дейност на американските библейски общества в българските земи през XIX век, Известия на института за история при БАН, т. 23, София, 1974.

*4. Весници*

Daily Mail (London), 1896-

New York Times (New York, New York), 1851-

New York Tribune (New York, New York), 1841-1924.

Loup City Northwestern (Loup City, Nebraska), 1892-1917.

St. Louis Post-Dispatch (St. Louis, Missouri), 1878-

The Des Moines Register (Des Moines, Iowa), 1849-

The Globe-Republican (Dodge City, Kansas), 1889-1910.

The Indianapolis News (Indianapolis, Indiana), 1869-

The McCook tribune (McCook, Nebraska), 1886-1936.

The Plain Speaker (Hazleton, Pennsylvania), 1882-1961.

The Presbyterian of the South (Atlanta, Georgia), 1909-1931.

The Rathdrum Tribune (Rathdrum, Idaho), 1903-1963.

The Richmond Palladium (Richmond, Indiana), 1839-

The Sun (New York, New York), 1833-1950.

The Tribune (Pittsburgh, Pennsylvania), 1908.

Български новини (Хопкинс, Мичиген), 1903-1908.

Македонија (Гранит Сити, Илиноис) 1907-1910.

Работник (Њујорк, Њујорк), 1906-1908.

Работничка искра (Солун и Битола), 1909-1911.